УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ"- СКОПЈЕ
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА

# Педагошките проблеми во современото семејство во формирањето на вредносните ориентации кај младите

ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

**МЕНТОР**

**Проф. д-р Марија Костова**

**КАНДИДАТ**

**М-р Халим Хида**

Скопје, 2014 година

# СОДРЖИНА


*Прв дел* ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 5

1. ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ ..... 6

1.1. Актуелност на темата ..... 6

2. ТЕОРИСКО РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ ЗА СЕМЕЈСТВОТО ..... 10

2.1. Историска димензија на проблемот ..... 10

2. 2. Определување на поимот семејство ..... 14

3. ТЕОРИСКО РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ НА ВРЕДНОСТИТЕ ..... 19

3.1. Различни сфаќања за поимот вредност ..... 21

3.2. Видови вредности ..... 24

4. ВРЕДНОСНИ СИСТЕМИ ..... 26

5. СЕМЕЈСТВОТО И ВРЕДНОСТИТЕ ..... 27

5.1. Семејството и семејните вредности ..... 27

5.2. Семејството како вредносна општествена форма во живот на човекот ..... 34

5.3. Семејството како основа за вредносното формирање на луѓето ..... 45

6. ВРЕДНОСНИ ОРИЕНТАЦИИ ..... 51

6.1. Семејството како фактор за развој на вредносните ориентации на адолесцентите ..... 51

6.2. Вредносните ориентации и адолесцентите ..... 57

6.3. Моралните потенцијали на семејството како фактор во формирањето на вредносните ориентации на младите ..... 63

7. ПРОМЕНАТА НА ВРЕДНОСНИТЕ ОРИЕНТАЦИИ НА РОДИТЕЛИТЕ ..... 68

8. ВРЕДНОСТИТЕ И СЕМЕЈНОТО ВОСПИТАНИЕ НА ДЕЦАТА ПОМЕЃУ ТРАДИЦИОНАЛИЗМОТ И МОДЕРНИЗМОТ ..... 76

9. НОВИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ УСЛОВИ И ПРОМЕНИТЕ НА СИСТЕМОТ НА ОПШТЕСТВЕНИ ВРЕДНОСТИ ..... 83

*Втор дел* МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 94

1. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 95

2. ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 95

3. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 95

4. ХИПОТЕЗИ ..... 96

4.1. Главна хипотеза ..... 96

4.2.Помошни хипотези ..... 97

5. ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 98

6. КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 99

7. ПРИМЕРОК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........ 101
8. МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........ 102
9. СТАТИСТИЧКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ ........ 103
*Трет дел* АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ДОБИЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ........ 104
1. МИСЛЕЊА НА УЧЕНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ ЗА СЕМЕЈСТВОТО И БРАКОТ 106
1.1. Дали бракот е застарена институција ........ 106
1.2. Предуслови за успешен брак ........ 107
1.3. Идеалниот број на деца во едно семејство ........ 120
1.4. Значајноста на некои квалитети за кои децата може да се поттикнуваат да ги научат во семејството ........ 121
1.5. Значајноста децата да живеат со двата родитела ........ 124
1.6. Дали децата безусловно треба да ги сакаат и почитуваат своите родители ........ 125
1.7. Одговорноста на родителите кон децата ........ 127
1.8. Современата состојба на жената во семејството и општеството ........ 128
1.9. Мислења на родителите и адолесцентите за нивните заеднички ставови ........ 138
2. ВРЕДНОСТИТЕ ВО ЖИВОТОТ НА УЧЕНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ ........ 141
2.1. Значењето на некои вредности во животот на учениците и родителите ........ 141
2.2. Односот на учениците и родителите кон смислата и целта на животот ........ 148
2.3. Целните вредности кај учениците и нивните родители ........ 149
2.4. Личносните вредности на учениците и нивните родители ........ 152
2.5. Водечки вредности или принципи во животот на учениците и нивните родители ........ 156
2.6. Најзначајни вредности на однесување на учениците и нивните родители ........ 158
3. ОДНОСОТ НА УЧЕНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ КОН ЛУЃЕТО КОИ СЕ РАЗЛИКУВААТ ОД НИВ ........ 162
3.1. Мислења на учениците и родителите за етничката разновидност во земјата ........ 166
4. ОДНОСОТ НА УЧЕНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ КОН РАБОТАТА ........ 168
5. МИСЛЕЊА НА УЧЕНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ ЗА СУДБИНАТА ........ 170
6. МИСЛЕЊА НА УЧЕНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ ЗА ПРИОРИТЕТИТЕ НА ЗЕМЈАТА (ДРЖАВАТА) ........ 172
7. ПАТРИОТИЗМОТ КАКО ВРЕДНОСТ КАЈ УЧЕНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ ........ 176
8. МИСЛЕЊА НА УЧЕНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ ЗА УЛОГАТА НА НАУКАТА, ТЕХНИКАТА И ТЕХНОЛОГИЈАТА ВО ЖИВОТОТ НА ЧОВЕКОТ ........ 177
9. ИНТЕРЕСОТ И СТАВОВИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ КОН ПОЛИТИКАТА И ДЕМОКРАТИЈАТА ........ 182
10. МИСЛЕЊА НА УЧЕНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ ЗА УЛОГАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ЖИВОТОТ НА ЧОВЕКОТ ........ 186

11. МИСЛЕЊА НА УЧЕНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ ЗА УЛОГАТА НА РЕЛИГИЈАТА ВО ЖИВОТОТ НА ЧОВЕКОТ ........ 188

12. МИСЛЕЊА НА УЧЕНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ ЗА НЕКОИ ЕТИЧКИ ПОСТАПКИ ........ 191

*Четврти дел* РЕЗИМЕ, ЗАКЛУЧОК, БИБЛИОГРАФИЈА, ПРИЛОЗИ ........ 206

РЕЗИМЕ ........ 207

ЗАКЛУЧОК ........ 230

БИБЛИОГРАФИЈА ........ 233

ПРИЛОЗИ

# ПРВ ДЕЛ

# ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

# 1. ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ

Разгледувањето на семејството како вредносна и општествена форма на животот на човекот се заснива на повеќе постулати и тоа:

- Развојот на семејството од античко време до денес;
- Семејството како природна состојба на човековото постоење и состојбата на социјалниот напредок;
- Концептот за семејството како заедница на вредности и општествени форми на човековото постоење;
- Семејството како детерминанта на вредносната димензија на општеството;
- Вредноста на семејниот живот и проблемите на личните димензии;
- Карактеристики на еволуцијата на социо-вредносната содржина на семејството како еден вид на човековото постоење;
- Главните трендови во развојот на семејството во современото општество;
- Еволуцијата на вредностите и интересите и кризата на семејството во современото општество; и
- Семејната парадигма „во контекст на социјалната политика“ (Хубиев, 2009)

## 1.1. Актуелност на темата

Современите проблеми во трансформацијата и модернизацијата на општеството ја чинат потребата од преиспитување на улогата на семејството како форма на општествените вредности.

Подемот на нови форми на семеен живот, влошувањето на демографската криза, проширувањето на обемот на негативните социјални однесувања на луѓето итно бараат да се испита семејството како посебна форма на човековото постоење.

Современите контрадикторни процеси на трансформација на општествениот живот ги исфрлаат на површина проблемите поврзани со ефектите врз семејството.

Во оваа смисла процесите на трансформацијата на современото општество како карактеристичен тренд на современоста ја дефинираат природата на актуелниот развој на семејството и односите во него. Денешното семејство, по својата суштина, станува крстопат на многу болни проблеми на општествениот живот.

Таквите проблеми можат да се евидентнираат, посебно од крајот на 1990-тата година кога доаѓа до глобално преиспитување на општествените вредности кога еден цел систем на општествени вредности го изгубија своето значење, што е предизвикано од новите културни и историски промени.

Во новите услови на живот и работа, од корен се менува разбирањето на семејство само како социјална институција. Заедно со разбирањето на семејството како социјална институција, предмет на научно размислување стана и проблематиката на новите содржински и функционални специфичности на егзистенцијата на човекот како еден од феномените на динамично менување на општествената реалност.

Семејството, како составен дел на општествениот систем зависи од општеството и истовремено има влијание на социјалните интеракции и односите во општеството.

Благосостојбата на семејството и процесите кои влијаат на неговото функционирање отсекогаш се грижа за општеството и државата. Ова стана посебно значајно во периодот на фундаменталната трансформација на општеството, кога дојде до длабоки промени во речиси сите елементи на семејното живеење.

(Дармодехин, 2001)

Промените во семејството имаат свое влијание врз секојдневните животни активности на секој поединец посебно на неговата сигурност и егзистенција. Токму ова ќе го потприме на мислата на Артур Милер (Arthur Miller) кој пишува дека "сите луѓе во своите мисли секогаш ги поврзуваат сигурноста, љубовта, душевното спокојство и гордоста со идеата за семејство." (Miler, наведено во Ekermen, 1966)

Денес традиционалните функции на семејството, како репродуктивната, образовната, економската, домаќинската се дополнуваат со психолошкото "поддржување" на целите на опстанокот и заштитата на луѓето.

Драматичните промени во денешното општество во транзиција влијаат врз состојбата на модерното семејство. Промените се видливи во семејните односи и функционалната поврзаност, од една страна, на брачните другари и од друга, на

поврзаноста на родителите и децата. Токму во оваа смисла се зборува за промени во семејниот живот.

Сето ова допринесува денес семејството да ја зголеми социјалната функција во смисла на зголемување на социјалната заштита.

Исто така, анализата на моменталната состојба на проблемот покажува дека денешното семејство се соочува со системска криза, со пад на бројни традиционални вредности, со промени во односите во семејството како последица на промената на социо-економската ситуација во општеството.

Овие промени, главно, резултираат со социјални и економски нарушувања на семејниот живот и уништување на историските, националните, религиозните, моралните и етичките норми и промени во традицијата.

Според истражувањата на бројни современи аналитичари модерното семејство постепено:

- ја губи својата економска и психолошка конзистентност во обезбедувањето на безбедна егзистенција за поединецот;
- ја губи својата способност да дејствува во насока на зачувување на моралните стандарди и етички норми; и
- значително се намалува внатрешниот едукативен потенцијал, пред се, во позитивната социјализација на децата и во формирањето на вредносните ориентации кај тинејџерите. (Костова, 2004)

Истражувањето кое ние го поставивме е насочено кон испитување на семејството како вредносна реалност на членовите кои живеат во него.

Најпрво, поаѓаме од ставот дека семејството е главниот канал на културни и образовни врски меѓу генерациите, кои го дефинираат доминантното морално и персонално оформување на тинејџерите како критичен фактор во развојот на нивните вредносни ориентации.

Современите науки дошле до сознание дека има потреба да се реши проблемот на вредносните ориентации на тинејџерите во современото семејство. Пред се, се истакнува дека психолошките карактеристики и специфичните промени во

адолесценцијата имаат значително влијание врз развојот на вредносните ориентации на личноста која е во развој.

Во оваа смисла се покажа дека по однос на формирањето на вредностите критичен период е адолесценцијата, како период кога:

- настанува глобално преоценување на вредностите кај младите;
- доаѓа до менување на односите со родителите; и
- доаѓа до промени во стилот на комуникација со возрасните.

Оттука, семејството станува најважниот фактор во развојот и изградбата на индивидуалниот систем на вредносни ориентации кај тинејџерите.

Поаѓајки од овој факт, како тема на нашето истражување го поставивме проблемот насловен како „Педагошките проблеми во современото семејство во формирањето на вредностите ориентации кај младите".

По својата суштина овој пристап ги допира прашањата за вредностите во современото семејство, нивната промена и нивното влијание врз формирањето на вредносните ориентации кај младите.

Во оваа насока, во нашето истражување ние ќе ги испитаме вредностите на родителите и вредностите на адолесцентите во современото семејство и обидувајќи се да ги споредиме ќе дојдеме до заклучоци за тоа колку вредностите кај родителите и кај адолесцентите се во конзитентен однос. На тој начин, на еден посреден начин, ќе дојдеме до заклучоци кои вредности на современите родители се во функција на изградувањето на вредностите кај младите во современото семејство.

Сметаме дека таквото истражување има своја смисла, иако не одрекуваме дека таквиот пристап е тежок и можеби постојат и некои недостатоци кои произлегуваат од неговата сложеност и суптилност.

Истражувањето на вредносните ориентации на младите како резултат на современото семејство е слабо истражуван проблем во нашата педагошка наука и одтука ја извлекуваме оправданоста на нашето истражување. Исто така, сметаме дека во современи услови на промени во семејството и општеството, истражувањето на формирањето на вредносните ориентации кај младите е доста актуелно.

# 2. ТЕОРИСКО РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ ЗА СЕМЕЈСТВОТО

## 2.1. Историска димензија на проблемот

Најпрво ќе почнеме се констатацијата дека како одржлива социјална унија, семејството потекнува од доцниот неолит од периодот на распаѓањето на племенскиот систем и појавата на приватната сопственост, вишокот на производи и појавата на класите.

Ова е период кога се појавува моногамното семејство како потреба да се одржи, да се зголеми и да се направи трансфер на наследството, врз база на приватната сопственост.

Прва историска форма на моногамно семејство е патријархалното семејство кое се базира врз економска основа, односно, тоа е производна заедница во која учествуваат, според својата возраст, можности и способности, сите членови на семејството.

Врз основа на учењето на Енгелс, водечки фактор за определување на семејството е економскиот. (Копровски, 1963)

Се смета дека ширењето на светските религии, посебно христијанството, ги зајакна идеолошките врски кои се одржуваат во семејството.

Во патријархалното семејство доминацијата на мажот барала посветеност, послушност и жртва од страна на жените како нивна највисока доблест.

(Костова, 2004)

На "економската рамка" на бракот се додаде "сентиментален превез." Владеачката класа, врз економските интереси, достигна таков степен на духовен и морален развој со кој создаде своевидни "таписерии на ставови кон жените" и "ексклузивни однесувања во љубовта." (Мицковиќ, 2008)

Дефинициите за семејството се поврзуваат со промената на социо-економските формации.

Сосема е оправдано да се истакне дека капиталистичката индустријализација ги уништи, барем во урбаните средини, типичните форми од феудални односи меѓу

семејниот живот и производство и економските функции на семејството и им ја остави, на многу семејства, само функцијата на организацијата на животот. (Мицковиќ, 2008)

Во семејствата поврзани со капиталистичката приватна сопственост, економската активност е намалена на функцијата да се генерира капиталот. (ibid)

Во оваа смисла, во капитализмот нема потреба од големи „неподелени" семејства со патријархална структура. Најголем дел од семејствата се состојат само од брачните другари и нивните деца. Ова семејство социолозите го означуваат како потесно, нуклеарно семејство. (ibid)

Во таквото семејство семејните односи стануваат помалку хиерархиски и авторитарни. Жените имаат пристап до сферата на работата во индустријата и услужниот сектор. Ова доведува, за разлика од феудализмот, до степен на економска независност на жените и нивна релативнарамноправност со мажите. (Костова, 2004)

Меѓутоа, во буржоаските држави продолжува дискриминацијата на жените по однос на начинот и висината на плаќањето на женскиот труд.

Анализата на семејството, покажува дека во пост-капиталистичката ера, во многу земји, жените добија граѓански права, вклучувајќи го и правото да се разведуваат. (Мицковиќ, 2008)

Меѓу класите и социјалните групи кои не се директно поврзани со приватната сопственост, институцијата брак се повеќе станува морална и правна заедница на мажот и жената заснована врз љубов и личен избор. (Костова, 2004)

Меѓу другото, денес е евидентна прераспределбата на одговорностите помеѓу мажот и жената во семејството и тоа во работата во домаќинството и во одгледувањето и воспитанието на децата.

Меѓутоа, најважниот дел од придонесот на мажите паѓа на повеќе периферни економски активности во семејството, а жените, без оглед на тоа дали се вработени надвор од домот, или не, го носат на нивните рамења товарот на домашната работа. (Костова, 2004)

Развојот на јавните услуги, рекреацијата и детската заштита допринесоа семејствата целосно, или делумно, да се ослободени од голем број обврски од минатото (станува збор за. намалување на функциите на семејството. (ibid)

Семејството се повеќе е фокусирано на внатрешен живот во него, на улогата на семејните односи и осигурувањето на неговата стабилност и сила.

Намалувањето на следењето на јавното мислење (како резултат на урбанизацијата), како и економските, правните и религиозните врски драматично го зголемија „товарот“ на моралните обврски.

Истакнувајќи ги двете контрадикторни тенденции во семејството како „реконструкцијата“ врз основа на индустрискиот и културниот напредок и „неорганизираноста“, се забележува дека првата тенденција е најчеста во работнчките семејства, а втората во паразитските слоеви.

Економските, политичките и моралните противречности го охрабрија современото семејство на, еден вид на одтуѓување од општеството.

Природната концентрација на семејствата во урбаните услови на живот во висококатниците ја исфрлија на површина формата на т.н. „самоизолација“. Истовремено, зголемувањето на можноста за интра-семејни конфликти ги намалија шансите за нивно регулирање без оштетување на единството на семејството.

(Костова, 2004)

Сето ова води кон нестабилност на семејствата и зголемување на бројот на разведени бракови.

Надминувањето на дискриминацијата на жените, а во исто време систематското проширување на мрежата на јавните установи, има за цел да им помогнат на семејствата во воспитувањето на децата и во одржувањето на домаќинството. Растот на богатството и културата на населението доведуваат до формирање на таков тип на семејство кој е различен од комерцијалното семејство, како и промена на природата на односите во семејството.

Огромното мнозинство на бракови, повеќе не се склучуваат врз економска пресметка, или родителска принуда, туку со личен избор на идните брачни другари. (ibid)

Затоа, интра-организацијата се карактеризира со многу поголема еднаквост на брачните другари и смирување на семејните групи.

Денес, главна општествена функција на семејството е да се обезбедат потребите на мажите и жените за брак и родителство.

Значителни се и промените по однос на природата на односот меѓу семејството, општеството и државата и зголемената општествена активност на семејството.

Се предвидува, со зголемената улога на моралот во општеството, да се зголеми и неговата социјалната улога. Исто така, предвидувањата се во насока на натамошно збогатување на семејствата.

Во иднина, значително ќе бидат намалени домаќинските функциите на семејството. Регистрацијата на бракот ќе стане чисто морален и естетски чин.

Сепак, може да се предвиди дека семејните активности кои ја промовираат среќата на луѓето и образованието на младите генерации ќе се прошират и ќе добијат во својата вредност. (Данилов, 2005)

Анализата на различни извори и истражувања за семејството, покажува промени во видовите на семејните структури, разлики во склопувањето и природата на бракот, во сродствотото и родителството.

Прво, се менуваат карактеристиките на бракот.

Современиот брак се повеќе станува социјално одобрен модел на однесување со кој две лица стануваат семејство.

Покрај тоа, се нагласува дека секоја заедница развива сопствен систем на обрасци на однесување во семејството. Таквите модели се историски условени и имаат силна економска основа. (Торохтий, 2000)

Некои истражувачи ја истакнуваат важноста на економските фактори во развојот на семејството во одредени општества. Така на пример, во Тибет, земјата припаѓа на семејството и таа се наследува од страна на сите синови од семејството. Таа не се дели на посебни делови, зошто како такви, деловите би биле премногу мали за да можат да го издржат семејството на секој брат посебно. Затоа, браќата заедно го користат земјиштето и имаат заеднички сопруги. (Данилов, 2005)

Како што е наведено од страна на Титаренко, колективната психологија на примитивните човечки општества е психологија на „колективно ослободување и опозиција", која може да се набљудува и денес во некои области на светот.

(Титаренко, 1987-127с.)

Патријархалното семејство, каде што таткото е глава на семејството, е карактеристично за многу делови во светот (Тајланд, Јапонија, Иран, Бразил, итн).

Матријархалното семејство, каде што највисок авторитет и влијание ужива мајката, присутно е во еден дел од историскиот развиток и го среќаваме и денес во некои племиња, меѓутоа, таквото семејство е многу ретко.

Американскиот социолог Морис (Morris) наведува т.н. партнер семејства, чија основа е заедничката дискусија во семејството и заедничкото носење на решенија. (Morris, наведено во Данилов, 2005)

Во семејствата каде сопружниците се од приближно исти социјални слоеви постои хомогена структура, а хетерогени се во оние средини во кои сопружниците доаѓаат од различни социјални групи, касти и класи.

По однос на просторната локализација, семејствата се патри-локални во ситуации кога младите супружници живеат во куќата на семејството на таткото на мажот, а матри-локални се означуваат оние семејства каде што новиот пар живее со родителите на сопругата. Во последно време се популарни се нео-локалните семејства, каде новите сопружници живеат одвоено од своите родители, во сопствени семејства.

Најчести, во модерните урбани агломерации, се нуклеарните семејства, кои се состојат од родителите и нивните деца. (Данилов, 2005)

Меѓутоа, во некои средини се уште егзистира пошироко семејство кое претставува иста фамилија која комбинира две или повеќе нуклеарни семејства во заедничко домаќинство и се состои од три или повеќе генерации - баби и дедовци, родители и деца (внуци). (ibid)

## 2.2. Определување на поимот семејство

Во контекстот на нашето определување на поимот семејство, најпрво истакнуваме дека зборот „семејството" е добро познат уште од XI-XII век.

(Данилов, 2005)

Постојат многу дефиниции за семејството.

На пример: семејство е група на луѓе кои се сакаат едни со други, или група на лица кои имаат заеднички предок, или живеат заедно. (ibid)

Семејство е збир на луѓе кои живеат заедно поврзани со вкупниот буџет. (Smelser, 1994 - p.18)

Сепак, овие дефиниции не ги откриваат сите страни на оваа појава.

Голем број на автори на семејството гледаат како на антрополошки термин што значи „збир на лица поврзани со врски на сродство или брак" и има карактеристика на група со крвно сродство и е биолошка заедница. Според односите помеѓу членовите има примитивни семејства (полигамија, полиандрија, егзогамија, матријархат, патријархат). (Данилов, 2005)

Во рускиот „Филозофски речник" (Философский словарь) од 1991 година, семејството се дефинира, но не се земаат во предвид неговите карактеристики: „Семејството е вид на општествената заедница, тоа е најважна форма на организирање на личниот живот на човекот, се базира на брачната заедница и односите во него, односно на мултилатералните односи помеѓу мажот и жената, родителите и децата и браќата и сестрите кои живеат заедно и имаат заедничко домаќинство".

(Философский словарь, 1991, с-349)

Дефиницијата во рускиот Философскиот речник привлекува внимание со определбата на семејството како: „примарна институционална форма на заеднички општествен живот, која се јавува за обезбедување на лична среќа и благосостојба и ја исполнува важната улога за репродукција на животот, социјализација на неговите членови и има органски врски со општеството". (ibid, c.412)

Семејството како минијатурна група го одразува тоталитетот на човековите врски и односи и материјалната и духовната поврзаност на луѓето во него.

Првата определба се однесува на социјалните и биолошките врски (сексуалната и емотивната) и економските потреби на членовите во него, односно на домаќинските потреби на луѓето.

Втората определба ги означува моралните, естетските, психолошките, верските и други потреби на поединецот.

Многу истражувачи развиле теории за семејството, поаѓајќи од аспект на историската перспектива.

Развојот на индустриското производство, научната и технолошката револуција довело до фактот, жените, како и мажите, да бидат активно вклучени во работата надвор од домот врз еднаква основа со домашните обврски. Тоа доведе до еднакво дистрибуирање на приходите од работните активности.

Важен за нашата теза е заклучокот на авторите дека модерното семејство се карактеризира со ориентација кон личните, а не кон статусните карактеристики на поединците, од една страна, и на семејните односи, од друга страна.

Според сегашните услови, значајна е улогата на Законот за семејство во кој се определени правата и одговорностите на сопружниците и родителите и децата поставени врз сродство, улоги, материјален имот, духовните, моралните, религиозните, правните и другите односи со кои се дефинира структурата на семејството.

(Закон за семејство, 1992)

Врз таквите односи се зборува за авторитарни или демократски семејства.

Системот на интеракција на семејството и општеството, од една страна, и семејството и поединецот, од друга страна, ги одредува социјалните функции на семејството, од кои најважни, во целиот пат во својот развој се економските, домаќинските и едукативните.

Денес, домот и семејството, како животна средина, се сметаат, не само, како најважен услов за формирање на личноста, но исто така и за отстранување на психолошкиот стрес и нервната напнатост на лицата (концептот за семејството како „психолошки азил"). (Данилов, 2005)

Како саморазвој на системот, секое семејство го карактеризираат животот, традициите, обичаите и конфликтите. Во принцип, природата на конфликтот зависи од степенот на семејните интереси и можноста тој да се разреши, од решенијата кои се носат внатре во семејството и од севкупната култура на луѓето. Функциите, структурата, однесувањето на членовите се суштината на семејството.

(Данилов, 2005)

За одбележување е описот на семејството даден во Педагошката енциклопедија (Pedagoška enciklopedija) од 1989 година, каде на семејството се гледа како на општествен феномен, кој варира врз основа на развојот на економскиот развиток на општеството, додека во исто време, напредокот на семејните форми е релативно независен.

Развојот на пост-индустриското општество предизвика продлабочување на конфликтите меѓу семејството и државата по однос на социјалните и економските односи, што доведе до криза во семејството, изразена со пад на плодноста, намалување на бројот на децата во семејството, зголемувањето на бројот на разводи и бројот на вонбрачни деца. (Pedagoška enciklopedija, 1989)

Како последица на кризата на семејството, исто така, треба да се додаде и неуспехот на една од неговите главни функции - едукацијата и социјализацијата на новите генерации, што доведе до појава на занемарување на децата и појава на детско бездомништво како основа за зголемување на малолетничкиот криминал, детска и младинска проституција, дрогирање на младите, пушење, конзумирање на алкохол, пад на авторитетот на родителите и наставниците, зголемување на конфликтот меѓу училиштето и семејството. (ibid)

Кризата предизвикана во семејството, освен од социо-економски причини, предизвикана е и од ниската педагошка и психолошка обука на возрасните за вршење на функциите на семеен човек и организатор на семејството, сопственништвото и општиот недостаток на свест кај населението.

Во контекстот на надминувањето на причините за кризата на семејството и менувањето на неговите функции, денес, итен педагошки проблем е унапредувањето на образованието, сигурноста, емоционалните и психолошките функции кои треба да се решат заедно во соработка на семејството и училиштето и напорите на училиштето да помогне во стабилизирањето и зајакнувањето на семејството.

Институцијата семејството, од страна на истражувачите, се смета како институција за дружење, за репродукција на човекот и не само како биолошка единица, туку и институција која има множество на социјални, културни и морални квалитети. (ibid)

Таквата определба е дадена затоа што дружењето е функција на семејството и е признаена како еден од најважните и најпопуларни функции на општеството.

Прикажувањето на семејството како социјална институција и еден од главните фактори за дружење во општеството, до извесен степен, се рефлектира во делата на многу големи мислители: Платон, Аристотел, Бекон, Хобс, Кант, Маркс, Енгелс и др. (Данилов, 2005)

Овој пристап е репродуциран и во бројни современи социолошки студии и педагошки трудови, кои од различни позиции ги осветлуваат проблемите на семејството како социјална и педагошка институција.

Анализата на литературата и научните достигнувања за интеракција на семејството и педагошките сознанија открива голем број на противречности како што се:

- меѓурастечките потреби на општествениот развој на семејството и психо-педагошката неподготвеност на возрасните да ги разберат и решат реалните основни функции како репродукцијата и социјализацијата на лицата кои живеат во новото време;
- меѓу напорите и барањата на пост-индустриското општество да се интегрираат напорите на институциите од областа на образованието и социјализацијата на се помладите генерации и недостапноста на професионални едукатори за решавање на комплексните образовни прашања;
- помеѓу постојните потреби и систематскиот пристап кон развојот и зајакнувањето на семејството, зајакнување на институцијите за образование и другите социјални институции и надминување на недостатокот во организирањето на ефективна интеракција на семејството и училиштето, со цел да се стабилизира семејството и одгледувањето на децата; и
- помеѓу идентификувањето на потребата за решавање на конфликтите и релевантноста на итните социјални барања на семејството и училиштето. (Данилов, 2005)

## 3. ТЕОРИСКО РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ НА ВРЕДНОСТИТЕ

Квалитетот на човековото живеење, како еден од основните проблеми на секоја заедница и на секој поединец, најнепосредно е детерминиран од вредностите и вредносните ориентации на луѓето. Оттука, прашањето за тоа што е она што ја самопотврдува и самореализира личноста на човекот и што е она посакуваното кон кое се стреми, во голема мера зависи од прифатените вредности на една личност.

Во светски релации, времето во кое живееме може да се окарактеризира како време на енормен технички и технолошки развиток на информационата технологија, интернетот, културата и сл.

Меѓутоа, се поставува прашањето дали таквиот развиток е во функција на развојот на личноста на современиот човек.

Американскиот психолог Дејвид Волш (David Walsh), во едно свое истражување констатира дека на младите денес „мерка им се парите" и уште повеќе, „сакаат се и веднаш". (Walsh, наведено кај Костова, 2001)

Прашањето за вредностите и нивната интериоризација посебно е значајно за нашата земја и другите земји во транзиција денес.

Падот на вредностите условува цела низа на негативни појави, од запуштеност на децата и недоволна педагошка поддршка, посебно од страна на семејството, кое запаѓа во ситуација на „криза", до малолетничка запуштеност и деликвенција.

Падот на еден цел систем на вредности кој важеше за претходното општество и бавноста во конституирањето на нов систем на вредности кој ќе се заснива на новите демократски општествени барања доведува до „збунетост" на луѓето и младите и нивно застранување во негативни дејности.

Од педагошки аспект врдностите треба да се разгледуваат како еден од битните начини на конкретизација и операционализација на целта на воспитанието. Ако се изостават вредностите и нивната интериоризација, тогаш, на полето на остварувањето на целите на воспитанието се останува на позиција на формализам со неможност за определување на конкретните подрачја на воспитно делување во семејството, училиштето и другите вооспитно-образовни установи. Одтука основно концепциско

прашање е јасното прецизирање на односот меѓу вредностите и целите и вредностите и средствата. (Bergant, 1974)

Исто така, не треба да го занемариме фактот дека егзистираат една цела низа на вредности за кои можеме да кажеме, дека имаат општочовечки и општоважечки карактер како што се: човечноста, правдата, равноправнота, еднаквоста, мирот, слободата и сл., кои треба да им бидат пренесени на младите како придонес кон приближување на човекот кон неговата суштина. (Čulig, Fanuko, Jerbić, 1982)

Вредностите се битни карактеристики на едно општество. Колку тие се единствен израз на интересите, потребите и свеста на луѓето толку ја покренуваат индивидуата на активност и управуваат со општественото однесување насочено кон остварување на оштествените цели и идеали во кои индивидуата наоѓа мажност за остварување на личните интереси, вредности, цели и идеали.

Модерната аксеологија истакнува дека аксеолошки ориентираната филозофија низ историјата постојано покажува интерес и разрешувала релевантни проблеми на вредностите во општествената заедница. Економијата, антропологијата, етиката, естетиката, религијата, социологијата, педагогијата, психологијата и други науки во својот развој ги истакнувале вредносните содржини, секоја од својот аспект. Затоа, разликите во поимањето, ценењето и карактерот на вредностите и нивната структура, развој, концепт и функција, битно се разликуваат. Заедничко им е тоа што сметаат дека вредностите се вон човекот.

Поаѓајќи од значењето на познавањето на проблемот на вредностите и од улогата која ја имаат вредностите во општественото однесување на младите, педагогијата и психологијата го зголемуваат својот инерес за овој проблем. Меѓутоа, анализата на изучување на овој проблем покажува дека истражувањата се еднострани.

(Tanović, 1972)

Некои научни работници сметаат дека неразвиената истражувачка работа во областа на вредностите кај нас произлегува и од тоа што кај нас не постои таксономија на вредностите. (ibid)

Значењето на проблемот на вредностите го истакнува и фактот дека нашето општество е отворено и присутни се противречности меѓу старото и новото.

Кои вредности децата во современото време и современи услови ги ценат, кои се нивните цели и приоритети, каков е односот меѓу индивидуалните и ооштествените вредности, на кој начин вредностите се интериоризираат кај младите, кои се битните фактори во тоа, сите тие се важни прашања на педагошката теорија и практика.

### 3.1. Различни сфаќања за поимот вредност

Истакнавме дека со вредностите се занимаваат бројни науки од оштествено-хуманистичката група. Оттука и ситуацијата да постојат бројни и различни сфаќања за тоа што е вредност, која е нивната суштина, какво им е значењето за животот, за работата, за луѓето.

Поимот вредност го вовел во филозофијата германскиот филозоф Hermann Lotze. Меѓутоа, со воведувањето на поимот вредност се појавила и потребта од раздвојување и определување на светот на стварноста од светот на вредностите. Lotze, на извесен начин, го одвоил светот на стварноста од светот на вредностите, она што е и она што би требало да биде. (Vujčić, 1987)

Такво мислење застапуваат и Kangrga и Životić, застапувајќи го ставот дека суштината на вредностите не е во она што е, туку во она што треба да биде. Всушност, суштината на човекот е во она што е нестварно, во идеалите, а не во она што практично е. (Kangrga и Životić, наведено во Vujčić, 1987-с.9)

За предметот на нашето истражување клучно прашање е: што е вредност?

Најпрво ќе истакнеме дека постојат различни пристапи и определби на она што е вредност. Тие се многубројни и различни во зависност од припадноста на авторите кон различни општествени и хуманистички науки. Нивната бројност отежнува да ги наведеме сите пристапи во нивната севкупност и затоа, ќе наведеме некои, за кои сметаме дека се позначајни.

Pepper смета дека вредност е се она што е добро или лошо, а Perry сето она што е важно за човекот. Врз основа на наведените сфаќања Williams смета дека луѓето се однесуваат спрема предметите и односите како спрема добри или лоши, вистински или погрешни, како спрема врлини или пороци. (Williams, 1968 -p.283)

Таквото одредување на вредностите е доста широко и како такво има бројни неодрedености.

Williams смета дека сите вредности имаат своја когнитивна сфера, селективен или директивен квалитет и афективна компонента. (ibid)

Понатаму овој автор смета дека целните акции се во границите на евалуацијата. Според тоа во човековиот акционен систем непостои целенасоченост без делување на евалутивниот систем.

Трет начин на определување на поимот вредност е тоа што е посакувано или преферабилно само по себе. Поточно, при оваа определба вредноста не се одредува со она што вистински се преферира, туку со она што е преферабилно како такво. Таквите вредности Morris ги означил како целни вредности.

(Morris, 1956- p.10)

Во сите наведени одредувања на поимот вредност се акцентира преференцијата. При тоа во првата одредница поимот вредност е нешто што едноставно се преферира, во втората е она што би требало да се преферира, а во третата вредноста е нешто што е само по себе цел. Разликата е во тоа што се посакува и она што би требало да се посакува. (ibid)

Morris наведува дека значењето на вредностите е мултиплицирано и сложено и поимот вредност мора да се проучува од три аспекта. Така во еден случај вредностите ја покажуваат тенденцијата или диспозицијата на луѓето да преферираат нешто повеќе од друго. Во втората варијанта вредноста се однесува на она однесување кое е насочено кон предвидување на последиците од некое предвидување. Третиот начин на употреба на поимот вредност е нешто што е посакувано само по себе.

(Morris, 1956- p.12)

Сите три употреби на поимот вредност можат да се подведат под поимот преференцијално однесување.

Според Kluckhohn вредноста не е само празна преференција, туку е ограничена на оние типови на преференцијално однесување кое се темели на концепциите за посакуваното. (наведено во Vujčić, 1987-c.15)

Овој автор ја дава дефиницијата според која вредноста е експлицитна или имплицитна концепција на поединецот, или групата за посакуваното кое влијае на селекцијата помеѓу можните начини, средства и цели на делување. (ibid)

Доста едноставна дефиниција за вредностите дава антропологот Lee која вели: „Со помош на човековите вредности јас ја означувам основата со која поединецот ќе избере еден смер кој го оценил како подобар или полош, правилен или погрешен од некој друг." (Lee, 1959-p.165)

Збиена и кратка дефиниција за вредностите дава Margenau; „вредноста е мерка во задоволувањето на човековите потреби". (Margenau, наведено кај Vujčić, 1987-c.16)

Со вредностите детално се занимавал Rokeach кој ги дефинира како: „долготрајно верување дека одреден начин на однесување, или крајна цел на егзистенција е лично или општествено преферабилен по однос на спротивниот или обратниот начин на однесување, или крајната цел на егзистенцијата."

Rokeach ги определува и компонентите на вредностите:

- Вредноста е долготрајна;
- Вредноста е верување;
- Вредноста го покажува начинот на однесување;
- Вредноста е преференција како и концепција за посакуваното; и
- Вредноста е концепција за нешто што е лично и општествено преферабилно.

(Rokeach, 1973-p.4)

На просторите на поранешна СФРЈ повеќе автори се занимавале со проблемот на вредностите и нивното определување.

Пантиќ дава покомплексна дефиниција за вредностите: „Вредностите се релативно стабилни, општи и хиерархиски организирани карактеристики на поединците (диспозиии ) и на групите (елементи на општествената свест), формирани со меѓусебно делување на историските, актуелно социјалните и индивидуалните фактори, кои заради така пропишаните посакувања, го насочуваат однесувањето на носителите кон одредени цели. (Pantić, наведено кај Vujčić, 1987-c.24)

Авторскиот колектив Čulig, Fanuko, Jerbić во определувањето на вредностите им приоѓаат аналитичко – дескриптивно. Во таа смисла, овие автори ја даваат следнава дефиниција за вредностите:

❖ општествено-историски условени, релативно стабилни, специфични творби и конституенти на индивидуалната, групната и/или општествената свест и тоа оние:

- кои се формираат од искуството и/или се превземат од културата врз основа на потребата за ориентација, регулирање и владеење со односите кон светот кој не опкружува и спрема самите себе;
- кои се јавуват во облик на имплицитни и експлицитни симболи или обрасци за посакуваните односи во било која смисла на позитивното;
- кои при вредносното однесување оперираат (во свеста и акцијата – практиката) на три начини:

  1. било како цели на акцијата, т.е. објектите и состојбите кон кои се тежнее;
  2. било како критериуми при изборот на алтернативните правци, или средствата на акцијата, односно при оправдување на направените постапки; и
  3. било како општи барања кои се поставуваат по однос на околината и самиот себе си. (Čulig, Fanuko, Jerbić, 1982-с.40)

Може да се констатира дек определувањето на вредностите е тешка и сложена работа. Посебно постои конфузија во разните определби по однос на задоволството, преференциите, интересите, ставовите и вредностите, а често сето тоа се сведува на вредносни појави. (Vujčić, 1987- с.28)

### 3.2. Видови вредности

Нагласивме дека Morris ги дели вредностите на три групи: оперативни, сфатени и целни.

Најинтересна и добро дефинирана поделба на вредностите дава Rokeach кој вредностите ги дели на терминални и инструментални.

Терминалните вредности кои ги репрезентатираат целите на човековата егзистенција, тој ги дели на персонални и социјални.

Инструменталните вредности кои се однесуваат на начините на однесување Rokeach ги дели на морални и вредности на компетенциите. (Rokeach, 1973)

Rokeach прави обид да го определи и бројот на наведените видови вредности. Поаѓајќи од констатацијата дека бројот на вредностите не е голем, смета дека постојат околу дваесеттина инструментални и пет до шест пати повеќе терминални вредности.

Понатаму, тој наведува дека овие два вида на вредности се независни, но дека меѓу нив постои однос. Во таа смисла инструменталните вредности се средства за постоење на терминалните, при што односот не е 1 спрема 1, туку станува збор за непропорционален однос.

По прашањето за класификација на вредностите Rokeach нагласува дека тоа е доста сложен процес. Во оваа смисла, на пример, наведува дека ако вредностите се класифицираат според носителите тогаш можат да се класифицираат на: индивидуални, групни, општествени и општочовечки. Ако пак ги класифицираме според содржината постојат: естетски, политички, теориски, социјални, морални и религиозни.

Rokeach го поставува и суштинското прашање дали може да се определи еден критериум според кој ќе се класифицираат вредностите. Во оваа смисла одговара со поделбата на вредностите на инструментални и терминални, што не може да се направи со другите појави (ставови, интереси желби и сл.) (Rokeach, 1973)

## 4. ВРЕДНОСНИ СИСТЕМИ

Вредностите се меѓусебно поврзани и сочинуваат системи на вредности. Од нив произлегуват вредности од прв, втор и трет ред и служат како основа за регулурање на односите меѓу луѓето, луѓето и општеството, луѓето и природата и меѓу самите себе си. Во овие потсистеми на вредности постои меѓусебна поврзаност и условеност, но и меѓусебна спротивност и конфликти.

Основна карактеристика на системите на вредности е нивниот континуитет, но и нивната променливост. Тие имаат свое минато, своја сегашност и своја иднина. Системите на вредности на луѓето од едно општество се засниваат на идеологијата на тоа општество.

Во оваа смисла, ако за минатото самоуправно социјалистичко општество основа беше марксистичката идеологија, денешното демократско оопштество претпоставува постоење на нови демократски системи на вредности. Меѓутоа, промената на системите на вредности не е едноставна. Така денес, се уште не можеме да констатираме дека постои целосно изграден демократски систем на вредности. Најлоша ситуација е кога постои вакум во воспоставувањето на нов систем на вредности.

Исто така, една основна карактеристика на вредносните системи е таа што тие не се остваруваат само како објективно дадени, туку и како субјективно доживување, проценување и уважување. Всушност, нивното прифаќање не е условено само од субјективните основи на вредносните системи, туку и од личноста која го врши нивното вреднување и проценување.

# 5. СЕМЕЈСТВОТО И ВРЕДНОСТИТЕ

## 5.1. Семејството и семејните вредности

Проблемите на семејството како основна клетка на општеството и на семејните односи секогаш биле од интерес за социјалната филозофија.

Во историскиот развој на односот на семејството и на општеството, семејството и поединецот постојано се менуваат под влијание на начинот на производство и начинот на живот, социјалните односи, вредностите, семејните вредности дизајнирани да ги задоволат потребите на државата, развојот и унапредувањето на односите со јавноста. Семејни вредности се пренесуваат по традиција на новите генерации како модел на однесување во семејството и во општеството.

Сепак, во јавниот живот трајно се менува комплексот на социјалните интеракции, од една страна, помеѓу реалниот свет и односите со јавноста и вредностите, цврсто етаблиран во заедницата, а од друга - во светот на вредносните ориентации на поединецот. Развојот и подобрувањето на благосостојбата, според тоа, се во тесна зависност од вклучувањето на внатрешниот свет во надворешниот свет и од нивната интеракција. Во врска со ова, од посебно значење е конзистентноста на поединецот и на јавниот интерес, што е важно и за развој на општеството и за доброто на поединецот.

Семејството е сложена социо-културна и образовна институција, која е во процес на постојан развој и промени. Семејството се определува како социјална институција и како мала група, која има важна социјална функција за раѓање и воспитување на децата, одмор и рекреација, одржување на физичкото здравје и задоволување на сексуалните потреби на луѓето.

Во современи услови семејството поминува низ тежок, контроверзен период во својот развој, се менува, од една страна, под влијание на социо-економските фактори, од друга страна, пак, под влијание на внатрешните процеси кои се случуваат внатре во него и е во тесна зависност од процесите кои се одвиваат во општеството и државата, важноста на семејните вредности за поединецот како и за општеството и државата како целина.

Во овој поглед, релевантна е филозофската и аксиолошката анализа на семејството и семејните вредности, што ги открива аксиолошките темели на семејните односи, им дава научна основа базирана на предвидувања на генералните трендови и модели на семејната интеракција со други општествени структури, особено со состојбата на функционирањето и развојот на семејството во социо- културен контекст.

Идентификацијата на аксиолошката анализа на семејството е тесно поврзана со спецификите на социјалното спознание, кое делува како когнитивна вредност.

Вредноста во теориско-когнитивен контекст е емотивно обоена врска со објектот и содржи интереси, параметри, ставови, и сл., формиран предмет под влијание на вредноста, свеста и социо-културните фактори во целина. Вредносните ориентации се затворени во рамките на истото знаење.

По однос на содржината, структурата и формата, семејството е историски променлива социјална група, која има универзални знаци на хетеросексуална врска, родбински односи и развој на социјалните и индивидуални црти на личноста.

Семејството е преведувач на културното наследство, етничките норми и традиции, системот на семејните односи, стопанските и други дејности на семејството и специфичниот начин на живот. Семејството и семејните вредности се важни елементи на културата и се генерално важни со векови. Најголем дел од семејните вредности се одвиваат главно во областа на семејните односи.

Проучувањето на семејството и вредностите, одговора на специфичните вредности и вредносните ориентации. Имено, основниот приод кон проучувањето на семејството и семејните вредности во општествената и филозофската мисла. Семејството може да се смета како генеричка универзална вредност врз основа на заеднички заедници на луѓе поврзани со односите на бракот-родителството-сродството. Од друга страна , семејните вредности , како социо-културни преференции на луѓето во различни области на бракот и семејството (на полето на предбрачното однесување и изборот на брачниот партнер, родителството, сферата на бракот и семејните односи, и семејните улоги) се во можност да ги задоволат потребите на членовите на семејството, тесно се зависни од вредносните ориентации на семејството. Овој пристап ни овозможи да ги анализираме семејните вредности, нивното значење,

структурата, вредноста и промените кои настануваат во еволуцијата на општеството и државата.

Семејството, семејните и брачните односи, анализата на семејни врски поврзани со правните и корпоративните односи, социјалната и филозофската мисла во онтолошки, аксиолошки, како и во културен и историскиот контекст, се неразделно поврзани со филозофијата на љубовта. Во исто време, важен пристап во проучувањето на семејството и семејните вредности е и оној според кој развојот на историјата на бракот и семејството може да се подели во три главни фази:

1. Од антиката до средината на XIX век;
2. Втора половина на XIX до XX век; и
3. Истражувања од XX век до денес. (Федулова, 2003)

Во првата фаза, претставниците на Атинската мисла прават прв обид да се утврди семејството и семејните вредности. Во концептите на Сократ, Платон, Аристотел, државата речиси целосно ја потчинува личноста и семејство врз основа на усвоените закони. Овој концепт претставува обид да се задржат кај полисот вредностите и традициите кои се дистрибуираат до приватниот и семејниот живот на граѓаните. Философскиот концепт на семејните односи е во хармонија со реалниот живот: семејството во античко време е економско, со економска структура. Суштината на бракот е создавање на наследство и богатство за таткото, семејството се смета како елемент на државата и како прва форма на комуникација која е потребна да се исполнат дневните потреби.

Значително влијание врз семејството и природата на односите во семејството има во текот на средниот век. Од една страна, христијанството во семејството виде знак на грешност кај човечката раса, но сепак, секогаш го оправдува значењето на семејството и бракот како услов за создавање, како што е наведено од страна на Августин Ипонски: "бракот треба да го слават, не затоа што тоа го прават некои од пороците на страсната корист и во исто време се чувствува чувство на срам, туку поради тоа што човекот не може да постои без горенаведеното дело."

(Ипонски, наведено кај Федулова, 2003)

Во средниот век, бракот и семејството се сметаат за важна институција свесно насочена кон еволуција. Човечките односи врз основа на заедничка крв, заедничко

потекло и сопственост, одиграа важна улога во средниот век. Општеството, семејството и роднинските односи биле основните општествени структури, бидејќи тоа го обезбедува не само човековото создавање, но исто така и производство на средства за егзистенција.

Важно е да се напомене дека институцијата брак, иако беше осветена од католицизмот, сепак, не се смета за силна форма на комплексот, како што тоа се однесува за семејството и роднинските односи во целина. Црквата проповедаше аскетски поглед на бракот. Ставовите на свештенството и монасите се карактеризираат со многу низок однос кон бракот. Постои страв од жените и сексот, брачниот однос во бракот е дозволен само за доброто на создавање на деца, вредноста на семејството се гледа единствено за таа цел и во името на Бога.

Во ренесансата, повеќето бракови беа склучувани со пари во рамките на класата. Култот на витезите кон убавите дами кој е карактеристика на ренесансата, од една страна, претставува знак на протест кон брак признат само врз обврските на партнерите, а од друга страна, "започна повисока форма на љубов со прељуба". Сепак, во оваа ера почнува да се појавува традиција на поделба на личните семејни вредности на корпоративни вредности. Таквиот модел станува се повеќе привлечен, како културен модел за семејството.

Во модерните времиња, на бракот почна да гледа како на легална трансакција. Љубовта и верноста во љубовта и бракот стана нешто старомодно, тие се заменија со променливи финеси. Во согласност со новите вредности за успех, внатрешен живот и верба во личноста, претходните прописи постепено стануваат застарени.

Односот помеѓу мажот и жената во бракот се тесно зависи од идеолошките претпоставки за природата на половите во општеството. Жената била погодна во приватната сфера во домот. Нејзе и беа пропишани карактерни црти дека нејзините предиспозии се за семејството и домот, а на мажот предиспзоциите се за надворешниот свет. Ова гледиште се одржува од страна на Русо, Кант, Фихте, Хегел и други. (Федулова, 2003)

Така, постепено во текот на новото и најновото време подоцна, во периодот на индивидуализацијата, доаѓа до интимност во бракот и семејството, до "прогресивен" став на родителите кон децата, а брачните врски почнаа да стануваат унија на две лица

кои се сакаат и почитуваат едни со други. И покрај фактот дека бракот се уште е уреден налик на комерцијална трансакција, силата и издржливоста на овој договор сега зависи од повеќе фактори, како што се личната склоност или атрактивност и сочувството. Одлучувачки фактори за брак се: романтичната љубов и слободниот избор на партнерот. Со овој пристап, концептитеот за „бракот" и „љубовта" се контрадикторни еден со друг, но може да се каже дека во философската традиција на XIX век (Кант, Хегел, Кјеркегор, Шопенхауер, Ниче, итн.), беше зголемено фундаменталното прашање: дали се компатибилни романтичната љубов и семејството, љубовта и бракот. За прв пат се покрена прашањето за согласност - неусогласеност на потребите на индивидуалните потреби на заедницата, личните склоности на луѓето во областа на бракот и семејството.

Важно е да се напомене дека филозофите „бракот" и „семејството" ги идентификуваат, тие се користат заемно, тоа се должи на фактот дека вонбрачните односи беа остро спротивставени на семејството. Бракот и семејството беа споени. Моногамија е разбрана како доживотна состојба. (ibid)

Во втората фаза (втора половина на XIX век - пред почетокот на XX век) од особена важност за семејството се антрополошките и етнографските истражувања. Во овој период се изучуваат различните системи на сродство, се води дебата за прашањето за односот помеѓу патријархатот и матријархатот. Важно е да се напомене дека Енгелс во "Потеклото на семејството, приватната сопственост и државата" за прв пат ја покажува зависноста на еволуцијата за формите на семејството и семејните вредности од вкупниите промени во историските услови кои во иднина се широко развиени во теоретските концепти на процесите на промените во семејните односи. (ibid)

Со развојот и комплексноста на општествениот живот кон крајот на XIX и XX век, во времето на избувнувањето на општата криза на европската култура станаа очигледни знаците за криза во семејството. Бракот има се повеќе емоционална тежина, економските и политичките интереси се се помалку основа за бракот, семејството речиси ја губи функцијата на материјална поддршка за поединецот. Исто така и производството, образованието, религијата, грижата за старите лица и пациентите постепено се повлекува од приватниот сектор. Функциите на семејството станаа делумни и ги превзедоа другите социјални институции. Семејните вредности се сериозно трансформирани со промените во сите области на бракот и семејството.

Обемот на предбрачното однесување и изборот на брачниот партнер се карактеризира со фактот дека вредносните ориентации на младите мажи и жени губат во својот квалитет. Станаа сосема нормални предбрачните и вонбрачните сексуални односи на малолотниците, а и родителска согласност за брак го губи своето значење.

Во областа на односите во семејството, акутни се проблемите во периодот на смена на генерациите што се случи со појавата и развојот на потесното семејство.

Уништувањето на семејните врски карактеристични за патријархалните семејства доведе до компликации во меѓучовечките односи меѓу брачните другари, родителите и децата и во областа на родителството. Потребата за деца почна да зазема низок статус во структурата на потребите на поединецот.

Еволуцијата на семејната организација доведе до значителна трансформација на општествените улоги на брачните другари кои се поврзани со развојот на социо - професионалните структури на општеството. Драматично е променета функцијата на сопружниците, има загуба на патријархалната улогата на таткото и улогата на жената во семејството, што се должи на зголемувањето на родителското учество во имплементацијата на семејството и неговото одржување. Непосредно истакнување на оваа противречност се гледа во социјалниот проблем на брачната нееднаквост во новите семејни улоги.

Процесот на демократизација на јавниот живот има директно влијание врз развојот на семејните односи во насока на брза деструкција на патријархалната идеологија во областа на бракот.Се менува односот „брак - партнерство – родителство“. Структурните промени во сегашната фаза на развојот на семејството, се карактеризираат со значителен пад во стапката на раѓање, заедно со високото ниво на нелегитимни раѓања, разводи, нерегистрирани бракови, голем број на самохрани родители и сл.

Сепак, семејството, продолжува да има влијание врз детското дружење како модел, да воспоставува директна комуникација со социјално и психички блиските пријатели, да одговара на потребата за интимна заедница на меѓусебно разбирање и поддршка. Семејството продолжува да ги извршува своите функции , но е во постојана конкуренција со други институции вклучени во сложениот процес на општествени промени, кои неизбежно влијаат на внатрешната структура на семејството.

Семејството е трансформирано, престана да постои како една интегрирана економска единица, но како заедница на сопружници, родители и деца, унијата стекнува значење во современите социо-културни ситуации. Важноста на семејството и семејните вредности, за современиот човек е потврдена од страна на бројни емпириски истражување кои се однесуваат подеднакво за сите групи и слоеви на население.

Еден век подоцна, семејството се трансформира, ги менува семејните вредности како што се: заедничките економски интереси, важноста на сродството, специјалната улога на таткото во семејството, семејните свадбени ритуали, дистрибуцијата на семејните обврски, итн. Сепак, во современото семејство се задржаа вредностите, како што се: мајчинството и родителството, посебната улога на жените во семејството, традиционалната моногамија, почитта и љубовта меѓу членовите на семејството, така што важноста на семејството како вредност е неоспорна.

Во исто време, важно е да се напомене дека за семејството и пред сѐ, за една млада фамилија, под постојано оптоварување на материјалните и проблемите со домувањето, постепено се засенуваат семејните вредности, кои на крајот може да биде заменети од страна на приватни (надвор од семејството) вредности, кои во крајна линија може да доведат до распад на семејството. Оваа ситуација се влошува со фактот што функцијата на општите услови за постоење на семејствата има релативно слаба заштита од страна на државата. Од првенствено прашање тука се парите и приходот, домувањето и удобноста, транспорт и комуникациски услуги, правната заштита и сл. Во оваа смисла, станува неминовна потребата од ефикасна социјална политика како приоритетна област, која ќе се фокусира на семејството како вредност за современиот човек и која ќе биде во состојба да ја спречи и намали кризата на модерното семејство.

Ние се согласуваме со Сорокин, кој го виде начинот на излез од кризата на семејството, особено во враќањето на традиционалните форми на семејниот живот, но во различни фази во историјата. Средствата за ова, според Сорокин, треба да послужат како „морална реконструкција" на човештвото, пополнување на старите форми во врска со „нова" содржина. (Сорокин, наведено кај Федулова, 2003)

Враќањето на традиционалните хуманистичките вредности на семејството во општеството, заживувањето на традицијата во односите меѓу индивидуата и државата и општеството врз основа на взаемна доверба и љубов, семејна политика која ќе се

фокусирана на интересите на државата и на семејството, за да се обезбедат правата на секој член на општеството да живее во силно, стабилно, психички здраво семејство, елиминирање на подредената положба на семејството во општеството во сите нивоа на власта и јавниот живот, станува примарна задача на нашето општество и држава и на физичкото лице и семејството како целина.

### 5.2. Семејството како вредносна општествена форма во живот на човекот

Во пристапот кон семејството може да се гледа како на синтеза на голем број на компоненти со физичка, физиолошка, психолошка, емоционална, духовна и социјална содржина.

За современата социјална и културна ситуација станува особено значајно истражувањето на феноменот на семејството како начин на вредносна димензија на општеството и како посебен вид на живот и заедница на социјалните вредносни форми на човековото постоење. (Хубиев, 2009)

Социјалните и хуманитарните науки мора да се движат надвор од формалниот позитивистички пристап кон проблемите за семејството, во кои се наведуваат проблематичните семејни односи за разбирање на семејство како општествена мисија и за оправданоста на посебната улога и значењето на семејниот живот за поединецот, семејството и културата во современите општествени ставови и вредности.

Денес се користи нов пристап во сферата на анализата на семејството и односите во него, кој по својата суштина ги опфаќа принципите на општествената филозофија, која сега, доста успешно, се применува во разбирањето на природата на човекот и формите на неговото постоење, посебно, принципите на сеопфатниот поглед на индивидуата кои го вклучуваат проучувањето на сите главни форми на нејзиното постоење. (ibid)

Несомнено е дека човекот е предмет на постојано јавно изложување. Истовремено, тој е активно одговорен за оние влијанија кои ги спроведува во своите животни искуства и интереси. Ова ја диктира потребата за разбирање на човечкото постоење во нови димензии. Ова разбирање може и треба да биде семејството, како форма на човечкиот живот, преку разни оценки и карактеристики (поединец, општество, јавни установи). (ibid)

И покрај изобилството на публикации од различни истражувачки пристапи за семејството, на крајот од последната деценија на XX и почетокот на XXI век, се уште има недостаток на истражувања за откривање на неговите промени и евидентна е потребата од нови истражувања.

Со оглед на сегашниот развој на методологијата на истражувањето на проблемие поврзани со разбирањето на семејството како мултифункционална и мултидимензионална општествена појава, може да се констатира плејада на недостатоци.

Семејството е предмет на проучување на многу науки: филозофијата, социологијата, историјата и етнологијата, демографијата, економијата, медицината, педагогијата и психологијата.

Во различни академски учења развиени се истражувања меѓу кои би ги нагласиле:

1) Природата на семејството и бракот во делата на античките филозофи кои ја создале теоријата на патријархалното семејство (Платон) поставено на либералната традиција во изучувањето на проблемите на семејниот живот (Аристотел);

2) Семејството како основа на општествениот поредок и природната состојба на човекот во совршеното општество во општествените теории на Средниот век (Thomas More, Tommaso Campanella, William Godwin, и други);

3) Природата на семејството во теоријата на природното право и хуманистичката теорија, категориите на моралноста, слободата и неопходноста како основа на семејството во делата на: Францис Бекон (Francis Bacon), Томас Хобс (Thomas Hobbes), Жан-Жак Русо (Jean-Jacques Rousseau), Имануел Кант (Immanuel Kant);

4) Семејството како социјална и индивидуална потреба, како олицетворение на моралот поврзани со идејата за „системот“ на Хегеловата (Georg Wilhelm Friedrich Hegel) филозофија;

5) Семејството како историска категорија во еволуционистичката теорија на Johan Jakop Bachofen;

6) Семејството како општествен феномен и институцијата на општеството во формациската теорија на Маркс и Енгелс (Karl Marx, Frederick Engels);

7) Универзалноста на семејството, како универзален феномен во теоријата на позитивизмот на Огист Конт (Auguste Conte) и Херберт Спенсер (Herbert Spencer);

8) Вредноста на семејството, во смисла на аксиолошки концепти на алтруизам и духовни основи, во делата на руските филозофи: Бердаев (Никола́й Алекса́ндрович Бердя́ев), Розанов (Васи́лий Васи́льевич Ро́занов) и Соловљев (Влади́мир Серге́евич Соловьёв); и

9) Мулти-функционалноста на семејството како социјална институција во теоријата на функционализмот на Сорокин (Питири́м Алекса́ндрович Соро́кин). (Хубиев, 2009)

Во современите општествени науки доминираат дела фокусирани на проучување на семејството како социјална установа, неговото место и улога во општеството, економската состојба и статусот и демографските однесувања.

Разгледувањето на семејството како социјална и културна вредност стана карактеристика на студиите од втората половина на 90-тите години на XX-от век.

Во овој период почнува да се развива концептот на семејството како вредност на општеството врз основа на идентификување на клучните области на модернизацијата на семејните вредности во модерното општество.

Семејството се изучува во контекст на анализата на динамиката на хиерархијата на вредностите во општеството и во структурата на општествената свест. Семејството се анализира како универзална вредност и како поттик за однесувањето на поединецот.

Прашањето на социо-филозофската анализа на семејството е, во голема мера, збогатено во делата на филозофите, благодарение на зголемување на вредноста на аксиолошките аспекти на овие дисциплини. (Федулова, 2003)

Во исто време, се обрнува внимание на фактот дека меѓу делата за проблемите на семејството, само филозофските истражувања не се доволни.

Во меѓувреме, сè повеќе и повеќе, станува очигледна разликата помеѓу итната потреба за научни анализи на семејството и неразвиеноста на теоретски и методолошки пристапи кон решавање на овој проблем. Разликата е поради длабоките празнини во перцепцијата на важноста на семејството, определена од неговата позиција во комплексниот ансамбл на односи на индивидуата и општеството и во денешната реална содржина за вредносно-нормативните темели на семејството и

семејните вредности во општество во транзиција и вистинска социјална практиката за формирање на структурни и функционални параметри на семејството. (Хубиев, 2009)

И, конечно, длабокиот јаз помеѓу социјалните потреби на семејството како вредност и регулаторниот елемент на културата, се наоѓаат во состојба да можат да генерираат култура од повисок ред и поинаков однос на семејството кон државата и општеството.

Наведените теории и учења и сегашните збиднувања ја утврдуваат визијата за семејството како заедница на вредности и општествени форми на човековото постоење.

Дополнителната употреба на двата концепти за семејството, како што се: концептот за семејството како социјална институција и концептот за семејството како форма на социјална вредност, се протегаат на спектар од знаења за суштината на семејството.

Современата наука најсоодветно го разви феноменот на семејството како мулти-функционален и мулти-димензионален феномен, и врз оваа основа може да се генерира знаењето на улогата на семејството во формирањето на човекот и да се формулира концепт за семејството кој се состои од следново:

- Семејството е мултидимензионален феномен на општествениот живот и на човековото битие;
- Семејството е форма на човечката активност како дијалектичко единство на социјалните и духовните компоненти на човечкото битие;
- Резултатите од природниот карактер на интеракцијата меѓу семејните односи, како носители на семејството и индивидуалните вредности како елементи на модерното семејство, од една страна, и општествените норми, од друга страна;
- Фиксниот интегративен карактер на интеракцијата на поединецот и семејството и општеството и значајните вредности создаваат ново ниво на односи во семејството;
- Една од карактеристиките на вредносната димензија на семејството во модерната ера може да се види од аголот на свеста на луѓето од традиционалните колективистички вредности, врз вредностите на поединечните

ориентации кон семејството. Слободата на избор, им дозволува на поединците да развијат еден креативен и поинаков вид на „позитивен стрес", а во нивниот семеен живот се збогатуваат вредностите со нови содржини. (Хубиев, 2009)

Во современите семејни односи стана карактеристичен трендот на иновативни однесувања и замена на традиционалните морални принципи декларирани на прагматичните основи на семејната интеракција, што се потпира на корисноста, конкуренцијата, либералното демократското функционирање на семејството и меѓучовечките односи во рамките на семејството.

Формирањето на социјални и јавни семејни модели на однесување не се резултат само на влијанието и улогата на семејниот живот, туку исто така, се резултат и на општествената улога која поединецот ја врши во семејството и надвор од него. Колку е поголем социјалниот статус на заедницата и семејнот статус на индивидуата, толку појасно се видливи индивидуалистичко ориентираните шеми на семејното однесување.

Современата социокултурна ситуација во нашето општество има особено значење во обликувањето на улогата на семејното социјално позитивно однесување.

Во современи општествени услови, системот на функциите и универзалните вредности во семејство, исто така, претрпеа модернизација. Промените се рефлактираа не само врз темелите на општествениот живот, но исто така и на духовниот живот на човекот, кои се под влијание на хиерархијата и содржината на целите и функциите на семејството.

Суштината на промените во семејството, во општиот контекст на развојот на модерната цивилизација се состои во тоа: тријадата „општество-семејство-поединец" да се трансформира во дизајн: „поединец, семејство, општество." (Озиева, 2009)

Меѓу законите кои ја одредуваат структурната и функционалната надградба на модерното семејство, треба да се потенцираат структурните модификации и формирањето на нова слика за семејството, како нуклеарно и рамноправно, кое се карактеризира со дихотомна формула, која се состои во: „традиционализам – модернизам" и значи комбинација на патернализмот и слобода на избор на поединецот и на семејството. (Хубиев, 2009)

Речиси во сите типови на заедници процесот на модернизација на семејството е во врска со економските аспекти и хуманата репродукција.

Карактеристика на реалноста на општествата кои се во транзиција е брзиот пад на бројот на деца во семејството под влијание на новата култура на населението, демографијата и пазарната економија. Модерното фокусирање на неколку деца и немањето деца, во голема мера, е последица на промената на ставовите во општеството, што доведува до зголемување на егоцентричните тенденции. Глобалниот тренд на намалување на бројот на деца во семејството, се совпадна со трендот на свесна контрола на раѓањето, што доведе до невидено ниска стапка на наталитет кон крајот на XX-от и почетокот на XXI-от век.

Концептот на семејството како заедница на вредности и општествени форми на човековото постоење овозможува да се прошири на научна база знаењето и границите на феноменот на семејството. За возврат, треба да се прошират и границите на знаењата кои произлегуваат од општата позиција да бидат признати како трајна промена, социо-културните норми на вредносната содржина на социјалните институции на општеството.

Од социјален и филозофски аспект на човековото постоење, основа претставува внатрешното единство и универзалноста, индивидуалноста и колективноста, дијалектичкото единство на човекот и личните, семејните и општествените карактеристики и водечките трендови на индивидуалните квалитети во семејниот живот. (ibid)

Важноста на семејството за личноста станува особено акутелена во трансформацијата на општеството и современата дилема на голем број луѓе, да формираат или да не формираат свое семејството.

Суштината на современиот концепт е во тоа мултидимензионалноста и мултифункционалноста да му даде на семејството квалитет на природно и општествено образование, како отворен, динамичен, самоорганизиран систем кој е во постојана размена со околната социјалната средина.

Ова го прави семејството специфична општествената заедница, која се карактеризира со социјални закони и принципи на функционирање, кои се каракеристични за општествените системи.

Современото семејство во процесот на својот развој и интеракција постојано се збогатува со културни, духовни и морални квалитети.

Имајќи ја во предвид таквата основа, современото семејството се дефинира како специфична, општествено-вредносна заедничка форма на човековото постоење. Природата и содржината на семејниот живот што произлегуваат од природата на човековата активност, се во соживот со репродукцијата на човечките ресурси како што се: материјалните, духовните и моралните. (Хубиев, 2009)

Определувањето на просторот на семејната ситуација, како однос на човекот и општеството, произлегува и од малку разработуваната социолошка теорија како проблем на односот на семејството и државата. Средиште на овој однос е конвергенцијата на целите и задачите кои се во функција на обезбедување на репродукција на човечките суштества и изнаоѓање на простор за живеење. Односот на семејството и државата е објективен процес што е важен за целиот спектар на општествени феномени, вклучувајќи ја и економијата, политиката, културата, воспитанието, образованието, итн.

Идеологијата на овој однос е определена со политиките насочувања кон јакнење на јавниот интерес на семејството за физичките и духовните репродукциони права. Семејната политика во новите услови мора да носи регулаторна природа.

Во минатото, еден подолг временски период, постоеше обид да се зачува колектизистичкиот карактер на семејството, како последица на колективизмот во општеството. Меѓутоа, таквиот пристап денес доживува своја трансформација. Денес се истакнува фактот дека колективистичкиот карактер на семејството е во спротивност со индивидуалните човекови слободи.

Современото време ја истакнува важноста на семејната политика во зајакнувањето на интра-социјалната контрола. Директно како средство, тоа може да има ефект врз репродуктивното однесување на семејството, родителското јадро, зајакнување на неговата одговорност и мерките за надминување на обидите да се избегне социјалната контрола.

Општеството треба да биде заинтересирано за подигање на статусот на правните норми за регулирање на внатрешната контрола на семејниот живот, поттикнување, или форсирање на потесното семејство. Неуспехот да се усогласат

основните правила на однесување во семејството, во суштина, ја намалува регулаторната улога на државата.

Односот на семејството и на државата во новата ера бара, пред сè, спроведување на принципот на автономија на човековата личност, нејзина активност и независност. Меѓутоа, не смее да се претера со нагласување на овие принципи, од една страна, а и со пренагласувањето на принципите на колективитет, од друга страна.

Еден добар пример е парадигмата на концептот на социјалниот развој.

Подигањето на механизамот на ограничување и механизмот на проширување на семејните функции, не одговара на неговиот капацитет.

Овој објективен фактор, што доведе до преоптоварување на семејството, генерално, истражувачите го сметаат за деструктивен ефект врз семејното единство преку поттикнување на изборот на правото за приватност.

Во овие околности, очигледен е проблемот на семејството за зголемување на социјалените проблеми. Политиката на зајакнување на трајните вредности на семејството е во функција на пополнување на идеолошкиот вакум во семејството.

Спроведувањето на функциите на семејството е во контрадикторните поими. Од една страна, семејството ги штити своите интереси, а од друга страна, со контролирање на акцијата на поединецот преку вградените социјални функции за поединецот ги спроведува и ги застапува интересите на општеството. Прекумерното подигање на приматот на едната страна на семејството (индивидуалната или општествената), му штети на семејството.

Ако го анализираме современото семејство доаѓаме до два типа на проблеми. Од една страна, законитостите на манифестацијата на нови форми на семејни интеракции го детерминираат вредносниот статус на семејството (околу бракот, бројот на деца, итн.), од друга страна, пак, се јавува потенцијалот на современото семејство во функција на создадавање на култура на меѓусебните односи на субјектите во него, на повисоко ниво.

Заклучокот кој следи од ова е тоа што едно модерно семејство има способност и потенцијал за да обезбеди интеракција на семејните и индивидуалните вредности. Растот на рационалниот избор на поединецот во современото општество стана одлучувачки фактор за мерење на вредносната основа на семејниот живот.

Рационализацијата на индивидуалниот избор води кон семејни вредности кои се засноваат на пресметката за профит. Објективна основа на овој феномен е реалноста која ја носи желбата за нова цивилизација и параметрите кои се потребни за индивидуалната иницијатива и самодоверба. (Хубиев, 2009)

Социјалниот детерминизам на индивидуалните вредности и позитивната природа на нивното влијание врз развојот на општествените вредности се утврдени од страна на природата на демократските трансформации кои се случуваат во општеството, вклучувајќи ги и условите со кои се утврдуваат човековите вредности (граѓанско општество, владеење на правото, развиен пазар, итн.).

Семејството е признаено како приоритетна вредност на општеството. Во голема мера во него елементите на општествениот систем бараат да се зачуваат конвенционалните модели на однесување.

Во оваа смисла бројни автори конзерватизмот на семејството го наведуваат како една од основните негови карактеристики. (Костова, 2000)

Меѓутоа, со динамичното менување на општеството, како негативна последица, често се доаѓа до ситуација на тотално кршење на нормите и вредностите на општеството и на семејството со манифестација на насилство и суровост.

Нашата земја многу години е под таква закана. Во случај на неприфаќање од страна на општеството преку разни социјални институции, вклучувајќи го и семејството, културните и мерките од морален карактер, манифестираат нетрпеливост што доведе до еден вид на „зависен синдром“.

Толеранцијата кон индивидуалноста е начин на изразување на идентитетот и индивидуалноста. Идентитетот на субјективното човеково постоење значително е надграден во контекст на глобализацијата во ерата на постмодернизмот. (Мицковиќ, 2008)

Новите функции на семејството ги вклучуваат:

- стабилноста на семејството;
- спречување на конфликти; и
- создавање на висока слика за семејството како стабилно и просперитетно формирање на позитивен став кон условите во семејниот живот. (ibid)

Позицијата на семејството во трансформирмацијата на општеството сугерира различни ориентациони процеси кои имаат влијание врз семејството во годините на реформи. Од една страна, семејството дејствува како тампон во омекнувањето на социјалните тензии во општеството, од друга страна, ова се противи на процесот на индивидуализација, на принципите на отвореност и флексибилност, што се бара од страна на модерната етапа во модернизацијата и глобализацијата на пазарот.

Материјалните студии од оваа област, укажуваат на тоа дека, за разлика од Запад, каде што семејството се разви во насока на консолидирање на еднаквост, како и „рационализација" и „индустријализација" на домашната работа, семејството во земјите во транзиција се развива по патот на воспоставување на демократските принципи, но на пониско ниво на нормите и вредностите кои го регулираат човековото однесување во семејството и надвор од него, меѓу другото, прекршена е емоционална стабилност на семејството.

Рамноправноста, иако не е доминантна, постепено е легитимирачки тип на општествените односи во сферата на семејството и го означи формирањето на егалитарен тип на семејство, и т.н. „алтернативен" тип на семејство. Различните модели и појавата на „алтернативни" семејства се очекува во транзицијата да водат кон демократски вредности и индивидуализација на општеството. Се појавуваат многу модели и вредности на западното пост-индустриско општество како потреби на иднината, но јасно се потценија последиците од нивното воведување. Како резултат на тоа, во текот на трансформација на општеството, семејството беше практично: нема побарувачка. Индивидуалноста и суверенитетот на индивидуата, желбата за економска слобода и акумулацијата на имотот се случи да има разурнувачки ефект врз темелите и статусот и улогата на семејството. Ситуацијата наликува на состојба на беззаконие, што има целосно отсуство на заштитата на регулирањето на одредени несакани појави, од гледна точка на интересите на општеството.

Историски гледано, порано дефинираните вредности на семејната заедница: бракот, родителството и блиските роднини се сметаат како вредности на минатата ера. Ваквите ставови и неточности се открија некаде појасно, некаде нејасно, додека развојот на економските програми се преземени веднаш, без да се земат во предвид интересите на семејството. (Хубиев, 2009)

Различните автори не се единствени во ставовите за кризата на модерното семејство.

Некои од нив се на позиција на „криза на семејството" и причините за своите ставови ги наоѓаат во структурните и функционалните содржини на модернизацијата на семејство која е отелотворена во демографските процеси.

Други тврдат дека семејството, како и секоја друга социјална институција, се развива и се менува од една држава во друга. Во оваа смисла може да се зборува за вид на фазен процес.

Семејството и односите во него како прашања на државата, исто така, се сметаат во контекстот на семејната парадигма. Се дава приоритет на улогата на јавната политика и идеологијата на научните аргументи за стратегијата за развој на модел на семејство во трансформирањето на општеството. Семејната парадигма мора да го земе во предвид трендот на општествениот развој, дефиниран од страна на процесите на демократизацијата и глобализацијата. Треба да се имаат во предвид и социо-културните фактори во функционирањето на семејството каде колективитетот на семејниот живот е дефинирање на еден вид на вредносна игра. Добро е познато дека меѓу главните приоритети во модернизацијата на општеството е личната слобода, индивидуалноста и самореализацијата. Филозофијата на оваа одредба во однос на семејството е во односот на поединецот и семејството и семејството и општеството во дефинирањето на улогата на индивидуалноста во општеството и семејството. (ibid)

Доаѓањето на индивидуализмот и повлекувањето на позицијата на колективизмот е ситуација на новото време и новото семејство. Во тандем со семејните вредности, тие ќе станат основа на современата доктрина и новиот морал во функција на зајакнување на семејството.

Една од најважните компоненти на семејната политика и идеологија треба да стане економската и социјалната урамнотеженост, од гледна точка на националните интереси и планирањето за поттикнување на раѓањето. Сегашниот систем на мерки со кои се влијае врз овој процес не може да се смета за задоволителен, поради тоа што се работи само на квантитативни мерки. Влијанието врз репродуктивното однесување на семејството, од страна на директна стимулација, се чини дека е малку продуктивна како манифестација на интерес. Од таквите мерки треба да се очекуваат недостатоци

во семејствата и вредносносниот потенцијал. Во овој поглед, очигледно, повеќе ефективен придонес во заживувањето на семејството ќе има цената на надоместокот на недостатоците во оние семејства кои веќе имаат деца. Со други зборови, единствено разумната, профамилијарна политика, ќе биде клучен алат во остварувањето на самодоволноста на семејството како главен фактор во семејната заедница и општеството.

Еден од најважните фактори во одржувањето на социјалната благосостојба на семејството е, исто така, функционирањето на социјалната работа. Социјалната работа е посебен вид на активност на државата, чиј резултат треба да биде систем на социјални институции со цел да им се помогне на поединците и семејствата во нивната адаптација кон промена на социјалните услови. Промовирањето на социјалната благосостојба преку социјалната работа, значи статус на национална традиција како развиена социјална и политичка стратегија. Линија на оваа стратегија може да се смета проактивниот став кон состојбата на семејството во општеството, вклучувајќи го особено и спроведувањето на мерки за социјално семејно ориентирани активности.

Така, модерното семејство добива нов израз во контекст на глобалните општествени промени. Анализата на семејството како заедница на вредности и општествени форми на човековото постоење укажува на зачувување на семејството како основна сличност со поединечното човеково постоење, кое во сите фази на историјата, особено за време на модернизацијата на општеството, покажува своја еластичност и приспособливоста на потребите на личноста за самодоволност и живот на човековото битие.

Предвидувањата на футуристите дека интересите на семејството дојдоа во судир со основните интереси на развиеното човештвото, не се потврдуваат.

## 5.3. Семејството како основа за вредносното формирање на луѓето

Меѓу општествените феномени семејството е на едно од најважните места и е во фокусот на многу истражувачи од различни научни полиња. Тоа е најважна социо - психолошка група, која им служи на основните социјални единици на општеството. Семејството не може да биде заменето од страна на било која социјална институција. Тоа е во функција на социјализацијата на човекот како индивидуа и е увод во

формирањето на етно-културните вредности на сите генерации. Оваа форма на вредности и погледи на свет е социјално и правно ориентирана и ја манифестира својата суштинска моќ и способност во посебната природа на односите на човекот.

Семејниот живот и неговите активности се вткаени во социјалната и културната реалност и се поврзани со процесите кои се случуваат во економијата, политиката и културата. Во историскиот развој односот на семејството и општеството и семејството и поединецот, постојано се менуваат под влијание на едно одредено општество, начинот на производство и начинот на живот, социјалните односи, вредностите и семејните вредности дизајнирани да ги задоволат потребите на државата, развојот и унапредувањето на односите со јавноста. Затоа, развојот, унапредувањето и благосостојбата се високо зависни од внатрешниот свет и надворешниот свет и од нивната интеракција. Првично, семејството беше главниот начин на организирање на општеството, кое се манифестираше како заедница на луѓе обединети од страна на единството на животните вредности, видувањата, ставовите и односите со заедницата. Семејството поставува основа на вредностите, е и критериум за избор на информации и параметри на неговите форми.

Со развојот и комплексноста на општествениот живот кон крајот на XIX-от и почетокот на XX-от век, во времето на избувнувањето на општата криза на европската култура, станаа јасни знаците на криза и во семејството. Семејството престана да биде главната институција која им овозможува на младите луѓе да ја согледуваат културната традиција. Голема трансформација на семејните вредности предизвика промени во бракот и семејство.

Во овој контекст особено важни за разбирање на аксиолошките темели на постоењето на семејството и бракот, станаа заедничките трендови и модели на семејна интеракција со различните социјални структури, особено со државата.

Голема важност добија проблемите во контекст на конфликтот помеѓу објективните потреби на општеството и општествените услови во кои живее семејството, разбирањето на семејните проблеми од страна на државата и општеството, потребата за решавање на демографските проблеми и образованието на одговорните граѓани за идентификација на етничките и културните вредности и традицијата на семејните односи. Во овој контекст, проблемот на формирањето на културните ориентации на семејството станаа предмет на бројни научни истражувања.

Реалноста на семејството е неопходен елемент за филозофските системи уште од антиката, кои укажуваат на универзалното значења на семејството.

Во филозофските пристапи кон семејството, од антиката до денес, може да се разликува линија на филозофско-метафизички или линија на филозофско-моралистички пристап.

Од гледна точка на филозофско-метафизичкиот поглед како најголеми мислители за семејството од антиката се наведуваат Платон и Аристотел. Сепак, тие не ја препознаа внатрешната вредност на семејството и можноста за постоење на комплетноста. Апсолутно добра, според старогрчките философи, човекот може да постигне со тоа што ќе се вклучи во животот на државата.

За неможноста семејството во потполност да го реализира своето значење како затворено во себе зборува германската класична филозофија во лицето на Имануел Кант (Immanuel Kant).

Верувањето дека значењето на брачната унија мора да се бара во просторот на натчовечкото, обединето е во филозофското разбирање на семејството во теологијата.

Од втората половина на XIX-от век, од особена важност за семејството се антрополошките и етнографските истражувања на: Морган, Енгелс, Хегел и др. кои содржат конкретен историски материјал. (Озиева, 2009)

Ако општествените институции се организиран систем за комуникација и за општествени норми, кои ги собираат заедно најзначајните општествени вредности и процедури кои ги задоволуваат основните потреби на општеството, во конкретниот случај семејството од институционална гледна точка, е систем на прифатените норми и процедури за спроведување на најважните јавни функции. Најчесто, тоа се дефинира како група на луѓе поврзани со односите во бракот, обезбедување на репродукција и одгледувањето на децата, како и задоволување на други социјално значајни потреби: економски, социјални, психолошки, религиозни, естетски, вклучувајќи ја и ориентација на системот на културни вредности. (ibid)

Од крајот на XIX-от почетокот на XX-от век во современите философски и општествени науки, посебно значење му се придава на теоретскиот концепт на промена на семејството и бракот.

Денес, проблемите на семејството се дефинирани како глобални трендови кои се карактеристични за развиените земји и спецификите на земјите во транзиција. Ова е период кој се карактеризира со системска трансформација во сите сфери на општеството.

Може да се каже дека факторите како што се родителството и семејството, од аспект на неговиот морален потенцијал, се помалку разгледувани од страна на научниците и истражувачите. Токму тие се пресуден фактор во процесот на формирање на идентитетот на луѓето, а посебно на младите. Посебно барање е понатамошното истражување на семејните вредности во минатото и современото време.

Треба да се нагласи дека семејството низ историјата на западната европска филозофија во контекст на сознанијата на модерните општествени и филозофски науки постојано има друга вредносна содржина во различни фази од своето формирање и развој. Во тековните социо-културни услови, во ситуација на негативна социо-економска трансформација, семејството како фактор на вредносно формирање на помладата генерација почнува да завзема доминантна улога.

Семејството е комплексна општествена институција која може да се смета како генерички универзална вредност врз основа на заедничките обврски на луѓето обврзани со врските на бракот, со родителството и сродноста. Од друга страна, семејните вредности, како социо-културни преференции на луѓето во различни области на бракот и семејството, се во можност да ги задоволат потребите на поединците и да им служат на нивните интереси и остварувањето на нивните цели. Покрај тоа, тие се тесно поврзани со вредносните ориентации на семејството.

Семејството, како производ на човечкото општество, се подложува на разни видови на промени кои се одвиваат на сите нивоа на општеството: политички, социо - економски, демографски, морални итн.

Сепак, семејството е посебен социјален организам кој е во можност да има значително влијание врз општеството со тоа што преку него се емитуваат трајни човечки вредности, генерирани од страна на многу генерации на луѓе.

Во историскиот континуитет на етнички и културни вредности во традиционалното семејство, духовно-моралните, семејни вредности, ја зачувуваат

содржината и се концентрираат на нормите на меѓучовечките односи, во вид на етно - културни основи врз кои се решаваат главните социјални и економски проблеми.

Денес од огромно значење е семејството и семејните односи во формирањето на вредносните ориентации во мулти-етничките општества. Што значи, вредносните ориентации се регулаторни системи, додатоци, емоции, чија содржина се утврдува со социо-културните карактеристики на општеството и се карактеризираат со социо-психолошка стабилност, културен и историски континуитет.

Може да се заклучи дака семејството е сложен социо-културен и образовен систем кој е во процес на постојан развој и промени, кој се разгледува како социјална институција и како една мала група и има важна социјална функција за раѓање и воспитување на децата. Во современи услови, семејството поминува низ тежок, контроверзен период во својот развој, се менува, од една страна, под влијание на социо-економските фактори, а од друга страна пак, под влијание на внатрешните процеси кои се случуваат во него и е во тесна зависност од процесите кои се одвиваат во општеството и државата. Семејните вредности се значајни како за поединецот, така и за општеството и државата како целина.

Семејството и семејните вредности се важни елементи на културата и тоа генерално важи со векови. Најголем дел од семејните вредности се согледуваат главно во областа на семејните односи.

Процесот на демократизација на јавниот живот има директно влијание врз развојот на семејните односи во насока на брза деструкција на патријархалната идеологија во областа на бракот.

Сепак, семејството продолжува да има влијание како модел за личноста и овозможува директна комуникација со социјално и психички блиските пријатели. Тоа продолжува да ги извршува своите функции, но е во постојана конкуренција со други институции вклучени во сложениот процес на општествени промени, кои неизбежно влијаат на неговата внатрешната структура.

Во процесот на трансформација семејството престана да постои како една интегрирана економска единица, што важеше за патријалхалното семејство. Денес тоа е заедница на родители и деца и добива поинаква вредност во современата социо-културна ситуација. Во современо време за семејство историски спаѓаат вредностите,

како што се: дом, мајчинство, родителство, брак. Покрај тоа, со текот на годините, вредноста на современото семејството станува се поголема.

Истовремено, важно е да се напомене дека дел од современите семејства, посебно младите семејства, се под постојано оптоварување со материјалните проблеми и проблемите поврзани со домувањето. Таквата ситуација во тие семејства ги засенува семејните вредности, кои на крајот може да биде заменети од страна на надворешните вредности, кои во крајна линија, можат да доведат и до распад на семејството. Во оваа смисла ефикасната социјална политика станува приоритетна област, која е фокусирана на семејството како вредност за современиот човек и е во состојба да ја спречи и намали кризата на модерното семејство.

# 6. ВРЕДНОСНИ ОРИЕНТАЦИИ

## 6.1. Семејството како фактор за развој на вредносните ориентации на адолесцентите

Анализата на литературата за проблемот на семејството и образовното искуство покажува дека е можно да се идентификуваат поголем број на противречности помеѓу:

- Објективно високата важност на семејството за општеството и поединецот и недоволното познавање на субјективните причини за опаѓање на авторитетот на семејството за еден број на адолесценти;
- Потребата да се зајакне улогата на семејството во едукацијата и социјализацијата на поединецот и несогласувањето на основните вредности на родителите и адолесцентите; и
- Потребите на родителите за поттикнување на нивните деца за формирање на универзални вредности и педагошките услови за формирање на вредносните ориентации на младите во современото семејство.

Во оваа смисла се наметнува потребата:

- Да се идентификуваат можностите на денешното семејство во развојот на вредносните ориентации на тинејџерите;
- Да се идентификува спектар на вредносни ориентации на младите луѓе и нивните родители; и
- Со селектирање да се укаже на критериумите и индикаторите за израмнување на вредносните ориентации на младите со вредностите на семејството. (Геворкян, 2010)

Основи на таквите напори треба да бидат:

- Основните одредби на филозофската теорија за вредностите, теоријата на развојот на личноста и теоријата на активноста;
- Концептуалните идеи на законите на развојот на индивидуалните потенцијали на аксиоплогијата; и

- Основните идеи на аксиолошкиот пристап кон социјализацијата на тинејџерите преку семејното воспитание. (ibid)

Карактеристиките на модернато семејство, негативно влијаат и на развојот на вредносните ориентации на адолесцентите. Во оваа смисла се наведуваат:

- компликацијата на психолошките односи во семејството;
- зголемувањето на бројот на самохрани родители;
- порастот на бројот на напуштени на деца;
- пораст на алкохолизмот, наркоманијата и проституцијата меѓу тинејџерите;
- зголемување на криминалот и антисоцијалното однесување кај децата и адолесцентите;
- пад на авторитетот на родителите во очите на децата;
- еманципација на децата од нивните родители;
- доминацијата на материјалните принципи во семејството;
- желбата на адолесцентите за изолација од семејството;
- отфрлање од страна на младите генерации во семејството на традициите и вредностите на родителите;
- развојот на вредносните ориентации на адолесцентите и
- дефинирањето на нивната суштинска содржина,. (Геворкян, 2010)

Во бројни истражувања идентификувани се голем број на вредносни ориентации на адолесцентите и нивните родители и тоа:

- животот;
- човекот;
- семејството;
- убавината;
- учењето;
- работата; и
- татковината.

Дефинирани се значајните педагошки организации и вредноста на интеракцијата помеѓу семејствата и училиштата во функција на подобрување на образовниот статус на родителите и образовното делување врз младите.

Во контекстот на истражувањата како педагошки услови за развој на вредносните ориентации на тинејџерите во современото семејство се покажаа:

- Ажурирањето на поединечното значење на вредноста на семејните традиции;
- Организацијата на заеднички активности за децата и возрасните за практична имплементација на основните семејни вредности;
- Се актуелизира индивидуалното значење на вредностите за семејните традиции.

Организирањето на заеднички активности за членовите на семејството од областа на работата, спортот, уметноста, естетските активности, когнитивните активности, образовните активности, креативните активности и сл. во насока на воспоставување се значајни за личноста на статусот на универзални вредности за:

- животот;
- човекот;
- семејството;
- убавината;
- учењето;
- работата; и
- татковината.

Оние кои се бават со овој птоблем нагласуваат дека посебно е значајно организирањето на заеднички активности во кои учествуваат и децата и возрасните. Таквите активности се во функција на имплементацијата на основните семејни вредности.кај адолесцентите. (Геворкян, 2010)

Интересни се резултатите добиени со анализа на проблемот за семејството и вредностите кои покажуваат дека односот на тинејџерите кои се израснати во семејството и оние кои се израснати во воспитни институции покажуваат мали разлики во вредностите како што се:

- музиката;
- татковината;
- животот;
- убавината;
- работата; и
- другите луѓе.

Ние се обидовме да направиме анализа на едно истражување кое ги опфаќа родителите на тинејџерите.

Во истражувањето на родителите им се дадени повеќе прашања.

- „Кои традиции се пренесуваат семејството од генерација на генерација?";
- „Што сметате дека е најважно за среќата на вашето дете?";
- „Што можат да сторат родителите за да ги заштитат своите деца од изложеноста на животната средина?";
- „За што ти се грижиш?";
- „Како да се процени влијанието на медиумите врз тинејџерите?"

Анализата на одговорите од ова истражување покажа дека повеќето родители се грижат за зависноста на тинејџерите од алкохол и дрога, за здравствената состојба на децата, за опасните пријатели и лошите навики.

На второ место родителите ги ставиле вредности како што се:

- среќата на своите деца;
- изборот на професија;
- образованието; и
- голема заработувачка.

Како еден од водечките условите за среќата на своите деца родителите го наведуваат семејството.

Во третиот елемент на вредностите кои се однесува на односот на родителите кон медиумите се покажа дека:

- родителите стравуваат од негативното влијание што го имаат вестите кои предизвикуваат страв и терор;
- несоодветните филмови; и
- прекумерното рекламирање на пиво и други алкохолни пијалоци.

Како резултат на ова истражување, родителите како прва вредност го издвојуваат семејството како индикација за условите за среќа на нивните деца.

Широк спектар на ставови родителите искажаа како одговор на прашањето: Како да ги заштитите вашите деца од изложеноста на животната средина?

Во контектот на ова прашање родителите понудија различни опции за спречување на негативните ефектите на животната средина врз адолесцентите. За одбележување се одговорите:

- да се почитува семејната традиција;
- да се биде пријател на детето;
- да се обраќа поголемо внимание на заедничките активности;
- да се има доверлива комуникацијата со детето;
- децата да бидат свесни за своите работи;
- личниот пример на родителите и другите возрасни;
- строгото воспитување;
- да се познава кругот на пријатели на своите деца;
- да се изведуваат заеднички активности на родителите и децата за разонода;
- грижата за децата;
- љубовта кон децата;
- да се почитуваат ставовите на детето;
- да предизвикуваат радост за другите и др.

Во истражувањето, од бројните вредности идентификувани се следниве групи:

- семејство;
- личност;

- музика;
- работа;
- татковина;
- убавина; и
- живот.

Овие вредности беа ставени како основа за следење на развојот на вредносните ориентации на младите луѓе.

Значителен интерес покажа споредбата на компаративната вредност на ориентациите на помладите и постарите адолесценти кои беа израснати надвор од семејството.

Интересен е и податокот според кој по однос на возраста кај децата постои преоценување на вредностите. Така, драматично се менува односот на младите кон „знаењето". Во ниската тинејџерска возраст оваа вредност е на прво место.

Тинејџерите се загрижени за глобалните промени кои се случуваат во земјата и посакуваат вистински среќни успеси. Затоа, вредноста „татковина" кај постарите адолесценти е на втора позиција во споредба со третото место кое оваа вредност го има кај помладите адолесценти.

Вредноста „човек", кај помладите адолесценти има тенденција за приврзаност кон нивното семејство, а кај постарите тинејџери се покажува тенденција кон категоричното одбивање на семејството.

Истражувањето откри позитивен став на адолесцентите кон вредноста „работата".

Односот на младите луѓе израснати без семејство кон вредноста „работа" е 4 до 6 пати повисока отколку кај адолесцентите кои се израснати во семејство.

Компаративната анализа на податоците покажа дека односот на тинејџерите кои се израснати во семејството и надвор од семејство кон вредностите како што се музика, татковина, живот, убавина, работа и личност имаат мали разлики. (Геворкян, 2010)

Сумираните резултати од истражувањето покажуваат дека модерното семејство станува значаен фактор во развојот на вредносните ориентации на тинејџери, ако:

- Се актуелизира индивидуалната важноста на семејните традиции за тинејџерите;
- Се организираат заеднички активности на децата и возрасните за практично спроведување на основните семејни вредности; и
- Се обезбедува организациска и педагошка поддршка на процесот на вредносната интеракцијата помеѓу семејствата и училиштата.

## 6.2. Вредносните ориентации и адолесцентите

Времето на периодот на острите свртувања во општеството секогаш го кршат единството на битието и свеста. Постои несовпаѓање на интеракцијата меѓу поединците и социјалните институции и несоодветната социјална политика и морал. Непочитувањето на општествените норми, ослабувањето на социјалната регулатива ги искривуваат духовните и културените вредности. Постои јаз помеѓу желбата за брз раст на животниот стандард и немањето на самоконтрола која се потпира на висока култура, духовност и религиозни верувања.

Сето тоа ја зголемува несоодветната реакција на промените, како на индивидуално ниво така и на ниво на социјалните институции.

Негативниот тренд на социјалниот развој има особено болно влијание кај дел од тинејџерите кај кои предизвикува „криза во социјализацијата" и девалвација на традиционалните културни вредности. Феномените, како што се социјалната диференцијација и нејзините придружни негативни последици кои се стремат кон создавање на субкултурни форми, придонесуваат значително да се влошат противречностите кај младите луѓе, а тоа резултира со повисока стапка на криминални дела. Лутината, чувството на социјална безнадежност, од една страна, и екстремната свест на младите и културата на елитизам, од друга страна, ги поставуваат темелите за долгорочен социјален конфликт. Во овие околности, државата не може целосно да ги врши функциите на гарант на семејството и децата, како во материјална, потрошувачка, финансиска, морална и правна смисла. Сето тоа допринесува за зголемување на правната ранливост на малолетниците од социјални проблеми.

(Салаев, 2004)

Во оваа смсла се нагласува дека до неодамна, отстапувањето во однесувањето се сметало за „привилегија" на личноста која пораснала во дисфункционално семејството. Тинејџерите кои растат во такви семејства се во состојба на фрустрација што доведува до нивно афективно однесување, деформација на духовните, когнитивните и естетски потреби.

Социо-економската и политичката состојба по 90-тите години го смени традиционалниот систем на вредности и стандардите на општествените норми кај малолетниците. Особините на личноста како што се: чесноста, интегритетот, интелигенцијата и образованието, не само што станаа не престижни, туку исто така, станаа презрени од значителен дел од младите луѓе. Како резултат на културниот вакум почна да се гради субкултурата и на тој начин квалитативно да се менува ликот на адолесцентите. Социјалното влијание и притисокот на подземјето врз општеството, со ширење на својот искривен морал, ги искривува вредносните ориентации кај најнестабилните делови од населението - младите луѓе.

Според нашите согледувања, во училиштата децата од поимашните семејства имаат секојдневна комуникација со наставниците за нивниот академски успех, за разлика од семејствата на образовно запоставените адолесценти. Нивните односи со наставниците се манифестираат најчесто во негативна смисла, во форма на постојани обвинувања кои за нив стануваат досадни и неприфатливи.

Веќе истакнавме дека тинејџерите се акутно свесни за нивната социјална ранливост. Тие се особено загрижени за односите со врсниците, родителите и другите возрасни. Поголем број тинејџери се плашат од насилниците на улица, во дворот на училиштето, во соседството. Загрижувачки е фактот дека поголем број деца само понекогаш чувствуваат дека некој ги сака и се грижи за нив.

Во едно истражување од 1996 година се покажа дека само 30% од младите луѓе сакаат да одат на училиште, а повеќе од две третини од нив ја посочја нивната неподготвеност да го посетуваат училиштето. Резултатите од едно друго истражување од 1999 година го потврди овој однос. (Салаев, 2004)

Во пракса се покажува дека образовниот систем се уште ефикасно не го решил проблемот за надминување на тенденцијата на нарушено однесување кај адолесцентите. Овие процеси, во голема мера, се должат на тоа што, од една страна,

непосакуваното однесување се случува спонтано, од друга страна, непостои доволна развиеност на механизми со кои може да се надмине нарушеното однесување на адолесцентите.

Проблемот на нарушено однесување, т.е. однесување кое не се вклопува во правилата и прописите донесени од страна на човечкото општество, го разгледуваат доста филозофи, социолози, психолози, педагози, правници итн.

Безбедно е да се каже дека проблемот е роден заедно со заедницата и доказ за ова се моралните, правните и религиозните заповеди: Не убивај!, Не кради!, Почитувајте ги постарите! и др.

Голем придонес во проучувањето на оваа тема имаат познатите психолози, социолози, филозофи и едукатори, како Ерих Фром (Erich Fromm), Зигмунд Фројд (Sigmund Freud) и др. (Салаев, 2004)

Посебен интерес за ова прашање се појавил во 70-тите години на XX-от век, во врска со напорите за испитување на прашањата на социјалните конфликти.

Во 90-тите години проширен е опсегот на истражување со оглед на девијантните облици на однесување. (ibid)

Сепак, може да се забележи дека во методолошките анализи на студиите за личноста, нејзините проблеми и конфликти, уште недоволно се вклучени хеуристичките потенцијали на социјалните и филозофските прашања. Ова првенствено се однесува на нарушеното однесување кај адолесцентите и младите луѓе од аспект на учењето за социјалните потреби и типологијата на нарушено однесување.

Така, како резултат на постојните истражувања од областа на нарушеното однесување кај децата се разви научен систем на аспекти, наместо целосно да се делува на комплексноста на процесот на промени на свеста на адолесцентите.

Проучувањето на економските, социјалните и културните услови кои влијаат преку социјалните искуства врз вредносните ориентации на адолесцентите бара развој на нови пристапи и парадигми за анализа, континуирана сеопфатна дијагноза на вистинскиот социјален статус и динамиката на процесите. Основен услов за формирање на моралното учење кај тинејџерите со проблеми во однесувањето е да се обезбедат информации кои се доброволни и независни од нивното учество во активноста.

Во обезбедувањето можности кај тинејџерот за доброволен избор, најевидентна е неговата активност, иницијатива и независноста. Остварувањето на можноста за слободен избор на средствата за социјални активности на адолесцентите е основа за формирање и трансформирање на позицијата на адолесцентите со проблеми во однесувањето.

Како едно од важните средства за надминување на нарушеното однесување на адолесцентите е постепената трансформација на нивните вредносни ориентации.

Процесот на надминување на нарушено однесување кај адолесцентите треба да се фокусира на формирање на нивните вредности и на нивната лична слобода. Ова внатрешно саморегулирање на тинејџерот, врз основа на бројни размислувања и анализи, создава подобри услови за надминување на отстапувањата во нивното однесување.

Работата во насока на надминување на нарушеното однесување кај адолесцентите треба да се базира на следниве најмногу ветувачки техники на вредносното формирање:

- структурирање;
- воведување и воспоставување на правила и норми на живот, традиции, технологии , индивидуални и групни задачи и нивна размена;
- подобрување на нивната имотна состојба;
- персонификација на просторот;
- технологија;
- планирање;
- подготовка;
- имплементација;
- анализа на колективно креативни иницијативи;
- анализа на технологијата на наставникот;
- колективна креативна- тимска работа; и
- формирање на акции од страна на тимовите. (Салаев, 2004)

Едно од најважните средства за надминување на отстапувањето во однесувањето кај адолесцентите е постепената трансформација на нивните вредносни ориентации, кои се елементи на системот на вредности на материјалната и духовната култура на општеството. Тие се појавуваат во процесот на објективизацијата, свеста, важноста на одредени предмети, норми, принципи и методи и ја одредуваат перцепцијата на поединецот за животната ситуација и соодветниот начин на дејствување. Тоа значи и сфаќање на вредносните ориентации како водич во организирањето и регулирањето на функциите во личниот развој на адолесцентот.

Процесот на надминување на отстапувањето во однесувањето кај адолесцентите треба да се фокусира на формирањето на нивните вредности на лична слобода , која се третира како транзиција кон повисоко ниво на регулирање на нивните активности.

Ова внатрешно саморегулирање на тинејџерот, врз основа на размислувањето и анализата, создава подобри услови за надминување на отстапувањата во однесувањето.

Анализата на психолошката и едукативната литература покажува дека адолесцентите се во интензивен процес на вредносно формирање.

Ова се карактеризира со одредена непотполност во формирањето на вредносните структури на свеста. Во повеќето случаи тинејџерите немаат јасна идеја за универзално валидните вредности, но имаат разбирање за вредноста на самите себе си.

Како приоритетни за изучување на адолесцентите се идентификувани следниве вредности:

- семејствотото;
- родителитете;
- семејните односи;
- слободните активности надвор од училиштето и семејството;
- училиштето;
- образованието;
- идната професија;
- материјалното богатство;
- разговори со други луѓе, врсници, пријатели;

- здравје;
- љубов;
- пријателство;
- пол;
- духовна култура;
- можности за себе си;

почит за другите, итн. (Салаев, 2004)

Анализа на моралните вредносни ориентации на помладата генерација се високо контроверзни. Тоа овозможува тинејџерите да изберат морални насоки во одредена ситуација, да немаат чувство за морални санкции, ниту од другите, ниту од својата совест. Треба да се нагласи дека младиот човек расте со хиерархиски морален систем на вредности кој е практично прилагоден на ефективното функционирање во реалниот свет.

Една од важните насоки во надминувањето на отстапувањето на однесувањето на адолесцентите е поврзана со формирањето на личносните вредности. Така, на пример, слободата како вредност, не треба да се сфаќа како ослободување на тинејџерот од надворешната контрола и надворешната регулација на неговите активности, но таа треба да се сфаќа како еден вид на транзиција кон повисоко ниво, односно, кон ниво на внатрешно саморегулирање на сопственото однесување. Токму таквото внатрешно авторегулирање на тинејџерот создадава поповолни услови за надминување на отстапувањата во однесувањето.

Вклученоста на тинејџерот во позитивната активност која е соодветна на неговите интереси, способностите и психолошката состојба, исто така, води кон негова целосна самореализација.

Како голема, релативно интегрирана група, со своите специфични социо-демографски карактерстики, мултифункции и свој одреден статус, адолесцентите дејствуваат како посебност во однос на другите групи и заедници. Тоа се потврдува со фактот што во своите привремени граници адолесцентите стануваат лични и активни во светот на човештвото.

Фокусот на тинејџерите е во голема мера определен од вредносните ориентации кои се формирани во процесот на формирањето на личноста и затоа претставуваат динамично менување на групи на интернализирани вредности, како одраз на нестабилноста на прелиминарната природа која оди во насока на развивање на повеќе, или помалку стабилен систем на лични вредности.

Моралната ориентација на тинејџерите денес е комплексен, високо контроверзни систем, каде што во исто време, постојат сосема различни, понекогаш дури и спротивставени идеи за смислата на животот, за тоа што е добро, а што е лошо.

Во главите на тинејџерите стандардите за моралот како: добрина, сочувство, интегритет, чесност, одговорност, се неважни, а наместо тоа, тој покажува нагласена агресивност и желба да се наметне дури и на сметка на интересите на другите.

Сепак, структурата на свеста на младите се карактеризира со зголемена тежина на поединецот кон „универзалните" вредности. На прво место меѓу важните вредности е семејството, љубовта, личениот успех, финансиската безбедност, здравјето и сл.

Во хиерархијата на вредности во опаѓање, е статусот на духовноста, акумулирањето на највисоките човечки вредности, намалено е значењето на вредностите на тинејџерскиот само-развој, вработувањето, образованието, социјалните дејности, намален е интересот за духовната и естетската сфера.

Се потврдува дека главните фактори се социјализацијата на адолесцентите во семејството, образовниот систем, референтните групи и масовните медиуми.

Со оглед на околностите на итност од потребата за континуирани оперативни истражувања на адолесцентните, треба да се организира следење на влијанието на економската и политичка промена врз позицијата и умовите на децата и можноста за корегирање на овој ефект со законодавни и други мерки, на национално и регионално ниво.

## 6.3. Моралните потенцијали на семејството како фактор во формирањето на вредносните ориентации на младите

Нагласивме дека нашата земја во изминатите децении, минува низ глобални промени кои доведоа до трансформација на општествениот, политичкиот и

економскиот системи на општеството. Младите луѓе не се само сегашноста, туку и иднината на нашата земја, и затоа нивното расположение и однесување и нивниот морален избор се катализатори за дефинирање на општата морална, политичка и социо- психолошка клима.

Транзицијата кон пазарна економија доведе до остра поделба на животниот стандард на населението, до појава на бездомници и невработени, до прогресија на социјалните поделби на населението, до родители протерани на улица.

За одбележување е и процесот на раст на адолесцентната деликвенција, која, еден подолг период, кај нас, беше незабележителна категорија, а денес станува предмет на расправи на многу асоцијации и предмет на истражувања на автори од разни општествени и хуманитарни науки.

Слабеењето на општеството и поединецот доведе до тоа државата да ја изгуби способноста да го регулира однесувањето на поединецот во општеството.

Улогата на семејството од 90-тите години на минатиот век постојано се зголемува. Истражувањата и анализите на вредноста на семејството покажуваат дека тоа го завзема првото место кај младите луѓе во хиерархијата на виталните вредности. Во сегашната ситуација, приоритетен фактор во процесот на јавниот интерес за личноста е семејството, меѓутоа, се наметнува потребата од зачувување на одредено ниво на неговите морални вредности.

Прашањето за вредностите има долга традиција во изучувањето и истражувањето. Тоа е широко застапено во хуманистичките науки. За ова прашање, напишани се многу научни трудови, статии и монографии.

Во моментов, проблемите на вредностите се во епицентарот на креативните истражувања на бројни научници.

Социологијата на семејството почна интензивно да се изучува во XIX-от век од страна на бројни научници меѓу кои: Жан Пијаже (Jean Piaget) и Сигмунд Фројд (Sigmund Freud).

Значајна улога во анализата и класификацијата на кризата на традиционалното семејство имаат делата на Сорокин (Питирим Алекса́ндрович Соро́кин).

Семејната социјализација како процес е изучувана од повеќе автори. Во контекстот на нејзините бројни проблеми, модернизацијата на семејството се објаснува како знак на модернизација на општеството во целина.

Така, изучувањето на вредносните ориентации на младите луѓе има одредена теоретска и методолошка рамка. Во исто време, можеме да кажеме дека факторите како што се: родителите во семејството и нивниот морален потенцијал, не беше разгледуван од страна на научниците и истражувачите како пресуден фактор во процесот на формирањето на идентитетот кај децата и младите.

Семејството е основен и примарен фактор во формирањето на системот на вредности на индивидуата. Од видот на моралниот потенцијал на семејството зависат ставовите на поединецот. Во зависност од влијанието на семејството, при исти потреби, поединците избираат различни начини на однесување.

Развитокот на вредностите кај поединецот започнува со созревањето на општествените потреби и се движи до фаза на свест за потребите и појавата на интерес за одредени видови на активности кои можат да бидат вредности. Вредносниот систем на едно лице се состои од тоа како се интернализирани одредени вредности, норми и лични вредности. Овој процес се случува кога меѓу нив преовладува хармонијата и кога индивидуите ги земаат како свои универзалните вредности, при што трансценденталната вредност станува иманентна. Индикатор за тоа е хармонијата на човечкиот морал. Тоа е резултат на влијанието на моралните потенцијали на семејството, кој е присутен од аспект на вредносните ориентации на поединецот. (Монахова, 2003)

Во едно истражување, Монахова (Монахова Зинаида Николаевна) ги споредува приоритетни вредности кај младите од 60-тите години од XX-от век и младите денес. Посебно се задржува на: работата, материјалната благосостојба и семејството. Вредноста- работа, кај младите во 60-тите години завземаше прво место, а кај младите луѓе во 1998 година работата е на трето место, додека кај младите од 2002 година е на второ место. Вредноста-материјална благосостојба, меѓу младите од 60-тите години беше на четвртото место, кај младите од 90-тите години беше на прво место, а кај младите луѓе од 2002 година на последното место. Создавање на семејството-во шеесеттите години во скалата на вредности е на 7-мо место, кај младите од 90- тите

години на 5-то место, а за младите луѓе денес тоа е на прво место. На денешната младина во приоритетните вредности додадена е вредноста-здравје. (Монахова, 2003)

Според наведената компаративна анализа, младите луѓе во новите економски односи го сменија својот став кон приоритетните квалитети. На прво место сега меѓу младите веќе не е: доброто однесување, одговорноста и независноста. Непроменета и понатаму останува способноста за авто-контрола, која за младите луѓе од крајот на минатиот век и младите денес во XXI-от век, е вториот најважен човечки квалитет.

Денешните млади се заинтересирани за материјалните и духовните потреби. За разлика од младите од 80-тите години, материјалните потреби на младите луѓе денес се преселиле на нов повисок степен на развој. Материјалната благосостојба, која се постигнува од страна на еден човек во средната возраст, станува потреба за младите луѓе од 19-20 години. Но, во промената во односот кон нештата, младите луѓе не ја ставаат материјалната сигурност на прво место. Многу повеќе ги ценат вештините и способностите кои им помагаат да ги исполнат своите потенцијали, и со тоа да живеат во благосостојба и да обезбедат средства за нивните деца и семејството. (ibid)

Важноста на родителството и семејството денес расте. Така, во 60-тите години младите во спроведувањето на своите планови во животот, се потпираа на државата, пријателите, познаниците, додека пак, модерените млади луѓе се надеваат само на себе и на своето семејство.

На крајот Монахова, како резултат на истражувањето, заклучува дека без оглед на статусот, приходите и едукацијата на родителите, во 78% од семејствата опфатени во истражувчката група може да се да се забележи присуство на моралните потенцијали, како и дека децата во овие семејства се чувствуваат удобно и се сакани. Во 22% од семејствата децата се чувствуваат излишни, непотребни и авторот заклучува дека тие деца главно, се деца кои доаѓаат од семејства со ниски приходи, понизок статус и средно образование, невработени, ниско квалификувани работници, како и од семејства со висок статус и висок приход - бизнис лидери и претприемачи. (ibid)

Состојбата на семејствата со деца се влошува поради уништувањето на социјалната инфраструктура. Намалена е јавната потрошувачка во образованието и здравствената заштита. На многу семејства веќе им се на располагање градинките, спортот, музиката и други детски секции и клубови.

Денес, постојат поголем број на проблем семејства. Децата од сиромашните семејства и децата лишени од родителска грижа најмногу се изложени на ризик да станат жртви на насилство и да влезат во криминални активности.

Главната причина за дисфункционалност на семејствата е злоупотребата на алкохолот кој води кон дезинтеграција на таквите семејства.

Денес егзистира и проблемот на детско напуштање. Вкупниот број на деца без родители и родителска грижа во последниве години се повеќе се зголемува.

Во насока на надминување на оваа неповолна состојба се зголемуваат мерките за социјална заштита на овие деца.

Како заклучок можеме да кажеме дека само во присуство на моралните потенцијали на семејството, можен е процесот на интернализација на вредностите кои се важни за развојот на позитивна личност.

## 7. ПРОМЕНАТА НА ВРЕДНОСНИТЕ ОРИЕНТАЦИИ НА РОДИТЕЛИТЕ

Нагласивме дека денес, нашето општество страда од последиците на кризата на вредностите кои се поврзани со промената на општествено-политичкиот систем.

Во врска со ова, природно, се зголемува интересот на истражувачите за прашањето за вредностите и вредносните ориентации како на поединците, така и на разни социјални групи, вклучувајќи го и семејството.

Во современото време, семејството е подложено на радикални промени како одраз на општите цивилизациски трендови и промени на општествто.

Во тој контекст истражувачите го истакнуваат формирањето на еден нов вид на ориентации на поединеците, кои се карактеризираат со ориентации на вредностите како што се:

- материјалната сигурност;
- сопственоста;
- независноста;
- личниот успех; и
- принципот на индивидуална автономија

Брачните другари се повеќе имаат тенденција за самоактуелизација, за сопствен развој надвор од семејството, што според некои научници, се заканува да го дестабилизира семејство и доведува до зголемување на бројот на загрозени семејства.

Од друга страна, се истакнуваат проблемите на категоријата на луѓе на средна возраст (оние кои се родители на децата адолесценти) како што се:

- личниот развој;
- само-актуелизацијата;
- професионалниот развој; и
- создавањето врски надвор од семејството.

Ваквите промени во вредноста и значењето на ориентациите на родителите и адолесцентите влијаат врз функционирањето на семејството, и над се, на неговата воспитна функција.

Психолошката наука истакнува дека егзистира противречна ситуација по која адолесцентите се залагаат за автономија, но во исто време, токму во овој период им е неопходна помош и емоционална поддршка од страна на родителите и другите возрасни.

Фрустрирачки се податоците за потребите на детето на оваа возраст кои се директно поврзани со негативните последици од нивната емоционална состојба.

Анализата на научната литература покажува дека вредностите на поединците се многу комплексни, повеќеслојни феномени и се дефинирани од страна на авторите на различни начини. Понекогаш тие „меѓусебно се исклучуваат", како што истакнува познатиот руски психолог Леонтиев (Алексей Леонтиев). (Леонтиев, наведено кај Ермолаева, 2008)

Бројни автори ги истакнуваат специфичните карактеристики на адолесцентите како што се:

- субјективното значење кое адолесцентите им го придаваат на некои предмети или појави и ги ставаат во функција на задоволување на своите специфични потреби;
- презентацијата на пожелното, како верувања, идеали и стандарди и нивните претстави за она што треба да бидат принципи и стандарди на однесување, и формирање на ставови; и
- елементите на мотивација. (Ермолаева, 2008)

Меѓутоа, и покрај разновидноста во пристапот кон интерпретацијата на вредностите и ставовите, повеќето автори се согласуваат дека индивидуалните вредности се значајни и дака нуклеарната компонента на личноста е структура која ја одредува ориентацијата на поединецот и која ги одредува:

- активноста;
- упорноста;
- чесноста;

- односот кон самиот себе си и итн. (ibid)

Конститутивните компоненти на личноста, вредностите и чувствата како елементи на нејзината вредносна ориентација имаат посебно значење за меѓусебното поврзување и интеракција на внатрешниот и надворешниот свет на човекот. Тие влијаат на начинот на живот и се манифестираат во различните сфери на животот. Во овој контекст посебно значење има семејниот живот.

Факт е дека вредносните ориентации, нивното регулирање и координација, играат значајна улога во организацијата на целата структура на семејниот живот.

Бројни автори кои се занимаваат со улогата на вредносните ориентации на родителите врз развојот на вредносните ориентации на децата, посебно ја истакнуваат улогата на семејното воспитание.

Меѓутоа, треба да се забележи дека карактеристиките на вредносните ориентации на родителите и нивното влијание врз нарушувањето на семејното воспитание, се слабо проучени и опишани во литературата од оваа област.

Во практиката на семејната терапија, како и во различните програми на образование на родителите, психолозите и педагозите следат различни патишта кои се насочени кон подобрување на родителството и кон корекција на семејното воспитание.

Главна цел на овие напори се ефектите кои се постигнуваат со психолошкото однесување на родителите во насока на подобрување на психолошката и педагошката надлежност на родителите, кон корекција на процесот на комуникацијата во семејството и проширувањето на репертоарот на воспитните влијанија, или и едното и другото.

Работата со вредносните ориентации на родителите, често е во насока на поголема хармонизација на односите во семејството и хармонизација на брачните врски.

Се нагласува дека постојат противречности кои го дефинираат значењето и формулирањето на истражувањата на овие проблеми како:

- проблемите со кои се соочуваат родителите како членови на општеството;

- слабиот ефект од проучувањето на проблемите поврзани со вредностите и истакнувањето на значењето на ориентациите на родителите врз нарушувањето на семејното воспитание; и
- сфаќањето на значењето на вредностите и нивната водечка улога во организирањето на целата структура на семејниот живот.

Во едно свое истражување, Ермолаева (Ермолаева Евгения Габдулганиевна) заклучува дека:

- повредите на семејното воспитание на децата-тинејџери се поврзани со карактеристиките на вредностите на родителите;
- хармоничниот стил на родителство, родителите го реализираат со „хармоничноста" во сферата на вредностите; и
- стиловите на семејното воспитание се карактеризираат со разни нарушувања кои се својствени за родители со различни дисхармоничности во сферата на вредностите и во сферата на нивните цели. (Ермолаева, 2008)

Наведениот автор истакнува дека во збирот на спецификите на вредностите и значењето на вредносните ориентации за нарушувањата на семејната едукација на адолесцентите, централно место има типологијата на татковците и мајките.

Во оваа смисла, таа идентификува три типа на мајки:

- мајки кои се борат да го исполнат општествено одобрениот модел на мајка;
- мајка како само-доволен човек; и
- мајки со „кренат нос".

Исто така, наведува и три видови на татковци:

- татковци кои се стремат кон моделот на успешни луѓе;
- татковци кои се само-доволни мажи; и
- татковци кои се „на распаѓање". (Ермолаева, 2008)

Ермолаева заклучува дека типовите „самодоволен човек" и „само-доволен маж" се карактеризираат со отсуство на нарушувања во семејното воспитание. (ibid)

Промената на вредностите и вредносните ориентациии на родителите, се начин да се поправат повредите на семејното воспитание на адолесцентите.

Во оваа смисла можат да се извлечат повеќе заклучоци и тоа:

- Вредносната смисла на ориентацијата како конститутивен елемент на личноста обезбедува единство и меѓусебна поврзаност на внатрешниот и надворешниот свет, и на тој начин, влијае на начинот на живот и се манифестира во различните сфери на животот, вклучувајќи го и воспитанието на децата;
- Карактеристиките на вредностите на родителите кои се комбинирани со повеќе други фактори, особено се манифестираат во разни нарушувања на семејната едукација на тинејџерите.

Во оваа смисла, во контекст на значајноста која ја имаат за семејното воспитание, авторот ги наведува следниве вредности:

- Вредностите на индивидуалниот- личен и професионален развој;
- Вредности за животот;
- Вредностите на семејниот живот;
- Одржувањето на сликата за среќно семејство;
- Важноста на психолошката интимност понеѓу членовите во семејството; и
- Прифаќањето или неприфаќањето на одговорноста во семејните односи. (ibid)

Избалансираниот родителскиот стил на однесување се карактеризира со отсуство на повреди и се реализира со родителска „хармоничност" во вредносната сфера. Кога кај родителите не постојат конфликти во врска со изборот на вредностите на индивидуализација или на семејниот живот, тие имаат:

- висока смисла за животот;
- позитивен став кон себе;
- прифаќање на одговорност за семејните односи;
- фокусирање врз семејната благосостојба;
- взаемна љубов помеѓу членовите во семејството; и
- семејно единство. (ibid)

Овие родители се карактеризираат со експлицитна позиција по однос на нивните животи.

Неприфатливите стилови на семејна едукација (вклучувајќи различни комбинации на нарушувања) се карактеристика на родителите со различни недостатоци во сферата на вредностите и целите.

Неприфатливите стилови на семејното воспитание може да се поделат на два вида:

1. Првиот тип се стиловите кои се фрустрирачки за основните потреби на адолесцентите, по однос на независноста, самостојноста и моралната одговорност; и
2. Вториот тип на стилови се фрустрирачки за уште една основна потреба на тинејџерот, како што е потребата за прифаќање и поддршка.

Родителите со такви стилови на однесување имаат високи барања, не само за детето, но и за самите себе си. Тие имаат високо ниво на разбирање за животот и преземање на одговорност за семејството и за односот на децата кон нив. За нив, исто, многу значајни се вредностите на персонализација, професионален развој и семејните вредности. Меѓутоа, недоволното ниво на разбирање на самите себе си и позитивните докази за себе, кај овие родители се претерани.

Карактеристика на таквите родители е и нивната затвореност и тие не покажуваат колку го сакаат детето, поточно, таквите родители го прават само она за кое мислат дека мораат да го прават.

Родителите кои се окарактеризирани како родители со доминантен стил на однесување се карактеризираат со релативно високо ниво на смисла за животот и вредностите за индивидуализација и професионален развој, меѓутоа, тие му придаваат ниско значење на семејниот живот, самите себе ниско се проценуваат и покажуваат неуспех во преземењето на одговорноста за семејните односи.

Овие родители се карактеризираат со ниска стапка на стилови на живот, со позитивен став за самите себе, за вредностите на професионалниот и семејниот живот и се обидуваат да ја одржат сликата за среќно семејство.

Родителите кои се окарактеризирани како, родители со образовен стил, ги фрустрираат другите важни потреби на адолесцентите, како што се: емоционалната поддршка и прифаќањето и покажуваат:

- ниско ниво на разбирање за животот и развојот на самосвеста;
- ниска желба за индивидуализација, личен и професионален развој за себе;
- неуспех да ја превземат одговорноста за семејните односи; и
- придаваат ниска важност на меѓусебната љубов и психолошката блискост со членовите на семејството, особено на љубовта кон децата. (ibid)

Во оваа смисла сите родители кои реализираат непријатески стилови во семејното воспитание, и покрај нивните разлики, некако ја завземаат позицијата на објект во нивниот живот.

Во спецификите на вредностите и значењето на вредносните ориентации во нарушувањето на семејната едукација на адоллесцентите, овие родители се во центарот на типологијата на татковците и мајките на адолесцентите.

Промената на вредносните ориентации на родителите во психолошка смисла се насочени кон родителите на децата и претставуваат начин да се поправат повредите на семејната едукација на адолесцентите. Главна цел е влијанието на вредностите и тоа на оние кои се однесуваат на:

- животот, во сите негови временски периоди;
- вредностите кои се однесуваат на самиот себе си; (позитивен став кон самиот себе);
- „авторството на сопствениот живот" (внатрешниот локус на контрола и одговорност за сопствениот живот);
- индивидуалност во сопствениот развој; и
- креативност. (ibid)

Во оваа смисла главен механизам за промена и развој на вредносната сфера претставува рефлексијата.

Може да се заклучи дека различните дисхармонии на вредносно поле на родителите се придружени со нарушувања на семејната едукација на адолесцентите

кои ги фрустрираат нивните основни потреби и не соодветствуваат со социјалната состојба на развојот. Ова би можело да има негативни ефекти врз широк спектар на развојот на детската личност, но истовремено и на егзистенцијата и однесувањето на родителите.

# 8. ВРЕДНОСТИТЕ И СЕМЕЈНОТО ВОСПИТАНИЕ НА ДЕЦАТА ПОМЕЃУ ТРАДИЦИОНАЛИЗМОТ И МОДЕРНИЗМОТ

Промените во современото општество најдирекно се одразуваат и врз семејството и условуват промени и во него.

Во оваа смисла, сосема е оправдано да се зборува за традиционализам и модернизам во современото семејство. Бројни извршени истражувања покажуваат дека семејните односи и врдности се менуваат од традиционални кон модерни.

Меѓутоа, овој процес на промени не се одвива еднакво во сите домени на воспитната дејност во семејствата.

Семејството е историски променлива категорија. Сепак, можеме да ја констатираме и тенденцијата на конзерватизам во семејството, што значи дека промените во него се релативно спори. Главни претпоставки за таквата ситуација се традицијата, културата и политиката.

Меѓутоа, свое значење имаат и промените кои се случуваат во свеста на современиот човек. (Костова, 2000)

Сведоци сме за фактот дека битно се промениле економските и социјалните услови кои условиле традиционалното патријархално семејство полека, но сигурно, да трпи промени во насока на негова модернизација.

Меѓутоа, во бројни семејства, се уште, се задржени елементи на традиционалното. Во оваа смисла бројни автори кои го проучуваат современото семејство нагласуваат дека и во новото семејство од жената и понатаму се очекува да обавува најголем дел од работите кои ги обавувала и пред нејзиното вработување надвор од домот. (Đorđević, 1985)

Новите сознанија од областа на психологијата, педагогијата, медицината и другите науки, го свртија вниманието на значењето на воспитанието за развојот на децата и младите, значењето на уважувањето на нивната личност и нивните потреби. Детето и младиот човек не е повеќе подреден член во едно семејство, како што беше ситуацијата во патријархалното семејство. Иако тоа е физички послабо и располага со

многу помало искуство, детето во современото семејство се повеќе се смета за посебна личност, со посебни вредности.

Егалиталноста меѓу половите, денес станува барање на многу општествени движења. Исто така, се повеќе се зборува за еднаквост во постапките кон машките и женските деца во семејството и во нивното воспитание.

Модернизацијата на општеството, пред човекот го поставуваа барањето за што по сестрано образование, што ги менува и барањата кон воспитанието на децата и младите во семејтвото. Посебно се менува односот кон образованието на женските деца, кои се изедначуваат со машките деца по однос на обемот и квалитетот на образованието.

Економската самостојност на членовите на семејството, ја менува дистрибуцијата на авторитетот која важеше за патријархалното смејство. Се јавуваат демократски стремежи каде секој член на семејството станува носител на авторитет во одредена област на семејниот живот.

Со индустријализацијата на општеството доаѓа до намалување на семејните функции кои преоѓаат во рацете на други оштествени групи и организации. Денес, како доминантна семејна функција станува социјализацијата и развојот на личноста на детето. Семејството станува, едно во низата на установи, или установа во која ќе се врши реинтеграција на атомираните индивидуи. (Golubović,1981)

Без оглед на тоа што семејството ја дели воспитната функција со други општествени установи, воспитниот процес кој се обавува во него е незамелив и има посебна природа, која се базира на емотивниот однос меѓу членовите, кој не може да се игради во ниедна друга група или установа. Се смета дека односот меѓу родителите и децата е она што во најголема мера ги воспитува децата. (Marjanović,1987)

Запознавањето на семејните односи и вредности помага да се објаснат и предвидат резултатите од воспитната работа во семејството.

Ако појдеме од некоја определба на вредностите на пример, од онаа која ја даваат Рот и Радоњиќ по која под вредности се подразбира позитивен и релативен траен однос спрема објектите, идеите и целите кон кои тежнее поединецот и кои се сметаат за посакувани, ќе додадеме дека со вредностите на заедницата посредува

семејството преведувајќи ги во систем на норми и обичаи и врзувајќи ги за конкретното однесување на децата. (Golubović,1981)

По однос на улогата на семејството во иградувањето на ситемот на вредности постојат две становишта:

1. Според првото становиште, семејството само ги пренесува барањата, не менувајќи ги, како би се обезбедил континуитет на културата и прилагодување на индивидуата на општеството; и
2. Според второто становиште, семејството ги усогласува општествените барања со диспозициите на индивидуите и ги потикнува сами да се определат меѓу одредените алтернативи. (Луковић, 2004)

На поопшто ниво, семејните вредности се делат на оние кои се однесуваат на посакуваниот тип на семејна организација и семејни односи и вредности кои укажуваат на посакуваниот тип на личности. (Golubović,1981)

Системот на семејни вредности може да се сфати и како однос спрема: кариерата, политиката, парите, сексот, изборот на занимање, бракот, семејните цели, дистрибуцијата на авторитетот, принципите и методите на воспитание. Во рамките на тој систем, семејните вредности можат да се групираат на следниов начин:

- вредности конкретизирани низ целите кои се поставуваат пред семејството како гтупа;
- вредности – норми со кои се регулираат половите односи;
- вредности кои се однесуват на бракот и целите кои му се препишуваат;
- вредности и норми кои се однесуваат на начинот на дистрибуција на половите улоги во семејството;
- вредности со кои се образложуваат или оправдуваат односите во семејството (авторитарни или егалитарни); и
- вредности со чие посредство се одредуваат целите и методите на воспитување на децата во семејството. (Голднер-Вуков, 1988)

Сосема оправдано, под традиционални односи и вредности се третираат односите и вредностите карактеристични за патријархалното семејство.

Отука и односот помеѓу постарите членови на семејството и децата и младите се односи на надредени и подредени, машките членови се привилигирани по однос на жените. Таткото, со цел да го зачува својот авторитет не ги кажува своите чувства. Грижата за помалите деца е исклучива обврска на жената.

По однос на вредностите, во патријалхалното семејство високо се цени семејната традиција, одржувањето на лозата и зачувувањето на заедницата. Најчесто, бракот, како света институција, се напушта само со смрт. Мажите на семејството треба да му обезбедат материјална и физичка сигурност, а жените се грижат за домаќинството и децата. Од децата се бара слепа послушност и почитувње на постарите. (Требјешанин, 1991)

Во семејството, кое се означува како модерно, присутна е тенденцијата кон изедначување на улогите и положбата на половите и генерациите. Во модерното семејство членовите се ориентирани кон општествено напредување, негување на семејниот углед и одржување на топлина во домот. Видна е ситуацијата на слобода на сите членови во семејството. Дистрибуцијата на улогите и авторитетот е работа на афинитет и договор меѓу членовите на семејството. По однос на децата, се настојува да се развијат способнотите на младите и тие да се подготват за успешен живот. (Младеновић, 1995; Milić, 2001)

Кога сакаме да зборуваме за дистрибуција на авторитетот во семејството, главно ги разгледуваме прашањата кои се однесуваат на односите меѓу родителите и децата, казнувањето и наградувањето на децата во семејството, располагањето со семејниот буџет и контрола на слободното време на децата.

Истржувањето на ова поле, на нашите простори покажува дека традиционалните сфаќање за односот родител-дете во денешното семејство не е целосно променето.

Во модерното семејство видливи се промени на ова поле. Во некои семејства видлива е и спротивна негативна појава во семејството, да се преценуваат желбите на децата и се да се прави според нивните барања. Некои автори тоа го означуват како педоцентризам во семејсвото. (Костова, 2004)

Томановић предупредува дека партнерството меѓу родителите и децата во денешното семејство повеќе е форма, а во суштина не е остварено и покрај тоа што

бројни родители овој однос го оценуваат како демократски, тој сепак не е во целост таков. (Tomanović, 1998)

Она што недостасува е свесното прифаќање на таквиот однос од страна на родителите. Често родителите се плашат од рамноправноста со детето. Од друга страна, таквата рамноправност ја намалува можноста за успешна воспитна работа со детето. Исто така, непознавајќи ја во доволна мера, суштината на рамноправноста и слободата на детето, родителите ја сфаќаат како ограничување на сопствената слобода.

Во контекстот на модернизацијата на семејството свое значење имаат и наградата и казната која родителите ја користат во воспитанието на своите деца.

Наградувањето на децата е категорија на модерното семејство, меѓутоа, прашање е колку и како тоа се остварува.

Категоријата казнување доживува промени во модерното семејство. Бројни истражувања укажуваат на фактот дека денес во семејството казнувањето е ретка појава, и дека не е привилегија само на таткото.

Во оваа смисла, останува отворено прашањето дали поголемото учество во казнувањето значи и поголемо учество во воспитанието на децата.

Знаеме дека во патријархалното семејство казнувањето на децата било често и сурово. Промените на овој план во современото семејство се фактор кон негова модернизација. (Луковић, 2004)

Истражувањата вршени на примерок на работнички семејства, покажуваат дека во нив наградувањето е поретко од казнувањето, што се објаснува со филозофијата на воспитание во кое доминира традицијата, според која благоста и „мазењето" на децата во воспитанието го „расипуваат детето". (Tomanović, 1998)

Кога е во прашање располагањето со семејниот буџет во денешното семејство доминира модернистичкиот принцип за буџет заеднички за сите.

По однос на прашањето за контрола на слободното време на децата и младите, современите истражувања покажуваат дека децата од двата пола и во современото семејство, најчесто се обврзани за местото на поминување на слободното време да ги известуваат родителите. Меѓутоа, причината за контролирање на децата во слободното

време е различна од она во патријархалното семејство. Денес родителите се свесни за опасностите кои го демнат детето. (Smiljanić i Guzina, 1982)

На крајот можеме да констатираме дека поновите истражувања покажуваат блага тенденција кон модернизација на современото семејство.

Меѓутоа, постои разлика меѓу градските и селските средини. Во селските средини, се уште, доминираат патријалхалните принципи во однесувањето со децата и нивното воспитание. (Луковић, 2004)

По однос на вклучувањето на децата во домашните работи се уште доминира пристапот женските деца да се ангажираат во „женските работи", а машките во „машките работи". Оваа поделба оди кон зачувување на традиционализмот во оваа сфера на семејното однесување.

Во насока на модернизација на семејството е и фактот што денешните млади луѓе се повеќе сами го избираат своето занимање.

Традиционализмот и модернизмот во семејството се согледува и преку особините на личноста кои треба да се формираат кај машките и женските деца.

Истражувањата на овој план покажуваат дека родителите за машките деца бараат:

- интелигентност;
- самостојност;
- амбициозност,
- трудољубивост и
- општественост.

Додека за женските деца родителите бараат:

- интелигентност;
- самостојност;
- општественост и
- уредност. (Луковић, 2004)

Таквата ситуација не води кон констатација дека се помалку се прави разлика во особините на личноста кои треба да се формират кај двата пола на деца.

Може да се заклучи дека постои тенденција кон модернизам во воспитанието на децата, но се уште се препознаваат трагови на традиционализмот.

Модернизмот во семејтвото е поприсутен во семејствата со образовани родители и во семејствата од градските средини. Пообразованите родители се поотворени за потребите на децата и се помалку склони кон авторитарен воспитен стил. Таквото семејство е поприлагодливо на новото и ги прифаќа промените.

Ова не значи дека во селските средини нема промена на однесувањето на родителите, на примената на воспитните стилови, на односите во семејните срдини и сл. Меѓутоа, таквата тенденција е побавна во селските семејства. И тука, во многу домени на животот и воспитанието на децата и младите среќаваме елементи на традиционализмот и модернизмот во семејното воспитание. Меѓутоа, во овие средини поприсутни се елементите на традиционализмот.

# 9. НОВИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ УСЛОВИ И ПРОМЕНИТЕ НА СИСТЕМОТ НА ОПШТЕСТВЕНИ ВРЕДНОСТИ

Природата на така комплексениот социјален феномен, како што е семејството, се определува, не само со интра-семејните односи, но и со социо-економските, историските, националните и други услови. Семејството се развива и се преобразува заедно со заедницата како нејзина членка . Денес, општествената и културната средина драматично се менуваат и со тоа се влошува противречноста меѓу семејството и екстра-семејните односи. Тоа ги уништува темелите на традиционалното семејство. Денес постојат нови форми на семејни односи кои ги исполнуваат новите општествени, политички и економски потреби на трансформирањето на општеството.

Во новите социо-економски услови, пред се, се наметнува проблемот на избор на идентитетот на параметрите и начините на поврзување на личноста и семејството. Тоа претпоставува проучување на природата на трансформацијата на семејните односи и улогата на семејството во создавањето, чувањето и репродукцијата на општествените вредности.

Семејството како предмет на истражување е од интерес за социологијата, демографијата, психологијата, педагогијата и други општествани науки.

Посебно внимание се посветува на проучување на демографските императиви, надворешните економски, еколошки, биолошки, генетски и други фактори кои влијаат врз климата во семејството. Таквите пристапи кон разбирањето на природата, функцијата и целта на семејството, веќе долго време, се доминантни.

Модерните општествени и филозофски проучувања ги анализираат блиските односи на семејните и општествените вредности.

Проблемот за вредностите е една од централните теми на филозофијата. Ова се должи на фактот дека вредностите се основите на духовниот развој на поединецот и општеството.

Модереното општество се соочува со многу проблеми поради процесот на трансформација која ги детерминира сите сфери на општествениот живот. Како

резултат на овие феномени во општеството се промени традиционалниот систем на вредности.

Со користење на специфичното филозофско и научно разбирање за семејството, во кое на семејството се гледа како на посебна социјална установа која врши една од најважните функции на општеството: креирање, чување и репродукција на општествените вредности и со оглед на еден од најважните-мега трендови на модерната цивилизација-желбата за индивидуализација и лична самореализација, може да се урамнотежи проценката на еволутивните процеси кои се случуваат во семејството. (Глушкова, 2011)

Семејството уште од античките времиња е предмет на внимание на историчарите, демографите, социолозите и итн. Како дел од ова, семејството во науките се изучува како социјална институција која ги спроведува целите на хуманата репродукција. Филозофското разбирање за бракот и семејството во основа се сведува на дискусија за еросот, љубовта, врските , половите, и т.н. (ibid)

Во текот на историјата се менуваат не само поединецот и општеството, но подложени на промени се сите големи социјални институции, вклучувајќи го и семејството. Погледи за семејството како социјална и културна појава и како најважен фактор за развојот на личноста наоѓаме во философските текстови на Платон, Аристотел, Бекон, Хобс, Кант и др. (ibid)

Историскиот пат на развојот на формите на бракот и семејните односи како структура која го репродуцира човековото битие и како биолошки примерок, е анализиран од страна на многу истражувачи на вредностите.

Семејството во XX-от век се смета како јадро на конзервативните вредности на европската цивилизација: живот, слобода, добрина, љубов и одговорност.

Во рамките на аксиолошкиот пристап, семејството сфатено како општествена и вредносна форма на заедница на луѓето, се разгледува и како социјална вредност. Тоа е во врска со карактерот и значењето на семејните вредности, што се наоѓаат во срцето на семејните функции како што се:

- трансфер на вештини, знаење, традиција;
- раѓање и воспитување на децата;

- престиж на мајчинството и татковството;
- подобрување на семејниот живот;
- моралната клима во семејството; и
- семејната рекреација. (Глушкова, 2011)

Во оваа смисла, семејството не е само носител на општествените вредности кои се во функција на нивно преведување во општеството.

Семејството како социјален објект кој го вклучува односот на бракот и родителите, се карактеризира со сет на семејни вредности, кои се пренесуваат од генерација на генерација во процесот на историскиот развој. Во оваа смисла тоа има и социјални и биолошки функции.

Општествените вредности во рамките на семејството имаат и приватен, индивидуален карактер и се вклучени во интимната сфера на семејниот живот. Со промена на социо- културните, политичките и економските услови на општеството во семејството се креираат нови општествени вредности.

Промените во вредносната фондацијата на семејството во социјалната трансформација на општеството се поврзани со особеностите на самоидентификацијата во областа на семејните односи.

Процесите на самоидентификација на поединецот во семејството се одржува под влијание на новите модели на социјални, политички и економски однесувања кои, во голема мера, се определени од бројот на начините на зачувување на материјалот и практичните потреби на општеството во новата економска ситуација. (Глушкова, 2011)

Во модерното општество во земјите во транзиција може да се проследи дуализамот како ефект на идеологијата на економскиот либерализам и природата на односите во семејството.

Тие се изразени во трансформацијата на традиционалните семејни вредности како што се:

- колективизмот;
- престижот на родителството;
- семејната забава и сл.

Од друга страна, тие се придружувани и од негативните општествени феномени како што се:

- девијантно однесување;
- маргинализацијата; и
- уништувањето на семејните односи. (ibid)

Трансформацијата на семејните вредности се условени и од новиот систем на општествени вредности, вклучувајќи ги фундаменталните вредности:

- почитување на поединецот;
- признавање на сопственичките права;
- спроведувањето и самореализација и сопствениот идентитет; и
- правото на социјална и правна заштита. (ibid)

Сето ова е основата на новите форми на организација на семејни односи.

На семејството, исто така, може да се гледа и како на комплексно мулти-ниво на системот.

Деструктивните појави во семејството и брачните односи, како што се: разводот, конфликтот на вредностите, духовната беда, девијантното однесување и појавата на нови форми на организација на семејните односи, не се доказ за кризата на современото семејството. Овие процеси може да се третираат како преодна фаза во еволуцијата на семејството, кое ги заменија традиционалните форми на бракот и семејството и доаѓањето на нови форми на семејството и бракот кои одговораат на потребите и промените на општеството.

Можеме да заклучиме дека потребата за промени во функциите, формирањето и одржувањето на социјалните вредности во современото семејство во контекст на процесите и трансформација кои произлегуваат од сите сфери на животот на општество и на семејството како социјално-културен комплекс се предмет на проучување на разни современи општествени и хуманистички науки.

Интересот за семејството во мулти-функционалноста е поддржан од страна на когнитивниот интерес за посредничката улога на поединецот и општеството, како и силата на неговата социјална природа како посебен феномен. Историскиот развој води

кон трансформација на семејството во посебна форма на општествена заедница и социјално значајна форма на човековото суштествување.

Во проучувањето на природата на семејството, мислителите во минатото и современите научници, приоѓале од различни апекти. Меѓутоа, заедничко за сите е фактот дека на семејството отсекогаш се гледа како на форма на живеење на човечкото суштество и како на социо- вредносен феномен.

Проблемите за сексот, бракот и семејството се едни од централните прашања и на верската филозофија во почетокот на XX-от век. Интересот за ова прашање бил предизвикан од промените во природата на односите во семејството, од зголемувањето на улогата на жените во социјалната сфера на животот, легитимирањето на разводот и менувањето на правната традиција на бракот и семејните односи.

Процесите кои се одвиваат во семејството, конципирани се на различни начини. Една од значајните задачи е да се идентификува природата на семејството и трансформацијата на семејните вредности.

Аксиолошката насока во проучувањето на семејството е карактеристика на претставниците на филозофската мисла од почетокот на XX-от век која е наклонета на хуманистичката теорија на семејството според која:

- Промените не се само во врска со семејството само за себе, туку настанаа промени и во разбирањето на природата на односите во семејството и неговото јадро;
- Верската филозофија гледа на семејството како на основна и културна вредност, која е суштина на конзерваторските вредности на европската цивилизација. Претставници на  религиозната ренесанса се обидоа да прикажат совршена слика за семејството, која делува како референтен примерок, што во реалноста е далеку од постојните семејни односи;
- Проективен модел на „идеално семејство" беше имплементиран во обидот за решавање на најважните проблеми на семејните односи во почетокот на XX-от век, со цел да се зачува вековната институција на семејството и да се спречи нејзиното исчезнување како културна вредност;

- Како што е прикажано од страна на историското искуство, постоењето и зачувувањето на традиционалните семејни форми во ерата на трансформацијата на општеството не е можно без неговата модификација. Така, таа е во контекст на идеите на верската филозофија која е формирана во аксиолошкиот простор на почетокот на XX-от век. Тоа е период кога се бара идеал за семејството поради обидот за решавање на основните проблеми во семејството и брачните односи и зачувување на семејството како главна вредност и духовност на поединецот. (Глушкова, 2011)

Во текот на XX-от век формирани се аксиолошки концепти и теории, чија цел е да се идентификуваат природата на вредностите, нивното толкување и утврдувањето на вредносната хиерархија.

Со нивно сумирање може да се заклучи дека сегашната реалност е една културна реалност, која е составена од светски акумулирани норми и вредности и единство на културните вредности кои имаат своја хиерархија. Тие се основни вредности кои ја формираат основата на светот на една личност.

Така, можеме да зборуваме за вредностите како рамка на културниот простор, бидејќи тие се утврдени со смислата на постоењето на светот во целина и на индивидуалната личност.

Вредностите се спроведуваат во општеството преку социјалните норми и закони на општеството.

Општествените вредности се производ создаден од човекот како резултат на неговата материјална и духовни активности во рамките на одредено општество.

Во развојот на човековиот живот и стекнувањето на животното искуство среќаваме разлики во системите на општествени вредности. Во овој случај, социјалниот развој е можен само при комуникацијата на информациите од страна на поединците и на социјалните вредности од една генерација, до друга генерација.

Општествените вредности може да се разберат како форма и како начин за спроведување на значењата за културата и вредностите кои се неопходни за животот и успехот на поединецот во општеството.

Како сите вредности, така и општествени вредности имаат хиерархија и во таа смисла можат да се квалификуваат различни причини. Општествените вредности може

да имаат индивидуален и колективен карактер. Следствено на тоа, семејството може да дејствува како носител на општествените вредности и истовремено да функционира така како што тие се емитуваат во општеството.

Семејните вредности се социјални вредности вклучени во рамките на семејството со нов живот и ново значење. Семејните вредности се генетски добиени од општествените вредности.

Значи, во рамките на семејството, општествените вредности се превземаат во зависност од карактерот и значењето на семејните вредности, меѓу кои се:

- раѓањето и воспитувањето на децата;
- престижот на мајчинството и татковството;
- уредувањето на семејниот живот;
- стручноста;
- знаењето;
- традициите и итн. (Глушкова, 2011)

Во оваа смисла семејството игра клучна улога во процесот на креирањето, чувањето и репродукцијата на општествените вредности. Овој ексклузивитет е изразен од една страна, во сфаќањето за семејството како социјален објект и се карактеризира со одреден сет на семејни вредности, кои се пренесуваат од генерација на генерација во процесот на историскиот развој, каде што социјалните вредности стануваат приватни, индивидуализирани семејни вредности. Од друга страна, со промената на социо-културните и другите социјални услови во семејството се креираат нови општествени вредности кои се базираат на условите во модерното општество. (ibid)

Така, семејството како јадро на социјалните вредности, претставува заедница на луѓе поврзани со односите на бракот и сродството, кои се карактеризираат со специфичен сет на семејни вредности, кои се пренесуваат од генерација на генерација. Покрај тоа, секое семејство дефинира свој сет на семејните вредности во согласност со своето ниво на културен развој.

Со промена на социо- културните, политичките, економските и други услови за живот на заедницата во едно семејство може да се креираат нови општествени вредности за удобен семеен живот. Секоја општествена вредност се реализира во

рамките на семејните односи и добива приватен, индивидуален карактер формирајќи ја интимната сфера на семејниот живот. Спроведувањето на семејните вредности се во интерес на секое одредено семејство. Од друга страна, спроведувањето на истите социјални вредности е во интерес на општеството како целина. Воведувањето, асимилацијата, зачувувањето и репродукција на поединечните општествени вредности е посредувано од страна на неговиот семеен идентитет. Семејството е вклучено во социјалната и во приватната сфера на поединецот. Од оваа гледна точка, можеме да зборуваме за нејзин посебен онтолошки статус како социјален и биолошки статус, каде што семејството е основа на индивидуалната човечка еволуција. (ibid)

Размислувањата за семејните проблеми станаа особено важни од крајот на 80-тите години на XX-от век во врска со глобалното преиспитување на општествените вредности, предизвикани од новите културни и историски реалности и трансформациони процеси. На брзите промени во општеството им се придружија промени на социјалните структури и социјалните односи.

Во семејството и брачните односи се јавуваат и деструктивни појави. Развојот на негативните општествени процеси во семејството е резултат на социјалните и политичките промени во процесот на преструктуирање на општеството Во контекстот на овие процеси се случија промени во начинот на живот на населението, во хиерархиската структура на вредностите и во системот на вредности.

Разните деструктивни процеси, меѓу кои се:

- острата социјалната стратификација;
- растот на сиромаштијата, особено во семејствата со многу деца;
- развојот на социјалната депресија;
- социјалната зависност;
- социјалната апатија на голем дел од населението; и
- зголемувањето на агресијата во семејствата и во општеството,

имаат огромно влијание врз формирањето на културата на поединецот, која, пак, го одредува идентитетот на индивидуалните преференции. (ibid)

Сепак, сето тоа се должи на недостатокот на добро дефинирана социјална структура и промена на поранешниот идентитет, чија рамка беше „масовната самоидентификација". (ibid)

Овој феномен се карактеризира со голем број на специфични карактеристики, меѓу кои се:

- губењето на вредностите, предизвикани со новиот систем на вредности на индивидуата;
- сложеноста на општествениот систем;
- проширувањето на границите на социјална интеракција;
- културната разновидност; и
- трансформацијата на политичките и економските структури. (ibid)

Како последица на овие процеси е и проблемот на самоопределување на личноста во областа на семејните односи. Процесите на самоидентификацијата на поединецот во семејството се јавуваат под влијание на новите модели на социјално, политичко и економско однесување. Овие модели ја одредија побарувачката за едноставни и универзални вредности, со цел да се задоволат материјалните и практичните потреби на општеството во новата економска ситуација.

Денес, можеме да зборуваме за карактеристики кои значат мешање на патријархалните и либералните вредности. Двосмислено е разбирањето на либералните вредности и контрадикторни се разбирањата на причините за вредностите на економскиот либерализам. (ibid)

Оттука, модереното општество е во фаза на адаптација на принципите и вредностите на економскиот либерализам, меѓу кои фундаментални се:

- индивидуалноста;
- конкуренцијата;
- слободата на изборот;
- разновидноста;
- креативноста, и
- ограничување на интервенциите на владата. (ibid)

Под влијание на овие принципи постои трансформација на општествените односи, кои целосно ја вклучуваат сферата на семејството и бракот. Семејството, за да биде предмет на социо-економските односи, станува носител на вредностите на идеологијата на економскиот либерализам.

Вредностите на економскиот либерализам имаат големо влијание врз природата на семејните односи, од една страна, изразена во неповратна трансформацијата на традиционалните семејни вредности, како што се: колективизмот, престижот на родителството и семејната забава. (ibid)

Ова, од друга страна, води кон појава и развој на негативни социјални појави, изразени во девијантно однесување, маргинализација, алкохолизам, итн.

Сепак, се јавува нов систем на општествени вредности, меѓу кои се: почит за поединецот, признавање на правата на сопственост, спроведувањето на идентификација на параметрите, правото на социјална и правна заштита. (ibid)

Имплементацијата на новиот идентитет на културни параметри во просторот на современото општество предизвика процес на појава на нови форми на семејни односи.

Сепак, спроведувањето и идентификацијата на параметрите во рамките на современото семејство често се придружени со деструктивни настани како што се:

- разводот;
- уништување на семејните односи;
- конфликт на вредностите;
- духовна беда;
- девијантно однесување;
- маргинализација,
- раскинување на врската меѓу децата и родителите; и
- недостаток на семејни вредности.

Процесот на трансформација на традиционалните семејни вредности, по наше мислење, е една од фазите на модернизација на глобалниот циклус на карактеристики на современата цивилизација. (ibid)

Новото семејството, како врска помеѓу културата, цивилизацијата и општеството, нејзиниот вид, начин на живот и структурата го одредува формирањето на личноста.

Бракот и семејството имаат социо-културни карактеристики и се основите на цивилизацијата кои го отсликуваат напредокот на културата и нејзината функција. За семејството како предмет на културниот напредок специфични се семејни вредности потребни за развој на духовната култура на земјата.

Сепак, треба да се забележи дека е потребно да се дефинираат овие форми на семејните односи што ќе значи оптимално зајакнување на двата пола, без предрасуди и угнетување и зачувување на индивидуалноста. Нивната егзистенција ќе доведе до позитивни промени во свеста и во вредносните и ставовите на луѓето во институциите брак и семејството.

# ВТОР ДЕЛ

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Предмет на нашето истражување се педагошките проблеми во современото семејство во формирањето на вредносните ориентации кај младите.

## 2. ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Цел на нашето истражување е да испитаме дали постојат разлики во вредносните ориентации на родителите и вредносните ориентации на учениците-адолесценти.

## 3. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Од предметот и целта на истражувањето произлегуваат и задачите, а тоа се:

1. Да ги испитаме ставовите на родителите и адолесцентите за тоа кои предуслови денес се најзначајни за успешен брак.

2. Да ги испитаме ставовите на учениците и родителите по однос на идеалниот број на деца во едно семејството.

3. Да ги испитаме ставовите на родителите и децата по прашањето кои се најважните приоритети во животот.

4. Да испитаме дали децата секогаш треба да ги сакаат своите родители.

5. Да се испитаат ставовите на родителите и учениците адолесценти по однос на компетенциите кои треба да се формираат кај децата во семејството.

6. Да ги испитаме мислењата на родителите и адолесцентите дали за правилен развој на децата потребно е во семејството да постојат двата родитела.

7. Да ги испитаме ставовите на учениците адолсценти и нивните родители по прашањето за одговорноста на родителите кон нивните деца.

8. Да ги испитаме ставовите на учениците и родителите за значајноста на семејството во животот на учениците адолесценти и нивните родители.

9. Да ги испитаме ставовите на адолесцентите и нивните родители за значајноста на пријателите во животот.

10. Да ги испитаме мислењата на родителите и нивните деца за значајноста на слободното време во животот.

11. Да ги испитаме ставовите на родителите и адолесцентите ученици за значајноста на религијата во животот.

12. Да ги испитаме ставовите на родителите и учениците за смислата и целта на животот.

13. Да ги испитаме родителите и адолесцентите за тоа кои се нивните личносни вредности.

14. Да ги испитаме ставовите на родителите и адолесцентите за тоа кои се нивните водечки вредности во животот.

15. Да ги испитаме ставовите на родителите и адолесцентите за вредностите кои се однесуваат на однесувањето на луѓето.

16. Да го испитаме односот кон луѓето од некои други групи на родителите и адолесцентите.

17. Да ги испитаме ставовите на родителите и учениците кон некои неморални работи во животот.

## 4. ХИПОТЕЗИ

### 4.1. Главна хипотеза

Постојат разлики во вредносните ориентации на родителите и вредносните ориентации на учениците- адолесценти.

**4.2.Помошни хипотези**

1. Постојат разлики во мислењата на родителите и учениците за бракот.

2. Постојат разлики во мислењата на родителите и адолесцентите за значајноста на поедините предуслови за успешен брак.

3. Постојат разлики во мислењата на родителите и адолесцентите за идеалниот број на деца во едно семејство.

4. Постојат разлики во мислењата на родителите и адолесцентите за компетенциите кои кај децата треба да се формираат во семејството.

5. Постојат разлики во мислењата на родителите и учениците за потребата од двата родитела во семејството како услов за правилен и среќен развој на децата.

6. Постојат разлики во мислењата на родителите и адолесцентите за тоа дека децата треба секогаш да ги сакаат и почитуваат родителите.

7. Постојат разлики во мислењата на родителите и учениците по однос на крајно либералниот став на родителите кон децата.

8. Постојат разлики во мислењата на родителите и учениците за оправданоста од вработување на жената надвор од домот.

9. Постојат разлики во мислењата на родителите и адолесцентите за нивните заеднички ставови.

10. Постојат разлики во значењето кое учениците и родителите им го придаваат на некои вредности во нивниот живот.

11. Постои разлика во односот на учениците и родителите кон прашањата за смислата и целта на животот.

12. Постои разлика во целните вредности кај учениците адолесценти и кај родителите.

13. Постои разлика во односот на учениците и родителите кон луѓето кои се разликуваат од нив.

14. Постојат разлики во мислењата на родителите и адолесцентите за нивниот однос кон работата.

15. Постојат разлики во мислењата на родителите и адолесцентите за приоритетите на земјата.

16. Постојат разлики во патриотските чувства помеѓу родителите и учениците адолесценти.

17. Постојат разлики во мислењата на родителите и учениците за значењето на науката, техниката и технологијата за развојот на човекот.

18. Постојат разлики во интересот и ставовите на родителите и учениците за политиката и демократијата.

19. Постојат разлики во мислењата на родителите и учениците за улогата на животната средина во животот на човекот.

20. Постојат разлики во мислењата на родителите и учениците за улогата на религијата во нивниот живот.

21. Постојат разлики во мислењата на родителите и учениците за некои етички постапки.

## 5. ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Независни варијабли во ова истражување се:

- пол;
- возраст (родители и адолесценти),
- карактеристики на семејството.

Зависни варијабли:

- Ставови и мислења на родителите;
- Ставови и мислења на адолесценитие;
- Вредносни ориентации.

# 6. КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Проблемот кој е предмет на нашето истрашвање е доста актуелен, но малку истражуван во нашата педагошка теорија.

Така како што е поставен, предметот на истражувањето е единствен и комплексен. Неговото значење и оправданост произлегуваат од сознанијата на бројни теориски поставки и странски истражувања кои укажуваат на тоа дека семејството има значаајна улога во формирањето на вредносните ориентации кај адолесцентите, но и сознанијата и истражувањата дека современото време донесе значајни промени во вредностите на младите.

Во оваа смисла нашето истражување во фокусот ги има прашањата дали и колку современото семејство, поточно, родителите со своите вредносни ориентации делуваат на формирањето на вредностите и вредносните ориентации кај нивните деца.

Истражувањето го вршевме на популација на средните училишта во Република Македонија. При тоа, во примерокот на истражувањето вклучивме четири средни училишта, по случаен избор, од западниот регион на Републиката.

Примерокот на истражување, според предметот и целта која ја поставивме го сочинуваат учениците од четвртите класови на избраните училишта и нивните родители.

На овој начин добивме можност за споредба на одговорите кои ги добивме од учениците од четвртите класови на средните училишта со одговорите кои ги добивме од нивните родители.

Истражувањето има теориско квантитативен каракер.

Поаѓајќи од теоретските сознанија според кои вредностите на родителите најчесто се интериоризираат кај нивните деца и млади, но и од сознанието дека денешното време на промени донесе и драстични промени во вредностите на луѓето, во нашето истражување најпрво сакавме да испитаме дали во вредносните ориентации на родителите и вредносните ориентаци на нивните деца, односно учениците адолесценти, постојат разлики.

Она што го истражувавме го поделивме на неколку групи и тоа:

- Семејството и бракот;
- Вредностите во животот на учениците и родителите;

- Луѓе кои се разликуваат од испитаната популација;
- Работа;
- Судбина;
- Приоритети на земјата;
- Наука, техника и технологија;
- Политика;
- Демократија;
- Животна средина;
- Религија;
- Етички постапки.

Пресметавме дали постои статистички значајна разлика во вредносните ориентации на родителите и вредносните ориентации на учениците.

Оправданост за ваквиот пристап наоѓаме во современата ситуација на промена на нашето општеството на: општествен, политички, културен, вредносен и друг план.

Нашите претпоставки се дека, во поголемиот дел на современите вредносни ориентации, постои разлика во вредносните ориентации на адолесцентите по однос на оние на нивните родители, заради фактот што родителите растеле и се развивале во друго време, со друг важечки систем на вредности од она на нивните деца.

# 7. ПРИМЕРОК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Примерокот на истражувањето го одбравме од популацијата средни училишта од неколку поголеми градови и општини во Република Македонија.

Основната структура на примерокот на средни училишта и бројот на анкетирани испитаници може да се види во Табела 1.

**Табела 1. Основна структура на примерокот на средни училишта и бројот на анкетирани испитаници**

| Средни училишта | | | Број на анкетирани испитаници | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **бр.** | **Име на средното училиште** | **Град / Општина** | **Ученици** | **Родители** | **Вкупно** |
| 1 | ОСТУ „Наце Буѓони" | Куманово | 48 | 48 | 96 |
| 2 | СОУ "Перо Наков" | Куманово | 50 | 50 | 100 |
| 3 | СОУГ „Гоце Делчев" | Куманово | 33 | 33 | 66 |
| 4 | СОУГ „Сами Фрашери" | Куманово | 9 | 9 | 18 |
| 5 | СОУ „Исмет Јашари" | Липково | 18 | 18 | 36 |
| 6 | СОУГ „Кирил Пејчиновиќ" | Тетово | 49 | 49 | 98 |
| 7 | СОСУ „Моша Пијаде" | Тетово | 68 | 68 | 136 |
| 8 | СОТУ „Гоце Стојчевски" | Тетово | 25 | 25 | 50 |
| 9 | СОМУ „Никола Штејн" | Тетово | 42 | 42 | 84 |
| 10 | СОЕУ „8 Септември" | Тетово | 35 | 35 | 70 |
| 11 | СУГС „Марија Кири Склодовска" | Скопје | 49 | 49 | 98 |
| 12 | СУГС „Цветан Димов" | Скопје | 33 | 33 | 66 |
| 13 | СЕПУГС „Арсени Јовков" | Скопје | 52 | 52 | 104 |
| 14 | СУГСГ „Зеф Љуш Марку" | Скопје | 36 | 36 | 72 |
| 15 | СОУ- Гостивар | Гостивар | 34 | 34 | 68 |
| 16 | СОЕУ - Гостивар | Гостивар | 32 | 32 | 64 |
| 17 | СОТУ- Гостивар | Гостивар | 37 | 37 | 74 |
| | | **Вкупно** | **650** | **650** | **1300** |

Примерокот го избравме фазно.

Најпрво ги определиме средните училишта од градовите на Република Македонија каде го извршивме истражувањето. Во примерокот на училишта со намерен избор вклучивме 17 средни училишта од градовите: Скопје, Куманово (заедно со општина Липково), Тетово и Гостивар.

Во втората фаза ги избравме класовите од средните училиштата. Ги земавме класовите од четврта година од сите избрани училишта односно во примерокот влегоа учениците од овие класови и родителите на тие ученици. Вкупниот број на анкетирани ученици изнесуваше 650, колку што изнесуваше и вкупниот број на родители. Значи вкупниот број на сите анкетирани испитаници беше 1300.

Важно е да напоменеме дека во примерокот влегоа само оние ученици за кои имавме пополнети прашалници, барем од еден од нивните родители. На тој начин сакавме да имаме еднаков број на испитаници од групата на ученици и групата на родители и тоа за секое училиште од примерокот. Ова го направивме поради карактерот и целта на нашето истражување, односно поради тоа што сакавме да испитаме дали постојат разлики во вредносните ориентации на родителите и вредносните ориентации на нивните деца: учениците- адолесценти.

## 8. МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Предметот на истражувањето има карактер на емпириско истражување од аналитичко-дескриптивен карактер. Во истражувањето се применети техниките: анкетирање, рангирање и анализа на содржина.

Адолесцентите од четвртите класови на средните училишта и нивните родители ги анкетиравме со скратена верзија на еден „Светски прашалник за вредности" кој беше применуван во повеќе земји во светот. За наши потреби овој прашалник го модифициравме да одговара на нашиот предмет, цел и карактер на истражување.

Прашањата во анкетниот лист ги поделивме во неколку групи.

Со првата група на прашања сакавме да добиеме податоци за семејството и бракот од родителите и учениците и да утврдиме дали постои разлика помеѓу нив.

Втората група на прашања ја насочивме кон добивање на сознанија за сличнстите и разликите во личносните вредности кај родителите и учениците;

Третата група на прашања имаше за цел да ни открие дали постои разлика во водечките вредности кај родителите и учениците адолесценти;

Четвртата група на прашања значеше проверка на сличностите и разликите во вредностите на однесување кај учениците и родителите;

Покрај овие групи на прашања поставивме и прашања кои се однесуваат на: работата, религијата, политиката, науката, техниката и технологијата, демократијата, животната средина, некои етички постапки од животот и сл.

Наведените групи на прашања и поединечни прашања не се избрани случајно, туку, тие директно одговараат на предметот, целта и задачите на нашето истражување и се насочени кон добивање на одговори кои помогнаа во докажувањето или отфрлањето на претходно поставените хипотези.

## 9. СТАТИСТИЧКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ

Статистичката обработка на податоците е квантитативна и квалитативна, имаме табеларно и графичко претставување на податоците, пресметување на фреквенција, процент, просек, мод, медијана и рангирање на податоците.

Во функција на дескрипција на поедините варијабли пресметавме аритметичка вредност и одредивме ранг. За утврдување на степенот на поврзаност меѓу варијаблите го користевме коефициентот на контингенција.

Заради тестирање на хипотезите по однос на степенот на значајноста на разликите пресметувавме хи-квадрат тест.

# ТРЕТ ДЕЛ

# АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ДОБИЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Вредностите кај родителите и младите во семејството, според согледувањата на бројни автори кои се бавеле и се бават со овој проблем последователно се пренесуваат од родителите на децата и младите.

Меѓутоа, таква ситуација среќаваме во временски услови кога семејствата не се менуваат или релативно малку се менуваат.

Денешното семејство живее и се развива во многу земји во транзиција, меѓу кои и нашата, во услови на нагли економски, политички, културни, па и вредносни промени. Оттука, значајно е да се увиди дали во новонастанатите услови вредностите на родителите се пренесуваат на децата и младите или меѓу нив постојат разлики. Во оваа смисла ние направивме едно истражување со кое сакавме да го согледаме овој проблем.

Во истражувањето искористивме еден „Светски прашалник за вредностите“. Бидејќи овој прашалник беше прилично долг, направивме обид да исфрлиме некои прашања за кои ни се чинеше дека немаат некое поголемо значење за нашето истражување, со цел прашалникот да го сведиме во разумни рамки.

Прашањата во прашалникот опфаќаат повеќе групи (семејство и брак, цели, работа, политика, религија, некои прашања за етичкото однесување на луѓето и сл.)

# 1. МИСЛЕЊА НА УЧЕНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ ЗА СЕМЕЈСТВОТО И БРАКОТ

## 1.1. Дали бракот е застарена институција

Најпрво на учениците адолесценти и на нивните родители им го понудивме тврдењето дека бракот е застарена институција со цел да востановиме колку и едните и другите, се согласуваат или не се согласуваат со овој став.

**Табела 2. Ставови на учениците и нивните родители по однос на тврдењето дека бракот е застарена институција**

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Се согласувам | 135 | 20,10 | 99 | 15,20 | 234 | 18,00 |
| Не се согласувам | 515 | 79,90 | 551 | 84,80 | 1066 | 82.00 |
| Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | $\chi2=6,75$ | Yates=6,38 | df=1 | P<0,01 | C=0,07 |

Од Табела 2 можеме да видиме дека поголем процент на ученици адолесценти (79,90 %) не се согласуваат со тврдењето дека бракот е застарена институција, а 20,10% од адолесцентите се согласуваат. Слична е ситуацијата и со родителите. Имено, 84,80% од родителите се согласуваат со понуденото тврдење, а 15,20% не се согласуваат.

Пресметаниот Хи-квадрат со вредност 6,75 за степен на слобода 1 укажува дека постојат статистички значајни разлики во мислењата на учениците и нивните родители по однос на ова прашање. Исто така пресметавме и Јатесов хи-квадрат (Yates=6,38) , односно ја применивме Јатесовата корекција за континуитет бидејќи постои само еден степен на слобода. Коефициентот на контигенција (C=0,07) укажува на многу мала поврзаност помеѓу варијаблите.

Врз основа на резултатите кои ги добивме можеме да заклучиме дека се потврдува хипотезата дека:

**Постојат разлики во мислењата на родителите и учениците за бракот.**

### 1.2. Предуслови за успешен брак

На учениците адолесценти и на нивните родители им понудивме листа на она што некои луѓе сметаат дека е предуслов за успешен брак. Од испитаниците побаравме за секој од овие предуслови за успешен брак да одговорат дали е многу важен, прилично важен или не е многу важен.

Во Табела 3 можеме да ги видиме одговорите на учениците адолесценти по однос на ова прашање.

Табела 3. Значајноста на некои предуслови за успешен брак според учениците адолесценти

| | Одговори на учениците адолесценти | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Предуслови за успешен брак | Многу важно | | Прилично важно | | Не е многу важно | | Вкупно | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| Верност | 568 | 87,38 | 60 | 9,23 | 22 | 3,38 | 650 | 100 |
| Доволен приход | 164 | 25,23 | 353 | 54,31 | 133 | 20,46 | 650 | 100 |
| Исто социјално потекло | 118 | 18,15 | 162 | 24,92 | 370 | 56,92 | 650 | 100 |
| Меѓусебно почитување | 590 | 90,77 | 50 | 7,69 | 10 | 1,54 | 650 | 100 |
| Исти религиозни убедувања | 282 | 43,38 | 230 | 35,38 | 138 | 21,23 | 650 | 100 |
| Добар дом | 384 | 59,08 | 182 | 28,00 | 84 | 12,92 | 650 | 100 |
| Договор околу политичките убедувања | 70 | 10,77 | 69 | 10,62 | 511 | 78,62 | 650 | 100 |
| Меѓусебно разбирање и толеранција | 561 | 86,31 | 83 | 12,77 | 6 | 0,92 | 650 | 100 |
| Среќна сексуална врска | 360 | 55,38 | 269 | 41,38 | 21 | 3,23 | 650 | 100 |
| Споделување на задолженијата во домот | 289 | 44,46 | 251 | 38,62 | 110 | 16,92 | 650 | 100 |
| Деца | 503 | 77,38 | 117 | 18,00 | 30 | 4,62 | 650 | 100 |
| Заеднички вкусови и интереси | 163 | 25,08 | 297 | 45,69 | 190 | 29,23 | 650 | 100 |

Верноста како предуслов за успешен брак е многу значајна за учениците адолесценти, по однос на нивните одговори. Имено, најголем процент адолесценти (87,38%) одговорија дека многу важен предуслов за успешен брак е верноста. Како прилично важна верноста ја оценија само 9,23% ученици, а дека не е многу важна 3,38%.

Доволниот приход како многу важен предуслов за брак го оценија 25,23% ученици. Како прилично важен предуслов за брак доволниот приход го оценија 54,30%, родители а 20,46% ученици овој предуслов за брак го сметаат за не многу важен.

Како следен предуслов за брак за кој сакавме да добиеме одговор го наведовме истото социјално потекло. Овој предуслов 18,23 проценти ученици го ставија во категоријата-многу важно, 24,92% во категоријата-прилично важно, а 56,92% во категоријата-не е многу важно.

Меѓусебното почитување учениците го оценија со најголем процент (90,70%) го оценија како многу важен предуслов за успешен брак, 7,67% како прилично важен предуслов, а 1,54% како-не многу важен.

Како следна категорија за успешен брак ги назначивме истите религиозни убедувања. Околу половина ученици (43,38%) истите религиозни убедувања ги означија како многу важни за успешен брак, 35,38% како прилично важни, а 21,23% ученици сметаат дека религиозните убедувања не се многу важни за успешност на бракот.

Добриот дом 59,08% ученици го означија како многу важен предуслов за брак, 28% за прилично важен и 12,92% за не многу важен.

Најголем процент ученици политичките убдувања како предуслов за успешен брак го окарактеризираа како не многу важни, 10,77% за многу важни и 10,52% за прилично важни.

Учениците адолесценти во најголем процент (86,31%) меѓусебното разбирање и толеранција го ставија во категоријата на многу важен предуслов за успешен брак, 12,77% во категоријата-прилично важен и 0,92% во категоријата-не многу важен предуслов.

Учениците високо ја ценат среќната сексуална врска. Така половината од испитаните ученици (59,38%) сметаат дека таа е многу важна за успешен брак, а другата половина (41,38%) ја сметаат за прилично важна. Само 3,23% ученици сметаат дека оваа врска не е многу важна.

Споделувањето на задолженијата во домот за 44,48% ученици е многу важен предуслов за успешен брак, за 38,62% за прилично важен предуслов, а за 16,92% не е толку важен.

Децата во бракот се многу важен предуслов за успешен брак за 77,38 проценти од испитаните ученици, прилично важни се за 28%, а само 4,62% ученици сметаат дека децата не се многу важен предуслов за успешен брак.

Во прашалникот го ставивме и прашањето за заедничките вкусови и интереси како предуслов за успешен брак. 25,03% ученици сметаат дека ова е многу важен предуслов, околу половината од нив (45,89%) дека е прилично важен, а за 29,23% не е толку важен.

Во Табела 4 можеме да ги видиме одговорите на родителите по однос на значајноста на некои предуслови за успешен брак.

**Табела 4. Значајноста на некои предуслови за успешен брак според родителите**

| | Одговори на родителите | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Предуслови за успешен брак** | **Многу важно** | | **Прилично важно** | | **Не е многу важно** | | **Вкупно** | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| **Верност** | 470 | 72,31 | 152 | 23,38 | 28 | 4,31 | 650 | 100 |
| **Доволен приход** | 315 | 48,46 | 208 | 32,00 | 127 | 19,54 | 650 | 100 |
| **Исто социјално потекло** | 262 | 40,31 | 137 | 21,08 | 251 | 38,62 | 650 | 100 |
| **Међусебно почитување** | 538 | 82,77 | 103 | 15,85 | 9 | 1,38 | 650 | 100 |
| **Исти религиозни убедувања** | 298 | 45,85 | 219 | 33,69 | 133 | 20,46 | 650 | 100 |
| **Добар дом** | 333 | 51,23 | 277 | 42,62 | 40 | 6,15 | 650 | 100 |
| **Договор околу политичките убедувања** | 68 | 10,46 | 51 | 7,85 | 531 | 81,69 | 650 | 100 |
| **Меѓусебно разбирање и толеранција** | 553 | 85,08 | 88 | 13,54 | 9 | 1,38 | 650 | 100 |
| **Среќна сексуална врска** | 345 | 53,08 | 270 | 41,54 | 35 | 5,38 | 650 | 100 |
| **Споделување на задолженијата во домот** | 338 | 52,00 | 265 | 40,77 | 47 | 7,23 | 650 | 100 |
| **Деца** | 595 | 91,54 | 42 | 6,46 | 13 | 2,00 | 650 | 100 |
| **Заеднички вкусови и интереси** | 251 | 38,62 | 350 | 53,85 | 49 | 7,54 | 650 | 100 |

Во понатамошната анализа ќе ги наведиме мислењата на родителите за предусловите за успешен брак.

Тоа што родителите го сметаат за предуслов за успешен брак е многу значајно ако се имаат во предвид генерациските разлики со адолесцентите и времето во кое живеат.

Најголем процент (73,31%) од родителите одговорија дека многу важен предуслов за успешен брак е верноста. Како прилично важна верноста ја оценија 23,36% родители и како не многу важна ја оценија само 4,31% родители.

Доволниот приход како многу важен предуслов за успешен брак го оценија 48,46% родители. Како прилично важен предуслов за брак доволниот приход го оценија 32,%, а 19,54% родители овој предуслов за брак го сметаат за не многу важен.

Како следен предуслов за брак за кој сакавме да добиеме одговор го наведовме истото социјално потекло. Овој предуслов 40,31 проценти од родителите го ставија во категоријата мноту важно, 21,08% во категоријата прилично важно, а само 1,38% во категоријата не е многу важно.

Меѓусебното почитување родителите го оценија со најголем процент (82,77%) како многу важен предуслов за успешен брак, 15,85% како прилично важен предуслов, а само1,38% како не многу важен.

Како следна категорија која е услов за успешен брак ги назначивме истите религиозни убедувања. Околу половина родители (45,85%) истите религиозни убедувања ги означија како многу важни за успешен брак, 33,69% како прилично важни, а 20,46% родители сметаат дека религиозните убедувања не се многу важни за успешност на бракот.

Добриот дом 51,32% родители го означија како многу важен, 42,62% како прилично важен предуслов и 6,15% за не многу важен предуслов за успешен брак.

Најголем процент родители политичките убедувања како предуслов за успешен брак ги окарактеризираа како не многу важни (89,69%), за многу важни 10,46%, а за прилично важни 7,85%.

Родителите на адолесцентите во најголем процент (85,08%) меѓусебното разбирање и толеранција го ставија во категоријата многу важно, а само 15,54% во категоријата прилично важно и 1,38% во категоријата не многу важно.

Околу половината од испитаните родители (53,08%) сметаат дека среќната сексуална врска е многу важна за успешен брак, а другата половина (41,54%) ја сметаат за прилично важна. Само 5,38% родители сметаат дека оваа врска не е многу важна.

Споделувањето на задолженијата во домот родителите високо го ценат. Така, за 52% родители тоа е многу важно за успешен брак, за 48,77% е прилично важен предуслов и за 7,23% за не е толку важен предуслов за успешен брак.

Децата во бракот се многу важен предуслов за успешен брак за 91,54 проценти од испитаните родители, прилично важни се за 6,46%, а само 2% родители сметаат децата не се многу важен предуслов за успешен брак.

Во прашалникот го ставивме и прашањето за заедничките вкусови и интереси како предуслов за успешен брак. 38,62% родители сметаат дека тие се многу важни, околу поовината од нив (53,85%) дека се прилично важни, а за 7,54% не се толку важни.

Поради разликите во одговорите помеѓу учениците адолесценти и нивните родители по однос на прашањето за предусловите за успешен брак кои можевме да ги видиме од Табелите 4 и 5 решивме уште подетално да ги испитаме нивните одговори, односно за секој предуслов да испитаме колку се големи тие разлики и дали се статистички значајни.

**Табела 5. Значајноста на верноста како предуслов за успешен брак**

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Многу важно | 568 | 87,38 | 470 | 72,31 | 1038 | 79,85 |
| Прилично важно | 60 | 9,23 | 152 | 23,38 | 212 | 16,31 |
| Не е многу важно | 22 | 3,38 | 28 | 4,31 | 50 | 3,85 |
| Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | χ2=49,90 | df=2 | P<0,01 | C=0,19 |

Верноста е значаен предуслов за успешен брак и за учениците и за родителите. Така, 87,38% ученици и 72,31% родители, сметаат дека верноста е многу важна за успешен брак, за 9,23% ученици и 23,38% родители верносна е прилично важен услов за успешен брак, а само за 3,38% ученици и 4,31% родители не е толку важна.

Пресметаниот хи-квадрат тест со вредност 49,90 за степен на слобода 2, покажува дека постојат статистички значајни разлики во мислењата на родителите и на учениците за тоа колку верноста е значаен предуслов за успешен брак. Коефициентот на контингенција (C=0,19) укажува на слаба поврзаност меѓу варијаблите.

Како предуслов за успешен брак во прашалникот го ставивме и доволниот приход на сопружниците. Во Табела 6 ги наведовме одговорите на учениците и на родителите со цел да ги споредиме и да утврдиме дали постои разлика во мислењата на двете групи испитаници.

**Табела 6. Значајноста на доволниот приход како предуслов за успешен брак**

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Многу важно | 164 | 25,23 | 315 | 48,46 | 479 | 36,85 |
| Прилично важно | 353 | 54,31 | 208 | 32,00 | 561 | 43,15 |
| Не е многу важно | 133 | 20,46 | 127 | 19,54 | 260 | 20,00 |
| Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | χ2=85,22 | df=2 | P<0,01 | C=0,25 |

Резултатите покажаа дека учениците во најголем процент (54,31%) наведоа дека овој предуслов за успешен брак е „прилично важен", 25,23% ученици сметаат дека доволниот приход е „многу важен" предуслов за успешен брак, а 20,46% проценти од нив наведоа дека доволниот приход „не е многу важен" предуслов за успешен брак.

Во одговорите на родителите има разлики по однос на оние на учениците. Така, родителите во најголем процент (48,46%) оценија дека овој предуслов е „многу важен" за успешност на бракот, 32,% од оваа група на испитаници наведоа дека доволниот

приход е прилично важен предуслов за брак, а 19,54 % дека не е многу важен предуслов за успешност на бракот.

Добиената вредност на пресметаниот хи-квадрат тест (85,22) со степен на слобода 2 е поголем од граничната вредност на ниво на значајност од 0,01 и со 99% веројатност се заклучува дека постојат статистички значајни разлики во мислењата на родителите и учениците за значајноста на доволниот приход како предуслов за успешен брак. Коефициентот на контингенција кој изнесува 0,25 укажува на слаб интензитет на поврзаност помеѓу варијаблите, но статистички е значаен.

Разликите се видливи во мислењето дека доволниот приход е многу важен предуслов. Како таков го оцениле 48,46% од родителите, што се скоро дупло повеќе од таквото мислење на (25,23%) учениците. Тоа значи дека постарата генерација доволниот приход го става на прво место, односно како многу важен предуслов за успешен брак, за разлика од помладата генерација која го оценува како прилично важен, но не многу важен предуслов за успешен брак.

**Табела 7. Значајноста на истото социјално потекло како предуслов за успешен брак**

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Многу важно | 118 | 18,15 | 262 | 40,31 | 380 | 29,23 |
| Прилично важно | 162 | 24,92 | 137 | 21,08 | 299 | 23,00 |
| Не е многу важно | 370 | 56,92 | 251 | 38,62 | 621 | 47,77 |
| Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | $\chi2=79,46$ | df=2 | P<0,01 | C=0,24 |

Карактеристични се разликите во одговорите на учениците и родителите по однос на тестираниот предуслов: исто социјално потекло. Така, 40,31% родители истото соцојално потекло го оценија како многу важен предуслов за да биде успешен еден брак, додека адолесцентите во најголем процент (56,92%) овој предуслов го оценија за: не многу важен.

Пресметаната вредност на хи-квадрат тестот (79,46) покажува значајност на разликите во мислењата на учениците адолесценти и нивните родители за значајноста на истото социјално потекло како предуслов за успешен брак. С коефициентот (0,24) укажува на слаба поврзаност меѓу варијаблите.

Табела 8. Значајноста на меѓусебното почитување како предуслов за успешен брак

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Многу важно | 590 | 90,77 | 538 | 82,77 | 1128 | 86,77 |
| Прилично важно | 50 | 7,69 | 103 | 15,85 | 153 | 11,77 |
| Не е многу важно | 10 | 1,54 | 9 | 1,38 | 19 | 1,46 |
| Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | $\chi 2$=20,81 | df=2 | P<0,01 | C=0,13 |

Во теоретските поставки за тоа кои се условите за успешен брак меѓу идните сопружници се наведува и меѓусебното почитување.

Од добиените резултати од тестирањето на овој предуслов за успешен брак, можеме да согледаме дека и двете групи на испитаници оваа категорија високо ја ценат. Така, дури 99,77% ученици и 82,77% родители сметаат дека меѓусебното почитување е многу важно за успешност на бракот. Мала разлика има во одговорите прилично важно, каде учениците се изјаснија со процент од 7,69 и родителите со процент од 15,85.

Иако вредноста на Хи-квадратот (20,81) укажува на статистички значајни разлики во одговорите на учениците и родителите за значајноста на меѓусебното почитување како предуслов за успешен брак, можеме да констатираме дека тие не се суштински, со оглед на тоа што и едните и другите во најголем процент сметаат дека меѓусебното почитување е многу важен предуслов за успешен брак.

Табела 9. Значајноста на истите религиозни убедувања како предуслов за успешен брак

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Многу важно | 282 | 43,38 | 298 | 45,85 | 580 | 44,62 |
| Прилично важно | 230 | 35,38 | 219 | 33,69 | 449 | 34,54 |
| Не е многу важно | 138 | 21,23 | 133 | 20,46 | 271 | 20,85 |
| Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | | $\chi 2$=0,80 | df=2 | P>0,05 |

Иако, лаички гледано, би претпоставиле дека истите религиозни убедувања беа значајни за минатите генерации како прдуслов за успешен брак, од Табела 9 забележуваме приближно еднакви мислења по однос на оваа категорија. Така адолесцентите со 43,38% истите религиозни убедувања ги оценија како многу важни, а и родителите со приближен просек од 45,85% го дадоа одговорот-многу важни. Оценката дека истите религиозни убедувања се приблично важни ја дадоа 35,38%

ученици и 33,69% родители, а 21,23 проценти ученици и 20,45% родители одговорија дека не се многу важни.

Со пресметувањето на хи-квадрат тестот заради определување на значајноста на разликите не е утврдено дека постојат статистички значајни разлики во мислењата на родителите и учениците за тоа колку се истите религиозни убедувања значаен предуслов за успешен брак.

**Табела 10. Значајноста на добриот дом како предуслов за успешен брак**

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Многу важно | 384 | 59,08 | 333 | 51,23 | 717 | 55,15 |
| Прилично важно | 182 | 28,00 | 277 | 42,62 | 459 | 35,31 |
| Не е многу важно | 84 | 12,92 | 40 | 6,15 | 124 | 9,54 |
| Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | $\chi2=38,90$ | df=2 | P<0,01 | C=0,17 |

Предусловот добар дом, 59,08 % ученици и 51,23% родители го оценија како многу важен за успешен брак, 28% ученици и 42,62% родители го оценија како прилично важен и 12,92% ученици и 6,15 родители како не многу важен.

Врз основа на вредноста од пресметаниот хи-квадрат тест (38,90), можеме да заклучиме дека разликите во мислењата на родителите и учениците по ова прашање се статистички значајни. Коефициентот на контингенција (C=0,17) укажува на слаба поврзаност помеѓу варијаблите.

**Табела 11. Значајноста на договорот околу политичките убедувања како предуслов за успешен брак**

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Многу важно | 70 | 10,77 | 68 | 10,46 | 138 | 10,62 |
| Прилично важно | 69 | 10,62 | 51 | 7,85 | 120 | 9,23 |
| Не е многу важно | 511 | 78,62 | 531 | 81,69 | 1042 | 80,15 |
| Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | | $\chi2=3,11$ | df=2 | P>0,05 |

Договорот околу политичките убедувања како предуслов за успешен брак не покажува разлики во одговорите на учениците и на родителите. Така, 10,77% ученици и 10,46% родители одговорија дека овој предуслов за брак е многу важен, но 78,62% и 81,69% родители политичките убедувања ги оценија како не многу важни за успешност на еден брак.

Разликите во мислењата на родителите и учениците за значајноста на договорот околу политичките убедувања како предуслов за успешен брак, можеме да кажеме дека статистички не се значајни врз основа на пресметаниот Хи-квадрат (3,11).

**Табела 12. Значајноста на меѓусебното разбирање и толеранција како предуслов за успешен брак**

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| **Многу важно** | 561 | 86,31 | 553 | 85,08 | 1114 | 85,69 |
| **Прилично важно** | 83 | 12,77 | 88 | 13,54 | 171 | 13,15 |
| **Не е многу важно** | 6 | 0,92 | 9 | 1,38 | 15 | 1,15 |
| **Вкупно** | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | | $\chi2=0,80$ | df=2 | P>0,05 |

И во категоријата меѓусебно разбирање и толеранција во податоците кои ги добивме во споредбеното истражување не постојат разлики во одговорите на учениците адолесценти и нивните родители. Така, како многу важно, меѓусебното разбирање и толеранцијата го оценија 86,31% ученици и 85,08% родители. Прилично важна, оваа категорија ја оценија 12,77% ученици и 13,54% родители, а оценката не многу важно, ја дадоа само шест ученици и девет родители.

Со примената на хи-квадрат тестот не е утврдено дека постојат статистички значајни разлики во одговорите на учениците адолесценти и нивните родители по однос на значајноста на меѓусебното разбирање и толеранцијата како предуслов за успешен брак.

**Табела 13. Значајноста на среќната сексуална врска како предуслов за успешен брак**

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| **Многу важно** | 360 | 55,38 | 345 | 53,08 | 705 | 54,23 |
| **Прилично важно** | 269 | 41,38 | 270 | 41,54 | 539 | 41,46 |
| **Не е многу важно** | 21 | 3,23 | 35 | 5,38 | 56 | 4,31 |
| **Вкупно** | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | | $\chi2=3,82$ | df=2 | P>0,05 |

Слична ситуација имаме и при испитувањето на среќната сексуална врска како предуслов за успешен брак. Повеќе од половината ученици оваа категорија ја оценија како многу важна, со процент од 55,38,учениците а 53,08% од родителите, исто така, ја дадоа оценката многу важно.

Приближен процент доби оценката прилично важно (41,38% ученици и 41,54% родители).

Хи-квадрат тестот со вредност од 3,82 за степен на слобода 2, потврдува дека не постои статистички значајна разлика во мислењата на учениците и родителите за значајноста на срećната сексуална врска за успешност на бракот.

**Табела 14. Значајноста на споделувањето на задолженијата во домот како предуслов за успешен брак**

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Многу важно | 289 | 44,46 | 338 | 52,00 | 627 | 48,23 |
| Прилично важно | 251 | 38,62 | 265 | 40,77 | 516 | 39,69 |
| Не е многу важно | 110 | 16,92 | 47 | 7,23 | 157 | 12,08 |
| Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | $\chi2=29,49$ | df=2 | P<0,01 | C=0,15 |

По прашањето дали и колку споделувањето на задолженијата во домот допринесува за воспоставување на успешен брак учениците со 44,46% дадоа оценка-многу важно, а родителите оваа оценка ја дадоа со 52%. Споделувањето на задолженијата во домот 38,62% ученици го оценија со прилично важно, а 40,77% родители ја дадоа истата оценка. Оценката не е многу важно, за овој предуслов за брак, ја дадоа 16,92% адолесценти ученици и 7,23% родители.

Вредноста на пресметаниот хи-квадрат тест од 29,49 за степен на слобода 2 покажува дека постои статистички значајна разлика во мислењата на учениците и родителите за значајноста на споделувањето на задолженијата во бракот за успешен брак. Висината на C коефициентот (C=0,15) укажува на поврзаност со слаб интензитет помеѓу овие варијабли.

**Табела 15. Значајноста на децата како предуслов за успешен брак**

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Многу важно | 503 | 77,38 | 595 | 91,54 | 1098 | 84,46 |
| Прилично важно | 117 | 18,00 | 42 | 6,46 | 159 | 12,23 |
| Не е многу важно | 30 | 4,62 | 13 | 2,00 | 43 | 3,31 |
| Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | $\chi2=49,85$ | df=2 | P<0,01 | C=0,19 |

Имањето деца како предуслов за успешен брак високо го оценија и учениците и родителите. Оценката многу важно ја дадоа 77,38% ученици и 91,54% родители. Оценката дека е прилично важно, ја дадоа 18% ученици и 6,46% родители, а дека имањето на деца не е многу важен предуслов за успешен брак, сметаат 4,62% ученици и 2% родители.

Пресметаниот хи-квадрат тест со вредност 49,85 покажува дека постојат статистички значајни разлики во мислењата на родителите и учениците адолесценти по прашањето за значајноста на децата како предуслов за успешен брак. Коефициентот на контингенција (C=0,19) означува слаб интензитет на поврзаноста помеѓу варијаблите.

**Табела 16. Значајноста на заедничките вкусови и интереси како предуслов за успешен брак**

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| **Многу важно** | 163 | 25,08 | 251 | 38,62 | 414 | 31,85 |
| **Прилично важно** | 297 | 45,69 | 350 | 53,85 | 647 | 49,77 |
| **Не е многу важно** | 190 | 29,23 | 49 | 7,54 | 239 | 18,38 |
| **Вкупно** | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | $\chi2=106,23$ | df=2 | P<0,01 | C=0,27 |

Заедничките вкусови и интереси се последните предуслови кои ги ставивме во сетот на предуслови за успешен брак и за кои побаравме мислење од адолесцентите-ученици и нивните родители. Во оваа категорија се покажаа разлики во мислењата на учениците и родителите. Така, 25,08% ученици ги оценија заедничките вкусови и интереси како многу важен предуслов за успешен брак. Истата оценка ја дадоа 38,62% родители. Заедничките вкусови и интереси како прилично важен предуслов за успешен брак ги оценуваат 45,69% од учениците и 53,85% од родителите. За не многу важен предуслов за успешен брак, задничките вкусови и интереси ги сметаат 29,23% ученици и 7,54% родители.

Хи-квадратот со вредност од 106,26 за степен на слобода 2 (df=2), потврдува дека разликите во мислењата на учениците и родителите се статистички значајни разлики, односно, дека мислењата на учениците за значајноста на заедничките вкусови и интереси како предуслов за успешен брак се разликуваат од мислењата на нивните родители.

*****

Статистичките параметри во определувањето на разликите во ставовите на учениците адолесценти и нивните родители за предусловите за успешен брак покажаа дека за повеќе категории постои статистички значајна разлика во нивните мислења. Меѓутоа, за неколку категории не се покажа статистички значајна разлика.

Така на пример, статистички значајни разлики во одговорите на учениците и родителите по однос на значајноста на поедните предуслови за успешен брак, добивме за следниве предуслови:

1. верност;
2. доволен приход;
3. исто социјално потекло;
4. меѓусебно почитување;
5. добар дом;
6. споделување на задолженијата во домот;
7. деца; и
8. заеднички вкусови и интереси.

Врз основа на пресметаните хи-квадрат тестови утврдивме дека не постојат статистички значајни разлики во одговорите на учениците и родителите по однос на значајноста на поедните предуслови за успешен брак, за следниве предуслови:

1. исти религиозни убедувања;
2. договор околу политичките убедувања;
3. меѓусебно разбирање и толеранција; и
4. среќна сексуална врска.

Поточно, за осум категории утврдивме дека постојат статистички значајни разлика во одговорите на испитаниците по однос на значајноста на поедните предуслови за успешен брак, а за четири дека не постојат статистички значајни разлики во нивните одговори.

Верноста, доволниот приход, истото социјално потекло, добриот дом и имањето на деца во семејството како предуслови за успешен брак се категории кај кои постојат поголеми разлики во одговорите на адолесцентите и родителите. Наведените предуслови повеќе ги префрираат родителите. Тоа значи дека за постарата генерација поголема вредност имаат материјалните предуслови, кои обезбедуваат материјална сигурност. Во контекстот на традиционалните вредности наследени од

патријархалното семејство е и барањето брачните партнери да потекнуваат од исто социјално потекло.

Разликите како што се: споделувањето на задолженијата во домот и заедничките вкусови и интереси, со поголем процент како предуслови за успешен брак, ги избрале адолесцентите. Тоа значи дека во овие домени постои промена на вредностите кај помладата генерација. Тоа се вредности каде преовладува модернизмот во вредностите.

Разлики во одговорите на учениците и родителите по прашањето за предусловите за успешен брак не постојат во предусловите: исти религиозни убедувања, договор околу политичките убедувања, меѓусебно разбирање и толеранција и среќна сексуална врска.

По однос на предусловите: исти религиозни убедувања и политички убедувања, можеме да коментираме дека тоа се вредности на традиционалното патријархално семејство кои не се промениле и за младата генерација, што се потврдува со добиениот резултат дека и учениците и родителите ги наведуваат како преферабилни. Нашата практика на живеење, исто така, покажува дека и денес, главно, бракови се склучуваат помеѓу младите од иста религиозна конфесија. Мешани бракови по овоаа основа има малку и тие се осудувани од општеството.

Политичките убедувања не се значаен фактор за успешен брак, ниту за претходната, ниту за младата генерација.

Меѓусебното разбирање и среќната сексуална врска се предуслови за брак кои се значјни за двете испитувани групи.

Резултатите кои ги добивме со пресметувањето на хи-квадрат тестовите од одговрите на испитаниците за сите предуслови за брак кои ги испитавме, покажуваат статистички значајни разлики во одговорите на учениците и родителите за поголем број на предуслови за успешен брак. Оттука, ја потврдуваме хипотзата според која претпоставивме дека:

**Постојат разлики во мислењата на родителите и адолесцентите за значајноста на поедните предуслови за успешен брак.**

### 1.3. Идеалниот број на деца во едно семејство

Следното прашање кое им го поставивме на учениците адолесценти и нивните родители се однесуваше на нивниот став за тоа кој е идеалниот брај на деца во едно семејство.

Табела 17. Идеалниот број на деца во едно семејство

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Едно дете | 13 | 2,00 | 1 | 0,15 | 14 | 1,1 |
| Две деца | 329 | 50,62 | 237 | 36,46 | 566 | 43,5 |
| Три деца | 248 | 38,15 | 344 | 52,92 | 592 | 45,5 |
| Четири деца | 48 | 7,38 | 59 | 9,08 | 107 | 8,2 |
| Пет деца | 9 | 1,38 | 4 | 0,62 | 13 | 1,0 |
| Шест или повеќе | 3 | 0,46 | 5 | 0,77 | 8 | 0,6 |
| Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | $\chi2=44,36$ | df=5 | P<0,01 | C=0,18 |

Добиените резултати покажуваат дека учениците со процент од 50,62 сметаат дека идеален број на деца во едно семејство се две деца. 52,92% родители како идеален број на деца во семејството наведуват дека се три деца. На второ место кај учениците се одговорите кои се определуваат за три деца (38,15%), додека кај родителите втор по големина е процентот на родители кои се опреелија за две деца (36,46%).

Интересен е податокот според кој за едно дете како идеален број на деца во семејството се определуваат 13 ученици и само еден родител. За четири деца, како за идеален број на деца, се определија 7,38% адолесценти и 9,08% испитани родители.

Добиената вредност на хи-квадратот (44.36) ја преминува граничната вредност на ниво на значајност од 0,01 со df=4, така што, со 99% сигурност може да се каже дека воочените разлики во мислењата на учениците и родителите не се случајни, односно, се статистички значајни. Висината на С коефициентот (С=0,18) укажува на поврзаност со слаб интензитет помеѓу овие варијабли.

*****

Бројот на децата во семејството е доста актуелно прашање. Интересни се податоците кои ги добивме на поставеното прашање. Повеќе од половината млади сметаат дека идеален број на деца во едно семејство се две, а скоро ист процент родители се определуваат за три деца. Сосема мал е процентот на ученици и родители

кои се определуваат за четири деца. Мал е и процент од испитаниците кои се определија за повеќе од четири деца.

Резултатите не наведуваат на коментар кој води кон тоа дека адолесцентите го прифатиле долгогодишниот модел, посебно во македонските семејства да се има две деца во едно семејство. Ова „непишано правило" го напуштаат родителите кои се определуваат за три деца.

Сметаме дека таквиот став е донекаде и последица на постојаното агитирање на Владата на Рапублика Македонија и другите заинтересирани институции и асоцијации кои се залагаат за зголемување на наталитетот во Републиката заради евидентната ситуација се повеќе да се намалува бројот на населението, што секако е негативна појава.

Радува фактот што практиката да се има само едно дете во семејството се напушта, барем од нашите испитаници.

Со добиената вредност на хи-квадрат тестот (44.36) кој ја преминува граничната вредност на ниво на значајност од 0,01 со df=4, може да се каже дека воочените разлики во мислењата на учениците и родителите не се случајни, односно, се статистички значајни, со што се потврдува хипотезата дека:

**Постојат разлики во мислењата на родителите и адолесцентите за идеалниот број на деца во едно семејство.**

### 1.4. Значајноста на некои квалитети за кои децата може да се поттикнуваат да ги научат во семејството

Табелата 18 се однесува на значајноста на квалитетите за кои децата можат да се поттикнуваат да ги научат во семејството.

По однос на ова прашање учениците со најголем процент од 19,20% ги избраа решителноста и упорноста. Родителите, пак со најголем процент од 19,76% го избраа чувството на одговорност.

Табела 18. Значајноста на некои квалитети кои децата може да ги научат во семејството

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Независност | 245 | 11,67 | 183 | 8,61 | 428 | 10,13 |
| Напорна работа | 101 | 4,81 | 162 | 7,62 | 263 | 6,23 |
| Чувство на одговорност | 355 | 16,91 | 420 | 19,76 | 775 | 18,35 |
| Имагинација | 67 | 3,19 | 22 | 1,04 | 89 | 2,11 |
| Толеранција и почит за другите | 385 | 18,34 | 389 | 18,31 | 774 | 18,32 |
| Штедливост, на пари и предмети | 99 | 4,72 | 130 | 6,12 | 229 | 5,42 |
| Решителност и упорност | 403 | 19,20 | 301 | 14,16 | 704 | 16,67 |
| Религиозна верба | 55 | 2,62 | 61 | 2,87 | 116 | 2,75 |
| Несебичност, дарежливост | 274 | 13,05 | 282 | 13,27 | 556 | 13,16 |
| Послушност | 115 | 5,48 | 175 | 8,24 | 290 | 6,87 |
| Вкупно | 2099 | 100 | 2125 | 100 | 4224 | 100 |
| | | | $\chi2=83,01$ | df=9 | P<0,01 | C=0,14 |

Најниска процентуална вредност кај учениците има религиозната верба со 2,62%, а кај родителите имагинацијата со процент од 1,04%. Второто место учениците им го дадоа на квалитетот: толеранција и почит со18,34%, а третото место на чувството на одговорност (16,91%). Родителите второ место со процент од (18,31%) му дадоа на квалитетот толеранција и почит, а трето место на квалитетот: решителност и упорност, со процент (14,16%).

*****

Може да се забележи дека и учениците адолесценти и родителите високо ја ценат групата на компетенции со кои треба да се здобијат учениците во семејството: решителност и упорност и толеранција и почит кон другите луѓе.

Меѓутоа, приоритет им даваат на различни компетенции.

Хи-квадрат тестот покажа вредност од 83,01 за степен на слобода 9, со што се покажа дека постои статистички значајна разлика во ставовите на учениците и родителите по однос на компетенциите кои кај децата во семејството треба да се формираат.

Уште појасна слика за одговорите на испитнаиците по однос на прашањето за квалитетите кои децата можат да ги научат во семејството можеме да добиеме од Графикон 1.

Чувството на одговорност, толеранцијата и почитта за другите се особини на кои родителите и адолесцентите им даваат предност како значајни квалитети кои треба да се усвојат во семејството. Таквите вредности се вредности кои во литературата се ставаат во групата на вечни вредности.

**Графикон 1.**




Послушноста и независноста, исто така, се вечни вредности, меѓутоа има промени кај младите по однос на родителите, што значи дека се чувствуваат влијанија на новото време и адолесцентите помалку потклекнуваат на традиционалните особини. Денес младите, се помалку сакаат да бидат послушни без да резонираат самите за исправноста на тоа што од нив се бара. Независноста, исто така, е особина која тие ја преферираат и во таа смисла сакаат да биде во компетенциите кои децата треба да ги добиваат во семејството.

Вредноста на хи-квадрат тестот кој покажува статистички значајна разлика во компетенциите кои родителите треба да им ги формираат на децата ја потврдува хипотезата според која:

**Постојат разлики во мислењата на родителите и адолесцентите за компетенциите кои кај децата треба да се формираат во семејството.**

### 1.5. Значајноста децата да живеат со двата родитела

За да го дознаеме мислењата на учениците адолесценти и мискењата на нивните родители по однос на прашањето за значајноста децата да живеат со двата родитела, на двете групи на испитаници во истражувањето им го поставивме тврдењето дека на децата им се потребни двата родители за да пораснат среќни.

Табела 19. Детето има потреба да живее со двата родитела

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Се согласувам | 538 | 82,77 | 590 | 90,77 | 1128 | 86,77 |
| Не се согласувам | 112 | 17,23 | 60 | 9,23 | 172 | 13,23 |
| Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | $\chi2=18,12$ | Yates=17,43 | df=1 | P<0,01 | C=0,12 |

Со поставеното тврдење се согласија 82,77% од учениците и 90,77% од родителите, а не се согласија 17,23% ученици и 9,23% родители.

Пресметаниот хи-квадрат тест со вредност 18,12 покажува дека постојат статистички значајни разлики во ставовите на учениците и родителите по однос на потребата од двата родитела во семејството за правилен и среќен развој на децата.

Коефициентот на контингенција (C=0,12) го означува интензитетот на поврзаноста помеѓу варијаблите.

*****

Поголемиот дел од двете групи на испитаници се согласија со констатацијата дека за среќен и правилен развој на децата потребни се двата родители.

Меѓутоа, поголем дел од учениците адолесценти не се согласија со ова тврдење. Таквиот факт е резултат на промените во сфаќањата на младите кои, се повеќе, се определуваат да имаат деца како самохрани родители.

Имајќи ја во предвид вредноста на хи-квадрат тестот можеме да констатираме дека се потврдува претходно поставената хипотеза според која:

**Постојат разлики во мислењата на родителите и учениците за потребата од двата родитела во семејството како услов за правилен и среќен развој на децата.**

## 1.6. Дали децата безусловно треба да ги сакаат и почитуваат своите родители

За да утврдиме какви се мислењата на нашите испитаници по однос на ова прашање, односно дали децата во секој случај треба да ги сакаат и почитуваат своите родители, им ги поставивме следниве тврдења:

1. Без оглед на маните и грешките што ги прават родителите, децата мора секогаш да ги сакаа и почитуваат своите родители; и

2. Децата немаат обврска да ги сакаат и почитуваат родителите кои тоа не го заслужиле со своето однесување и своите постапки.

Одговорите на учениците адолесценти и одгоВрите на нивните родители на ова прашање можеме да ги видиме на Табела 20.

**Табела 20. Дали децата секогаш треба да ги сакаат и почитуваат своите родители**

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Без оглед на маните и грешките што ги прават родителите, децата мора секогаш да ги сакаат и почитуваат своите родители. | 432 | 66,46 | 539 | 82,92 | 971 | 74,69 |
| Децата немаат обрска да ги почитуваат и сакаат родителите кои тоа не го заслужиле со своето однесување и своите постапки. | 133 | 20,46 | 108 | 16,62 | 241 | 18,54 |
| Не знам | 85 | 13,08 | 3 | 0,46 | 88 | 6,77 |
| Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | $\chi2=90,79$ | df=2 | P<0,01 | C=0,26 |

Како што може да се види од Табела 20 дури 82,92% од родителите сметаат дека без оглед на маните и грешките што ги прават родителите, децата мора секогаш да ги сакаат и почитуваат своите родители. Со ваквото тврдење се согласиле 66,46% од

учениците. Дека децата немаат обврска да ги сакаат и почитуваат родителите кои тоа не го заслужиле со своето однесување и своите постапки одговориле 20,46% ученици и 16,62% родители. Интересно е што забележителен процент од учениците (13,08%) не одбрале ниеден од понудените ставови, односно одговориле дека не знаат дали децата треба или не треба секогаш да ги сакаат и почитуваат своите родители. Ваква неодлучност покажале само тројца родители или 0,46%.

Хи-квадрат тестот со вредност од 90,79 за степен на слобода 2, покажува дека постои статистички значајна разлика во мислењата на учениците адолесценти и нивните родители по однос на прашањето: дали децата секогаш треба да ги сакаат и почитуваат своите родители. Висината на коефициентот на контингенција (C=0,24) укажува на поврзаност со слаб интензитет помеѓу овие варијабли.

*****

На прашањето дали децата треба секогаш да ги сакаат своите родители без оглед на нивните грешки или не, родителите дадоа повисок процент на потврдни одговори, додека пак адолесцентите во нешто поголем процент од родителите го застапија тврдењето дека децата не се должни да ги сакаат и почитуваат родителите кои тоа не го заслужиле со своето однесување и своите постапки, а и доста висок процент од нив не одбрале ниту еден од понудените ставови.

И во овој случај, можеме да кажеме дека кај родителите преовладуваат традиционалните сфаќања по кои децата секогаш треба да ги почитуваат своите родители, што беше резултат на авторитативното поставување и воспитание на таткото во патријархалното семејство.

Денес младите, под дејство на демократските движења во современото семејство го менуваат и својот однос кон родителите по однос на тоа да се потчинуваат на неприкосновениот авторитет на постарите во семејството и покрај се, да ги почитуваат и сакаат.

Вредноста на хи-квадрат тестот кој го добивме не упатува на тоа да ја потврдиме хипотезата со која претпоставивме дека:

**Постојат разлики во мислењата на родителите и адолесцентите за тоа дека децата треба секогаш да ги сакаат и почитуваат родителите.**

### 1.7. Одговорноста на родителите кон децата

Со следните тврдења сакавме да ги испитаме ставовите на учениците адолесценти и нивните родители по прашањето за одговорноста на родителите за нивните деца. Во таа насока ги поставивме тврдењата:

1. Родителска должност е да прави најдобро се за своите деца, дури и на сметка на сопствената благосостојба; и
2. Родителите имаат сопствен живот и не треба да се бара да ја жртвуваат сопствената благосостојба за доброто на децата.

Табела 21. Одговорноста на родителите кон своите деца

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Родителска должност е да се прави најдобро за св оите деца дури и на сметка на сопствената благосостојба. | 520 | 80,00 | 569 | 87,54 | 1089 | 83,77 |
| Родтиелите имаат сопствен живот и не треба да се бара да ја жртвуваат сопствената благосостојба за доброто на децата. | 127 | 19,54 | 48 | 7,38 | 175 | 13,46 |
| Ни едното, ни другото | 3 | 0,46 | 33 | 5,08 | 36 | 2,77 |
| Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | $\chi2=62,87$ | df=2 | P<0,01 | C=0,21 |

Поголемиот број од учениците и родителите го избраа првото тврдење (80% ученици и 87,54% родители). Второто тврдење го избраа 19,54% ученици и 7,38% родители. Само тројца ученици одговорија дека не би го одбрале ни едното ни другото тврдење, а истиот ваков одговор го дадоа 5,08% од родителите.

Интересно е тоа што доста поголем број ученици во однос на родители, избраа дека родителите не треба да го жртвуваат својот живот за децата.

Добиената вредност на пресметаниот Хи-квадрат (62,87), со df=12, поголема е од граничната вредност на ниво на значајност од 0,01 и врз таа основа со 99% сигурност можеме да констатираме дека постојат статистички значајни разлики во мислењата на учениците и родителите по однос на одговорноста на родителите за нивните деца. За интензитетот на поврзаноста на овие две варијабли сведочи вредноста на С коефициентот (0,21), што посочува на слаба поврзаност помеѓу варијаблите.

*****

По прашањето дали родителите треба секогаш да ги задоволуваат желбите и потребите на своите деца или дека не треба да го жртвуваат сопствениот живот за децата, најголемиот број и родители и ученици го одбраа првото тврдење, кое значи дека родителите треба да го жртвуваат својот живот за да ги задоволат барањата на децата.

Второто тврдење, дека родителите не се должни да се жртвуваат за своите деца, во поголем процент го застапија учениците.

Уште еднаш се покажа поместување од традиционалното кон современото во односите на родителите и децата. Настојувањето во семејството секогаш да се задоволуваат барањата и желбите на децата е спротивност на традиционалното воспитание и однесување во семејството, кое, како што некои автори наведуваат во литературата, наликува на педоцентризам во семејниот живот и треба да го третираме како современа негативна одлика на семејството.

Вредноста на хи-квадрат тестот не наведува да ја потврдиме поставената хипотеза по која:

**Постојат разлики во мислењата на родителите и учениците по однос на крајно либералниот став на родителите кон децата.**

### 1.8. Современата состојба на жената во семејството и општеството

Мислењата на учениците и нивните родители за современата состојба на жената во семејството и општеството се обидовме да ги испитаме со сет од повеќе прашања кои се однесуваа на:

- нејзината улога како мајка и колку тоа ја исполнува;
- на тоа каков е нејзиниот однос со децата во улога на вработена жена и во улога на мајка која е домаќинка;
- дали помалите деца страдаат поради отсутвото на мајката од домот;
- дали жената повеќе ја преферира работата или домот и децата;
- дали жената треба рамноправно со мажот да придонесува во семејниот буџет;

- дали би ја оправдале нејзината одлука да биде самохран родител по сопствена желба;
- дали во случај на безработица мажот би имал предност за работа во однос на жената;
- дали ако жената заработува повеќе пари од мажот, ќе има проблеми во семејството; и
- дали нејзината вработеност е услов за нејзината независност како личност.

На Табела 22 покажани се одговорите на првото прашање кое им го поставивме на учениците и родителите за современата состојба на жената во семејството и општеството, односно прашањето, дали тие сметаат дека за да биде исполнета жената треба да има деца или тоа не е неопходно.

**Табела 22. За да биде исполента, жената треба да има деца**

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| **Треба да има деца** | 431 | 66,31 | 525 | 80,77 | 956 | 73,54 |
| **Не е неопходно** | 147 | 22,62 | 119 | 18,31 | 266 | 20,46 |
| **Не знам** | 72 | 11,08 | 6 | 0,92 | 78 | 6,00 |
| **Вкупно** | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | $\chi2=68,04$ | df=2 | P<0,01 | C=0,22 |

Тврдењето според кое жената треба да има деца за да биде исполнета го избраа 66,32% ученици, а истото тврдење го одбраа 80,77% родители. Дека тоа не е неопходно сметаат 22,62% ученици и 18,31% родители. 11,08 % ученици не се определени, наспроти 0,92% родители.

Резултатите покажуваат дека е поголем процентот на родители кои го застапуваат првото мислење. Меѓутоа, поголем е процентот на ученици кои немаат став по ова прашање, што е сосема логичен резултат.

Хи-квадрат тестот покажа вредност од 68,04 за степен на слобода 2. Ова покажува дека постои статистички значајна разлика во ставовите на учениците и на родителите, односно за неопходноста жената да има деца за да биде исполнета личност.

Второто прашање кое го третираше проблемот на современата состојба на жената во семејството и општеството, се однесуваше на вработеноста на жената која во исто време е и мајка. За да ги испитаме мислењата на испитаниците по однос на ова прашање поставивме тврдење според кое: вработената мајка може да воспостави топла и сигурна врска со своите деца исто како и мајката која не работи. На испитаниците им дадовме можност да одберат четири одговори, односно да кажат дали: целосно се согласуваат со ова тврдење, дали се соглауваат, дали не се согласуваат и дали целосно не се согласуваат.

Одговорите на учениците адолесценти и на нивните родители, односно нивното согласување или не согласување со горе наведеното тврдење може да се види во Табела 23.

**Табела 23. Вработената мајка може да воспотави топла и сигурна врска со своите деца исто како и мајката која не работи**

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Целосно се согласувам | 340 | 52,31 | 366 | 56,31 | 706 | 54,31 |
| Се согласувам | 235 | 36,15 | 221 | 34,00 | 456 | 35,08 |
| Не се согласувам | 70 | 10,77 | 61 | 9,38 | 131 | 10,08 |
| Целосно не се согласувам | 5 | 0,77 | 2 | 0,31 | 7 | 0,54 |
| **Вкупно** | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | | $\chi 2=3,29$ | df=3 | P>0,05 |

Со тврдењето според кое: вработената мајка може да воспостави топла и сигурна врска со своите деца исто како мајката која не работи, целосно се согласија 52,31% од учениците и 56,31% од родителите. Со ова тврдење се согласија 36,15% ученици и 34% родители. Не се согласија со тврдењето 10,77% од учениците и 9,38% од родителите, а целосно не се согласија со тврдењето пет ученика (0,77%) и само двајца (0,31%) од родителите.

Разликите во мислењата на родителите и учениците по однос на тврдењето дека вработената мајка може да воспостави топла и сигурна врска со своите деца исто како мајката која не работи, можеме да кажеме дека статистички не се значајни врз основа на пресметаниот Хи-квадрат (3,29) за степен на слобода 3.

Третото прашање, односно тврдење, кое им го поставивме на испитаниците, а кое го третираше проблемот на современата состојба на жената во семејството и општеството, се однесуваше на вработената мајка и нејзиниот однос кон своето мало

дете. Имено во педагошката литература, особено во предучилишната педагогија, застапено е мислењето од бројни автори, дека во првите три години од животот на детето присуството на мајката во домот е од огромно значење за неговиот правилен развој. Токму затоа, сакавме да ги испитаме мислењата на учениците и нивните родители по однос на тврдењето дека: малото дете (до 3 годишна возраст) ќе страда ако неговата мајка работи надвор од домот.

Одоговорите на испитаниците може да ги видиме во Табела 24.

**Табела 24. Малото дете (до 3 годишна возраст) ќе страда ако неговата мајка работи надвор од домот**

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| **Целосно се согласувам** | 56 | 8,62 | 130 | 20,00 | 186 | 14,31 |
| **Се согласувам** | 125 | 19,23 | 179 | 27,54 | 304 | 23,38 |
| **Не се согласувам** | 280 | 43,08 | 215 | 33,08 | 495 | 38,08 |
| **Целосно не се согласувам** | 189 | 29,08 | 126 | 19,38 | 315 | 24,23 |
| **Вкупно** | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | **$\chi$2=60,17** | **df=3** | **P<0,01** | **C=0,21** |

Со тврдењето дека детето до 3 годишна возраст ќе страда ако неговата мајка работи надвор од домот целосно се согласија 8,62% ученици и 20% од родителите. Не се согласија 43,08% ученици и 33,08% родители. Со ова тврдење целосно не се согласија 29,08% ученици и 19,38% родители.

Пресметаниот хи-квадрат тест со вредност 60,17 покажува дека постојат статистички значајни разлики во ставовите на учениците и родителите по прашањето за негативната психичка состоба на малите деца чии мајки се вработени надвор од домот. Коефициентот на контингенција (C=0,21) го означува интензитетот на поврзаноста помеѓу варијаблите.

Во сетот на прашања кои го третираа проблемот на современата состојба на жената во семејството и општеството, го вметнавме и прашањето за односот на жената кон работата, домот и децата, односно што е она што повеќе го преферира жената, според мислењата на учениците и родителите. Во таа смисла на нашите испитаници им го поставивме тврдењето дека: работата е во ред, но дом и деца е она што повеќето жени навистина го сакаат.

Одговорите на адолесцентите и нивните родители можеме да ги видиме во Табела 25.

**Табела 25. Работата е во ред, но дом и деца е она што повеќето жени го сакаат**

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Целосно се согласувам | 252 | 38,77 | 330 | 50,77 | 582 | 44,77 |
| Се согласувам | 253 | 38,92 | 184 | 28,31 | 437 | 33,62 |
| Не се согласувам | 102 | 15,69 | 106 | 16,31 | 208 | 16,00 |
| Целосно не се согласувам | 43 | 6,62 | 30 | 4,62 | 73 | 5,62 |
| Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | $\chi2=23,74$ | df=3 | P<0,01 | C=0,13 |

Со тврдењето дека: работата е во ред, но дом и деца е она што повеќето жени го сакаат, целосно се согласија 38,77% ученици и 50,77% родители. Со тврдењето се согласија 38,92% ученици и 28,31% родители, не се согласија 15,69% ученици и 16,31% родители, а целосно не се согласија 6,62% ученици и 4,62% родители.

Хи-квадратот со вредност од 23,74 за df=3 ја потврдува разликата во мислењата на учениците и родителите по однос на прашањето дали жената повеќе преферира вработеност или работа во домот и околу децата. Коефициентот на контигенција (C=0,13), укажува на интензитетот на поврзаност помеѓу споредуваните варијабли.

Во прашањата поврзани за задолженијата во семејството, го поставивме тврдењето дека мажот и жената треба заеднички да допринесуваат за семејниот буџет.

**Табела 26. Мажот и жената треба заеднички да допринесуваат во семејниот буџет**

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Целосно се согласувам | 322 | 49,54 | 342 | 52,62 | 664 | 51,08 |
| Се согласувам | 274 | 42,15 | 234 | 36,00 | 508 | 39,08 |
| Не се согласувам | 39 | 6,00 | 52 | 8,00 | 91 | 7,00 |
| Целосно не се согласувам | 15 | 2,31 | 22 | 3,38 | 37 | 2,85 |
| Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | | $\chi2=6,93$ | df=3 | P>0,05 |

Како што може да се види од Табела 26, со ова тврдење целосно се согласија 49,54% ученици и 52,62% родители. Со тврдењето се согласија 42,15% ученици и 36% родители, не се согласија 6% ученици и 8% родители, а целосно не се согласија 2,31% ученици и 3,38% родители.

Пресметаниот хи-квдрат тест е со вредност од 6,93 за степен на слобода 3 и покажува дека во овој сличај не постои статистички значајна разлика во мислењата на учениците и на родителите по однос на ова прашање.

Во современо време доста чест станува случајот жената да се појавува во улога на самохран родител, односно, самохрана мајка. Во таа смисла сакавме да ги испитаме мислењата и ставовите на учениците и родителите по однос на ова прашање, односно дали доколку жената сака да има дете како самохран родител, а не сака да има стабилна врска со маж, дали тие тоа би го одобриле или не.

Одговорите на испитаниците каде што може да се види нивното одобрување или не одобрување по однос на ова прашање може да се видат во Табела 27.

**Табела 27. Жената како самохран родител по сопствена желба**

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Го одобрувам | 196 | 30,15 | 134 | 20,62 | 330 | 25,38 |
| Не го одобрувам | 224 | 34,46 | 362 | 55,69 | 586 | 45,08 |
| Зависи | 230 | 35,38 | 154 | 23,69 | 384 | 29,54 |
| Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | $\chi2=59,19$ | df=2 | P<0,01 | C=0,21 |

На прашањето дали го одобруваат тоа жената да има дете како самохран родител без стабилна врска со маж, одобрување дадоа 30,15% ученици и 20,62% родители. Таквата ситуација не ја одобрија 34,46% ученици и 55,69% родители. Одговор зависи дадоа 35,38% ученици и 23,59% родители.

Вредноста од 59,19 на хи-квадрат тестот за степен на слобода 2, не упатува на тоа дека постои статистички значајна разлика во одговорите не учениците и родителите за тоа дали жената треба да одгледува дете како самохран родител без стабилна врска со маж.

Во прашалникот беше поставено и прашањето: дали кога тешко се наоѓа работа предност при вработувањето треба да имаат мажите.

Одговорите на ова прашање може да се видат во Табела 29.

Со горенаведеното тврдење се согласија 34,15% ученици и 46,92% родители. Не се согласија 37,23% ученици и 28,62% родители. Не завзедоа став 28,62% ученици и 24,46% родители.

Табела 28. Кога тешко се наоѓа работа, мажите треба да имаат повеќе право на работа отколку жените

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Се согласувам | 222 | 34,15 | 305 | 46,92 | 527 | 40,54 |
| Немам став | 186 | 28,62 | 159 | 24,46 | 345 | 26,54 |
| Не се согласувам | 242 | 37,23 | 186 | 28,62 | 428 | 32,92 |
| Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | $\chi2=22,51$ | df=2 | P<0,01 | C=0,13 |

Иако резултатите изгледаат слични, хи-квадрат тестот со вредност од 22,51 за степен на слобода 2, покажа дека постои статистички значајна разлика во одговорите на двете групи на испитаници. Коефициентот на контингенција (C=0,13) зборува за слаба поврозаност на варијаблите.

Во групата на прашања кои се однесуваат на положбата и односите на мажот и жената во семејството е и она кое се однесува и прашањето за тоа: дали ако жената заработува повеќе пари од нејзиниот маж, сигурно е дека ќе има проблеми во семејството.

Согласувањето или не согласувањето на учениците адолесценти и нивните родители со ова тврдење може да се види во Табела 29.

Табела 29. Ако жената заработува повеќе пари од нејзиниот маж, сигурно е дека ќе има проблеми во семејството

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Се согласувам | 67 | 10,31 | 122 | 18,77 | 189 | 14,54 |
| Немам став | 81 | 12,46 | 96 | 14,77 | 177 | 13,62 |
| Не се согласувам | 502 | 77,23 | 432 | 66,46 | 934 | 71,85 |
| Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | $\chi2=22,52$ | df=2 | P<0,01 | C=0,13 |

Поголемиот број и ученици (77,23%) и родители (66,46%) не се согласуваат со понуденото тврдење, додека 10,31% ученици и 18,77% родители се согласуваат, а 12,46% ученици и 14,77% родители немаат став по однос на тврдењето.

Хи-квадрат тестот со вредност од 22,52 за степен на слобода 2, покажува дека постои разлика во ставовите на учениците адолесценти и нивните родители по прашањето дали може да има проблеми во она семејство каде жената заработува повеќе од мажот. Коефициентот на контингенција (C=0,13) повторно покажува слаба поврзаност помеѓу варијаблите.

Во контекст на прашањата кои го третираа проблемот на современата состојба на жената во семејството и општеството е и она кое го доведува во однос, односно условеност, вработување на жената со нејзината независност како личност.

Во таа смисла на испитаниците им го поставивме тврдењето дека ако жената е вработена тоа е најдобар начин да биде независна личност.

Согласувањето и несогласувањето на нашите испитаници со ова тврдење, можеме да го видиме во Табела 30.

**Табела 30. Да е вработена, за жената е најдобар начин да биде независна личност**

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| **Се согласувам** | 472 | 72,62 | 407 | 62,62 | 879 | 67,62 |
| **Немам став** | 96 | 14,77 | 75 | 11,54 | 171 | 13,15 |
| **Не се согласувам** | 82 | 12,62 | 168 | 25,85 | 250 | 19,23 |
| **Вкупно** | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | **$\chi2=36,97$** | **df=2** | **P<0,01** | **C=0,17** |

Со ова тврдење се согласија 72,62% ученици и 62,62% родители. Не се согласија со тврдењето 12,62% ученици и 25,85% родители, а 14,77% ученици и 11,54% родители немат став по ова прашање.

Пресметаниот хи-квадрат тест покажа вредност од 36,97 за степен на слобода 2, со што се потврдува дека постои статистички значајна разлика во мислењата на учениците и родителите по прашањето дека независноста на жената е поврзана со нејзината вработеност.

*****

Во сетот од прашања во прашалникот кои се однесуваа на современата состојба на жената во семејството и општеството, се бараше од учениците адолесценти и од родителите да го оценат позитивното и негативното за децата и за семејството ако жената работи надвор од домот.

На прашањето дали вработеноста на жената го намалува квалитетот на нејзините односи со децата повеќе од половината ученици и родители одговорија дека вработеноста на жената не е причина за ослабени односи со нејзините деца.

Во новонастанатата ситуација во општеството кога жената ги ужива истите права како и мажот, па и она за нејзино вработување надвор од домот, сосема е логично поголемиот дел од испитаниците да не се согласат со тоа дека ако мајката е вработена нејзиниот однос со децата е ослабен.

Меѓутоа, процентот на испитани ученици и родители кои не се согласуваат со претходното тврдење не е мал. Таквиот податок е уште еден доказ за постоењето на елементи на традиционализмот во нашето семејство.

На тврдењето дека малото дете (до 3 годишна возраст) ќе страда ако неговата мајка работи надвор од домот поголемиот дел од испитаниците не се согласија со поставеното тврдење.

Меѓутоа, не е мал процентот и на оние кои се согласија со тоа дека за малото дете е доста лоша ситуацијата кога мајката работи надвор од домот.

Работата е во ред, но дом и деца е она што повеќето жени го сакаат е тврдење со кое сакавме да ги испитавме мислењата на родителите и учениците за она што е за жената преферабилно – домот или работата.

Поголем процент од родителите целосно се согласија со ова тврдење, а поголем процент се согласија. И во овој случај нашиот коментар е во прилог на ситуацијата дека се уште, и по ова прашање во бројни семејства преовладува традиционализмот.

Процентот на ученици кои не се согласија со ова тврдење покажува дека постојат промени во ставовите по однос на вработеноста на жената кои го означуваат доаѓањето на новото во нашето семејство.

Мажот и жената треба заеднички да придонесуваат во семејниот буџет е прашањето кое задира во материјалниот статус на семејството кој зависи од вработеноста на жената.

Поголемиот процент и родители и ученици се согласија со ова тврдење.

Овој податок ги покажува промените во мислењата на луѓето по однос на вработеноста на жената кога станува збор за фактот дека ако жената работи и таа допринесува за зголемувае на семејниот буџет.

Оправданоста на тоа жената да биде самохран родител по сопствена желба не ја одобрија поголем процент од испитаните родители.

Сосема е логично, постарата генерација да не одобрува одгледување на дете од страна на мајката, ако е тоа нејзин избор, без развод или смрт на мажот како причина за тоа.

Кога тешко се наоѓа работа, мажите треба да имаат повеќе право на работа отколку жените, е тврдењето кое е поставено во прашалникот за да се испита дали мажите треба да имаат предност во вработувањето.

Поголемиот процент од родителите се согласија со ова поставено тврдење, додека поголем процент адолесценти немаат свој став и не се согласија со таквата практика.

Овој податок одново разоткри елементи на традиционализмот во животот на семејството.

Да е вработена, за жената е најдобар начин да биде независна личност е прашање со кое сакавме да откриеме дали вработеноста на жената е во функција на нејзината независност.

Повеќе од половината ученици и родители се согласија со ова тврдење. Тоа го покажува одењето напред во мислењата на испитаниците за позитивните ефекти кои жената ги има ако е вработена надвор од домот и заедно со мажот допринесува за семејната материјална состојба. Во литературата по однос на ова прашање се истакнува и фактот дека вработеноста на жената е во функција на нејзината еманципација во домот, а со тоа и за демократизацијата на односите во семејството.

Ако жената заработува повеќе пари од нејзиниот маж, сигурно е дека ќе има проблеми во семејството е тврдење со кое не се согласија поголем процент ученици и околу половина родители.

Овој податок ја потврдува горе наведената еманципација на вработената жена во современото семејство.

Пресметаните хи-квадрат тестови за испитаните прашања кои се однесуваат на проблемот и оправданоста на вработеноста на жената надвор од домот, во најголемиот број случаи, потврдија дека постои разлика во мислењата на родителите и учениците по прашањето за оправданоста на вработеноста на жената надвор од домот.

Со тоа се потврдува поставената хипотеза дека:

**Постојат разлики во мислењата на родителите и учениците за оправданоста од вработување на жената надвор од домот.**

## 1.9. Мислења на родителите и адолесцентите за нивните заеднички ставови

Во понатамошниот дел од истражувањето сакавме да испитаме колку ставовите на родителите се слични со ставовите на учениците адолесценти, односно со ставовите на нивните деца.

За таа цел им понудивме листа од повеќе ставови и на родителите и на учениците и побаравме да ги заокружат оние ставови кои сметаат дека им се заеднички.

Табела 31. Заеднички ставови на учениците адолесценти и нивните родители

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Ставови во врска со религијата | 310 | 30,57 | 294 | 28,43 | 604 | 29,49 |
| Морални ставови | 366 | 36,09 | 385 | 37,23 | 751 | 36,67 |
| Социјални ставови | 210 | 20,71 | 245 | 23,69 | 455 | 22,22 |
| Политички ставови | 82 | 8,09 | 78 | 7,54 | 160 | 7,81 |
| Ставови во врска со сексот | 5 | 0,49 | 2 | 0,19 | 7 | 0,34 |
| Ниеден од овие ставови | 6 | 0,59 | 3 | 0,29 | 9 | 0,44 |
| Не знам | 35 | 3,45 | 27 | 2,61 | 62 | 3,03 |
| Вкупно | 1014 | 100 | 1034 | 100 | 2048 | 100 |
| | | | | $\chi2=6,75$ | df=6 | P>0,05 |

Одговорите по однос на ова прашање можат да се видат во Табела 31, а уште појасно во Графикон 2.

Учениците со процент 30,57 одговорија дека имаат заеднички ставовите со родителите во врска со религијата. Родителите ова мислење го потврдија со 28,43%.

По однос на моралните ставови одговорите на учениците дека се согласуваат со ставовите на родителите се 36,09%, а родителите се согласија со мислењата на нивните деца со 37,23%.

За социјалните ставови 20,71% ученици сметаат дека таквите ставови им се заеднички со родителите, а 23,69 проценти од родители сметаат дека оваа група на ставови им се заеднички со нивните деца.

Следната категорија која ја испитавме се политичките ставови. За нив повторно приближен е процентот на ученици и родители (ученици 8,09%, родители 7,54%) кои сметаат дека овие ставови им се исти.

Еднаквоста во врска со ставовите за сексот се исто така, проближно исти и тоа 0,49% кај учениците и 0,14% кај родителите.

Пресметаниот хи- квадрат тест покажа вредност од 6,57 за степен на слобода 6. Тоа значи дека не постои статистички значајна разлика во мислењата на учениците адолесценти и нивните родители за еднаквоста на ставовите кои ги испитавме.

**Графикон 2.**




Графиконот 1 уште посликовито го потврдува мислењето кое го наведовме дека не постои разлика во ставовите на родителите и учениците.

*****

Теоретските поставки во врска со прашањата кои се однесуваат на ставовите на родителите и адолесцентите јасно укажуваат на значењето на ставовите за однесувањето на луѓето, за нивната променливост и пренесувањето од родителите на децата.

Нашите резултати ни кажуваат дека ставовите, во наши услови, се пренесуваат од родителите на децата. Статистичките параметри укажуваат на тоа дека не постои статистички значајна разлика во ставовите на родителите и децата.

Оттука, се отфрла хипотезата со која претпоставивме дека:

**Постојат разлики во мислењата на родителите и адолесцентите за нивните заеднички ставови.**

# 2. ВРЕДНОСТИТЕ ВО ЖИВОТОТ НА УЧЕНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ

## 2.1. Значењето на некои вредности во животот на учениците и родителите

Како понатамошна обврска од испитаниците побаравме да рангираат повеќе приоритети во животот. За таа цел им понудивме листа од повеќе приоритети и од нив побаравме да одговорат кои приоритети им се: многу важни, прилично важни или не многу важни.

Најпрво ги прикажуваме одговорите кои ги дадоа учениците за значењето на некои вредности во животот на човекот. Нивните одговори се прикажани во Табела 32.

**Табела 32. Приоритети во животот на учениците**

| Приоритети во животот | Одговори на учениците | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Многу важно | | Прилично важно | | Не е многу важно | | Вкупно | |
| | F | % | f | % | f | % | f | % |
| **Семејството** | 645 | 99,23 | 4 | 0,62 | 1 | 0,15 | 650 | 100 |
| **Пријателите** | 428 | 65,85 | 220 | 33,85 | 2 | 0,31 | 650 | 100 |
| **Слободното време** | 296 | 45,54 | 229 | 35,23 | 125 | 19,23 | 650 | 100 |
| **Политиката** | 10 | 1,54 | 13 | 2,00 | 627 | 96,46 | 650 | 100 |
| **Работата** | 461 | 70,92 | 177 | 27,23 | 12 | 1,85 | 650 | 100 |
| **Религијата** | 255 | 39,23 | 237 | 36,46 | 158 | 24,31 | 650 | 100 |

Учениците семејството го сметаат за многу важен приоритет и 99,23% од нив го ставиле на првото место. Четири ученици одговориле дека семејството е прилично важно, а само за еден ученик семејството не е многу важно во неговиот живот.

Пријателите се многу важни во животот за 65,85% од учениците, за 33,85% се прилично важни, а за 0,31% не се многу важни.

Слободното време за многу важно го сметаат 45,54% од учениците, 35,23% за прилично важно, а 19,23% за не многу важно.

Можеме слободно да заклучиме дека политиката не е многу важна во животот на учениците, бидејќи дури 96,46% од нив сметаат дека е така, само 2% мислат дека е прилично важна и 1,54% дека е многу важна во нивниот живот.

Работата, за 70,92% од учениците е многу важна во нивниот животот, прилично важна е за 27,23%, а не е многу важна за 1,85 проценти од учениците.

Религијата е многу важна за 39,23% од учениците, прилично важна за 36,46%, а не е многу важна за 24,31 процент од адолесцентите.

Истите категории како приоритети на животот ги рангираа и родителите. Нивните одговори можеме да ги видиме во Табела 33.

**Табела 33. Приоритети во животот на родителите**

| Приоритети во животот | Одговори на родителите | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Многу важно | | Прилично важно | | Не е многу важно | | Вкупно | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| **Семејството** | 647 | 99,54 | 2 | 0,31 | 1 | 0,15 | 650 | 100 |
| **Пријателите** | 213 | 32,77 | 360 | 55,38 | 77 | 11,85 | 650 | 100 |
| **Слободното време** | 198 | 30,46 | 133 | 20,46 | 319 | 49,08 | 650 | 100 |
| **Политиката** | 9 | 1,38 | 165 | 25,38 | 476 | 73,23 | 650 | 100 |
| **Работата** | 454 | 69,85 | 160 | 24,62 | 36 | 5,54 | 650 | 100 |
| **Религијата** | 281 | 43,23 | 238 | 36,62 | 131 | 20,15 | 650 | 100 |

Родителите, слично како и учениците, семејството го сметаат за многу важен приоритет и 99,54% од нив го ставиле на првото место. Два родитела одговориле дека семејството е прилично важно, а само за еден родител семејството не е многу важно во неговиот живот.

Пријателите се многу важни во животот за 32,77% од родителите, за 55,38% се прилично важни, а за 11,85% не се многу важни.

Слободното време за многу важно го сметаат 30,46% од родителите, 20,46% за прилично важно, а 49,08% за не многу важно.

Политиката не е многу важна во животот на 73,23% од родителите, 25,38% мислат дека е прилично важна и 1,38% дека е многу важна во нивниот живот.

Работата, за 69,85% од родителите е многу важна во нивниот животот, прилично важна е за 24,62%, а не е многу важна за 5,54%.

Религијата е многу важна за 43,23% од родителите, прилично важна за 36,62%, а не е многу важна за 20,15 проценти.

Поради разликите во одговорите помеѓу учениците адолесценти и нивните родители по однос на прашањето за значењето на некои вредности во животот на човекот, кои можевме да ги видиме од Табела 32 и Табела 33, решивме уште подетално да ги испитаме нивните одговори, односно за секоја вредност да испитаме колку се големи тие разлики и дали се статистички значајни.

Одговорите и на учениците и родителите за значајноста на семејството во нивниот живот можеме да ги видиме во Табела 34.

**Табела 34. Значајноста на семејството во животот на учениците и нивните родители**

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Многу важно | 645 | 99,23 | 647 | 99,54 | 1292 | 99,38 |
| Прилично важно | 4 | 0,62 | 2 | 0,31 | 6 | 0,46 |
| Не е многу важно | 1 | 0,15 | 1 | 0,15 | 2 | 0,15 |
| Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | | χ2=0,67 | df=2 | P>0,05 |

Така, како многу важно во нивниот живот, семејството го одредија 99,23% ученици и 99,54% родители. Категоријата прилично важно ја избраа 0,62% ученици и 0,31% родители, а семејството не е многу важно во живот на само на еден ученик и само еден родител.

Вредноста на хи-квадрат тестот од 0,67, за степен на слобода 2, покажува дека не постои статистички значајна разлика во мислењата на учениците и нивните родители за значајноста која му ја придаваат на семејството во нивните животи.

**Табела 35. Значајноста на пријателите во животот на учениците и нивните родители**

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Многу важно | 428 | 65,85 | 213 | 32,77 | 641 | 49,31 |
| Прилично важно | 220 | 33,85 | 360 | 55,38 | 580 | 44,62 |
| Не е многу важно | 2 | 0,31 | 77 | 11,85 | 79 | 6,08 |
| Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | χ2=177,11 | df=2 | P<0,01 | C=0,35 |

Во Табела 35 може да се види дека значајноста на пријателите во нивниот живот учениците ја оценија како многу важна со 65,85%, а родителите со процент од 32,77%. Како прилично важни учениците ги оценија пријателите со процент 33,85%, а родителите со процент 55,38. Дека пријателите не се многу важни во нивниот живот, проценија 0,31% од учениците и 11,85% од родителите.

Добиената вредност на пресметаниот Хи-квадрат (177,11), за степен на слобода 2, поголема е од граничната вредност на ниво на значајност од 0,01 и врз таа основа со 99% сигурност можеме да констатираме дека постојат статистички значајни разлики во мислењата на учениците и родителите за значајноста н пријателите во нивните животи.

За интензитетот на поврзаноста на овие две варијабли сведочи вредноста на С коефициентот (0,35), што посочува на делумна поврзаност помеѓу варијаблите.

Значајноста која учениците и родителите му ја придаваат на слободното време во нивниот живот, ја прикажавме во Табела 36.

**Табела 36. Значајноста на слободното време во животот на учениците и нивните родители**

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| **Многу важно** | 296 | 45,54 | 198 | 30,46 | 494 | 38,00 |
| **Прилично важно** | 229 | 35,23 | 133 | 20,46 | 362 | 27,85 |
| **Не е многу важно** | 125 | 19,23 | 319 | 49,08 | 444 | 34,15 |
| **Вкупно** | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | **χ2=129,67** | **df=2** | **P<0,01** | **C=0,30** |

Слободното време како многу важно го проценија 45,54% ученици и 30,46% родители. Како прилично важно го оценија 35,23% ученици и 20,46% родители. Слободното време не е многу важно за 19,23% ученици и 49,08% родители.

Хи-квадрат тестот има вредност од 129,67 за степен на слобода 2 и покажува статистички значајна разлика во мислењата на учениците и родителите за значајноста која тие му ја придаваат на слободното време во нивниот живот.

Колку има значење политиката во животот на учениците и нивните родители може да се види во Табела 37.

**Табела 37. Значајноста на политиката во животот на учениците и нивните родители**

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| **Многу важно** | 10 | 1,54 | 9 | 1,38 | 19 | 1,46 |
| **Прилично важно** | 13 | 2,00 | 165 | 25,38 | 178 | 13,69 |
| **Не е многу важно** | 627 | 96,46 | 476 | 73,23 | 1103 | 84,85 |
| **Вкупно** | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | **χ2=150,52** | **df=2** | **P<0,01** | **C=0,32** |

Политиката е многу важна во животот на 1,54% ученици и 1,38% родители. Прилично важна е за 2% ученици и 25,38% родители, а не е многу важна за 96,46% ученици и 73,23% родители.

Пресметаниот хи-квадрат тест (150,52) укажува на значајноста во разликите на мислењата на учениците и родителите за значајноста на политиката во нивниот живот. Коефициентот на контингенција (C=0,32) сведочи за делумна поврзаност од среден интензитет помеѓу варијаблите.

Одговорите на учениците и родителите за значењето која тие и ја придаваат на работата во нивните животи ја прикажавме во Табела 38.

Табела 38. Значајноста на работата во животот на учениците и нивните родители

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Многу важно | 461 | 70,92 | 454 | 69,85 | 915 | 70,38 |
| Прилично важно | 168 | 25,85 | 180 | 27,69 | 348 | 26,77 |
| Не е многу важно | 21 | 3,23 | 16 | 2,46 | 37 | 2,85 |
| Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | | χ2=1,14 | df=2 | P>0,05 |

Интересен е податокот дека работата е значајна категорија која го одредува квалитетот на животот на луѓето и кај учениците и кај родителите.

Во овој контекст како многу важна учениците ја определија работата со процент од 70,92%, а родителите со процент од 69,85 ја избраа оваа оценка. Работата, како прилично важна во нивниот живот, ја оценија 25,85% ученици и 27,69% родители. Оценката дека работата не е многу важна во нивниот живот, ја дадоа 3,23% ученици и 2,46% родители.

Хи- квдрат тестот покажа вредност од 1,14 за df 2, со што се потврдува дека не постои статистички значајна разлика во мислењата на учениците и родителите за значајноста која тие и ја придаваат на работата во нивниот живот.

За да определиме дали постои разлика во мислењата на учениците и родителите за значајноста на религијата во нивните животи, ги споредивме одговорите кои учениците и родителите ги дадоа по однос на ова прашање.

Нивните одговори ги прикажавме во Табела 39.

Табела 39. Значајноста на религијата во животот на учениците и нивните родители

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Многу важно | 255 | 39,23 | 281 | 43,23 | 536 | 41,23 |
| Прилично важно | 237 | 36,46 | 238 | 36,62 | 475 | 36,54 |
| Не е многу важно | 158 | 24,31 | 131 | 20,15 | 289 | 22,23 |
| Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | | χ2=3,79 | df=2 | P>0,05 |

Така, како многу важна религијата ја оценија 39,23% ученици и 43,23% родители. Како прилично важна ја оценија 36,46% ученици и 36,62% родители, а како не многу важна 24,31% ученици и 20,15% родители.

Вредноста од пресметаниот хи-квадрат тест од 3,79 за степен на слобода 2 покажува дека не постои статистички значајна разлика во ставовите на учениците и родителите за значајноста која и ја придаваат на религијата во нивниот живот.

*****

По прашањто за приоритетите во животот на човекот, испитаниците и од групата на адолесценти и од групата на родители со висок просек како неминовен приоритет за животот го избраа семејството.

Добиените резултати потврдуваат дека семејството како приоритет во животот не го изгубило своето значење од минатото до современото време. Мислењето на Артур Милер дека луѓето каде и да се и во кое време од животот да се, себе си се потврдуваат преку семејството, се потврди и во нашето истражување.

Значајноста на семејството во животот највисоко ја оценија и учениците и родителите. Ова е прилично значаен податок. Семејството било и е највисок приоритет за животот на човекот. Тука не постои разлика кај учениците по однос на проценката која ја дадоа родителите. Семејството како вредност директно се пренесува од родителите на децата. Радува фактот што оваа вредност високо ја ценат и младите во нашата земја. Тоа повеќе заради некои истражувања во други земји во светот кои покажуваат дека младите денес не го врзуваат својот живот за семјството.

Пријателите во животот на учениците и родителите завземаат свое место како значаен приоритет. Меѓутоа, пријателите повеќе ги преферираат адолесцентите од родителите. Таквиот факт е поврзан со карактеристиките на младите луѓе кои многу повеќе се врзуваат за своите врсници. Во животот на младите врсниците, пријателите имаат едно од првите места. Тие се дружат, примаат влијанија од пријателите, го поминуваат своето слободно време со нив. За разлика од нив возрасните не склучуваат толку присни пријателства со своите врсници. Нивните интереси повеќе се врзани за членовите на семејството и роднините.

Слободното време во животот на адолесцентите и на возрасните има поинакво значење. Младите поголем дел од своето слободно време го поминуваат во забава и спорт со своите врсници.

Заради работните обврски возрасните имаат помалку слободно време и тие на слободното време и активностите на слободното време им даваат помало значење од значењето кое им го придаваат адолесцентите. За младите слободното време повеќе е време на активности и заедничка дружба со врсниците. За возрасните тоа е време на завршување на обврските во домот и време за одмор после напорните работни обврски.

Поголемиот дел од испитаниците политиката ја означија како не многу значајна во нивниот живот. Меѓутоа, еден значаен процент на родители на политиката и даваат прилично значење. Уште Старите Грци политиката ја окарактеризирале како доста значаен фактор за животот на човекот и дури човекот го означиле како „zoon politikon" (Аристотел). Возрасните се интересираат и се бават со политика. За разлика од нив политиката за младите нема поголемо значење. Тоа го покажа и нашто истражување.

Во истражувањето кое го извршивме интересен е фактот што и возрасните и младите на работата и дадоа висок процент на значајност. Ако за родителите работата е дел од животот, за младите повеќе е она што ќе дојде во иднина.

Меѓутоа, радува фактот што работата како висока вредност ја прифатиле и учениците. Всушност, учењето како доминантна активност на младите луѓе кои влегоа во примерокот на нашето истражување е во функција на она што покасно во животот ќе го работат. Со тоа го објаснуваме фактот што и учениците на работата и дадоа доста големо значење.

Значајноста на религијата во животот скоро со еднаков процент ја оценија и родителите и учениците.

Објаснување за таквата ситуација добиваме во фактот што во времето на демократските превирања во нашата земја, на голема врата влегоа религиозните вредности во животот на луѓето. Религијата стана значаен фактор, не само за животот на возрасните туку и на младите.

Такви податоци, сигурно, нема да добиевме ако истражувањето го вршевме во периодот на претходното општествено уредување. Во оваа смисла, во едно истражување насловено како „Вредностите на младата генерација на Југославија",

извршено некаде осумдесеттите години на минатиот век, младите кои беа истражувани религијата ја ставија на последно место во преферираните вредности.

По однос на испитувањето на разликите во мислењата на учениците и родителите за значењето на овие шест вредности во животот на човекот, за три вредности пресметаниот хи-квадрат тест покажа статистички значајна разлика, а за три не покажа статистички значајна разлика.

Оттука и нашата колебливост дали да ја прифатиме или да ја одбиеме поставената хипотеза дека:

**Постојат разлики во значењето кое учениците и родителите им го придаваат на некои вредности во нивниот живот.**

## 2.2. Односот на учениците и родителите кон смислата и целта на животот

Следната група на прашања за кои ги испитавме двете групи на испитаници се однесува на смислата и целта на животот.

**Табела 40. Колку често учениците адолесценти и нивните родители размислуваат за смислата и целта на животот**

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Често | 244 | 37,54 | 278 | 42,77 | 522 | 40,15 |
| Понекогаш | 306 | 47,08 | 267 | 41,08 | 573 | 44,08 |
| Ретко | 52 | 8,00 | 50 | 7,69 | 102 | 7,85 |
| Никогаш | 48 | 7,38 | 55 | 8,46 | 103 | 7,92 |
| Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | | $\chi2=5,38$ | df=3 | P>0,05 |

Прво, учениците и родителите ги прашавме колку често размислуваат за смислата и целта на животот.

Најголем процент ученици со 47,08% одговорија дека за овие прашања размислуваат понекогаш, а најголем процент (42,77%) од родителите размислуваат често за ваквите прашања. 37,54% ученици за смислата и целта на животот размилуваат често, а 41,08% родители понекогаш си ги поставуваат овие прашања. Приближни се одговорите ретко (8% ученици и 7,69% родители) и одговорите: никогаш (7,38% учениците и 8,46% родителите).

Вредноста на хи-квадрат тестот е 5,38 за степен на слобода 3 и покажува дека не постои статистички значајна разлика во одговорите на испитаниците за тоа колку често размислуваат за смислата и целта на животот.

*****

Во нашето истражување ги прашавме и учениците адолесценти и родителите дали и колку размислуваат за смислата и целта на животот.

Добиените резултати од истражувањето ни покажаа дека ова прашање е скоро еднакво поставувано и од страна на учениците и од страна на родителите.

Она што го добивме како резултат е логично, зошто размислувањето за смислата и целта на животот е исконска потреба на човекот. Без разлика на возраста и образовниот и материјалниот статус, сите луѓе си го поставуваат прашањето која е смислата и која е целта на животот.

Пресметаниот хи-квдрат тест за одговорите на учениците и родителите не покажа статистички значајна разлика.

Оттука, не се потврди поставената хипотеза со која претпоставивме дека:

**Постои разлика во односот на учениците и родителите кон прашањата за смислата и целта на животот.**

## 2.3. Целните вредности кај учениците и нивните родители

По однос на целите во животот на учениците и родителите им го поставивме тврдењето дека една од нивните главни цели е да ги направат горди своите родители.

**Табела 41. Да се направат горди сопствените родители како една од главните цели во животот**

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| **Целосно се согласувам** | 352 | 54,15 | 366 | 56,31 | 718 | 55,23 |
| **Се согласувам** | 220 | 33,85 | 198 | 30,46 | 418 | 32,15 |
| **Не се согласувам** | 52 | 8,00 | 67 | 10,31 | 119 | 9,15 |
| **Целосно не се согласувам** | 26 | 4,00 | 19 | 2,92 | 45 | 3,46 |
| **Вкупно** | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | | **$\chi2$=4,41** | **df=3** | **P>0,05** |

Со ова тврдење целосно се согласија 54,15% ученици и 56,31% родители. Се согласија 33,85% ученици и 30,46% родители. Не се согласија 8,% ученици и 10,31% родители и целосно не се согласија 4% ученици и 2,92% родители.

Вредноста на хи-квадрат тестот (4,41) покажува дека не постои статистички значајна разлика во ставовите на учениците и родителите по ова прашање.

„Сакам да бидам горд со она што сам го правам, наместо да ги следам другите", е уште едно поставено тврдење со кое сакавме да навлеземе во проблематиката на целите. Степенот на согласување или не согласување на испитаниците со понуденото тврдење можеме да го видиме во Табела 42.

**Табела 42. Сакам да бидам горд со она што сам го правам за себе, наместо да ги следам другите**

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | F | % | f | % |
| **Целосно се согласувам** | 475 | 73,08 | 453 | 69,69 | 928 | 71,38 |
| **Се согласувам** | 173 | 26,62 | 190 | 29,23 | 363 | 27,92 |
| **Не се согласувам** | 1 | 0,15 | 5 | 0,77 | 6 | 0,46 |
| **Целосно не се согласувам** | 1 | 0,15 | 2 | 0,31 | 3 | 0,23 |
| **Вкупно** | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | | **χ2=4,32** | **df=3** | **P>0,05** |

73,08% ученици и 69,69% родители целосно се согласија со тврдењето. Се согласија 26,62% ученици и 29,23% родители. Не се согласија 0,15% ученици и 0,77% родители. Целосно не се согласија 0,15% ученици и 0,31% родители.

Хи-квадрат тестот со вредност 4,32 за степен на слобода 3, покажува дека не постои статистички значајна разлика во ставовите на учениците и родителите по ова прашање.

Многу се трудам да живеам така како што очекуваат пријателите е уште едно прашање од групата за целите на животот. Одговорите се прикажани во Табела 43.

**Табела 43. Се трудам да живеам како што очекуваат пријателите**

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| **Целосно се согласувам** | 20 | 3,08 | 24 | 3,69 | 44 | 3,38 |
| **Се согласувам** | 42 | 6,46 | 55 | 8,46 | 97 | 7,46 |
| **Не се согласувам** | 324 | 49,85 | 318 | 48,92 | 642 | 49,38 |
| **Целосно не се согласувам** | 264 | 40,62 | 253 | 38,92 | 517 | 39,77 |
| **Вкупно** | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | | **χ2=2,40** | **Df=3** | **P>0,05** |

Со ова тврдење целосно се согласија 3,08% ученици и 3,69% родители. Се согласија 6,46% ученици и 8,46% родители. Најголем процент и од учениците и од родителите не се согласија со поставеното тврење (49,85% ученици и 48,92% родители). Исто така, голем е процентот од двете групи на испитаници кои целосно не се согласија со поставеното тврдење (40,62% ученици и 38,92%) родители.

Вредноста на пресметаниот хи-квадрат тест од 2,40 потврдува дека не постои статистички значајна разлика во ставовите на учениците и родителите по однос на животот кој би бил насочуван од пријателите.

Последното прашање со кое ги испитувавме целните вредности кај учениците и родителите беше насочено кон тоа да испитаме колку испитаниците самите одлучуваат за нивните цели во животот.

За таа цел им го поставивме тврдењето: „самиот одлучувам за моите цели во животот". Одговорите, односно нивното согласување или не согласување со понуденото тврдење можеме да ги видиме во Табела 44.

Табела 44. Самиот одлучувам за моите цели во животот

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | F | % | f | % |
| Целосно се согласувам | 412 | 63,38 | 374 | 57,54 | 786 | 60,46 |
| Се согласувам | 194 | 29,85 | 222 | 34,15 | 416 | 32,00 |
| Не се согласувам | 41 | 6,31 | 30 | 4,62 | 71 | 5,46 |
| Целосно не се согласувам | 3 | 0,46 | 24 | 3,69 | 27 | 2,08 |
| Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | $\chi 2=21,76$ | df=3 | P<0,01 | C=0,13 |

Со тврдењето јас самиот одлучувам за моите цели во животот – целосно се согласија 63,38% ученици и 57,54% родители, се согласија 29,85% ученици и 34,15% родители, не се согласија 6,31% ученици и 4,62% родители и целосно не се согласија 0,46% ученици 3,69% родители.

Вредноста на хи-квадрат тестот од 21,76 за степен на слобода 3 не води кон констатацијата дека постои статистички значајна разлика во одговорите на испитаниците по однос на поставеното тврдење.

*****

На двете групи на испитаници им поставивме неколку прашања кои се однесуваат на некои цели во животот и тоа:

1. Една од моите главни цели во животот е да ги направам горди моите родители;
2. Сакам да бидам горд со она што сам го правам за себе, наместо да ги следам другите;
3. Многу се трудам да живеам така како што очекуваат пријателит; и
4. Јас самиот одлучувам за моите цели во животот

Одговорите кои на овие прашања ги дадоа учениците адолесценти и родителите се прилично слични.

Статистички значајна разлика се покажа само со вредноста на хи-квадрат тестот за тоа дека самите одлучуваат за нивните цели во животот.

Во контекст на добиените одговори за целните вредности кај учениците и родителите можеме да констатираме дака целните вредности се онаа група на вредности кои се пренесуваат од родителите на децата. Во оваа група на вредности се гледа улогата на семејството во формирањето на вредностите кај младите. Како вечни и трајни вредности, оваа група на вредности доживува мали промени од генерација до генерација.

Вредностите на добиените хи-квадрат тестови ја отфрлаат поставената хипотеза со која претпоставивме дека:

**Постои разлика во целните вредности кај учениците адолесценти и кај родителите.**

## 2.4. Личносните вредности на учениците и нивните родители

На нашите испитаници, односно на учениците адолесценти и на нивните родители им дадовме листа на која опишавме некои луѓе. Ги замоливме и едните и другите, за секој опис на таа личност да наведат дали е со нив:

1) многу слична;

2) слична е;

3) донекаде е слична;

4) малку е слична; или

5) воопшто не е слична.

Со примена на мултиваријантна ранк корелација, односно, пресметување на просечна вредност, стандардна девијација и медијана, ги рангиравме одговорите на испитаниците, почнувајќи од првиот ранг (најприкладен опис на личноста), па до последниот ранг (најнеприкладен опис на личност) според одговорите на учениците и родителите.

Најпрво (во Табела 45) ги прикажуваме одговорите на учениците адолесценти, односно го прикажуваме нивното рангирање, почнувајќи од описот кој најмногу одговара на нивната личност, па до последниот опис кој најмалку одговара на нивната личност.

**Табела 45. Рангирање на учениците за описот на нивната личност**

| R | Одговори на учениците за описот на нивната личност | Mean | SD | Min. | Median | Max. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Да се смислуваат нови идеи и да се биде креативен, да се прават работите на сопствен начин. | 1,9 | 1,0 | 1 | 2,0 | 5 |
| 2 | Да се биде богат, да се имаат многу пари и скапи работи. | 2,0 | 0,8 | 1 | 2,0 | 5 |
| 3 | Да се биде многу успешен, луѓето да го признаат неговиот/нејзиниот успех. | 2,2 | 1,2 | 1 | 2,0 | 5 |
| 4 | Авантурата и превземањето ризици, да има возбудлив живот. | 2,3 | 1,2 | 1 | 2,0 | 5 |
| 5 | Да им помага на луѓето кои и се блиски, и да се грижи за нивната благосостојба. | 2,4 | 1,2 | 1 | 2,0 | 5 |
| 6 | Секогаш да се однесува правилно. | 2,5 | 1,0 | 1 | 2,0 | 5 |
| 7 | Да има многу слободно време. | 2,5 | 1,4 | 1 | 2,0 | 5 |
| 8 | Да се живее во безбедна околина, да се избегнува нешто што може да биде опасно. | 2,8 | 1,2 | 1 | 3,0 | 5 |
| 9 | Традицијата, да се следат религиозните или семејните обичаи. | 3,0 | 1,2 | 1 | 3,0 | 5 |
| 10 | Да се грижи за природата. | 4,0 | 1,0 | 1 | 4,0 | 5 |

Во Табела 46 го прикажавме рангирањето на родителите, почнувајќи од описот кој најмногу одговара на нивната личност, па до последниот опис кој најмалку одговара на нивната личност.

**Табела 46. Рангирање на родителите за описот на нивната личност**

| R | Одговори на родителите за описот на нивната личност | Mean | SD | Min. | Median | Max. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Секогаш да се однесува правилно. | 1,6 | 1,2 | 1 | 1,0 | 5 |
| 2 | Да им помага на луѓето кои и се блиски, и да се грижи за нивната благосостојба. | 1,7 | 0,7 | 1 | 2,0 | 4 |
| 3 | Традицијата, да се следат религиозните или семејните обичаи. | 1,9 | 0,9 | 1 | 2,0 | 5 |
| 4 | Да се биде богат, да се имаат многу пари и скапи работи. | 1,9 | 1,0 | 1 | 2,0 | 5 |
| 5 | Да се биде многу успешен, луѓето да го признаат неговиот/нејзиниот успех. | 2,2 | 1,2 | 1 | 2,0 | 5 |
| 6 | Да се живее во безбедна околина, да се избегнува нешто што може да биде опасно. | 2,5 | 1,2 | 1 | 2,0 | 5 |
| 7 | Да се смислуваат нови идеи и да се биде креативен, да се прават работите на сопствен начин. | 2,7 | 1,3 | 1 | 2,0 | 5 |
| 8 | Да има многу слободно време. | 3,0 | 1,2 | 1 | 3,0 | 5 |
| 9 | Авантурата и превземањето ризици, да има возбудлив живот. | 3,7 | 1,1 | 1 | 4,0 | 5 |
| 10 | Да се грижи за природата. | 3,8 | 1,1 | 1 | 4,0 | 5 |

Табелата 47 го прикажува споредбеното рангирање на одговорите на учениците и родителите за описот на нивната личност.

**Табела 47. Рангирање на учениците и родителите за описот на нивната личност**

| R | Одговори на учениците за описот на нивната личност | R | Одговори на родителите за описот на нивната личност |
|---|---|---|---|
| 1 | Да се смислуваат нови идеи и да се биде креативен, да се прават работите на сопствен начин. | 1 | Секогаш да се однесува правилно. |
| 2 | Да се биде богат, да се имаат многу пари и скапи работи. | 2 | Да им помага на луѓето кои и се блиски, и да се грижи за нивната благосостојба. |
| 3 | Да се биде многу успешен, луѓето да го признаат неговиот/нејзиниот успех. | 3 | Традицијата, да се следат религиозните или семејните обичаи. |
| 4 | Авантурата и превземањето ризици, да има возбудлив живот. | 4 | Да се биде богат, да се имаат многу пари и скапи работи. |
| 5 | Да им помага на луѓето кои и се блиски, и да се грижи за нивната благосостојба. | 5 | Да се биде многу успешен, луѓето да го признаат неговиот/нејзиниот успех. |
| 6 | Секогаш да се однесува правилно. | 6 | Да се живее во безбедна околина, да се избегнува нешто што може да биде опасно. |
| 7 | Да има многу слободно време. | 7 | Да се смислуваат нови идеи и да се биде креативен, да се прават работите на сопствен начин. |
| 8 | Да се живее во безбедна околина, да се избегнува нешто што може да биде опасно. | 8 | Да има многу слободно време. |
| 9 | Традицијата, да се следат религиозните или семејните обичаи. | 9 | Авантурата и превземањето ризици, да има возбудлив живот. |
| 10 | Да се грижи за природата. | 10 | Да се грижи за природата. |

*****

Во рангирањето на личните особини на ранговите на учениците и на родителите во Табела 47 може да се забележат значителни разлики. Така, креативноста и самостојноста во работата, учениците адолесценти ја ставаат на прво место, а кај родителите таквата  особина е на седмо место. Родителите на прво место ја ставаат особината правилно однесување која кај учениците е дури на шестото место.

На второ место ученицие ја ставаат особината да се биде богат и успешен, која кај родителите го завзема четвртото место. На второ место во рангот на родителите ја забележуваме особината да им се помага на блиските и грижата за нивната благосостојба, која кај учениците е на петто место. На трето место во рангот на учениците е посакувањето да се биде успешен и другите луѓе да ја признаваат нивната успешност. Таквата особина во рангот на родителите е на петто место. Учениците преферираат да бидат авантуристи да превземаат ризици и да живеат возбудлив живот и оваа особина ја ставаат на четврто место. Во рангот на родителите оваа особина е дури на деветото место.  Безбедноста и избегнувањето на опасностите во рангот на учениците е на осмо место, а кај родителите на шесто место. Понатамошно приближување на вредностите има кај желбата да се има слободно време кои во рангот на учениците е на шесто, а кај родителите на седмо место. Почитувањето на традицијата и почитувањето на религиозните и семејните вредности кај родителите е рангирано на третото место, а кај учениците дури на деветото место.Грижата за природата во ранговите и на учениците и на родителите е на пследното десето место.

Овој приказ покажува големи разлики во личносните вредности кај учениците адолесценти и кај нивните родители.

Оттука, можеме да констатираме дека во временски период на промена на една генерација настанале промени во личносните вредности. Промени се забележуваат во личносните вредности - однесување правилно, најмногу во почитувањето на традицијата и религиозните вредности, да им се помага на блиските, да се живее во безбедна средина и др. како вредности кои за родителите се најпреферирани.

Меѓутоа, се забележува и обратна тенденција вредностите кои се помалку преферирани кај родителите да ги завземаат првите места кај родителите. Така, за учениците најпреферирана вредност е креативноста, која кај родителите завзема

независно место. Учениците ги преферираат богатството и успешноста во работата. Овие вредности се релативно блиски со вредностите на родителите. Мали промени има во посакуваната вредност да се има слободно време, а нема промени во односот кон природата.

## 2.5. Водечки вредности или принципи во животот на учениците и нивните родители

Тргнувајќи од тоа дека за еден човек е мошне важно да има вредности и принципи кои ќе го водат во неговиот живот, решивме да испитаме кои се тие вредности и принципи кај учениците адолесценти и колку тие се разликуваат од вредностите и водечките принципи на нивните родители.

За таа цел на испитаниците им дадовме листа од 16 лични и општествени цели или вредности и побаравме да ги рангираат како водечки принципи во нивниот живот почнувајќи од најзначајната до најмалку значајната вредност.

Повторно применивме мултиваријантна ранк корелација, односно, пресметавме просечна вредност, стандардна девијација и медијана и ги рангиравме одговорите на испитаниците.

Најпрво, во Табела 48 и Табела 49 ги прикажуваме водечките вредности во животот на учениците и родителите.

**Табела 48. Рангирање на водечките вредности во животот на учениците- адолесценти**

| R | Одговори на учениците | Mean | SD | Min. | Median | Max. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Вистинска љубов | 5,1 | 3,8 | 1 | 4,0 | 15 |
| 2 | Вистинско пријателство | 5,9 | 4,7 | 1 | 5,0 | 16 |
| 3 | Хармоничен семеен живот | 6,6 | 3,3 | 1 | 6,0 | 16 |
| 4 | Себепочитување | 6,8 | 4,4 | 1 | 6,0 | 15 |
| 5 | Душевен мир | 6,9 | 5,1 | 1 | 6,0 | 16 |
| 6 | Подобрување на самиот себе | 7,2 | 4,1 | 1 | 7,0 | 16 |
| 7 | Мудрост | 7,7 | 3,9 | 1 | 7,0 | 16 |
| 8 | Возбудлив живот | 8,3 | 4,0 | 1 | 8,0 | 16 |
| 9 | Економска благосостојба | 8,5 | 3,9 | 1 | 8,0 | 16 |
| 10 | Сигурност за саканите лица | 8,7 | 4,1 | 1 | 8,0 | 19 |
| 11 | Задоволство | 9,2 | 3,7 | 1 | 9,0 | 15 |
| 12 | Општествен углед | 9,7 | 4,0 | 1 | 10,0 | 16 |
| 13 | Рамноправност | 10,2 | 5,0 | 1 | 11,0 | 16 |
| 14 | Мир во светот | 11,0 | 3,8 | 2 | 12,0 | 16 |
| 15 | Социјална правда | 11,3 | 4,1 | 1 | 13,0 | 16 |
| 16 | Свет на убавина | 12,9 | 3,6 | 1 | 14,0 | 16 |

**Табела 49. Рангирање на водечките вредности во животот на родителите**

| R | Одговори на родителите | Mean | SD | Min. | Median | Max. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Хармоничен семеен живот | 3,4 | 2,6 | 1 | 3,0 | 16 |
| 2 | Вистинска љубов | 5,7 | 2,7 | 2 | 6,0 | 11 |
| 3 | Сигурност за саканите лица | 6,2 | 4,3 | 1 | 5,5 | 16 |
| 4 | Душевен мир | 6,4 | 4,2 | 1 | 5,0 | 14 |
| 5 | Економска благосостојба | 6,9 | 3,7 | 1 | 5,0 | 16 |
| 6 | Вистинско пријателство | 6,9 | 4,6 | 1 | 6,0 | 16 |
| 7 | Општествен углед | 7,8 | 4,2 | 1 | 7,0 | 15 |
| 8 | Себепочитување | 7,9 | 3,5 | 1 | 6,0 | 13 |
| 9 | Мудрост | 8,5 | 4,9 | 1 | 8,0 | 16 |
| 10 | Мир во светот | 8,8 | 3,6 | 1 | 8,0 | 15 |
| 11 | Подобрување на самиот себе | 9,2 | 4,8 | 1 | 9,0 | 16 |
| 12 | Рамноправност | 9,6 | 3,2 | 1 | 10,0 | 14 |
| 13 | Социјална правда | 11,5 | 3,4 | 4 | 11,0 | 16 |
| 14 | Возбудлив живот | 11,7 | 4,3 | 2 | 12,0 | 16 |
| 15 | Задоволство | 11,8 | 3,9 | 2 | 12,0 | 16 |
| 16 | Свет на убавина | 12,4 | 3,3 | 2 | 13,5 | 16 |

Табела 50 е споредбена табела, односно во неа ги прикажуваме водечките принципи во животот и на учениците и на родителите.

**Табела 50. Рангирање на водечките вредности во животот на учениците и родителите**

| R | Одговори на учениците | R | Одговори на родителите |
|---|---|---|---|
| 1 | Вистинска љубов | 1 | Хармоничен семеен живот |
| 2 | Вистинско пријателство | 2 | Вистинска љубов |
| 3 | Хармоничен семеен живот | 3 | Сигурност за саканите лица |
| 4 | Себепочитување | 4 | Душевен мир |
| 5 | Душевен мир | 5 | Економска благосостојба |
| 6 | Подобрување на самиот себе | 6 | Вистинско пријателство |
| 7 | Мудрост | 7 | Општествен углед |
| 8 | Возбудлив живот | 8 | Себепочитување |
| 9 | Економска благосостојба | 9 | Мудрост |
| 10 | Сигурност за саканите лица | 10 | Мир во светот |
| 11 | Задоволство | 11 | Подобрување на самиот себе |
| 12 | Општествен углед | 12 | Рамноправност |
| 13 | Рамноправност | 13 | Социјална правда |
| 14 | Мир во светот | 14 | Возбудлив живот |
| 15 | Социјална правда | 15 | Задоволство |
| 16 | Свет на убавина | 16 | Свет на убавина |

Водечките вредности во животот, исто така покажуваат помали, или поголеми поместувања од една генерација до друга. Меѓутоа, постојат врдности кои се слични за адолесцентите и нивните родители.

Така вистинската љубов во рангот на учениците е на прво место, но и во рангот на родителите го завзема високото второ место. Хармоничниот семеен живот за родителите е на прво место, но и кај учениците е рангиран на високото трето место. Душевниот мир во рангот на родителите е на четврто место, а кај учениците на петто место. Себепочитувањето младите го рангираат на четврто место, а родителите на осмо место. Сигурноста за саканите лица родителите ја рангираат на високото трето место, а учениците на десеттото место. Економската благосостојба кај родителите е на петто, а кај учениците на деветто место. Општествениот углед во рангот на родителите е на седмо место, а кај учениците е на дванаесетто место.

Кај другите водечки вредности се забележува благо приближување кај родителите и кај адолесцентите. Така, рамноправноста кај родителите е на 12-то место, а кај учениците на 13-то место. Социјалната правда е на 12-то место кај родителите и на 13-то место кај учениците. Светот на убавината и во едниот и во другиот ранг е на последното 16 место.

По однос на рангирањето на носечките вредности, учениците повисоко од своите родители ги ценат себепочитувањето и подобрувањето на самиот себе си. Исто така, младите повеќе го ценат задоволството, возбудливиот живот и мирот во светот.

Приказот на рангот на родителите и на адолесцентите покажува промени и во оваа група на вредности.

Адолесцентите на првите три места ги рангирале: љубовта, вистинското пријателство и хармоничниот семеен живот, а родителите: хармоничен семеен живот, вистинска љубов и сигурност за саканите лица. Во оваа група на вредности не се забележува голема разлика од вредностите на генерацијата родители од оние на нивните деца.

### 2.6. Најзначајни вредности на однесување на учениците и нивните родители

За уште подобро да ги запознаеме оние вредности по кои се раководат учениците-адолесценти и колку се тие слични или различни со вредностите на нивните родители, им поставивме барање, и на учениците и на родителите, да ги рангираат најзначајните начини на однесување од листата која им ја понудивме.

Во Табела 51 ги прикажавме рангираните вредности на однесување на учениците. Под број или ранг еден е најзначајниот начин на однесување на учениците адолесценти, а под број 16 најнезначајниот начин на однесување.

**Табела 51. Рангирање на најзначајните начини на однесување на учениците- адолесценти**

| R | Одговори на учениците | Mean | SD | Min. | Median | Max. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Независност | 5,9 | 4,1 | 1 | 5,0 | 16 |
| 2 | Решителност | 6,5 | 4,1 | 1 | 7,0 | 16 |
| 3 | Способност | 6,6 | 4,0 | 1 | 5,0 | 15 |
| 4 | Чесност | 7,6 | 4,2 | 1 | 7,0 | 16 |
| 5 | Самоконтрола | 7,8 | 4,5 | 1 | 8,0 | 16 |
| 6 | Совесност | 7,9 | 4,5 | 1 | 8,0 | 16 |
| 7 | Снаодливост | 8,1 | 3,8 | 1 | 7,0 | 16 |
| 8 | Учтивост | 8,1 | 3,6 | 2 | 8,0 | 16 |
| 9 | Соработка | 8,3 | 3,8 | 2 | 8,0 | 16 |
| 10 | Помагање | 8,9 | 4,7 | 1 | 10,0 | 15 |
| 11 | Великодушност | 8,9 | 4,4 | 1 | 10,0 | 16 |
| 12 | Амбициозност | 9,0 | 5,6 | 1 | 9,0 | 16 |
| 13 | Логичност | 9,2 | 4,3 | 1 | 10,0 | 16 |
| 14 | Тактичност | 10,1 | 4,6 | 1 | 12,0 | 16 |
| 15 | Чистота | 10,7 | 4,3 | 1 | 12,0 | 16 |
| 16 | Натпреварување | 12,4 | 4,4 | 2 | 15,0 | 16 |

Рангираните вредности на однесување на родителите ги прикажавме во Табела 52.

**Табела 52. Рангирање на најзначајните начини на однесување на родителите**

| R | Одговори на родителите | Mean | SD | Min. | Median | Max. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Чесност | 3,9 | 4,1 | 1 | 3,0 | 16 |
| 2 | Совесност | 5,8 | 4,4 | 1 | 4,0 | 13 |
| 3 | Самоконтрола | 6,1 | 4,7 | 1 | 5,0 | 14 |
| 4 | Независност | 7,1 | 3,8 | 1 | 6,0 | 16 |
| 5 | Способност | 7,4 | 4,4 | 1 | 6,0 | 16 |
| 6 | Снаодливост | 7,9 | 3,6 | 1 | 9,0 | 14 |
| 7 | Соработка | 8,2 | 3,6 | 1 | 10,0 | 16 |
| 8 | Решителност | 8,2 | 4,3 | 2 | 7,0 | 16 |
| 9 | Учтивост | 8,6 | 3,7 | 3 | 8,0 | 16 |
| 10 | Чистота | 8,7 | 3,7 | 1 | 10,0 | 15 |
| 11 | Помагање | 9,0 | 3,7 | 2 | 10,0 | 16 |
| 12 | Великодушност | 9,2 | 4,6 | 1 | 11,0 | 16 |
| 13 | Амбициозност | 9,7 | 4,2 | 1 | 10,0 | 16 |
| 14 | Логичност | 11,2 | 3,9 | 2 | 13,0 | 16 |
| 15 | Тактичност | 11,2 | 3,9 | 3 | 10,0 | 16 |
| 16 | Натпреварување | 13,9 | 3,1 | 2 | 15,0 | 16 |

Табела 53 ги прикажува рангираните вредности на однесување и на учениците и на родителите.

Табела 53. Рангирање на најзначајните начини на однесување на учениците и родителите

| R | Одговори на учениците | R | Одговори на родителите |
|---|---|---|---|
| 1 | Независност | 1 | Чесност |
| 2 | Решителност | 2 | Совесност |
| 3 | Способност | 3 | Самоконтрола |
| 4 | Чесност | 4 | Независност |
| 5 | Самоконтрола | 5 | Способност |
| 6 | Совесност | 6 | Снаодливост |
| 7 | Снаодливост | 7 | Соработка |
| 8 | Учтивост | 8 | Решителност |
| 9 | Соработка | 9 | Учтивост |
| 10 | Помагање | 10 | Чистота |
| 11 | Великодушност | 11 | Помагање |
| 12 | Амбициозност | 12 | Великодушност |
| 13 | Логичност | 13 | Амбициозност |
| 14 | Тактичност | 14 | Логичност |
| 15 | Чистота | 15 | Тактичност |
| 16 | Натпреварување | 16 | Натпреварување |

Резултатите кои ги добивме од рангирањето на вредностите кои се однесуваат на начините на однесување на учениците и родителите се доста интересни.

Во рангирањето на учениците, првото место го завзема независноста, која кај родителите е на четврто место. Во рангот на родителите на прво место е чесноста, а кај учениците таа е на четврто место Се забележува разлика во значајноста на вредноста совесност. Кај родителите е на второ место, а кај учениците дури на шесто место. Учениците високо ја рангираат решителноста (на второ место), за разлика од родителите кои ја ставаат дури на осмо место.

Инересно е тоа што вредностите од оваа група се блиски кај родителите и нивните деца. Така, способноста е на трето место во рангот на учениците, а на петто во рангот на родителите. Снаодливоста е на шесто место кај родителите, а на седмо кај учениците.Учтивоста родителите ја рангираат на 9-то место, а учениците на 8-мо место.

Помагањето го завзема 10-тото место кај учениците и 11-тото место кај родителите. Великодушноста учениците ја рангирале на 11-то место, а родителите на 12-то место. Амбициозноста е на дванаесето место кај учениците и на тринаесето место кај родителите. Логичноста е вредност која учениците ја ставиле на рангот на

тринаесето место, а родителите на четрнаесето. Кај учениците тактичноста е на четиринаесто место, а кај родителите на петнаесето место.Чистотата малку повеќе ја ценат родителите со десетото место на рангот, а кај учениците е на петнаесетото место. И едните и другите испитаници на натпреварувањето му го даваат последното шеснаесето место.

*****

Од ранговите на вредностите кои се однесуваат на однесувањето на човекот може да се констатира дека ова се вредности кои децата адолесценти ги прифатиле од своите родители. Таквата ситуација соодветствува на теориските поставки каде се наведува дека вредностите на децата се резултат на вредностите на родителите во семејството. Приказот кој го дадовме ја потврдува таквата поставка. Не се забележуваат вредности од оваа група кои драстично се разликуваат. Најверојатно тоа е резултат на фактот што однесувањето е она кое постојано се повторува од страна на родителите и вредностите од оваа група најчесто и најлесно се интериоризираат кај децата и младите.

## 3. ОДНОСОТ НА УЧЕНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ КОН ЛУЃЕТО КОИ СЕ РАЗЛИКУВААТ ОД НИВ

Во понатамошниот дел од истражувањето сакавме да го испитаме односот на учениците адолесценти и нивните родители кон другите луѓе, односно кон оние луѓе кои на извесен начин се разликуваат од нивната потесна социјална група. Станува збор за луѓе од различна националност, религија, луѓе кои зборуваат друг јазик или дијалект, но и луѓе кои се зависници од дрога, алкохол, заболени од сида, хомосексуалци, парови кои живеат заедно, а не се во брак и сл.

На тој начин сакавме да дојдеме до сознанија за постоењето на различни предрасуди кон различни групи на луѓе од страна на испитаниците, но во исто време сакавме да дознаеме и дали има разлики помеѓу одговорите на учениците адолесценти и нивните родители по однос на ова прашање. Значи главна цел ни беше да откриеме дали ставовите и мислењата на родителите во вид на предрасуди се пренесуваат и на нивните деца.

Првото прашање кое им го поставивме на учениците адолесценти и на нивните родители беше општо прашање за тоа дали сметаат дека на повеќето луѓе може да им се верува или дека треба да се биде многу внимателен во справувањето со луѓето.

**Табела 54. Довербата кон другите луѓе**

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| На повеќето луѓе може да им се верува | 29 | 4,46 | 30 | 4,62 | 59 | 4,54 |
| Треба да се биде многу внимателен | 621 | 95,54 | 620 | 95,38 | 1241 | 95,46 |
| Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | | $\chi2=0,02$ | df=1 | P>0,05 |

Како што може да се види од Табела 54 учениците адолесценти и нивните родители дадоа скоро идентични одговори на поставеното прашање. И едните и другите со огромен процент (учениците 95,54%, а родителите 95,38%) одговорија дека треба да се биде многу внимателен во справувањето со луѓето.

Мошне мал е процентот на испитаници од двете категории кои мислат дека на повеќето луѓе може да им се верува. Ова укажува на една голема недоверба на луѓето едни кон други во денешно време. Наше мислење е дека ваквиот однос кон другите луѓе, однос на недоверба, кој е присутен кај учениците адолесценти, е во голема мера

последица на семејното воспитание, односно на односот на родителите кон другите луѓе.

Со примената на хи-квадрат тестот не е утврдено дека постојат статистички значајни разлики во одговорите на учениците и родителите по однос на ова прашање.

Второто прашање кое им го поставивме на учениците адолесценти и нивните родители во контекстот на нивниот однос кон другите луѓе се состоеше во тоа што од нив побаравме да изберат кои групи на луѓе, од веќе понудената листа, не би сакале да им бидат соседи.

**Табела 55. Луѓе кои не би сакале да Ви бидат соседи**

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Зависници од дрога | 449 | 26,51 | 566 | 24,62 | 1015 | 25,42 |
| Луѓе од различна националност | 86 | 5,08 | 81 | 3,52 | 167 | 4,18 |
| Луѓе кои имаат сида | 374 | 22,08 | 440 | 19,14 | 814 | 20,39 |
| Хомосексуалци | 241 | 14,23 | 527 | 22,92 | 768 | 19,23 |
| Луѓе од различна религија | 45 | 2,66 | 51 | 2,22 | 96 | 2,40 |
| Тешки алкохоличари | 441 | 26,03 | 526 | 22,88 | 967 | 24,22 |
| Кои живеат заедно, а не се во брак | 32 | 1,89 | 81 | 3,52 | 113 | 2,83 |
| Кои зборуваат друг јазик или дијалект | 26 | 1,53 | 27 | 1,17 | 53 | 1,33 |
| Вкупно | 1694 | 100 | 2299 | 100 | 3993 | 100 |
| | | | $\chi^2$=62,03 | df=7 | P<0,01 | C=0,12 |

Како што може да се види од Табела 55 најголем процент на испитниците од двете категории, значи и учениците и нивните родители, за соседи не би сакале да имаат луѓе кои се зависници од дрога (26,51% од учениците и 24,62% од родителите), потоа, тешки алкохоличари (26,03% од учениците и 22,88% од родителите) и луѓе кои имаат сида (22,08% од учениците и 19,14% од родителите).

И на едните и другите, најмалку би им пречело да имаат за соседи луѓе кои зборуваат друг јазик или дијалект (1,53% од учениците и 1,17% од родителите), луѓе од различна религија (2,66% од учениците и 2,22% од родителите) и луѓе кои живеат заедно, а не се во брак. Што се однесува до оваа категорија- луѓе кои живеат заедно, а не се во брак, забележителен е нешто поголемиот процент кој го даваат родителите кои не сакаат да ги имаат ваквите луѓе за соседи (3,52%) во однос на учениците (1,89%).

И покрај, на прв поглед, мошне сличните одговори кои ги дадоа учениците адолесценти и нивните родители по однос на ова прашање, сепак пресметаниот Хи-

квадрат со вредност 62,03 за степен на слобода 7, укажува дека постојат статистички значајни разлики во одговорите на испитаниците.

Ако повнимателно се разгледа Табела 55 или уште подобро изработениот Графикон 3, може да се види дека поголема разлика во одговорите се забележува кај категоријата: хомосексуалци. Имено доста поголем процент од родителите (22,92%) се изјасниле дека овие луѓе не би сакале да им бидат соседи, од процентот на нивните деца, односно учениците адолесценти кој изнесува 14,23%. Секако тука е и разликата во одговорите по однос на луѓето кои живеат заедно, а не се во брак, која веќе ја споменавме и која исто така придонесува за поголемата вредност на Хи-квадратот кој укажува на статистички значајна разлика во одговорите на испитаниците.

Коефициентот на контингенција C=0,12 укажува на многу мал интензитет на поврзаност помеѓу варијаблите.

Графикон 3.




*****

Со помош на ова прашање сакавме да утврдиме кои категории на луѓе се отфрлени во нашето општство.

Очекуван беше податокот кој го добивме дека кај нас најнепосакувани се оние личности кои се корисници на дрога. Мислиме дека не е потребен коментар за таквата ситуација. Луѓето не сакаат да се дружат со оние што консумираат дрога, не ги

прифаќаат и ги отфрлат, иако би рекле дека тоа не е некоја заразна болест и нешто слично. Околината, очигледно, не ги прифаќа оние кои самите себе си си нанесуваат зло.

Слични се податоците кои се однесуваат на односот кон тешките алкохоличари. Алкохоличарите си нанесуваат зло на самите себе си, но многу често ги повредуваат и оние луѓе кои се во нивна близина. Алхоличарите, главно ги повредуваат своите блиски, жената, мажот и децата. Децата кои растат во средина на алхоличари имаат трајни последици на својата психа. Затоа, логичен е односот на другите кон нив. Поголема одбивност кон оваа категорија луѓе покажуваат родителите, иако и процентот на ученици не е многу помал.

Над половина од анкетираните родители покажуваат одбоен однос кон хомосексуалците. Процентот на адолесценти со таков однос кон хомоексуалците е нешто помал, но и тој не е за занемарување. И покрај постојаните кампањи од страна на ова категорија на луѓе за надминувае на хомофобијата која се покажува кон нив, податоците кои ги добивме во истражувањето покажуваат дека поголемата популација на луѓе не ги прифаќаат.

Не е мал процентот на испитаници од двете категории испитаници кои имаат одбивен однос кон болните од сида. Овој став можеби е разбирлив ако се земе во прдвид фактот дека луѓето се малку информирани и чувствуваат страв од оваа категорија на луѓе.

За нашето мултиетничко општество позитивен е податокот кој го добивме од двете групи на испитаници кон луѓето од друга националност, луѓето кои зборуваат друг јазик, луѓето од различна религија или кон оние партнери кои живеат заедно без склучен брак. Испитаниците од двете групи во многу мал процент ги одбиваат овие категории на луѓе.

Хи-квадрат тестот покажува статистички значајна разлика со што се потврдува хипотезата дека:

**Постои разлика во односот на учениците и родителите кон луѓето кои се разликуваат од нив.**

### 3.1. Мислења на учениците и родителите за етничката разновидност во земјата

Во контекстот на прашањата за односот на учениците и родителите кон луѓето кои се разликуваат од нив, го вметнавеме и прашањето за етничката разновидност во земјата.

Осврнувајќи се на прашањето за етничката разновидност се обидовме да ги дознаеме ставовите на учениците адолесценти и нивните родители по однос на тоа дали етничката разновидност го разрушува единството во земјата или го збогатува животот во неа.

За таа цел на двете групи на испитаници им понудивме еден скалер, односно, баравме на скала од 1 до 10 да го заокружат одговорот кој го изразува нивниот став, при што бројот еден го означува нивното целосно согласување со ставот дека етничката разновидност го разрушува единството во земјата, а бројот 10 го означува нивното целосно согласување со ставот дека етничката разновидност го збогатува животот во земјата.

Одговорите на испитаниците можеме да ги видиме во Табела 56.

**Табела 56. Ставови на учениците адолесценти и нивните родители за етничката разновидност во земјата**

| Со кои од следиве ставови се согласувате? | скала | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| Етничката разновидност го разрушува единството во земјата | 1 | 101 | 15,54 | 65 | 10,00 | 166 | 12,77 |
| | 2 | 58 | 8,92 | 33 | 5,08 | 91 | 7,00 |
| | 3 | 2 | 0,31 | 7 | 1,08 | 9 | 0,69 |
| | 4 | 1 | 0,15 | 2 | 0,31 | 3 | 0,23 |
| | 5 | 76 | 11,69 | 10 | 1,54 | 86 | 6,62 |
| | 6 | 2 | 0,31 | 5 | 0,77 | 7 | 0,54 |
| | 7 | 3 | 0,46 | 1 | 0,15 | 4 | 0,31 |
| | 8 | 7 | 1,08 | 2 | 0,31 | 9 | 0,69 |
| | 9 | 5 | 0,77 | 5 | 0,77 | 10 | 0,77 |
| Етничката разновидност го збогатува животот во земјата | 10 | 395 | 60,77 | 520 | 80,00 | 915 | 70,38 |
| | Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | Просек = 7,22 | | Просек = 8,47 | | | |

Најголем процент и од учениците адолесценти (60,77%) и од нивните родители (80%) на скалата го заокружиле бројот 10, што го означува нивното целосно согласување со ставот дека етичката разновидност го збогатува животот во земјата. Процентот на родителите кои се согласуваат со овој став е нешто поголем што може да

се види и од вкупниот просек по однос на ова прашање. Имено, родителите имаат просек од 8,47, а учениците 7,22 на скалата од 1 до 10. Со ставот дека етничката разновидност го разрушува животот во земјата, целосно се согласуваат 15,54% од учениците и 12,77% од родителите.

*****

Во таа смисла можеме да заклучиме дека и едните и другите испитаници, сепак, повеќе го прифаќаат ставот дека етничката разновидност го збогатува животот во земјата, иако, можеби, треба да не загрижи фактот што процентот на учениците кои се согласуваат со овој став е помал од процентот на нивните родители.

За нашата мултиетничка заедница прифатениот став и од учениците и од родителите дека етничката разновидност го збогатува животот во земјата е став кој оди во прилог на мирен соживот и разбирање меѓу различните етникуми.

Можеби, може да не загрижи податокот што овој позитивен став е во поголема мера прифатен од родителите, а еден забележителен процент на ученици не го прифаќаат.

Во оваа смисла пред семејството и училиштето се поставува барањето младите поинтензивно и по квалитетно да се воспитаат во духот на заедништвото и меѓуетничката трпеливост.

**Графикон 4.**




Етничката разновидност го разрушува единството во земјата

Етничката разновидност го збогатува животот во земјата

## 4. ОДНОСОТ НА УЧЕНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ КОН РАБОТАТА

Следното прашање кои им го поставивме на испитаниците се однесуваше на нивниот однос кон работата, односно не интересираше кои се најбитните предуслови при изборот на работата. Дали е тоа добриот приход, така што не би имале никакви грижи за пари, односно материјалната сигурност како приоритет при изборот на работата, дали е тоа безбедната работа, без ризик од затварање, добивање на отказ и невработеност, понатаму, дали приоритет би дале на работа со луѓе кои им се допаѓаат или пак на работа која им дава чувство на успех и самореализација.

Одоговорите на учениците адолесценти и нивните родители можеме да ги видиме во Табела 57.

**Табела 57. Ставови на учениците адолесценти и нивните родители за приоритетите при изборот на работата**

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Добар приход, да немате грижа за пари | 273 | 42,00 | 289 | 44,46 | 562 | 43,23 |
| Безбедна работа-без ризик од отпуштање | 140 | 21,54 | 244 | 37,54 | 384 | 29,54 |
| Работа со луѓе кои Ви се допаѓаат | 18 | 2,77 | 9 | 1,38 | 27 | 2,08 |
| Работа која Ви дава чувство на успех | 219 | 33,69 | 108 | 16,62 | 327 | 25,15 |
| Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | $\chi2=69,30$ | df=3 | P<0,01 | C=0,22 |

Како што може да се види од Табела 57 најголем процент и од учениците адолесценти (42%) и нивните родители (44,46%) при изборот на работа како најбитен критериум или предуслов би го одбрале добриот приход, така што не би имале грижа за пари, значи ја избираат материјалната сигурност, пред се друго.

Вториот избор е она по што повидливо се разлкуваат нивните одговори. Учениците на второ место, изразено процентуално, (33,69%) би ја избрале онаа работа која им дава чувство на успех и самореализација, а родителите на второ место (37,54%) ја ставаат безбедната работа, односно работа каде што нема ризик од затварање и отпуштање.

Најмал процент и кај едните и кај другите испитаници (учениците 2,77%, а родителите 1,38%) се изјаснилс дека најважен предуслов при изборот на работа е да работат со луѓе кои им се допаѓаат.

Пресметениот Хи-квадрат со вредност 69,30 за степен на слобода 3 укажува на статистички значајни разлики во одговорите на учениците адолесценти и нивните родители по однос на ова прашање. Коефициентот на контингенција (C=0,22) покажува слаба поврзаност помеѓу варијаблите.

*****

Добиените одговори од двете групи на испитаници на поставените прашања во врска со типот на работа кој го преферираат укажуваат на тоа дека предност има материјалниот фактор, потоа, сигурноста во работата, а со не мал процент испитаниците, посебно адолесцентите, се определија за работа која оди во прилог на нивната самореализација и актуелизација.

Таквите одговори се чинат логични и прифатливи. За најголемиот број на луѓе работата е извор на материјални средства за обезбедување на егзистенција за нив и нивните блиски. Меѓутоа, не треба да се занемари фактот дека работата е и услов за самореализација на личноста на луѓето.

Вредноста на хи-квадрат тестот упатува на статистички значајна разлика во ставовите на родителите и адолесцентите по ова прашање и во таа смисла ја прифаќаме поставената хипотза дека:

**Постојат разлики во мислењата на родителите и адолесцентите за нивниот однос кон работата.**

## 5. МИСЛЕЊА НА УЧЕНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ ЗА СУДБИНАТА

Следното прашањето кое им го поставивме на учениците адолесценти и на нивните родители се однесуваше на нивните ставови во врска со судбината. Имено на двете групи им поставивме две различни тврдења кои ги поставивме на скала од 1 до 10 и побаравме од испитаниците да го заокружат бројот кој најдобро го изразува нивниот став. Бројот еден го означуваше нивното целосно согласување со ставот дека „се во животот е определено со судбината", а бројот 10 го означуваше нивното целосно согласување со ставот дека „луѓето сами ја обликуваат својата судбина".

Одговорите на испитаниците можеме да ги видиме во Табела 58, а уште подобро во Графикон 5.

**Табела 58. Ставови на учениците адолесценти и нивните родители за судбината**

| Со кои од следниве ставови се согласувате? | скала | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| Се е определено со судбината | 1 | 64 | 9,85 | 120 | 18,46 | 184 | 14,15 |
| | 2 | 2 | 0,31 | 5 | 0,77 | 7 | 0,54 |
| | 3 | 25 | 3,85 | 6 | 0,92 | 31 | 2,38 |
| | 4 | 50 | 7,69 | 6 | 0,92 | 56 | 4,31 |
| | 5 | 124 | 19,08 | 93 | 14,31 | 217 | 16,69 |
| | 6 | 62 | 9,54 | 13 | 2,00 | 75 | 5,77 |
| | 7 | 12 | 1,85 | 7 | 1,08 | 19 | 1,46 |
| | 8 | 79 | 12,15 | 64 | 9,85 | 143 | 11,00 |
| | 9 | 15 | 2,31 | 8 | 1,23 | 23 | 1,77 |
| Луѓето самите ја обликуваат својата судбина | 10 | 217 | 33,38 | 328 | 50,46 | 545 | 41,92 |
| | Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | Просек = 6,70 | | Просек = 7,12 | | | |

Како што можеме да видиме од Табела 58, најголем процент и од учениците (33,38%) и од родителите (50,46%) целосно се согласуваат со ставот дека „луѓето самите ја обликуваат својата судбина". Нешто поголем е вкупниот просек на родителите (7,12) кои се поблиску до овој став, од просекот на учениците адолесценти (6,70) и покрај тоа што 18,46% од родителите целосно се согласуваат со првиот став, односно со тврдењето дека „се во животот е определено со судбината" што е дупло повеќе од процентот на учениците (9,85%) кои целосно се согласуваат со ваквиот став.

Графикон 5.




Се е определено со судбината — Луѓето самите ја обликуваат својата судбина

*****

Ставот дека луѓето сами ја одредуваат својата судбина во најголем процент го прифатија и родителите и учениците. Во оваа група на одговори, по бројот на испитаници кои така се изјасниле, водат родителите. Меѓутоа, и процентот на ученици кои сметаат дека нивниот живот зависи од нив самите не е мал. За родителите и педагозите тоа е значаен податок кој води кон поквалитетно воспитание во оваа насока.

Фаталистичкото сфаќање според кое судбината го одредува животот на луѓето, според процентот со кој се определиле, повторно е поголем кај родителите од оној кај учениците.

Приличен процент и од едната и од другата група на испитаници се колебаат меѓу фатализмот и ставот дека нивниот живот зависи од нив самите и нивните напори за постигнување на подобар живот. Овој процент не е мал и токму ова се оние млади луѓе на кои треба да им се помогне и да се стимулираат за поголеми напори во работата и животот.

# 6. МИСЛЕЊА НА УЧЕНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ ЗА ПРИОРИТЕТИТЕ НА ЗЕМЈАТА (ДРЖАВАТА)

Многу често во јавните медиуми и воопшто во меѓусебните разговори помеѓу луѓето се дискутира за тоа какви треба да бидат целите на земјата (државата) за следните десет или повеќе години. Со цел да дознаеме кои се приоритетите на учениците адолесценти и приоритетите на нивните родители по однос на ова прашање, односно, колку се нивните приоритети слични или различни, направивме листа на некои од ваквите цели.

Најпрво им ја понудивме листата со следниве приоритети:

1) Високо ниво на економски раст на земјата (државата);

2) Сигурни одбрамбени сили (војска, полиција и сл.) на земјата;

3) Поголеми права за луѓето на нивните работни места и во општините; и

4) Да се направат нашите градови и села поубави.

Во Табела 59 можеме да го видиме изборот кој го направија учениците адолесценти и нивните родители по однос на ова прашање.

Табела 59. Ставови на учениците адолесценти и нивните родители за приоритетите на земјата

| Одговори на испитаниците | Прв избор | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ученици | | Родители | | | |
| | f | % | f | % | f | % |
| Високо ниво на економски раст | 494 | 76,00 | 497 | 76,46 | 991 | 76,23 |
| Сигурни одбранбени сили (војска и сл.) | 26 | 4,00 | 18 | 2,77 | 44 | 3,38 |
| Поголеми работни права за луѓето | 114 | 17,54 | 126 | 19,38 | 240 | 18,46 |
| Градовите и селата да бидат поубави | 16 | 2,46 | 9 | 1,38 | 25 | 1,92 |
| Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | | $\chi^2$=4,02 | df=3 | P>0,05 |

Од Табела 59 јасно се гледа дека и учениците (76%) и родителите (76,46%) како најголем приоритет за следните десет години го наведуваат достигнувањето на високо ниво на економски раст.

На второ место, повторно и едните и другите (учениците 17,54%, родителите 19,38%) се одлучуваат за поголеми работни права на луѓето, потоа за сигурни

одбранбени сили и на крајот за разубавување на градовите и селата како најнебитен приоритет во однос на останатите.

Вредноста на хи- квадратот (4,02) за степен на слобода 3, покажува дека не постојат статистички значајни разлики во одговорите на испитаниците по однос на ова прашање.

Следната листа која им ја понудивме на испитаниците, а која го третираше истото прашање, односно, прашањето за тоа какви треба да бидат целите на земјата (државата) за следните десет или повеќе години изгледаше вака:

1) Одржување на редот во државата;

2) Луѓето повеќе да се прашуваат при носењето на важните одлуки од страна на владата;

3) Борба против зголемување на цените; и

4) Заштита на слободата на говорот

Во Табела 60 можеме да го видиме изборот кој го направија учениците адолесценти и нивните родители по однос на оваа листа.

**Табела 60. Ставови на учениците адолесценти и нивните родители за приоритетите на земјата**

| Одговори на испитаниците | Прв избор | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
| | f | % | f | % | f | % |
| Одржување на редот во државата | 401 | 61,69 | 490 | 75,38 | 891 | 68,54 |
| Учество во важните одлуки на владата | 57 | 8,77 | 49 | 7,54 | 106 | 8,15 |
| Борба против зголемување на цените | 97 | 14,92 | 78 | 12,00 | 175 | 13,46 |
| Заштита на слободата на говорот | 95 | 14,62 | 33 | 5,08 | 128 | 9,85 |
| Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | $\chi^2=41,59$ | df=3 | P<0,01 | C=0,18 |

И учениците (61,69%) и нивните родители (75,38%) на прво место го ставија одржувањето на редот во државата, а потоа борбата против зголемувањето на цените.

Видлива разлика во нивните одговори може да се види при третиот и четвртиот избор. Имено учениците на трето место, односно 14,92% од нив сметаат дека борбата против зголемување на цените е врвен приоритет од понудената листа, наспроти 12% од родителите кои го мислат истото, а заштитата на слободата на говорот е најважна за 14,62% од учениците, а истата е најважна за само 5,08% од родителите.

Учеството на луѓето во носењето на важните одлуки на владата е најважно на оваа листа за 8,77% од учениците и за 7,54% од родителите.

Пресметаниот Хи-квадрат со вредност 41,59 за степен на слобода 3, укажува дека постојат статистички значајни разлики во одговорите на учениците адолесценти и нивните родители по однос на ова прашање. Коефициентот на контингенција (C=0,18) покажува дека постои слаба поврзаност помеѓу варијаблите.

Последната листа која им ја понудивме на учениците и на нивните родители, а која го третираше прашањето за тоа какви треба да бидат целите на земјата (државата) за следните десет или повеќе години, повторно се состоеше од четири одоговри, и тоа:

1) Стабилна економија;

2) Напредок кон похумано општество;

3) Напредок кон општество каде идеите вредат повеќе од парите; и

4) Борба против криминалот.

Одговорите на испитаниците ги прикажавме во Табела 61.

**Табела 61. Ставови на учениците адолесценти и нивните родители за приоритетите на земјата**

| Одговори на испитаниците | Прв избор | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
| | f | % | F | % | f | % |
| Стабилна економија | 264 | 40,62 | 299 | 46,00 | 563 | 43,31 |
| Напредок кон похумано општество | 153 | 23,54 | 75 | 11,54 | 228 | 17,54 |
| Идеите да бидат повредни од парите | 30 | 4,62 | 47 | 7,23 | 77 | 5,92 |
| Борба против криминалот | 203 | 31,23 | 229 | 35,23 | 432 | 33,23 |
| Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | $\chi2=34,18$ | df=3 | P<0,01 | C=0,16 |

Повторно добивме многу слични одговори и од учениците адолесценти и од нивните родители.

Најголем процент и од учениците (40,62%) и од родителите (46%) како најважен приоритет ја наведуваат стабилната економија. На второ место, повторно и кај едните и другите (учениците 31,23%, родителите 35,23%) е борбата против криминалот.

Поголема разлика во одговорите на учениците и нивните родители можеме да забележиме кај одговорот „напредок кон похумано општество" кој како најважен од листата го избрале 23,54% од учениците, наспроти 11,54% од родителите.

На последно место, односна најнезначајно од понудената листа е идеите да бидат повредни од парите за 4,62% ученици и 7,23% родители.

И покрај навидум сличните одговори, вредноста на Хи-квадратот (34,18) за степен на слобода 3, укажува на потоење на статистички значајни разлики во одговорите на учениците адолесцети и нивните родители по однос на ова прашање. Коефициентот на контингенција (C=0,16) покажува слаба поврзаност помеѓу варијаблите.

*****

Податоците кои ги добивме во трите групи на прашања кои се однесуваат на приоритетите на земјата и приоритетите на светот покажуваат дека преферирани приоритети се: стабилна економија, борба против криминалот и похумано општество.

Таквите ставови и на адолесцентите и на родителите ја покажуваат позитивната насоченост на луѓето кон она што треба да се прави за подобар живот. Јасно е дека двете групи на испитаници сакаат добар живот и во смисла на добра материјална состојба и во смисла на хумани односи меѓу луѓето. Само таквиот живот може да обезбеди стабилност, рамноправност меѓу луѓето и се разбира мир во светот.

Интересно е тоа што и учениците и родителите им даваат мала значајност на доброто наоружување на земјата и нејзината борбена спремност. Таквите податоци се резултат на се побезбедната ситуација во земјата и светот. Оттука, луѓето не сакаат енормни суми на пари да се трошат за скапо наоружување. Чувствувајќи се безбедни, тиа сакаат добар и богат живот и во таа насока да се трошат ресурсите на земјата.

Сепак вредноста на пресметаните хи-квадрат тестовите покажа дека во две групи на прашања, од понудените три, постои статистички значајна разлика во одговорите на учениците адолесценти и нивните родители. Оттука, должни сме да ја прифатиме поставената хипотеза дека:

**Постојат разлики во мислењата на родителите и адолесцентите за приоритетите на земјата.**

# 7. ПАТРИОТИЗМОТ КАКО ВРЕДНОСТ КАЈ УЧЕНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ

Патриотизмот или љубовта кон својата татковина беше следната вредност која ја испитувавме кај учениците адолесценти и кај нивните родители.

За таа цел на нашите испитаници им го поставивме прашањето дали ќе бидат подготвени да ја бранат својата земја доколку има потреба од тоа.

Одговорите на испитаниците можеме да ги видиме во Табела 62.

**Табела 62. Одговори на учениците адолесценти и нивните родители за подготвеноста да ја бранат својата земја**

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Да | 550 | 84,62 | 561 | 86,31 | 1111 | 85,46 |
| Не | 100 | 15,38 | 89 | 13,69 | 189 | 14,54 |
| Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | $\chi2=0,75$ | Yates=0,62 | df=1 | P>0,05 |

Најголем процент од испитаниците (учениците 84,62%, родителите 86,31%) одговорија дека се подготвени да ја бранат својата земја доколку има потреба од тоа, а 15,38% од учениците и 13,69 од родителите не би ја браnеле својата земја.

Ваквите одговори и врз нивна основа пресметаниот хи-квадрат покажуваат дека не постојат статистички значајни разлики во ставовите на испитаниците по однос на ова прашање.

Радува фактот што чувството за патриотизам е високо развиено и кај родителите и кај адолесцентите.

Постарата генерација, знаеме дека беше под директно влијание на вредностите на Народно ослободителната војна и вредностите на социјалистичкото општество. Во овие вредности првенствено место имаше токму оспособеноста и спремноста на луѓето да ја бранат својата земја.

Во нови услови на изградба на новото демократско општество, кај младите се пренесоа вредностоте за должноста на луѓето да ја бранат својата татковина.

Според резултатите кои ги добивме по однос на ова прашање мораме да ја отфрлиме претходно поставената хипотеза дека: **Постојат разлики во патриотските чувства помеѓу родителите и учениците адолесценти.**

# 8. МИСЛЕЊА НА УЧЕНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ ЗА УЛОГАТА НА НАУКАТА, ТЕХНИКАТА И ТЕХНОЛОГИЈАТА ВО ЖИВОТОТ НА ЧОВЕКОТ

Следниот сет на прашања го посветивме на испитување на ставовите на испитаниците за улогата на научните достигнувања во животот на луѓето. Всушност, сакавме да ги испитаме мислењата на адолесцентите и нивните родители за ефектите од развојот на науката и технологијата, односно дали ваквиот развој ќе му помогне или нема да му помогне на човештвото, дали ќе го подобри или нема да го подобри животот на луѓето и дали и колку ќе го промени или нема да го промени начинот на живот на луѓето.

Најпрво сакавме да дознаеме од учениците адолесценти и нивните родители какво е нивното мислење за тоа дали научните достигнувања ќе му помогнат или ќе му наштетат на човештвото.

Нивните одговори ги прикажавме во Табела 63.

**Табела 63. Ставови на испитаниците за тоа дали научните достигнувања ќе му помогнат или ќе му наштетат на човештвото**

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Ќе помогнат | 236 | 36,31 | 326 | 50,15 | 562 | 43,23 |
| Ќе наштетат | 90 | 13,85 | 55 | 8,46 | 145 | 11,15 |
| По нешто и од двете | 324 | 49,85 | 269 | 41,38 | 593 | 45,62 |
| Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | $\chi2=27,96$ | df=2 | P<0,01 | C=0,15 |

По однос на ова прашање добивме различни одговори од учениците адолесценти и од нивните родители.

Имено, по однос на прашањето дали научните достигнувања ќе му помогнат или ќе му наштетат на човештвото, учениците во најголем процент (49,85%) го избраа одговорот: по нешто и од двете, додека родителите во најголем процент (50,15%) одговорија дека научните достигнувања ќе му помогнат на човештвото, иако голем е процентот на родители (41,38%) кои, исто така, го одбрале одговорот: по нешто и од двете.

Дека научните достигнувања ќе му помогнат на човештвото одговориле 36,31% од учениците, а 13,85% од учениците и 8,46% од родителите сметаат дека научните достигнувања ќе му наштетат на човештвото.

Пресметаниот Хи-квадрат со вредност 27,96 за степен на слобода 2 покажува дека постојат статистички значајни разлики во одговорите на учениците и нивните родители по однос на ова прашање. Коефициентот на контингенција (C=0,15) покажува дека има слаба поврзаност меѓу варијаблите.

Во контекстот на испитување на мислењата на учениците адолесценти и нивните родители за улогата на научните достигнувања во животот на луѓето им поставивме и две тврдења. Од испитинаците побаравме да се изјаснат колку се согласуваат или не се согласуваат со наведнеите тврдења на скала од 1 до 10, при што бројот 1 го означуваше нивното целосно не согласување со понуденото тврдење, а бројот 10 нивното целосно согласување.

Првото тврдење го изразуваше ставот дека: науката и технологијата ги прават нашите животи поздрави, полесни и поудобни.

Одговорите на испитаниците, односно нивното согласување или не согласување со понуденото тврдење можеме да ги видиме во Табела 64 и во Графикон 6.

**Табела 64. Науката и технологијата ќе ги направат нашите животи поздрави, полесни и поудобни**

| Одговори на испитаниците | скала | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| Целосно не се согласувам | 1 | 143 | 22,00 | 69 | 10,62 | 212 | 16,31 |
| | 2 | 17 | 2,62 | 0 | 0,00 | 17 | 1,31 |
| | 3 | 7 | 1,08 | 68 | 10,46 | 75 | 5,77 |
| | 4 | 4 | 0,62 | 18 | 2,77 | 22 | 1,69 |
| | 5 | 184 | 28,31 | 107 | 16,46 | 291 | 22,38 |
| | 6 | 153 | 23,54 | 115 | 17,69 | 268 | 20,62 |
| | 7 | 42 | 6,46 | 0 | 0,00 | 42 | 3,23 |
| | 8 | 8 | 1,23 | 0 | 0,00 | 8 | 0,62 |
| | 9 | 42 | 6,46 | 9 | 1,38 | 51 | 3,92 |
| Целосно се согласувам | 10 | 50 | 7,69 | 264 | 40,62 | 314 | 24,15 |
| | Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | Просек = 5,06 | | Просек = 6,6 | | | |

Од Табела 64 може да се види дека учениците во најголем процент ги заокружиле броевите 5 (28,31%) и 6 (23,54%) на скалата, а не е мал и процентот (22%) на оние кои го заокружиле бројот еден кој го означува нивното целосно не согласување со понуденото тврдење.

Родителите слично како и учениците во голем процент ги заокружиле броевите 5 (16,46%) и 6 (17,69%), но исто така, голем процнет од нив го заокружиле и бројот 10 (40,62%) што покажува дека 40,62% од родителите целосно се согласуваат дека науката и технологијата ќе ги направат нашите животи поздрави, полесни и поудобни, наспроти минималниот процент (7,69%) на ученици кои целосно се согласуваат со ова тврдење.

Пресметаниот просек од 5,06 од одоговорите на учениците зборува дека учениците се главно неопределени по однос на понуденото тврдење, додека вкупниот просек на родителите од 6,6 зборува дека и родителите главно се неопределени, но сепак повеќето од нив веруваат дека науката и технологијата ќе ги направат нашите животи поздрави, полесни и поудобни. Ова уште појасно можеме да го видиме на Графикон 6.

**Графикон 6.**




**Целосно не се согласувам** **Целосно се согласувам**

Второто тврдење кое им го дадовме на испитаниците во контекстот на испитување на нивните мислења за улогата на научните достигнувања во животот на

луѓето гласеше: науката и технологијата многу брзо го менуваат нашиот начин на живот.

Повторно од испитаниците побаравме да се изјаснат колку се согласуваат или не се согласуваат со наведеното тврдење на скала од 1 до 10, при што бројот 1 го означуваше нивното целосно не согласување, а бројот 10 нивното целосно согласување.

Во Табела 65 и Графикон 7 можеме да ги видиме одговорите на испитаниците, односно нивното согласување и не согласување со понуденото тврдење.

**Табела 65. Науката и технологијата многу брзо го менуваат нашиот начин на живот**

| Одговори на испитаниците | скала | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| Целосно не се согласувам | 1 | 28 | 4,31 | 0 | 0,00 | 28 | 2,15 |
| | 2 | 27 | 4,15 | 0 | 0,00 | 27 | 2,08 |
| | 3 | 26 | 4,00 | 27 | 4,15 | 53 | 4,08 |
| | 4 | 2 | 0,31 | 38 | 5,85 | 40 | 3,08 |
| | 5 | 23 | 3,54 | 66 | 10,15 | 89 | 6,85 |
| | 6 | 39 | 6,00 | 6 | 0,92 | 45 | 3,46 |
| | 7 | 37 | 5,69 | 66 | 10,15 | 103 | 7,92 |
| | 8 | 134 | 20,62 | 9 | 1,38 | 143 | 11,00 |
| | 9 | 72 | 11,08 | 10 | 1,54 | 82 | 6,31 |
| Целосно се согласувам | 10 | 262 | 40,31 | 428 | 65,85 | 690 | 53,08 |
| | Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | Просек = 7,87 | | Просек = 8,47 | | | |

Двете групи на испитаници во најголем процент (40,31% ученици, 65,85% родители) целосно се согласуваат со тврдењето дека науката и технологијата многу брзо го менуваат нашиот начин на живот. Поради тоа и вкупниот пресметан просек од нивните одговори (7,87 кај учениците и 8,47 кај родителите) зборува дека и едните и другите со големо мнозинство го прифаќаат горе наведеното тврдење и не постои некоја позабележителна разлика во нивните мислења.

*****

Одговорите кои ги добивме од двете групи на испитаници по однос на нивните ставови за значењето на науката и технологијата во животот на современиот човек се доста блиски.

Графикон 7.




Целосно не се согласувам — Целосно се согласувам

Нашите луѓе не се ниту технократи (кои им придаваат одлучувачко значење на науката и технологијата) ниту го одбиваат нејзиното значење. Тие се некаде на средината од двете наведени становишта, што всушност, значи дека на науката и технологијата по однос на развојот на човекот им го придаваат значењето кое тие го имаат за развојот на човекот и подобрувањето на неговиот живот, но тоа значење не го преценуваат.

Одговорите на поставените прашања не водат кон тоа да ја одбиеме поставената хипотеза дека:

**Постојат разлики во мислењата на родителите и учениците за значењето на науката, техниката и технологијата за развојот на човекот.**

# 9. ИНТЕРЕСОТ И СТАВОВИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ КОН ПОЛИТИКАТА И ДЕМОКРАТИЈАТА

Во понатамошниот дел од истражувањето сакавме да го испитаме интересот за политиката и ставовите за демократијата како вредности кај учениците адолесценти и нивните родители.

За таа цел прво им го поставивме прашањето: Колку сте заинтересирани за политиката?

Одговорите на испитаниците ги прикажавме во Табела 66.

**Табела 66. Интересот за политиката кај учениците адолесценти и нивните родители**

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | F | % | f | % |
| Многу сум заинтересиран/а | 9 | 1,38 | 67 | 10,31 | 76 | 5,85 |
| Донекаде сум заинтересиран/а | 166 | 25,54 | 149 | 22,92 | 315 | 24,23 |
| Не сум многу заинтересиран/а | 199 | 30,62 | 192 | 29,54 | 391 | 30,08 |
| Воопшто не сум заинтересиран/а | 276 | 42,46 | 242 | 37,23 | 518 | 39,85 |
| Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | $\chi2=47,54$ | df=3 | P<0,01 | C=0,19 |

Најголем процент од учениците (42,46%) и од родителите (37,23%) одговорија дека воопшто не се заинтересирани за политиката. И останатите одговори на учениците и родителите се слични, што може да се види од процентите. Имено, 30,62% од учениците и 29,54% од родителите не се многу заинтересирани за политиката, а 25,54% од учениците и 22,92% од родителите донекаде се заинтересирани за политиката.

Поголема разлика забележуваме кај одговорот: многу сум заинтересиран, односно 10,31% од родителите одговориле дека се многу заинтересирани за политиката, наспроти само 1,38% од учениците кои покажуваат голем интерес кон политиката.

Сметаме дека вредноста на Хи-квадратот (47,54) за степен на слобода 3 кој покажува статистичка значајна разлика во одговорите на учениците и нивните родители се должи токму на последниот наведен одговор, кој говори дека родителите се нешто позаинтересирани за политиката за разлика од нивните деца, односно

учениците адолесценти. Коефициентот на контингенција (C=0,19) покажа дека има поврзаноста помеѓу варијаблите е со слаб интензитет.

*****

Родителите и учениците покажаа слаба заинтересираност за политиката. Незаинтересираноста на учениците за политиката не не изненадува. Можеби очекувавме поголема заинтересираност на родителите за политиката. Нашето видување „од око" за денешната практика во нашата земја не водеше кон ставот дека денешниот човек е прилично заинтересиран за политиката. Меѓутоа податоците од истражувањето го побиваат нашето произволно мислење. Најголем процент од двете групи на испитаници ги дадоа одговорите воопшто не сум заинтересиран и не сум многу заинтересиран. Меѓутоа, не многу значаен процент на родители одговорија дека се заинтерсирани за политика. Тоа е, на извесен начин, логичен резултат, иако, како што истакнавме, очекувавме поголема заинтересираност од возрасните за вредноста политика.

Ставовите на учениците и нивните родители за демократијата како вредност ги испитавме со поствување на прашање за тоа колку е за нив важно да живеат во земја која е демократски уредена.

Своите одговори испитаниците ги дадоа на скала од 1 до 10, при што бројот 1 го означуваше нивниот одговор дека: воопшто не им е важно, а бројот 10 дека е: многу им е важно да живеат во земја која е демократски уредена.

На Табела 67 ги прикажуваме одговорите на учениците адолесценти и одговорите на нивните родители по однос на ова прашање.

Најголем процент од двете групи на испитаници одговорија дека им е многу важно да живеат во демократски уредена земја. За тоа зборува и вкупниот пресметан просек на скала од 1 до 10. Кај учениците тој изнесува 8,63, а кај родителите 9,05.

Табела 67. Важноста која ја придаваат испитаниците на живеењето во демократски уредена земја

| Колку е за Вас важно да живеете во земја која е демократски уредена? | скала | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| Воопшто не е важно | 1 | 3 | 0,46 | 0 | 0,00 | 3 | 0,23 |
| | 2 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |
| | 3 | 27 | 4,15 | 0 | 0,00 | 27 | 2,08 |
| | 4 | 23 | 3,54 | 30 | 4,62 | 53 | 4,08 |
| | 5 | 31 | 4,77 | 18 | 2,77 | 49 | 3,77 |
| | 6 | 32 | 4,92 | 55 | 8,46 | 87 | 6,69 |
| | 7 | 10 | 1,54 | 16 | 2,46 | 26 | 2,00 |
| | 8 | 48 | 7,38 | 30 | 4,62 | 78 | 6,00 |
| | 9 | 128 | 19,69 | 16 | 2,46 | 144 | 11,08 |
| Многу е важно | 10 | 348 | 53,54 | 485 | 74,62 | 833 | 64,08 |
| | Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | Просек = 8,63 | | Просек = 9,05 | | | |

Уште појасна слика за овие резултати можеме да добиеме од Графикон 8.

Графикон 8.




Воопшто не е важно Многу е важно

*****

Двата просека кои ги добивме со пресметката зборуваат за големото значење кое испитаниците и ја придаваат на демократијата како посебна вредност, сепак малку не изненади фактот што родителите и придават нешто поголемо значење од учениците адолесценти.

Таквиот резултат, според наше мислење, е условено од фактот дека постарата генерација, како генерација која живееше во претходното општество сметаме дека треба да биде помалку заинтересирана за демократијата, а помладата генерација како деца на демократското општество, би требало да има по позитивен став кон демократијата.

Вредноста на хи-квадрат тестот покажа дека постои статистички значајна разлика во интересот на учениците и родителите кон политиката, а постои и разлика во просекот кај родителите и учениците за ставовите кон демократијата. Оттука, ја потврдуваме хипотезата дека:

**Постојат разлики во интересот и ставовите на родителите и учениците за политиката и демократијата.**

## 10. МИСЛЕЊА НА УЧЕНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ ЗА УЛОГАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ЖИВОТОТ НА ЧОВЕКОТ

Ставовите кон животната средина, односно значењето кое испитаниците и го придаваат, ги испитавме со поставување на две спротивставени тврдења. И тоа:

А) На заштитата на животната средина треба да и се даде приоритет, дури и ако тоа предизвикува побавен економски раст и губење на работни места; и

Б) Економскиот раст и создавањето на работни места треба да биде врвен приоритет, дури и ако животната средина страда до одреден степен.

Секако оставивме можност испитаниците да дадат и сопствено гледиште како разрешница на наведените спротивни тврдења и затоа оставивме опција за трет или друг одговор кој самите ќе го изложат.

Резултатите, односно ставовите кои ги завземаа испитаниците можеме да ги видиме на Табела 68.

**Табела 68. Важноста која ја придаваат испитаниците на животната средина**

**А) На заштитата на животната средина треба да и се даде приоритет, дури и ако тоа предизвикува побавен економски раст и губење на работни места.**

**Б) Економскиот раст и создавањето на работни места треба да биде врвен приоритет, дури и ако животната средина страда до одреден степен.**

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Се согласувам со тврдењето под А | 232 | 35,69 | 218 | 33,54 | 450 | 34,62 |
| Се согласувам со тврдењето под Б | 197 | 30,31 | 312 | 48,00 | 509 | 39,15 |
| Друг одговор | 221 | 34,00 | 120 | 18,46 | 341 | 26,23 |
| Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | $\chi2=56,33$ | df=2 | P<0,01 | C=0,20 |

Како што се гледа од Табела 68 по однос на ова прашање имавме сосема поделени мислења.

Ваквата поделеност е поизразена кај учениците. Имено 35,69% се согласија со тврдењето под А, 30,31% со тврдењето под Б, а 34% дадоа друг одговор.

Родителите во поголем процент (48%) се согласија со тврдењето под Б, односно 48% од родителите сметаат дека економскиот раст и создавањето на работни места треба да биде врвен приоритет, дури и ако животната средина страда до одреден

степен. Дека на заштитата на животната средина треба да и се даде приоритет, дури и ако тоа предизвикува побавен економски раст и губење на работни места, сметаат 33,54% од родителите, а 18,46% дадоа друг одговор.

Пресметаниот хи-квадрат тест (56,33) за степен на слобода 2, покажува дека има статистички значајни разлики во одговорите на учениците и родителите по однос на ова прашање.

*****

Статистички значајната разлика која се потврди со пресметаниот хи-квадрат тест сметаме дека се должи на тоа што поголем процент од родителите го прифатија гледиштето дека економскиот раст и создавањето на работни места треба да биде врвен приоритет, дури и ако животната средина страда до одреден степен.

Учениците дадоа поизедначени одоговори, но сепак по содржината на нивните одговори можеме да кажеме дека повеќето од нив, според нивните гледишта, се поблиску до првиот став, односно сметаат дека на заштитата на животната средина треба да и се даде приоритет, дури и ако тоа предизвикува побавен економски раст и губење на работни места.

Добиените резултати покажуваат дека адолесцентите се повеќе свесни за значењето на животната средина за животот на човекот. Да се живее во чиста средина е квалитет повеќе за секого. Меѓутоа, не не изненадува ставот на родителите за приоритетот кој го даваат на материјалната состојба на земјата и луѓето во овој период на криза во нашето општество.

Врз основа на добиената вредност на хи-квадрат тестот кој покажува статистички значајна разлика во одговорите на испитаниците можеме да констатираме дека се потврдува претходно поставената хипотеза дека:

**Постојат разлики во мислењата на родителите и учениците за улогата на животната среднина во животот на човекот.**

## 11. МИСЛЕЊА НА УЧЕНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ ЗА УЛОГАТА НА РЕЛИГИЈАТА ВО ЖИВОТОТ НА ЧОВЕКОТ

Во понатамошниот дел од истражувањето се обидовме да ги испитаме ставовите на испитаниците за религијата, односно се обидовме да дознаеме дали учениците адолесценти и нивните родители се сметаат самите себе за религиозни личности и колкаво значење и придаваат на верата во Бога.

Најпрво им го поставивме прашањето, независно од тоа дали присуствуваат на богослужби или молитви и сл. дали се сметаат самите себе си за религиозни личности, дали не се религиозни личности или пак се сметаат за атеисти.

**Табела 69. Мислења на учениците и родителите за нивниот однос кон религијата**

| Одговори на испитаниците | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Јас сум религиозна личност | 608 | 93,54 | 552 | 84,92 | 1160 | 89,23 |
| Не сум религиозна личност | 32 | 4,92 | 97 | 14,92 | 129 | 9,92 |
| Јас сум атеист | 10 | 1,54 | 1 | 0,15 | 11 | 0,85 |
| Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | | $\chi2=42,82$ | df=2 | P<0,01 | C=0,18 |

Табела 69 ни покажува дека најголем процент од учениците адолесценти (93,54%) и нивните родители (84,92%) сметаат дека се религиозни личности.

Поголема разлика во нивните одговори се гледа во вториот одговор, односно, 14,92% од родителите се изјасниле дека не се религиозни личнисти наспроти значително помалиот процент на ученици (4,92%) кои го навеле истото. Како атеисти се чувствуваат најмал број на испитаници, односно 10 ученици и само еден родител.

Пресметаниот Хи-квадрат со вредност 42,82 за степен на слобода 2, покажува дека постојат статистички значајни разлики во одговорите на учениците адолесценти и нивните родители по однос на прашањето за нивната религиозност. Коефициентот на контингенција (C=0,18) покажува слаба поврзаност помеѓу варијаблите.

Со второто прашање во врска со религијата, односно верата, сакавме да дознаеме колку е важна верата во Бога за учениците и нивните родители и за таа цел им го поставивме прашањето: Колку е важен Бог во Вашиот живот? Повторно користевме скала на проценка до 1 до 10, односно бројот 1 го означуваше нивниот

одговор дека Бог воопшто не е важен во нивниот живот, а бројот 10 дека Бог е многу важен во нивниот живот.

Одговорите на ова прашање ги прикажавме во Табела 70 и на Графикон 9.

**Табела 70. Колку е важен Бог во Вашиот живот**

| Одговори на испитаниците | скала | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| Воопшто не е важен | 1 | 14 | 2,15 | 18 | 2,77 | 32 | 2,46 |
| | 2 | 1 | 0,15 | 0 | 0,00 | 1 | 0,08 |
| | 3 | 1 | 0,15 | 0 | 0,00 | 1 | 0,08 |
| | 4 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |
| | 5 | 45 | 6,92 | 48 | 7,38 | 93 | 7,15 |
| | 6 | 6 | 0,92 | 3 | 0,46 | 9 | 0,69 |
| | 7 | 19 | 2,92 | 38 | 5,85 | 57 | 4,38 |
| | 8 | 12 | 1,85 | 52 | 8,00 | 64 | 4,92 |
| | 9 | 26 | 4,00 | 9 | 1,38 | 35 | 2,69 |
| Многу е важен | 10 | 526 | 80,92 | 482 | 74,15 | 1008 | 77,54 |
| | Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | Просек = 9,23 | | Просек = 9,01 | | | |

На скала од 1 до 10, каде бројот 1 го означува одговорот дека Бог воопшто не е важен во нивниот живот, а 10 дека Бог е многу важен, вкупниот просек на учениците изнесува 9,23, а на родителите 9,01. Ваквите резултати јасно покажуваат дека учениците и нивните родители во најголем процент сметаат дека Бог е многу важен во нивниот живот. Тоа уште појасно се гледа на Графикон 9.

**Графикон 9.**




Воопшто не е важен Многу е важен

*****

По однос на поставените прашања на родителите и адолесцентите за тоа дали се религиозни и колку е значаен Бог за нивните животи, одговорите на двете групи на испитаници не наведоа на констатацијата дека луѓето во нашата земја се длабоко религиозни и големо значење му даваат на Бог во нивните животи.

Овие одговори длабоко не замислија. Ако, како што веќе негде истакнавме, во истражувања вршени во старото социјалистичко општество религијата како вредност го имаше последното место, денес во услови на демократска преобразба на општеството религијата и Бог го завзедоа првото место.

Таквата ситуација можеме да ја објасниме со нападното појавување на сцена на црквата и џамијата во новонастанатите услови кога се дига превезот на забрана на религијата, посебно за членовите на бившата КПЈ.

Податоците кои денес ги добивме по однос на религиозноста и почитувањето на религиските вредности не упатуваат на тоа да го поставиме прашањето дали нашите луѓе биле атеисти или религиозните вредности беа дел од нивниот живот и во минатото и се негувале во семејството за денес да излезат на површина.

Статистичките парамтри кои ги добивме по овие прашања покажаа дека не постои статистички значајна разлика во одговорите на родителите и на адолесцентите по прашањето за нивната религиозност. Во оваа смисла ја отфрламе поставената хипотеза според која:

**Постојат разлики во мислењата на родителите и учениците за улогата на религијата во нивниот живот.**

# 12. МИСЛЕЊА НА УЧЕНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ ЗА НЕКОИ ЕТИЧКИ ПОСТАПКИ

На крајот на испитаниците им поставивме повеќе прашања кои опфаќаат најразлични ситуации од животот каде луѓето се ставени во ситуација различно да реагираат и да носат различни етички одлуки и различно да постапуваат. За сите овие постапки побаравме од учениците адолесценти и нивните родители да одговорат дали сметаат дека некогаш се оправдани или никогаш не се оправдени или пак нешто помеѓу, користејќи скала од 1 до 10, каде што 1 означува дека таа постапка никогаш не е оправдана, а 10 дека секогаш е оправдана.

Најпрво, ги прашавме испитаниците дали е оправдано да се избегнува да се плати цената на јавниот превоз. Односно на скалата од 1 до 10 да го заокружат бројот кој одговара на нивниот став.

Одговорите на ова прашање ги прикажавме во Табела 71 и Графикон 10.

**Табела 71. Избегнување да се плати цената на јавниот транспорт**

| Одговори на испитаниците | скала | Ученици f | Ученици % | Родители f | Родители % | Вкупно f | Вкупно % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Никогаш не е оправдано | 1 | 217 | 33,38 | 377 | 58,00 | 594 | 45,69 |
| | 2 | 110 | 16,92 | 0 | 0,00 | 110 | 8,46 |
| | 3 | 68 | 10,46 | 10 | 1,54 | 78 | 6,00 |
| | 4 | 26 | 4,00 | 24 | 3,69 | 50 | 3,85 |
| | 5 | 115 | 17,69 | 10 | 1,54 | 125 | 9,62 |
| | 6 | 36 | 5,54 | 18 | 2,77 | 54 | 4,15 |
| | 7 | 1 | 0,15 | 45 | 6,92 | 46 | 3,54 |
| | 8 | 4 | 0,62 | 30 | 4,62 | 34 | 2,62 |
| | 9 | 7 | 1,08 | 0 | 0,00 | 7 | 0,54 |
| Секогаш е оправдано | 10 | 66 | 10,15 | 136 | 20,92 | 202 | 15,54 |
| | Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | Просек = 3,54 | | Просек = 3,96 | | | |

Од Табела 71 се гледа дека 33,38% ученици смтаат дека оваа постапка никогаш не е оправдана. Таков одговор дадоа 58% родители.

Обратен одговор дека оваа постапка секогаш е оправдана дадоа 10,15% ученици и 20,92% родители.

Вкупниот просек говори (ученици 3,54, родители 3,96) дека учениците и родителите сепак во поголем број сметаат дека избегнувањето да се плати цената на јавниот транспорт не е оправдано.

**Графикон 10.**




**Никогаш не е оправдано** **Секогаш е оправдано**

Меѓутоа како што се може да се види од Табела 71 и Графикон 10, втората категорија одговори не може да се занемари зошто кажуваат дека не мал процент на ученици и уште поголем на родители се склони на непоштеност. Уште повеќе запрепастува фактот што процентот на родители кои би постапиле непоштено е поголем од оној на адолесцентите. На адолесцентите можеби, заради карактеристиките на нивната возраст можеме некогаш да им ги оправдаме таквите непоштености ставајќи ги во кошот на небрижности, но како да ги објасниме постапките на родителите?

Оправдување не можеме да најдеме но, само ќе констатираме дека забележителен процент на возрасни луѓе кај нас се склони на непоштени постапки.

*****

Второто прашање се однесува на мамењето во врска со данокот. Во Табела 72 и Графикон 11 се прикажани одговорите на испитаниците, односно дали тие сметаат дека мамењето во врска со данокот е оправдано или не е оправдано.

На скалата од 1 до 10 бројот 1 го означува одговорот дека мамењето во врска со данокот никогаш не е оправдано, а бројот 10 дека е секогаш оправдано. Поради тоа вкупниот просек од одгововорите на учениците (2,98) и одговорите на родителите (2,29), покажува дека тие се многу поблиску до одговорот дека ваквото однесување-никогаш не е оправдано.

**Табела 72. Мамење во врска со данокот ако имате шанса за тоа**

| Одговори на испитаниците | скала | Ученици f | Ученици % | Родители f | Родители % | Вкупно f | Вкупно % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Никогаш не е оправдано | 1 | 357 | 54,92 | 485 | 74,62 | 842 | 64,77 |
| | 2 | 54 | 8,31 | 35 | 5,38 | 89 | 6,85 |
| | 3 | 42 | 6,46 | 21 | 3,23 | 63 | 4,85 |
| | 4 | 3 | 0,46 | 33 | 5,08 | 36 | 2,77 |
| | 5 | 34 | 5,23 | 0 | 0,00 | 34 | 2,62 |
| | 6 | 47 | 7,23 | 0 | 0,00 | 47 | 3,62 |
| | 7 | 75 | 11,54 | 0 | 0,00 | 75 | 5,77 |
| | 8 | 11 | 1,69 | 6 | 0,92 | 17 | 1,31 |
| | 9 | 0 | 0,00 | 7 | 1,08 | 7 | 0,54 |
| Секогаш е оправдано | 10 | 27 | 4,15 | 63 | 9,69 | 90 | 6,92 |
| | Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | Просек = 2,98 | | Просек = 2,29 | | | |

Сепак има и такви кои сметаат дека мамењето во врска со данокот секогаш е оправдано (4,15% од учениците и 9,69% од родителите).

**Графикон 11.**




Никогаш не е оправдано Секогаш е оправдано

Одново, со својот коментар ќе се задржиме на оние кои оправдуваат да не се плати данок. И во овој случај станува збор за луѓе, посебно за возрасни родители кои тендираат кон непоштено однесување. Кога станува збор за прикривање на данок се работи за казниво дело по законот. Оттука, оваа постапка не можеме да ја оправдаме.

*****

Следното прашање се однесува на прифаќањето на мито за обавување на своите работни обврски.

Одговорите на испитаниците по однос на ова прашање можеме да ги видиме во Табела 73 и Графикон 12.

**Табела 73. Прифаќање на мито за обавување на своите работни обврски**

| Одговори на испитаниците | скала | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | F | % | f | % |
| Никогаш не е оправдано | 1 | 410 | 63,08 | 501 | 77,08 | 911 | 70,08 |
| | 2 | 88 | 13,54 | 0 | 0,00 | 88 | 6,77 |
| | 3 | 63 | 9,69 | 0 | 0,00 | 63 | 4,85 |
| | 4 | 25 | 3,85 | 51 | 7,85 | 76 | 5,85 |
| | 5 | 25 | 3,85 | 30 | 4,62 | 55 | 4,23 |
| | 6 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |
| | 7 | 11 | 1,69 | 0 | 0,00 | 11 | 0,85 |
| | 8 | 2 | 0,31 | 0 | 0,00 | 2 | 0,15 |
| | 9 | 1 | 0,15 | 0 | 0,00 | 1 | 0,08 |
| Секогаш е оправдано | 10 | 25 | 3,85 | 68 | 10,46 | 93 | 7,15 |
| | Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | Просек = 2,08 | | Просек = 2,36 | | | |

Како што може да види од Табела 73, прифаќањето на мито никогаш не го оправдуваат 63,08% ученици и 77,08% родители, а секогаш го оправдуваат 3,85% ученици и 10,46% родители.

Пресметаните просеци од 2,08 и 2,36 ја покажуваат тенденцијата кон неоправданост на наведената постапка.

Просекот на возрасни и млади кои не го оправдуваат митото е повеќе од половината и кај учениците и кај родителите.

И во овој случај, не сакаме да го занемариме просекот, посебно на родители кои оправдуваат давање и земање на мито.

**Графикон 12.**




Никогаш не е оправдано — Секогаш е оправдано

Во новонастанатите услови во нашата земја митото и корупцијата станаа особини кои се повеќе се појавуваат и ги загрозуваат законските регулативи. Владата и другите институции кои овој проблем ги тангира превземаат се поенергични мерки да се спречи митото и корупцијата во земјата. Во оваа смисла и не толку големиот процент на испитаници кои го оправдуваат митото е сериозен проблем на заедницата. Во тој контекст одново се повекуваме на семејството и училиштето како фактори кои оваа негативна појава можат да ја спречат.

*****

Како доста негативна појава, поврзана со проблемите на семејното насилство е појавата мажот да ја тепа својата жена. Затоа во прашалникот им го поставивме прашањето на учениците и родителите дали ја оправдуваат ваквата постапка.

Одговорите на ова прашање ги прикажавме во Табела 74 и Графикон 13.

**Табела 74. Мажот да ја тепа својата жена**

| Одговори на испитаниците | скала | Ученици f | Ученици % | Родители f | Родители % | Вкупно f | Вкупно % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Никогаш не е оправдано | 1 | 617 | 94,92 | 605 | 93,08 | 1222 | 94,00 |
| | 2 | 10 | 1,54 | 30 | 4,62 | 40 | 3,08 |
| | 3 | 4 | 0,62 | 4 | 0,62 | 8 | 0,62 |
| | 4 | 7 | 1,08 | 3 | 0,46 | 10 | 0,77 |
| | 5 | 1 | 0,15 | 1 | 0,15 | 2 | 0,15 |
| | 6 | 1 | 0,15 | 4 | 0,62 | 5 | 0,38 |
| | 7 | 0 | 0,00 | 1 | 0,15 | 1 | 0,08 |
| | 8 | 1 | 0,15 | 2 | 0,31 | 3 | 0,23 |
| | 9 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |
| Секогаш е оправдано | 10 | 9 | 1,38 | 0 | 0,00 | 9 | 0,69 |
| | Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | Просек = 1,21 | | Просек = 1,14 | | | |

Оваа негативна појава не ја оправдаа 94,92% испитани адолесценти и 93,08 % родители ставени во примерокот за истражување.

Категоријата секогаш е оправдано за оваа постапка ја избраа 9 адолесценти, а ниту еден од родителите не мисли дека ваквата постапка е секогаш оправдана.

Таквите резултати охрабруваат. Поместувањето на семејните односи од традиционализмот кон модернизмот е евидентно. Ако за традиционалното патријархално општество да се тепа жената беше честа и неосудувана постапка, денес во нашето истражување, ни еден родител тоа не го оправда.

**Графикон 13.**




Никогаш не е оправдано | Секогаш е оправдано

*****

Во контекстот на негативните појави го испитавме и ставот на адолесцентите и родителите по однос на проституцијата. Ствовите на испитаниците по однос на ова прашање ги прикажавме во Табела 75 и Графикон 14.

**Табела 75. Проституција**

| Одговори на испитаниците | скала | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| Никогаш не е оправдано | 1 | 459 | 70,62 | 616 | 94,77 | 1075 | 82,69 |
| | 2 | 75 | 11,54 | 13 | 2,00 | 88 | 6,77 |
| | 3 | 31 | 4,77 | 7 | 1,08 | 38 | 2,92 |
| | 4 | 30 | 4,62 | 5 | 0,77 | 35 | 2,69 |
| | 5 | 25 | 3,85 | 2 | 0,31 | 27 | 2,08 |
| | 6 | 1 | 0,15 | 2 | 0,31 | 3 | 0,23 |
| | 7 | 12 | 1,85 | 2 | 0,31 | 14 | 1,08 |
| | 8 | 4 | 0,62 | 3 | 0,46 | 7 | 0,54 |
| | 9 | 2 | 0,31 | 0 | 0,00 | 2 | 0,15 |
| Секогаш е оправдано | 10 | 11 | 1,69 | 0 | 0,00 | 11 | 0,85 |
| | Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | Просек = 1,84 | | Просек = 1,14 | | | |

Голем процент од учениците (70,62%) се изјаснија дека проституцијата никогаш не би ја оправдале, а тој процент кај родителите е уште поголем (94,77%).

Резултатите на пресметаните просеци 1,84 и 1,14 потврдуваат дека и двете групи на испитаници го прифаќаат ставот за неоправданост на проституцијата.

Можеме да нагласиме дека и оваа појава е појава која, во поголема мера, егзистираше во минатото како појава која се појави во определен развиток на општеството. Денес, во настојуваето кон модернизаија на општеството и семејството проституцијата станува појава која се надминува.

Графикон 14.




Никогаш не е оправдано Секогаш е оправдано

*****

Следејќи ги појавите во животот, сакавме да добиеме одговор од учениците и родителите, како испитаници внесени во нашиот примерок на истражување, за нивниот став кон абортусот.

Нивните ставови по однос на ова прашање можеме да ги видиме во Табела 76 и Графикон 15.

Табела 76. Абортус

| Одговори на испитаниците | скала | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| Никогаш не е оправдано | 1 | 308 | 47,38 | 319 | 49,08 | 627 | 48,23 |
| | 2 | 12 | 1,85 | 38 | 5,85 | 50 | 3,85 |
| | 3 | 1 | 0,15 | 12 | 1,85 | 13 | 1,00 |
| | 4 | 47 | 7,23 | 13 | 2,00 | 60 | 4,62 |
| | 5 | 130 | 20,00 | 20 | 3,08 | 150 | 11,54 |
| | 6 | 21 | 3,23 | 78 | 12,00 | 99 | 7,62 |
| | 7 | 4 | 0,62 | 34 | 5,23 | 38 | 2,92 |
| | 8 | 5 | 0,77 | 54 | 8,31 | 59 | 4,54 |
| | 9 | 16 | 2,46 | 30 | 4,62 | 46 | 3,54 |
| Секогаш е оправдано | 10 | 106 | 16,31 | 52 | 8,00 | 158 | 12,15 |
| | Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | Просек = 3,96 | | Просек = 3,86 | | | |

Околу половина ученици (47,38%) и околу половина родители (48,08%) никогаш не би го одобриле абортусот, а 16,31% адолесценти и само 8% родители секогаш го оправдуваат абортусот.

Графикон 15.




Никогаш не е оправдано Секогаш е оправдано

Поголемиот просек на испитаници кои се против абортусот кај жените, сметаме дека ги следат насоките на Владата на Република Македонија и Црквата и Џамијата за неприфаќање на абортусот како едно од средствата за зголемување на наталитетот во земјата. Таквите насоки се условени од фактот што во нашата земја, посебно кај македонската популација, дојдено е до ситуација наталитетот и морталитетот да бидат во однос 1:2. Тоа значи дека едно дете се раѓа, а двајца возрасни умираат. Со тоа драстично се намалува популацијата на живи луѓе. Овој проблем денес не го има само Македонија, туку и поголемиот број на земји во Европа. Кампањата за раѓање на повеќе деца е во тесна врска со забраната на абортусот. По ова прашање, во поново време, се водат бројни дебати од страна на различни асоцијации и институции. Од една страна се оние кои се застапуваат за забрана на абортусот, а од друга, оние кои сметаат дека прашањето за тоа дали жената ќе го роди детето е нејзино право. Забраната на абортусот, во оваа смисла, задира во слободата на жената да одлучува за раѓањето и за бројот на децата кои ќе ги има. Од друга страна, се укажува и на фактот дека во некои драстични случаи на болест и друга неспособност на жената, абортусот може да го спаси нејзиниот живот. Затоа, ова прашање не смее да се регулира со забрана.

Нашето истражување ја покажува зголеменета свест на луѓето за намалување на бројот на абортуси.

*****

Доста актуелно прашање денес е прашањето за разводите на брак. За таа цел од нашите испитаници побаравме на скала од 1 до 10 да го кажат својот став, односно дали го оправдуваат или не го оправдуваат разводот, при што бројот еден го означува нивниот став дека никогаш не го оправдуваат разводот, а бројот 10 дека секогаш го оправдуваат.

Одговорите ги прикажавме во Табела 77 и Графикон 16.

**Табела 77. Развод**

| Одговори на испитаниците | скала | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | F | % | f | % | f | % |
| Никогаш не е оправдано | 1 | 127 | 19,54 | 108 | 16,62 | 235 | 18,08 |
| | 2 | 10 | 1,54 | 0 | 0,00 | 10 | 0,77 |
| | 3 | 10 | 1,54 | 0 | 0,00 | 10 | 0,77 |
| | 4 | 4 | 0,62 | 0 | 0,00 | 4 | 0,31 |
| | 5 | 143 | 22,00 | 319 | 49,08 | 462 | 35,54 |
| | 6 | 97 | 14,92 | 131 | 20,15 | 228 | 17,54 |
| | 7 | 29 | 4,46 | 31 | 4,77 | 60 | 4,62 |
| | 8 | 10 | 1,54 | 0 | 0,00 | 10 | 0,77 |
| | 9 | 30 | 4,62 | 0 | 0,00 | 30 | 2,31 |
| Секогаш е оправдано | 10 | 190 | 29,23 | 61 | 9,38 | 251 | 19,31 |
| | Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | Просек = 6,07 | | Просек = 5,10 | | | |

Во барањето да се определат меѓу ставот - разводот никогаш не е оправдан и секогаш е оправдан 19,54% ученици и 16,62% родители го избраа првото тврдење, а 29,23% ученици и 9,38% родители второто тврдење..

Пресметаните просеци од 6,07 и 5,10 покажуваат колебливост на двете групи на испитаници по ова прашање.

Графикон 16.




Никогаш не е оправдано — Секогаш е оправдано

Колебливиот став на испитаниците по прашањето за оправданоста на разводот на бракот ја отсликува и дадената ситуација во земјата во поново време кога, како што зборува статистиката, секој трет склучен брак во поново време во Македонија, завршува со развод.

Нашите испитаници не се против разводот на брак, но и не го одобруваат сосема.

*****

Во истражувањето ги испитавме и ставовите на учениците и родителите за оправданоста на евтаназијата во случаи кога човекот трпи неизмерни болки кои не се излечиви.

Одговорите по однос на ова прашање ги прикажавме во Табела 78 и Графикон 17.

Околу половината од двете групи на испитаници (47,69% ученици и 59,54% родители) не ја оправдуваат евтаназијата, а 13,38% ученици и 13,08% родители ја оправдуваат таквата постапка.

Табела 78. Евтаназија- ставање крај на животот на неизлечиви болни

| Одговори на испитаниците | скала | Ученици F | Ученици % | Родители f | Родители % | Вкупно F | Вкупно % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Никогаш не е оправдано | 1 | 310 | 47,69 | 387 | 59,54 | 697 | 53,62 |
| | 2 | 13 | 2,00 | 16 | 2,46 | 29 | 2,23 |
| | 3 | 61 | 9,38 | 14 | 2,15 | 75 | 5,77 |
| | 4 | 11 | 1,69 | 46 | 7,08 | 57 | 4,38 |
| | 5 | 112 | 17,23 | 38 | 5,85 | 150 | 11,54 |
| | 6 | 2 | 0,31 | 34 | 5,23 | 36 | 2,77 |
| | 7 | 2 | 0,31 | 3 | 0,46 | 5 | 0,38 |
| | 8 | 50 | 7,69 | 26 | 4,00 | 76 | 5,85 |
| | 9 | 2 | 0,31 | 1 | 0,15 | 3 | 0,23 |
| Секогаш е оправдано | 10 | 87 | 13,38 | 85 | 13,08 | 172 | 13,23 |
| | Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | Просек = 3,75 | | Просек = 3,27 | | | |

Пресметаните просеци од 3,75 и 3,27 кажуваат дака и едните и на другите испитаници тендираат кон ставот за неоправданост од евтаназијата.

Графикон 17.




Никогаш не е оправдана Секогаш е оправдана

Прашањето за евтаназијата е старо колку што е старо и човештвото. Во некои цивилизации таа била дозволена и прогласена за хумана.

Во современо време се застапува ставот за неоправданост на оваа постапка. По ова прашање, насекаде во светот, се водат дебати кои се на линијата „за“ и „против“.

Денес се смета дека не е хумано некому да му се одземе животот, без разлика на условите во кои го живее.

Меѓутоа, присутни се и спротивни гледишта во кои се наведува дека токму, не е хумано да се остави човекот да страда во неиздржливи болки и таа болест не може да се излечи.

Ние не чувствуваме потреба спротиставените гледишта да ги коментираме. Само ќе нагласиме дека во нашето истражување и учениците и родителите, во поголем процент, не ја оправдуваат евтаназијата.

*****

Како последно прашање, од оваа група на прашања кои се однесуваа на разните етички проблеми од секојдневниот живот, го поставивме прашањето за оправданоста на самоубиството.

Ставовите на учениците и родителите по однос на ова прашање ги прикажавме во Табела 79 и Графикон 18.

**Табела 79. Самоубиство**

| Одговори на испитаниците | Скала | Ученици | | Родители | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| Никогаш не е оправдано | 1 | 454 | 69,85 | 550 | 84,62 | 1004 | 77,23 |
| | 2 | 28 | 4,31 | 0 | 0,00 | 28 | 2,15 |
| | 3 | 81 | 12,46 | 0 | 0,00 | 81 | 6,23 |
| | 4 | 10 | 1,54 | 0 | 0,00 | 10 | 0,77 |
| | 5 | 34 | 5,23 | 55 | 8,46 | 89 | 6,85 |
| | 6 | 34 | 5,23 | 6 | 0,92 | 40 | 3,08 |
| | 7 | 1 | 0,15 | 30 | 4,62 | 31 | 2,38 |
| | 8 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |
| | 9 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |
| Секогаш е оправдано | 10 | 8 | 1,23 | 9 | 1,38 | 17 | 1,31 |
| | Вкупно | 650 | 100 | 650 | 100 | 1300 | 100 |
| | | Просек = 1,93 | | Просек = 1,79 | | | |

Поголемиот број од двете групи на испитаници ( 69,85% ученици и 84,62% родители ) не го оправдуваат самоубиството. Само 1,23% ученици и 1,38% родители го оправдуваат.

Графикон 18.




Никогаш не е оправдано — Секогаш е оправдано

Добиените резултати јасно го покажуваат ставот на двете групи на испитаници за неоправданост на самоубиството како постапка.

Прашањето за оправданоста на самоубиството, исто така, има своја историја во патот на човештвото. Меѓутоа, во бројни цивилизации и денес тоа е неприфатлива постапка, без оглед на тоа зошто е направено.

Религиите јасно стојат на ставот за неоправданост на самоубиството кај луѓето. Дури оние што се самоубивале, Црквата не дозволувала да се закопуваат во гробиштата, туку ги закопувале надвор од гробиштата.

*****

Врз основа на добиените резултати под однос на прашањата поврзани со мислењата на испитаниците за некои етички постапки на луѓето ја отфрламе претходно поставената хипотеза дека:

**Постојат разлики во мислењата на родителите и учениците за некои етички постапки.**

*****

Резултатите кои ги добивме во анализата на сите поставени прашања во нашиот прашалник на истражување не упатуваат на заклучокот дека со сумирање на сите резултати и анализа на помошните хипотези кои ги потврдивме или одбивме, можеме да констатираме дека се потврдува главната хипотеза според која:

**Постојат разлики во вредносните ориентации на родителите и вредносните ориентации на учениците- адолесценти**.

# ЧЕТВРТИ ДЕЛ

# РЕЗИМЕ, ЗАКЛУЧОК, БИБЛИОГРАФИЈА, ПРИЛОЗИ

## РЕЗИМЕ

Разгледувањето на семејството како вредносна и општествена форма на животот на човекот се заснива на повеќе постулати и тоа:

- Развојот на семејството од античко време до денес;
- Семејството како природна состојба на човековото постоење и состојбата на социјалниот напредок;
- Концептот за семејството како заедница на вредности и општествени форми на човековото постоење;
- Семејството како детерминанта на вредносната димензија на општеството;
- Вредноста на семејниот живот и проблемите на личните димензии;
- Карактеристики на еволуцијата на социо-вредносната содржина на семејството како еден вид на човековото постоење;
- Главните трендови во развојот на семејството во современото општество;
- Еволуцијата на вредностите и интересите и кризата на семејството во современото општество; и
- Семејната парадигма „во контекст на социјалната политика".

Современите проблеми во трансформацијата и модернизацијата на општеството ја чинат потребата од преиспитување и на улогата на семејството како форма на општествени вредности.

Современите контрадикторни процеси на трансформација на општествениот живот ги исфрлаат на површина проблемите поврзани со ефектите врз семејството.

Таквите проблеми можат да се евидентнираат, посебно од крајот на 1990-тата година кога доаѓа до глобално преиспитување на општествените вредности, кога еден цел систем на општествени вредности го изгубија своето значење предизвикано од новите културни и историски промени.

Во новите услови на живот и работа, од корен се менува разбирањето за семејството само како- социјална институција. Заедно со разбирањето на семејството

како социјална институција, предмет на научно размислување стана проблематиката на новите содржински и функционални специфичности на егзистенцијата на човекот како еден од феномените на динамично менување на општествената реалност.

Семејството, како составен дел на општествениот систем зависи од општеството и истовремено има влијание на социјалните интеракции и односите во општеството.

Благосостојбата на семејството и процесите кои влијаат на неговото функционирање отсекогаш се грижа за општеството и државата. Ова стана посебно значајно во периодот на фундаменталната трансформација на општеството, кога дојде до длабоки промени во, речиси сите елементи на семејното живеење.

Промените во семејството имаат свое влијание врз секојдневните животни активности на секој поединец, посебно на неговата сигурност и егзистенција. Токму ова ќе го потпреме на мислата на Артур Милер (Arthur Miller) кој пишува дека "сите луѓе во своите мисли секогаш ги поврзуваат сигурноста, љубовта, душевното спокојство и гордоста со идеата за семејство."

Денес традиционалните функции на семејството, како што се: репродуктивната, образовната, економската, домаќинската, се дополнуваат со психолошкото „поддржување" на целите на опстанокот и заштитата на луѓето.

Исто така, анализата на моменталната состојба на проблемот покажува дека денешното семејство се соочува со системска криза, со пад на бројни традиционални вредности, со промени во односите во семејството како последица на промената на социо-економската ситуација во општеството.

Според истражувањата на бројни современи аналитичари модерното семејство постепено:

- ја губи својата економска и психолошка конзистентност во обезбедувањето на безбедна егзистенција за поединецот;
- ја губи својата способност да дејствува во насока на зачувување на моралните стандарди и етички норми; и
- значително се намалува внатрешниот едукативен потенцијал, пред се, во позитивната социјализација на децата и во формирањето на вредносните ориентации кај тинејџерите.

Истражувањето кое ние го поставивме е насочено кон испитување на семејството како вредносна реалност на членовите кои живеат во него.

Најпрво, поаѓаме од ставот дека семејството е главниот канал на културни и образовни врски меѓу генерациите, кои го дефинираат доминантното морално и личносно оформување на адолесцентите како критичен фактор во развојот на нивните вредности.

Современите науки дошле до знаења за потребите и можностите како да се реши проблемот на вредносните ориентации на адолесцентите во современото семејство. Пред се, се истакнува дека психолошките карактеристики и специфичните промени во адолесценцијата имаат значително влијание врз развојот на вредносните ориентации на личноста која е во развој.

Во оваа смисла се покажа дека по однос на формирањето на вредностите критичен период е адолесценцијата, како период кога:

- настанува глобално преоценување на вредностите кај младите;
- доаѓа до менување на односите со родителите; и
- доаѓа до промени во стилот на комуникација со возрасните.

Оттука, семејството станува најважниот фактор во развојот и изградбата на индивидуалниот систем на вредносни ориентации кај тинејџерите.

Поаѓајки од овој факт, како тема на нашето истражување го поставивме проблемот насловен како „Педагошките проблеми во современото семејство во формирањето на вредностите ориентации кај младите".

По својата суштина овој пристап ги допира прашањата за вредностите во современото семејство, нивната промена и нивното влијание врз формирањето на вредносните ориентации кај младите.

Сметаме дека таквото истражување има своја смисла, иако не одрекуваме дека таквиот пристап е тежок и можеби постојат и некои недостатоци кои произлегуваат од неговата сложеност и суптилност.

Истражувањето на вредносните ориентации на младите како резултат на современото семејство е слабо истражуван проблем во нашата педагошка наука и одтука ја извлекуваме оправданоста на нашето истражување. Исто така, сметаме дека

во современи услови на промени во семејството и општеството, истражувањето на формирањето на вредносните ориентации кај младите е доста актуелно.

Анализата на различни извори и истражувања за семејството, покажува промени во видовите на семејните структури, разлики во склопувањето и природата на бракот, во сродствотото и родителството.

Прво, се менуваат карактеристиките на бракот.

Современиот брак се повеќе станува социјално одобрен модел на однесување со кој две лица стануваат семејство.

Покрај тоа, се нагласува дека секоја заедница развива сопствен систем на обрасци на однесување во семејството. Таквите модели се историски условени и имаат силна економска основа.

Некои истражувачи ја истакнуваат важноста на економските фактори во развојот на семејството во одредени општества. Така на пример, во Тибет, земјата припаѓа на семејството и таа се наследува од страна на сите синови од семејството. Таа не се дели на посебни делови, зошто како такви, деловите би биле премногу мали за да можат да го издржат семејството на секој брат посебно. Затоа, браќата заедно го користат земјиштето и имаат заеднички сопруги.

Како што е наведено од страна на Титаренко, колективната психологијата на примитивните човечки општества е психологија на „колективно ослободување и опозиција", која може да се набљудува и денес во некои области на Земјата.

Патријархалното семејство каде што таткото е глава на семејството е карактеристично за многу делови во светот (Тајланд, Јапонија, Иран, Бразил, итн).

Матријархалното семејство, каде што највисок авторитет и влијание ужива мајката присутно е во еден дел од историскиот развиток и го среќаваме и денес во некои племиња, меѓутоа, таквото семејство е многу ретко.

Американскиот социолог Морис (Morris) наведува т.н. партнер семејства чија основа е заедничката дискусија во семејството и заедничкото носење на решенија.

Поаѓајќи од значењето на познавањето на проблемот на вредностите и од улогата која ја имаат вредностите во општественото однесување на младите,

педагогијата и психологијата го зголемуваат својот инерес за овој проблем. Меѓутоа, анализата на изучување на овој проблем покажува дека истражувањата се еднострани.

Некои научни работници сметаат дека неразвиената истражувачка работа во областа на вредностите кај нас произлегува и од тоа што кај нас не постои таксономија на вредностите.

Значењето на проблемот на вредностите го истакнува и фактот дека нашето општество е отворено и присутни се противречности меѓу старото и новото.

Кои вредности децата во современото време и современи услови ги ценат, кои се нивните цели и приоритети, каков е односот меѓу индивидуалните и оопштествените вредности, на кој начин вредностите се интериоризираат кај младите, кои се битните фактори во тоа, сите тие се важни прашања на педагошката теорија и практика.

Вредностите се меѓусебно поврзани и сочинуваат системи на вредности. Од нив произлегуват вредности од прв, втор и трет ред и служат како основа за регулурање на односите меѓу луѓето, луѓето и општеството, луѓето и природата и меѓу самите себе си. Во овие потсистеми на вредности постои меѓусебна поврзаност и условеност, но и меѓусебна спротивност и конфликти.

Основна карактеристика на системите на вредности е нивниот континуитет, но и нивната променливост. Тие имаат свое минато, своја сегашност и своја иднина. Системите на вредности на луѓето од едно општество се засниваат на идеологијата на тоа општество.

Во исто време, важен пристап во проучувањето на семејството и семејните вредности е и оној според кој развојот на историјата на бракот и семејството може да се подели во три главни фази:

1. Од антиката до средината на XIX век;
2. Втора половина на XIX до XX век; и
3. Истражувања од XX век до денес.

За современата социјална и културна ситуација станува особено значајно истражувањето на феноменот на семејството како начин на вредносна димензија на општеството и како посебен вид на живот и заедница на социјалните вредносни форми на човековото постоење.

Разгледувањето на семејството како социјална и културна вредност стана карактеристика за студиите од втората половина на 1990-тата година па наваму.

Во современи општествени услови, системот на функциите и универзалните вредности во семејство, исто така, претрпеа модернизација. Промените се рефлактираа не само врз темелите на општествениот живот, но исто така и на духовниот живот на човекот, кои се под влијание на хиерархијата и содржината на целите и функциите на семејството.

Доаѓањето на индивидуализмот и повлекувањето на позицијата на колективизмот е ситуација на новото време и новото семејство. Во тандем со семејните вредности, тие ќе станат основа на современата доктрина и новиот морал во функција на зајакнување на семејството.

Современото македонско општество подолго време е изложено на бурни промени, кои, меѓу другото, условуват и промени во современото семејство.

Во оваа смисла, сосема е оправдано да се зборва за традиционализам и модернизам во современото семејство. Бројни извршени истражувања покажуваат дека семејните односи и врдности се менуваат од традиционални кон модерни.

Модернизацијата на општеството пред човекот го поставуваа барањето за што посестрано образование, што ги менува и барањата кон воспитанието на децата и младите во семејството. Овие процеси на промени не се одвиваат еднакво во сите домени на воспитната дејност во семејствата.

Запознавањето на семејните односи и вредности помага да се објаснат и предвидат резултатите од воспитната работа во семејството.

По однос на улогата на семејството во иградувањето на ситемот на вредности постојат две становишта:

1. Според првото становиште, семејството само ги пренесува барањата, не менувајќи ги, како би се обезбедил континуитет на културата и прилагодување на индивидуата на општеството; и
2. Според второто становиште, семејството ги усогласува општествените барања со диспозициите на индивидуите и ги поттикнува сами да се определат меѓу одредените алтернативи.

Во семејството, кое се означува како модерно, присутна е тенденцијата кон изедначување на улогите и положбата на половите и генерациите. Во модерното семејство членовите се ориентирни кон општествено напредување, негување на семејниот углед и одржување на топлина во домот. Видна е ситуацијата на слобода на сите членови во семејството. Дистрибуцијата на улогите и авторитетот е работа на афинитет и договор меѓу членовите на семејството. По однос на децата, се настојува да се развијат способнотите на младите и тие да се подготват за успешен живот.

Социо- економската и политичката состојба по 90-тите години на XX-от век го смени традиционалниот систем на вредности и стандардите на општествените норми на малолетниците. Особините на личноста како што се: чесноста, интегритетот, интелигенцијата и образованието не само што станаа не престижни, но исто така, станаа презрени од значителен дел на млади луѓе. Субкултурата почна да се пополнува како резултат на културниот вакум и на тој начин квалитативно да се менува ликот на социјализацијата на адолесцентите. Социјалното влијание и притисокот на подземјето врз општеството, со ширење на својот искривен морал, ги искривува вредносните ориентации кај најнестабилните делови од населението - младите луѓе.

Проучувањето на економските, социјалните и културните услови, кои влијаат преку социјалните искуства врз вредносните ориентации на адолесцентите, бара развој на нови пристапи и парадигми за анализа, континуирана сеопфатна дијагноза на вистинскиот социјален статус и динамиката на процесите.

Како приоритетни за изучување на адолесцентите се идентификувани следниве вредности: семејството, родителите, семејните односи, слободните активности надвор од училиштето и семејството, училиштето, образованието, идната професија, материјалното богатство, врсниците, пријателите, здравјето, љубовта, пријателството, полот, духовната култура, почитта за другите, итн.

Адолесцентите се акутно свесни за нивната социјална ранливост. Тие се особено загрижени за односите со врсниците, со родителите и другите возрасни.

Денешното семејство живее и се развива во многу земји во транзиција, меѓу кои и нашата, во услови на нагли економски, политички, културни, па и вредносни промени. Оттука, значајно е да се увиди дали во новонастанатите услови вредностите на родителите се пренесуваат на децата и младите или меѓу нив постојат разлики. Во

оваа смисла, ние направивме едно истражување со кое сакавме да го согледаме овој проблем.

Во истражувањето искористивме еден „Светски прашалник за вредностите“. Бидејќи овој прашалник беше прилично долг, направивме обид да исфрлиме некои прашања, за кои ни се чинеше дека немаат некое поголемо значење за нашето истражување, со цел прашалникот да го сведиме во разумни рамки.

Прашањата во прашалникот опфаќаат повеќе групи (семејство и брак, вредности, односот кон другите луѓе, кон работата, судбината, приоритетите на земјата, патриотизмот, улогата на науката, техниката и технологијата, политиката, религијата, кон некои етички постапки и сл.)

Најпрво на учениците адолесценти и на нивните родители им го понудивме тврдењето дека „бракот е застарена институција“ со цел да востановиме колку и едните и другите, се согласуваат или не се согласуваат со овој став.

Со пресметувањето на хи-квадрат тестот утврдивме дека постојат статистички значајни разлики во мислењата на испитаниците по однос на ова прашање со што се потврди хипотезата дека: постојат разлики во мислењата на родителите и учениците за бракот.

Статистичките параметри во определувањето на разликите во ставовите на учениците адолесценти и нивните родители за предусловите за успешен брак, што беше задача во понатамошното истражување, покажаа дека за повеќе категории постои статистички значајна разлика. Меѓутоа, за неколку категории не се покажа статистички значајна разлика.

Верноста, доволниот приход, истото социјално потекло, добриот дом и имањето на деца во семејството како предуслови за успешен брак се категории кај кои постојат поголеми разлики во одговорите на адолесцентите и родителите. Наведените предуслови повеќе ги префрираат родителите. Тоа значи дека за постарата генерација поголема вредност имаат материјалните предуслови, кои обезбедуваат материјална сигурност. Во контекстот на традиционалните вредности наследени од патријархалното семејство е и барањето брачните партнери да потекнуваат од исто социјално потекло.

Разликите како што се оние во споделувањето на задолженијата во домот и заедничките вкусови и интереси со поголем процент како предуслови за брак ги избрале адолесцентите. Тоа значи дека во овие домени постои промена на вредностите кај помладата генерација. Тоа се вредности каде преовладува модернизмот во вредностите.

Разлики во одговорите на учениците и родителите по прашањето за предусловите за успешен брак не постојат во предусловите: исти религиозни убедувања, договор околу политичките убедувања, меѓусебно разбирање и толеранција и среќна сексуална врска.

По однос на предусловите: исти религиозни убедувања и политички убедувања, можеме да коментираме дека тоа се вредности на традиционалното патријархално семејство кои не се промениле и за младата генерација, што се потврдува со добиениот резултат дека и учениците и родителите ги наведуваат како преферабилни. Нашата практика на живеење, исто така, покажува дека и денес, главно, бракови се склучуваат помеѓу младите од иста религиозна конфесија. Мешани бракови по оваа основа има малку и тие се осудувани од општеството.

Политичките убедувања не се значаен фактор за успешен брак, ниту за претходната, ниту за младата генерација.

Меѓусебното разбирање и среќната сексуална врска се предуслови за брак кои се значјни за двете испитувани групи.

Резултатите кои ги добивме со пресметувањето на хи-квадрат тестовите од одговрите на испитаниците за сите предуслови за брак кои ги испитавме, покажаа статистички значајни разлики во одговорите на учениците и родителите за поголем број на предуслови за успешен брак. Оттука, ја потврдивме хипотезата според која претпоставивме дека: постојат разлики во мислењата на родителите и адолесцентите за значајноста на поедните предуслови за успешен брак.

Во понатамошниот дел од истражувањето сакавме да испитаме колку ставовите на родителите се слични со ставовите на учениците адолесценти, односно со ставовите на нивните деца.

Теоретските поставки во врска со прашањата кои се однесуваат на ставовите на родителите и адолесцентите јасно укажуваат на значењето на ставовите за

однесувањето на луѓето, за нивната променливост и нивното пренесување од родителите на децата.

Нашите резултати покажаа дека ставовите, во наши услови, се пренесуваат од родителите на децата. Статистичките параметри укажуваат на тоа дека не постои статистички значајна разлика во ставовите на родителите и децата.

Оттука, се отфрли хипотезата со која претпоставивме дека: постојат разлики во мислењата на родителите и адолесцентите за нивните заеднички ставови.

Следниот сет на прашања се однесуваа на вредностите во животот на учениците и родителите.

Првото прашање од овој сет на прашања се однесуваше на значајноста која родителите и адолесцентите ја придаваат на некои приоритети во животот на човекот.

Значајноста на семејството во животот највисоко ја оценија и учениците и родителите. Ова е прилично значаен податок. Семејството било и е највисок приоритет за животот на човекот. Тука не постои разлика кај учениците по однос на проценката која ја дадоа родителите. Семејството како вредност директно се пренесува од родителите на децата. Радува фактот што оваа вредност високо ја ценат и младите во нашата земја. Тоа повеќе заради некои истражувања во други земји во светот кои покажуваат дека младите денес не го врзуваат својот живот за семјството.

Пријателите во животот на учениците и родителите завземаат свое место како значаен приоритет. Меѓутоа, пријателите повеќе ги преферираат адолесцентите од родителите. Таквиот факт е поврзан со карактеристиките на младите луѓе кои многу повеќе се врзуваат за своите врсници. Во животот на младите врсниците, пријателите имаат едно од првите места. Тие се дружат, примаат влијанија од пријателите, го поминуваат своето слободно време со нив. За разлика од нив возрасните не склучуваат толку присни пријателства со своите врсници. Нивните интереси повеќе се врзани за членовите на семејството и роднините.

Слободното време во животот на адолесцентите и на возрасните има поинакво значење. Младите поголем дел од своето слободно време го поминуваат во забава и спорт со своите врсници.

Заради работните обврски возрасните имаат помалку слободно време и тие на слободното време и активностите на слободното време им даваат помало значење од

значењето кое им го придаваат адолесцентите. За младите слободното време повеќе е време на активности и заедничка дружба со врсниците. За возрасните тоа е време на завршување на обврските во домот и време за одмор после напорните работни обврски.

Поголемиот дел од испитаниците политиката ја означија како не многу значајна во нивниот живот. Меѓутоа, еден значаен процент на родители на политиката и даваат прилично значење. Уште Старите Грци политиката ја окарактеризирале како доста значаен фактор за животот на човекот и дури човекот го означиле како „zoon politikon" (Аристотел). Возрасните се интересираат и се бават со политика. За разлика од нив политиката за младите нема поголемо значење. Тоа го покажа и наште истражување.

Во истражувањето кое го извршивме интересен е фактот што и возрасните и младите на работата и дадоа виспк процент на значајност. Ако за родителите работата е дел од животот, за младите повеќе е она што ќе дојде во иднина.

Меѓутоа, радува фактот што работата како висока вредност ја прифатиле и учениците. Всушност, учењето како доминантна активност на младите луѓе кои влегоа во примерокот на нашето истражување е во функција на она што покасно во животот ќе го работат. Со тоа го објаснуваме фактот што и учениците на работата и дадоа доста големо значење.

Значајноста на религијата во животот скоро со еднаков процент ја оценија и родителите и учениците.

Објаснување за таквата ситуација добиваме во фактот што во времето на демократските превривања во нашата земја, на голема врата влегоа религиозните вредности во животот на луѓето. Религијата стана значаен фактор, не само за животот на возрасните туку и на младите.

Такви податоци, сигурно, нема да добиевме ако истражувањето го вршевме во периодот на претходното општествено уредување. Во оваа смисла, во едно истражување насловено како „Вредностите на младата генерација на Југославија", извршено некаде осумдесеттите години на минатиот век, младите кои беа истражувани религијата ја ставија на последно место во преферираните вредности.

По однос на испитувањето на разликите во мислењата на учениците и родителите за значењето на овие шест вредности во животот на човекот, за три

вредности пресметаниот хи-квадрат тест покажа статистички значајна разлика, а за три не покажа статистички значајна разлика.

Оттука и нашата колебливост дали да ја прифатиме или да ја одбиеме поставената хипотеза дека: постојат разлики во значењето кое учениците и родителите им го придаваат на некои вредности во нивниот живот.

Во нашето истражување ги прашавме и учениците адолесценти и родителите дали и колку размислуваат за смислата и целта на животот.

Добиените резултати од истражувањто ни покажаа дека ова прашање е скоро еднакво поставувано и од страна на учениите и од страна на родителите.

Она што го добивме како резултат е логично, зошто размислувањето за смислата и целта на животот е исконска потреба на човекот. Без разлика на возраста и образовниот и материјалниот статус, сите луѓе си го поставуваат прашањето која е смислата и која е целта на животот.

Пресметаниот хи-квдрат тест за одговорите на учениците и родителите не покажа статистички значајна разлика.

Оттука, не се потврди поставената хипотеза со која претпоставивме дека: постои разлика во односот на учениците и родителите кон прашањата за смислата и целта на животот.

На двете групи на испитаници им поставивме неколку прашања кои се однесуваат на некои цели во животот. Одговорите кои на овие прашања ги дадоа учениците адолесценти и родителите се прилично слични.

Статистички значајна разлика се покажа само со вредноста на хи-квадрат тестот за тоа дека самите одлучуваат за нивните цели во животот.

Во контекст на добиените одговори за целните вредности кај учениците и родителите можеме да констатираме дака целните вредности се онаа група на вредности кои се пренесуваат од родителите на децата. Во оваа група на вредности се гледа улогата на семејството во формирањето на вредностите кај младите. Како вечни и трајни вредности, оваа група на вредности доживува мали промени од генерација до генерација.

Вредностите на добиените хи-квадрат тестови ја отфрлаат поставената хипотеза со која претпоставивме дека: Постои разлика во целните вредности кај учениците адолесценти и кај родителите.

Во рангирањето на личните особини на ранговите на учениците и на родителите може да се забележат значителни разлики. Приказот кој го направивме за личносните вредности покажува големи разлики кај учениците адолесценти и кај нивните родители.

Оттука, можеме да констатираме дека во временски период на промена на една генерација настанале промени во личносните вредности. Промени се забележуваат во личносните вредности - правилно однесување, во почитувањето на традицијата и религиозните вредности, да им се помага на блиските, да се живее во безбедна средина и др. како вредности кои за родителите се најпреферирани.

Меѓутоа, се забележува и обратна тенденција вредностите кои се помалку преферирани кај родителите да ги завземаат првите места кај учениците. Така, за учениците најпреферирана вредност е креативноста, која кај родителите завзема незавидно место. Учениците ги преферираат богатството и успешноста во работата. Овие вредности се релативно блиски со вредностите на родителите. Мали промени има во посакуваната вредност да се има слободно време, а нема промени во односот кон природата.

Водечките вредности во животот, исто така покажуваат помали, или поголеми поместувања од една генерација до друга. Меѓутоа, постојат вредности кои се слични за адолесцентите и нивните родители.

Така вистинската љубов во рангот на учениците е на прво место, но и во рангот на родителите го завзема високото второ место. Хармоничниот семеен живот за родителите е на прво место, но и кај учениците е рангиран на високото трето место. Душевниот мир во рангот на родителите е на четврто место, а кај учениците на петто место. Себепочитувањето младите го рангираат на четврто место, а родителите на осмо место. Сигурноста за саканите лица родителите ја рангираат на високото трето место, а учениците на десеттото место. Економската благосостојба кај родителите е на петто, а кај учениците на деветто место. Општествениот углед во рангот на родителите е на седмо место, а кај учениците е на дванаесетто место.

По однос на рангирањето на носечките вредности, учениците повисоко од своите родители ги ценат себепочитувањето и подобрувањето на самиот себе си. Исто така, младите повеќе го ценат задоволството, возбудливиот живот и мирот во светот.

Приказот на рангот на родителите и на адолесцентите покажува промени и во оваа група на вредности.

Адолесцентите на првите три места ги рангирале: љубовта, вистинското пријателство и хармоничниот семеен живот, а родителите: хармоничен семеен живот, вистинска љубов и сигурност за саканите лица. Во оваа група на вредности не се забележува голема разлика од вредностите на генерацијата родители од оние на нивните деца.

Интересни се и резултатите кои ги добивме од рангирањето на вредностите кои се однесуваат на начините на однесување на луѓето.

Во рангирањето на учениците, првото место го завзема независноста, која кај родителите е на четврто место. Во рангот на родителите на прво место е чесноста, а кај учениците таа е на четврто место Се забележува разлика во значајноста на вредноста совесност. Кај родителите е на второ место, а кај учениците дури на шесто место. Учениците високо ја рангираат решителноста (на второ место), за разлика од родителите кои ја ставаат дури на осмо место.

Интересно е тоа што вредностите од оваа група се блиски кај родителите и нивните деца. Така, способноста е на трето место во рангот на учениците, а на петто во рангот на родителите. Снаодливоста е на шесто место кај родителите, а на седмо кај учениците.Учтивоста родителите ја рангираат на 9-то место, а учениците на 8-мо.

Од ранговие на вредностите кои се однесуваат на однесувањето на човекот може да се констатира дека ова се вредности кои децата адолесценти ги прифатиле од своите родители. Таквата ситуација соодветствува на теориските поставки каде се наведува дека вредностите на децата се резултат на вредностите на родителите во семејството. Приказот кој го дадовме ја потврдува таквата поставка. Не се забележуваат вредности од оваа група кои драстично се разликуваат. Најверојатно тоа е резултат на фактот што однесувањето е она кое постојано се повторува од страна на родителите и вредностите од оваа група најчесто и најлесно се интериоризираат кај децата и младите.

Во понатамошниот дел од истражувањето сакавме да го испитаме односот на учениците адолесценти и нивните родители кон другите луѓе, односно кон оние луѓе кои на извесен начин се разликуваат од нивната потесна социјална група. Станува збор за луѓе од различна националност, религија, луѓе кои зборуваат друг јазик или дијалект, но и луѓе кои се зависници од дрога, алкохол, заболени од сида, хомосексуалци, парови кои живеат заедно, а не се во брак и сл.

На тој начин сакавме да дојдеме до сознанија за постоењето на различни предрасуди кон различни групи на луѓе од страна на испитаниците, но во исто време сакавме да дознаеме и дали има разлики помеѓу одговорите на учениците адолесценти и нивните родители по однос на ова прашање. Значи главна цел ни беше да откриеме дали ставовите и мислењата на родителите во вид на предрасуди се пренесуваат и на нивните деца.

Очекуван беше податокот кој го добивме дека кај нас најнепосакувани се оние личности кои се корисници на дрога. Мислиме дека не е потребен коментар за таквата ситуација. Луѓето не сакаат да се дружат со оние што консумираат дрога, не ги прифаќаат и ги отфрлат, иако би рекле дека тоа не е некоја заразна блест и нешто слично. Околината, очигледно, не ги прифаќа оние кои самите себе си си нанесуваат зло.

Слични се податоците кои се однесуваат на односот кон тешките алкохоличари. Алкохоличарите си нанесуваат зло на самите себе си, но многу често ги повредуваат и оние луѓе кои се во нивна близина. Алхоличарите, главно ги повредуваат своите блиски, жената, мажот и децата. Децата кои растат во средина на алхоличари имаат трајни последици на својата психа. Затоа, логичен е односот на другите кон нив. Поголема одбивност кон оваа категорија луѓе покажуваат родителите, иако и процентот на ученици не е многу помал.

Над половина од анкетираните родители покажуваат одбоен однос кон хомосексуалците. Процентот на адолесценти со таков однос кон хомоексуалците е нешто помал, но и тој не е за занемарување. И покрај постојаните кампањи од страна на ова категорија на луѓе за надминувае на хомофобијата која се покажува кон нив, податоците кои ги добивме во истражувањето покажуваат дека поголемата популација на луѓе не ги прифаќаат.

Не е мал процентот на испитаници од двете категории испитаници кои имаат одбивен однос кон болните од сида. Овој став можеби е разбирлив ако се земе во прдвид фактот дека луѓето се малку информирани и чувствуваат страв од оваа категорија на луѓе.

За нашето мултиетничко општество позитивен е податокот кој го добивме од двете групи на испитаници кон луѓето од друга националност, луѓето кои зборуваат друг јазик, луѓето од различна религија или кон оние партнери кои живеат заедно без склучен брак. Испитаниците од двете групи во многу мал процент ги одбиваат овие категории на луѓе.

Хи-квадрат тестот покажува статистички значајна разлика со што се потврдува хипотезата дека: постои разлика во односот на учениците и родителите кон луѓето кои се разликуваат од нив.

Добиените одговори  од двете групи на испитаници на поставените прашања во врска со типот на работа кој го преферираат укажуваат на тоа дека предност има материјалниот фактор, потоа, сигурноста во работата, а со не мал процент испитаниците, посебно адолесцентите, се определија за работа која оди во прилог на нивната самореализација и актуелизација.

Таквите одговори се чинат логични и прифатливи. За најголемиот број на луѓе работата е извор на материјални средства за обезбедување на егзистенција за нив и нивните блиски. Меѓутоа, не треба да се занемари фактот дека работата е и услов за самореализација на личноста на луѓето.

Вредноста на хи-квадрат тестот упатува на статистички значајна разлика во ставовите на родителите и адолесцентите по ова прашање и во таа смисла ја прифаќаме поставената хипотза дека:

Постојат разлики во мислењата на родителите и адолесцентите за нивниот однос кон работата.

Ставот дека луѓето сами ја одредуваат својата судбина во најголем процент го прифатија и родителите и учениците. Во оваа група на одговори, по бројот на испитаници кои така се изјасниле, водат родителите. Меѓутоа, и процентот на ученици кои сметаат дека нивниот живот зависи од нив самите не е мал. За родителите и

педагозите тоа е значаен податок кој води кон поквалитетно воспитание во оваа насока.

Фаталистичкото сфаќање според кое судбината го одредува животот на луѓето, според процентот со кој се определиле, повторно е поголем кај родителите од оној кај учениците.

Приличен процент и од едната и од другата група на испитаници се колебаат меѓу фатализмот и ставот дека нивниот живот зависи од нив самите и нивните напори за постигнивање на подобар живот. Овој процент не е мал и токму ова се оние млади луѓе на кои треба да им се помогне и да се стимулираат за поголеми напори во работата и животот.

Податоците кои ги добивме во трите групи на прашања кои се однесуваат на приоритетите на земјата и приоритетите на светот покажуваат дека преферирани приоритети се: стабилна економија, борба против криминалот и похумано општество.

Таквите ставови и на адолесцентите и на родителите ја покажуваат позитивната насоченост на луѓето кон она што треба да се прави за подобар живот. Јасно е дека двете групи на испитаници сакаат добар живот и во смисла на добра материјална состојба и во смисла на хумани односи меѓу луѓето. Само таквиот живот може да обезбеди стабилност, рамноправност меѓу луѓето и се разбира мир во светот.

Интересно е тоа што и учениците и родителите им даваат мала значајност на доброто наоружување на земјата и нејзината борбена спремност.

Таквите податоци се резултат на се побезбедната ситуација во земјата и светот. Оттука, луѓето не сакаат енормни суми на пари да се трошат за скапо наоружување. Чувствувајќи се безбедни, тиа сакаат добар и богат живот и во таа насока да се трошат ресурсите на земјата.

Сепак вредноста на пресметаните хи-квадрат тестовите покажа дека во две групи на прашања, од понудените три, постои статистички значајна разлика во одговорите на учениците адолесценти и нивните родители.

Оттука, должни сме да ја прифатиме поставената хипотеза дека: Постојат разлики во мислењата на родителите и адолесцентите за приоритетите на земјата.

Патриотизмот или љубовта кон својата татковина беше следната вредност која ја испитувавме кај учениците адолесценти и кај нивните родители.

За таа цел на нашите испитаници им го поставивме прашањето дали ќе бидат подготвени да ја бранат својата земја доколку има потреба од тоа.

Радува фактот што чувството за патриотизам е високо развиено и кај родителите и кај адолесцентите.

Постарата генерација, знаеме дека беше под директно влијание на вредностите на Народно ослободителната војна и вредностите на социјалистичкото општество. Во овие вредности првенствено место имаше токму оспособеноста и спремноста на луѓето да ја бранат својата земја.

Во нови услови на изградба на новото демократско општество, кај младите се пренесоа вредностоте за должноста на луѓето да ја бранат својата татковина.

Според резултатите кои ги добивме по однос на ова прашање мораме да ја отфрлиме претходно поставената хипотеза дека: постојат разлики во патриотските чувства помеѓу родителите и учениците адолесценти.

Одговорите кои ги добивме од двете групи на испитаници по однос на нивните ставови за значењето на науката и технологијата во животот на современиот човек се доста блиски.

Нашите луѓе не се ниту технократи (кои им придаваат одлучувачко значење на науката и технологијата) ниту го одбиваат нејзиното значење. Тие се некаде на средината од двете наведени становишта, што всушност, значи дека на науката и технологијата по однос на развојот на човекот им го придаваат значењето кое тие го имаат за развојот на човекот и подобрувањето на неговиот живот, но тоа значење не го прецениваат.

Одговорите на поставените прашања не водеа кон тоа да ја одбиеме поставената хипотеза дека: постојат разлики во мислењата на родителите и учениците за значењето на науката, техниката и технологијата за развојот на човекот.

Во понатамошниот дел од истражувањето сакавме да го испитаме интересот за политиката и ставовите за демократијата како вредности кај учениците адолесценти и нивните родители.

Родителите и учениците покажаа слаба заинтересираност за политиката. Незаинтересираноста на учениците за политиката не не изненадува. Можеби очекувавме поголема заинтересираност на родителите за политиката. Нашето видување „од око" за денешната практика во нашата земја не водеше кон ставот дека денешниот човек е прилично заинтересиран за политиката. Меѓутоа податоците од истражувањето го побиваат нашето произволно мислење. Најголем процент од двете групи на испитаници ги дадоа одговорите воопшто не сум заинтересиран и не сум многу заинтересиран. Меѓутоа, не многу значаен процент на родители одговорија дека се заинтерсирани за политика. Тоа е, на извесен начин, логичен резултат, иако, како што истакнавме, очекувавме поголема заинтересираност од возрасните за вредноста политика.

Ставовите на учениците и нивните родители за демократијата како вредност ги испитавме со поствување на прашање за тоа колку е за нив важно да живеат во земја која е демократски уредена.

Двата просека кои ги добивме со пресметката зборуваат за големото значење кое испитаниците и ја придаваат на демократијата како посебна вредност, сепак малку не изненади фактот што родителите и придават нешто поголемо значење од учениците адолесценти.

Таквиот резултат, според наше мислење, е условено од фактот дека постарата генерација, како генерација која живееше во претходното општество сметаме дека треба да биде помалку заинтересирана за демократијата, а помладата генерација како деца на демократското општество, би требало да има по позитивен став кон демократијата.

Вредноста на хи-квадрат тестот покажа дека постои статистички значајна разлика во интересот на учениците и родителите кон политиката, а постои и разлика во просекот кај родителите и учениците за ставовите кон демократијата. Оттука, ја потврдивме хипотезата дека: постојат разлики во интересот и ставовите на родителите и учениците за политиката и демократијата.

Ставовите кон животната средина, односно значењето кое испитаниците и го придаваат, ги испитавме со поставување на две спротивставени тврдења.

Добиените резултати покажаа дека адолесцентите се повеќе свесни за значењето на животната средина за животот на човекот. Да се живее во чиста средина е квалитет повеќе за секого. Меѓутоа, не не изненадува ставот на родителите за приоритетот кој го даваат на материјалната состојба на земјата и луѓето во овој период на криза во нашето општество.

Врз основа на добиената вредност на хи-квадрат тестот кој покажа статистички значајна разлика во одговорите на испитаниците ја потврдивме претходно поставената хипотеза дека: постојат разлики во мислењата на родителите и учениците за улогата на животната среднина во животот на човекот.

Во понатамошниот дел од истражувањето се обидовме да ги испитаме ставовите на испитаниците за религијата, односно се обидовме да дознаеме дали учениците адолесценти и нивните родители се сметаат самите себе за религиозни личности и колкаво значење и придаваат на верата во Бога.

По однос на поставените прашања на родителите и адолесцентите за тоа дали се религиозни и колку е значаен Бог за нивните животи, одговорите на двете групи на испитаници не наведоа на констатацијата дека луѓето во нашата земја се длабоко религиозни и големо значење му даваат на Бог во нивните животи.

Овие одговори длабоко не замислија. Ако, како што веќе негде истакнавме, во истражувања вршени во старото социјалистичко општество религијата како вредност го имаше последното место, денес во услови на демократска преобразба на општеството религијата и Бог го завзедоа првото место.

Таквата ситуација можеме да ја објасниме со нападното појавување на сцена на црквата и џамијата во новонастанатите услови кога се дига превезот на забрана на религијата, посебно за членовите на бившата КПЈ.

Податоците кои денес ги добивме по однос на религиозноста и почитувањето на религиските вредности не упатуваат на тоа да го поставиме прашањето дали нашите луѓе биле атеисти или религиозните вредности беа дел од нивниот живот и во минатото и се негувале во семејството за денес да излезат на површина.

Статистичките парамтри кои ги добивме по овие прашања покажаа дека не постои статистички значајна разлика во одговорите на родителите и на адолесцентите по прашањето за нивната религиозност. Во оваа смисла ја отфрливме поставената

хипотеза според која: постојат разлики во мислењата на родителите и учениците за улогата на религијата во нивниот живот.

На крајот на испитаниците им поставивме повеќе прашања кои опфаќаат најразлични ситуации од животот каде луѓето се ставени во ситуација различно да реагираат и да носат различни етички одлуки и различно да постапуваат.

Оваа категорија одговори не може да се занемари зошто кажува дека не мал процент на ученици и уште поголем на родители се склони на непоштеност. Уште повеќе, запрепастува фактот што процентот на родители кои би постапиле не поштено е поголем од оној на адолесцентите. На адолесцентите можеби, заради карактеристиките на нивната возраст можеме некогаш да им ги оправдаме таквите непоштености, ставајќи ги во кошот на небрижности, но како да ги објасниме постапките на родителите?

Оправдување не можеме да најдеме но, само ќе констатираме дека забележителен процент на возрасни луѓе кај нас се склони на непоштени постапки.

Со свој коментар ќе се задржиме на оние кои оправдуваат да не се плати данок. И во овој случај станува збор за луѓе, посебно за возрасни кои тендираат кон непоштено однесување. Кога станува збор за прикривање на данок се работи за казниво дело по законот, што секако, не можеме да го оправдаме.

Просекот на возрасни и млади кои не го оправдуваат митото е повеќе од половината и кај учениците и кај родителите.

И во овој случај, не сакаме да го занемариме просекот, посебно на родители кои оправдуваат давање и земање на мито.

Во новонастанатите услови во нашата земја митото и корупцијата станаа особини кои се повеќе се појавуваат и ги загрозуваат законските регулативи. Владата и другите институции кои овој проблем ги тангира превземаат се поенергични мерки да се спречи митото и корупцијата во земјата. Во оваа смисла и не толку големиот процент на испитаници кои го оправдуваат митото е сериозен проблем на заедницата. Во тој контекст одново се повекуваме на семејството и училиштето како фактори кои оваа негативна појава можат да ја спречат.

По однос на поставеното прашање дали жената може да се тепа, добиените резултати охрабруваат. Поместувањето на семејните односи од традиционализмот кон

модернизмот е евидентно и во оваа ситуација. Ако за традиционалното патријархално општество да се тепа жената беше честа и неосудувана постапка, денес, во нашето истражување, ни еден испитаник тоа не го оправда.

Во контекст на негативните појави го испитавме и ставот на адолесцентите и родителите по однос на проституцијата.

Можеме да нагласиме дека и оваа појава е појава која егзистираше во минатото и се појави во определен развиток на општеството. Денес, во настојувањето кон модернизаија на општеството и семејството проституцијата станува појава која се надминува.

Во прашалникот ставивме и прашање со кое сакавме да го испитаме ставот кон абортусот. Поголемиот просек на испитаници кои се против абортусот кај жените, сметаме дека ги следат насоките на Владата на Република Македонија и Црквата и Џамијата за неприфаќање на абортусот како едно од средствата за зголемување на наталитетот во земјата. Таквите насоки се условени од фактот што во нашата земја, посебно кај македонската популација, дојдено е до ситуација наталитетот и морталитетот да бидат во однос 1:2. Тоа значи дека едно дете се раѓа, а двајца возрасни умираат. Со тоа драстично се намалува популацијата на живи луѓе. Овој проблем денес не го има само Македонија, туку и поголемиот број на земји во Европа. Кампањата за раѓање на повеќе деца е во тесна врска со забраната на абортусот. По ова прашање, во поново време, се водат бројни дебати од страна на различни асоцијации и институции. Од една страна се оние кои се застапуваат за забрана на абортусот, а од друга, оние кои сметаат дека прашањето за тоа дали жената ќе го роди детето е нејзино право. Забраната на абортусот, во оваа смисла, задира во слободата на жената да одлучува за раѓањето и за бројот на децата кои ќе ги има. Од друга страна, се укажува и на фактот дека во некои драстични случаи на болест и друга неспособност на жената, абортусот може да го спаси нејзиниот живот. Затоа, ова прашање не смее да се регулира со забрана.

Нашето истражување ја покажува зголемената свест на луѓето за намалување на бројот на абортуси.

Колебливиот став на испитаниците по прашањето за оправданоста на разводот на бракот ја отсликува и дадената ситуација во земјата во поново време кога, како што

зборува статистиката, секој трет склучен брак во поново време во Македонија, завршува со развод.

Нашите испитаници не се против разводот на брак, но и не го одобруваат сосема.

Прашањето за евтаназијата е старо колку што е старо и човештвото. Во некои цивилизации таа била дозволена и прогласена за хумана.

Во современо време се застапува ставот за неоправданост на оваа постапка. По ова прашање, насекаде во светот, се водат дебати кои се на линијата „за" и „против".

Денес се смета дека не е хумано некому да му се одземе животот, без разлика на условите во кои го живее.

Меѓутоа, присутни се и спротивни гледишта во кои се наведува дека токму, не е хумано да се остави човекот да страда во неиздржливи болки и таа болест не може да се излечи.

Ние не чувствуваме потреба спротиставените гледишта да ги коментираме. Само ќе нагласиме дека во нашето истражување и учениците и родителите, во поголем процент, не ја оправдуваат евтаназијата.

Добиените резултати јасно го покажуваат ставот на двете групи на испитаници за неоправданост на самоубиството како постапка.

Прашањето за оправданоста на самоубиството, исто така, има своја историја во патот на човештвото. Меѓутоа, во бројни цивилизации и денес тоа е неприфатлива постапка, без оглед на тоа зошто е направено.

Врз основа на добиените резултати под однос на прашањата поврзани со мислењата на испитаниците за некои етички постапки на луѓето ја отфрливме претходно поставената хипотеза дека: постојат разлики во мислењата на родителите и учениците за некои етички постапки.

# ЗАКЛУЧОК

Современите проблеми во трансформацијата и модернизацијата на општеството ја чинат потребата од преиспитување и на улогата на семејството како форма на општествени вредности.

Денешното семејство се соочува со системска криза, меѓу другото и со пад на бројни традиционални вредности. Истражувањето на вредностите на родителите и адолосцентите средношколци, како наш примерок на истражуваето, има своја смисла иако не одрекуваме дека таквиот пристап е тежок и можеби постојат и некои недостатоци кои произлегуваат од неговата сложеност и суптилност.

Истражувањето на вредностите кои се формираат кај младите како резултат на влијанието на современото семејство, е слабо истражуван проблем во нашата педагошка наука и оттука ја извлекуваме оправданоста на нашето истражување. Исто така, сметаме дека во современите услови на промени во семејството и општеството, истражувањето на формирањето на вредностите кај младите е доста актуелно.

Значењето на проблемот на вредностите го истакнува и фактот дека нашето општество е отворено и присутни се противречности меѓу старото и новото.

Во современите општествени услови системот на функциите и универзалните вредности во семејство претрпеа модернизација. Промените се рефлактираа не само врз темелите на општествениот живот, туку исто така и на духовниот живот на човекот, кои се под влијание на хиерархијата и содржината на целите и функциите на семејството.

Ние го прифаќаме ставот на некои автори кои зборуваат за традиционализам и модернизам во современото семејство. Во оваа смисла, бројни истражувања покажуваат дека семејните вредности се менуваат од традиционални кон модерни.

Современата наука укажува на две становишта по однос изградувањето на ситемот на вредности во новото општество:

- Според првото становиште, семејството само ги пренесува барањата, не менувајќи ги, како би се обезбедил континуитет на културата и прилагодување на индивидуата на општеството;

- Според второто становиште, семејството ги усогласува општествените барања со диспозициите на индивидуите и ги поттикнува сами да се определат меѓу одредени алтернативи.

Овие становишта можеме да ги окарактеризираме како екстремни и во таа смисла го оправдуваме становиштето според кое вредностите во семејството се пренесуваат од генерација на генерација, но го оправдуваме и станвиштето дека се јавуваат промени во некои вредности кај младата генерација.

Токму ова беше и суштината на нашето истражување, со кое сакавме да утврдиме дали и кои вредности се менуваат во популацијата адолесценти средношколци.

Во истражувањето искористивме еден „Светски прашалник за вредностите". Бидејќи овој прашалник беше прилично долг, направивме обид да исфрлиме некои прашања, за кои ни се чинеше дека немаат некое поголемо значење за нашето истражување, со цел прашалникот да го сведиме во разумни рамки.

Во рамките на овие групи на прашања посебно се задржавме на испитување на мислењата на родителите и учениците- адолесценти за:

- бракот и значајноста на некои предуслови за успешен брак;
- идеалниот број на деца во едно семејство;
- компетенциите кои кај децата треба да се формираат во семејството;
- потребата од двата родитела во семејството како услов за правилен и среќен развој на децата;
- тоа дека децата треба секогаш да ги сакаат и почитуваат родителите;
- либералниот став на родителите кон децата;
- оправданоста од вработување на жената надвор од домот;
- нивните заеднички ставови;
- некои вредности во нивниот живот;
- смислата и целта на животот;
- целните вредности;

- односот кон луѓето кои се разликуваат од нив;
- нивниот однос кон работата;
- приоритетите на земјата;
- патриотските чувства;
- значењето на науката, техниката и технологијата за развојот на човекот;
- политиката и демократијата;
- улогата на животната средина во животот на човекот;
- улогата на религијата во нивниот живот; и
- за некои етички постапки.

Разликите кои се покажаа во нашето истражување, по однос на мислењата на родителите и учениците за некои вредности, не наведоа на констатацијата дека вредностите кај адолесцентите се менуваат како резултат на промените во општеството и животот на современиот човек.

Оние случаи каде не постои разлика во мислењата за некои вредности кај родителите и адолесцентите, упатуваат на заклучокот дека некои вредности се пренесуваат од постарата на помладата генерација.

Најпосле, ќе истакнеме дека нашето истражување има свое значење ако се земе во предвид фактот дека вредностите се значаен дел од животот и однесувањето на луѓето, а малку се истражувани, посебно во последниот период на промени во општеството во транзиција.

Во оваа смисла, укажуваме на потребата од пообемни истражувања на овој феномен во животот, кои ќе имат интердисциплинарен и мултидисциплинарен карактер и ќе го вршат тимови од стручњаци од повеќе области.

# БИБЛИОГРАФИЈА


1. Anderson, G. L. (1997) The Family in Global Transition, Professors World Peace Academy.
2. Avramov, D. (1993) Pojedinac, porodica i stanovništvo u raskoraku, Naučna knjiga, Beograd.
3. Bergant, M. (1974) Teme iz pedagoške sociologije, Zagreb.
4. Biblarz, T. J., Gottainer, G. (2000) Family Structure and Children's Success: A Comparison of Widowed and Divorced Single-Mother Families, Journal of Marriage and Family, Vol. 62, No. 2.
5. Bogoch, B. (2006) Family Law and Family Values, Law & Society Review, Vol. 40, No. 4.
6. Bouillet, D., Uzelac, S. (2007) Osnove socijalne pedagogije, Školska knjiga, Zagreb.
7. Bratanić, M. (1993) Mikropedagogija, interakijsko-komunikacijski aspekt odgoja, Školska knjiga, Zagreb.
8. Buss, D., Herman, D. (2003) Globalizing Family Values: The Christian Right in International Politics, University of Minnesota Press.
9. Carlson, A.C. (1988) Family Questions: Reflections on the American Social Crisis. N.Y.
10. Cherry, Matt; Matsumura, Molleen. (1998) A Vision of Families for the Twenty-First Century: A Declaration of Secular Family Values, Free Inquiry, Vol. 19, No. 1.
11. Coontz, S. (1997) The Way We Really Are: Coming to Terms with America's Changing Families, Basic Books.
12. Cowan, C.P., Cowan, P.A. (2000) When Partners Become Parents: The Big Life Change for Couples, Lawrence Erlbaum Associates.
13. Čulig, Fanuko, Jerbić. (1982) Vrijednosti i vrijednosne orijentacije mladih, Centar društvenih djelatnosti SSO Hrvatske, Zagreb.
14. Đorđević, B. (1985) Savremena porodica i njena vaspitna uloga, Prosveta: Institut za pedagoška istraživanja, Beograd.
15. Dreman, S. (1997) The Family on the Threshold of the 21st Century: Trends and Implications, Lawrence Erlbaum Associates.
16. Данилов, А. В. (2005) Социальный институт семьи как педагогическая проблема, Санкт-Петербург.
17. Дармодехин,С. В. (2001) Семья и государство, гос. нii семьи и воспитания. Москва.
18. Edgar-Smith, Susan E.; Wozniak, Robert H. (2010) Family Relational Values in the Parent-Adolescent Relationship, *Counseling and Values*, v54 n2 p187-200.
19. Edwards, J. N. (2001) Marriage in a Culture of Divorce, Journal of Marriage and Family, Vol. 63, No. 2.
20. Ekermen, N. (1966), Psihodinamika porodičnog života, Grafički zavod, Titograd.
21. Ермолаева, Е. Г. (2008) Изменение ценностно-смысловых ориентаций родителей как фактор коррекции нарушений семейного воспитания подростков, Курган.
22. Федулова, А. Б. (2003) Семья и семейные ценности, Дис., Архангельск.
23. Философский словарь. (1991) Под ред. И.Т.Фролова. Изд. 6. - М.: ИПЛ, Москва.
24. Gillis, J. R. (1996) A World of Their Own Making: Myth, Ritual, and the Quest for Family Values, Basic Books, New York.
25. Goldscheider, Frances K. Thornton, Arland Yang, Li-Shou (2001) Helping out the Kids: Expectations about Parental Support in Young Adulthood, Journal of Marriage and Family, Vol. 63, No. 3.
26. Golubović, Z. (1981) Porodica kao ljudska zajednica, Naprijed, Zagreb.
27. Gossen, D. Ch. (1994) Restitucija- preobrazba školske discipline, Alinea, Zagreb.
28. Геворкян, Т. В. (2010) Семья как фактор развития ценностных ориентаций подростков, Оренбург.
29. Глушкова, А. Е. (2011) Роль современной российской семьи в формировании и сохранении социальных ценностей, Чита.

30. Голднер-Вуков, М. (1988) Породица у кризи, Медицинска књига, Београд.
31. Halper, E. C. (2001) Hegel's Family Values, The Review of Metaphysics, Vol. 54, No. 4.
32. Hequembourg, A. (2001) Queer Family Values: Debunking the Myth of the Nuclear Family, Journal of Marriage and Family, Vol. 63, No. 2.
33. Herrera, A., Mandić, P. (1989) Obrazovanje za XXI stoljeće, Svjetlost, Sarajevo.
34. Hughes, K. (2005) The Adult Children of Divorce: Pure Relationships and Family Values?, Journal of Sociology, Vol. 41, No. 1.
35. Хубиев, Б. Б. (2008) Семья как многомерный феномен: опыт социально-философского анализа, КБГУ, Нальчик.
36. Хубиев, Б. Б. (2009) СЕМЬЯ КАК СОЦИАЛЬНО-ЦЕННОСТНАЯ ОБЩНОСТЬ ФОРМ БЫТИЯ ЧЕЛОВЕКА, Пятигорск.
37. Inglehart, R. (2003) Human Values and Social Change: Findings from the Values Surveys, Brill.
38. Jagger, G., Wright, C. (1999) Changing Family Values, Routledge.
39. Johnson, E. E. (2002) Apocalyptic Family Values, Interpretation, Vol. 56, No. 1.
40. Kasearu, K. (2010) Intending to Marry ... Students' Behavioural Intention towards Family Forming, Trames, Vol. 14, No. 1.
41. Kay, H. (1998) Valuing Families: Discourses of Commodification and the Family in the 1990s, Journal of Australian Studies.
42. Копровски, Љ. (1963) Класиците на марксизмот за воспитанието, Просветно дело, Скопје.
43. Костова, М. (2000) Основни претпоставки за правилно воспитание во семејството, Зборник „Детски самит", Скопје.
44. Костова, М. (2001) Современите вредности и нивното значење, Просветно дело, Скопје.
45. Костова, М. (2004) Промените во современото семејство и воспитанието, Воспитание, Педагошки факултет- Штип.
46. Костова, П. (1997), Семеино взпитание, Велико Трново,1997.
47. Lee, D. (1959) Culture and the Experience of Value, Harper and Brothers, New York.
48. Littrell, B. (2003) New Family Values: Liberty, Equality, Diversity, Journal of Marriage and Family, Vol. 65, No. 3.
49. Луковић, И. (2004) Односи и вредности у породичном васпитању деца: између традиционализма и модернизма, Институт за педагошка истраживања, Београд.
50. Marjanović, A. (1987) Dete kao partner u svetu odraslih, Predškolsko dete, br. 1–4, Београд.
51. Maynes, M. J., Waltner, A. (2012) The Family: A World History, Oxford University Press.
52. McKnight, D. (2007) Social Democracy and Family Values, Renewal: a journal of Labour Politics, Vol.15, No. 2/3.
53. Merrick, J. (2003) Prodigal Sons and Family Values in Eighteenth-Century France, Journal of European Studies, Vol. 33, No. 2.
54. Milić, A. (1988) Rađanje moderne porodice, Zavod za udbenike i nastavna sredstva, Beograd.
55. Milić, A. (2001): Sociologija porodice. Beograd: Čigoja štampa.
56. Morris, Ch. (1956) Varieties of human value, The University of Chicago Press, Chicago.
57. Мицковиќ, Д. (2008) Семејството во Европа XVI-XXI век, Блесок, Скопје.
58. Младеновиќ, М. (1974), Увод у социологију породице, Савремена администрација, Београд.
59. Младеновић, М. (1995) Основи социологије породице. Београд: Завет.

60. Монахова, З. Н. (2003) Нравственный потенциал семьи в системе факторов формирования ценностных ориентаций молодежи, Тюмень.

61. Nelson, W. E. (1996) Patriarchy or Equality: Family Values of Individuality, St. John's Law Review, Vol. 70, No. 3.

62. Newman, J. (2001) Biblical religion and family values: a problem in the philosophy of culture, Praeger, Westport, CT.

63. Озиева, Л. С. (2009) Роль семьи в формировании культурных ориентаций :ценностей, Ростов на Дону.

64. Panasenko, N. (2013) Czech and Slovak Family Patterns and Family Values in Historical, Social and Cultural Context, Journal of Comparative Family Studies, Vol. 44, No. 1.

65. Pedagoška enciklopedija. (1989) Zavod za udžbenike i nastavna sredstva ,Vol. 1-2, Beograd-Zagreb.

66. Petersen, David L. (2005) Genesis and Family Values, Journal of Biblical Literature, Vol. 124, No. 1.

67. Pinsof, W. M., Lebow, J. L. (2005) Family Psychology: The Art of the Science, Oxford University Press.

68. Pisters, P., Staat, W. (2005) Shooting the Family: Transnational Media and Intercultural Values, Amsterdam University Press.

69. Петровска, С. (2009) Семејството и воспитанието на децата, Алфа, Скопје.

70. Robb, C. S. (2004) Hitting Home: Feminist Ethics, Women's Work, and the Betrayal of "Family Values", Interpretation, Vol. 58, No. 1.

71. Roest, Annette M. C. Dubas, Judith Semon Gerris, Jan R. M. Engels, Rutger C. M. E. (2006) Disentangling Value Similarities and Transmissions in Established Marriages: A Cross-Lagged Longitudinal Study, Journal of Marriage and Family, Vol. 68, No. 5.

72. Rokeach, M. (1973) The Nature of Human Values, Macmillan Publishing Co., Inc, New York.

73. Rot, N. (2010) Osnovi socijalne psihologije, Zavod za udbenike - Beograd; Izabrana dela edition.

74. Smelser, N. J. (1994) Sociology, Prentice Hall.

75. Smiljanić, V. i Lj. Guzina (1982) Vaspitanje ženske i muške dece u seoskoj porodici, Zbornik 15 Instituta za pedagoška istraživanja.

76. Smith II, G.P. (1998) Family Values and the New Society: Dilemmas of the 21st Century, Praeger, Westport, CT.

77. Smith, D. S. (1997) Strengthening Family Values in the Twenty-First Century - Home-Centered Recreation, JOPERD--The Journal of Physical Education, Recreation & Dance, Vol. 68, No. 8.

78. Stacey, Christopher L. (2011) Family Values in the Old South, The Journal of Southern History, Vol. 77, No. 2.

79. Stevanović, M. (2000) Obiteljska pedagogija, Varaždinske Toplice.

80. Салаев, Б. К. (2004) Формирование ценностных ориентаций как средство преодоления девиантного поведения подростков, Волгоград.

81. Самоловчев, Б. (1984), Теоретските и методичките основи на воспитната работа, Скопје.

82. Станојловиќ, Б. (1997), Породица и васпитање деце, Научна књига, Београд.

83. Tanaka, K., Lowry, D. (2011) Materialism, Gender, and Family Values in Europe, Journal of Comparative Family Studies, Vol. 42, No. 2, Spring.

84. Tannen, D., Kendall, S., Gordon, C. (2007) Family Talk: Discourse and Identity in Four American Families, Oxford University Press.

85. Tanovič, A. (1972) Vrijednosti i vrednovanje, Zavod za udžbenike, Sarajevo.

86. Taylor, John E. (2010) Family Values, Courts, and Culture War: The Case of Abstinence-Only Sex Education , The William and Mary Bill of Rights Journal, Vol. 18, No. 4.

87. Tomanović, S. (1998) Detinjstvo u Rakovici. Beograd: Institut za sociološka istraživanja Filozofskog fakulteta.

88. Титаренко, В. Я. (1987) Семья и формирование личности. М.: Мысль, Москва.

89. Торохтий В.С. (2000) Психология социальной работы с семьей. -М.: Наука, Москва.

90. Требјешанин, Ж. (1991) Представа о детету у српској култури. Београд: Српска књижевна задруга.

91. Van der Vyver, Johan D. (2012) Children's Rights, Family Values, and Federal Constraints, Journal of Markets & Morality, Vol. 15, No. 1.

92. Vujčić, V. (1987) Sistem vrijednosti i odgoja, Školske novine, Zagreb.

93. Vukasović, A. (2001) Pedagogija, Hrvatski katolički zbor „MI", Zagreb.

94. Williams, R. M. (1968) The concept of values, International encyclopedia of the social sciences, Macmillan, New York.

95. Wolfe, L. (2006) America's Fidelity Crisis: Politics, Hypocrisy and Family Values, Electronic Journal of Human Sexuality, Vol. 9.

96. Yi, Chin-Chun, Chin-Fen Chang, Ying-Hwa (2004) The Intergenerational Transmission of Family Values: A Comparison between Teenagers and Parents in Taiwan, Journal of Comparative Family Studies, Vol. 35, No. 4.

97. Yi, Chin-Chun, Richter Rudolf (2004) Youth and Family: Intergenerational Tensions and Transfers, Journal of Comparative Family Studies, Vol. 35, No. 4.

98. Zvonarević, M. (1989) Socijalna psihologija, Školska knjiga, Zagreb.

99. Закон за семејство на Р. Македонија (1992) Собрание на Република Македонија.